# ГЕОПОЛИТИЧКАТА И ГЕОСТРАТЕГИСКАТА ПОЛОЖБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО УСЛОВИ НА МИГРАНТСКАТА И БЕГАЛСКА КРИЗА

**MACEDONIAN ACADEMY OF SCIENCE AND ARTS**

**CENTER FOR STRATEGIC RESEARCH**

# GEOPOLITICAL AND GEOSTRASTEGIC POSITION OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA AMIDST THE MIGRANTS AND REFUGEE CRISIS

*Proceedings*

*Of the Conference held on 21st of March 2016.*

**Скопје, 2017**

**МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ**

**ЦЕНТАР ЗА СТРАТЕГИСКИ ИСТРАЖУВАЊА**

# ГЕОПОЛИТИЧКАТА И ГЕОСТРАТЕГИСКАТА ПОЛОЖБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО УСЛОВИ НА МИГРАНТСКАТА И БЕГАЛСКА КРИЗА

*Зборник на трудови*

*од Конференцијата одржана на 21 март 2016 г.*

**Скопје, 2017**

Уредувачки одбор:
акад. Владо Камбовски
проф. д-р Димитар Мирчев
Н.е. Абдулкадар Мемеди

Организациски одбор:
акад. Владо Камбовски
Абдулкадар Мемеди
Марио Шаревски
Валентин Митровски
проф. д-р Тони Милески
проф. д-р Митко Котовчевски
ген. потполковник Горанчо Котески

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

314.151.3-054.73:355.45(497.7)"2015/2016"(062)

ГЕОПОЛИТИЧКАТА и геостратегиската положба на Република Македонија во услови на мигрантската и бегалска криза : Зборник на трудови од Конференцијата одржана на 21 март 2016 г. / [уредници Владо Камбовски, Димитар Мирчев, Абдулкадар Мемеди]. - Скопје : Македонска академија на науките и уметностите, 2017. - 307 стр. : илустр. ; 25 см

На наспор. насл. стр.: Geopolitical and geostrastegic position of the Republic of Macedonia amidst the migrants and refugee crisis. - Фусноти кон текстот. - Abstract. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-203-199-6

а) Мигранти - Бегалска криза - Безбедносни аспекти - Македонија - 2015-2016 - Собири
COBISS.MK-ID 103826954

# СОДРЖИНА


**1. ОБРАЌАЊА**

- Д-р Ѓорге Иванов, претседател на Република Македонија 9
- Акад. Владо Камбовски, раководител на Центарот за стратегиски истражувања при МАНУ 19
- Абдулкадар Мемеди, директор на Институтот за геостратешки истражувања и надворешна политика при Министерството за надворешни работи 25
- Анастасија Илиеска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи на Република Македонија 31
- Мохамед Ариф, претставник на УНХЦР во Македонија 37
- Љубомир Гајдов, поранешен дипломатски уредник и коментатор на Македонска телевизија и на Македонско радио и поранешен предавач по меѓународни односи, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип: КРИЗАТА: ЗАКАНА И МОЖНОСТ ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 45

**2. ГЕОПОЛИТИЧКАТА И ГЕОСТРАТЕГИСКАТА ПОЛОЖБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ОПШТИТЕ АСПЕКТИ НА БЕГАЛСКАТА КРИЗА** 53

- Митко Котовчевски: ГЕОСТРАТЕГИСКАТА ПОЛОЖБА НА МАКЕДОНИЈА 55
- Тони Милески: ГЕОПОЛИТИЧКА ПОЛОЖБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: СТУДИЈА ЗА ПОСТОЈАНИ ГЕОПОЛИТИЧКИ ВЛИЈАНИЈА И ТРАНСФОРМАЦИИ 77
- Димитар Мирчев: БЕГАЛСКАТА КРИЗА: КАКО ВЛИЈАЕ НА ГЕОПОЛИТИЧКАТА ПОЛОЖБА НА МАКЕДОНИЈА 107
- Нано Ружин: РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – БАЛКАНСКИ ВЛОГ НА БЕГАЛСКАТА КРИЗА ВО РАМКИТЕ НА ГЕОПОЛИТИЧКИОТ РИВАЛИТЕТ МЕЃУ САД И РУСИЈА 123
- Марио Шаревски: ГЕОПОЛИТИЧКАТА ПОЛОЖБА НА МАКЕДОНИЈА КАКО РАНЛИВА ТОЧКА НА БАЛКАНСКИОТ ПОЈАС НА КРШЛИВОСТ ВО УСЛОВИ НА БЕГАЛСКАТА КРИЗА 155

**3. ВЛИЈАНИЕ НА БЕГАЛСКАТА КРИЗА ВРЗ АКТУЕЛНИТЕ БЕЗБЕДНОСНИ, ПОЛИТИЧКИ И ЕКОНОМСКИ СОСТОЈБИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** 175

- Ген. потполковник Горанчо Котески: ВЛИЈАНИЕ НА МИГРАНТСКО-БЕГАЛСКАТА КРИЗА ВРЗ СОСТОЈБАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 177
- Тони Станковски: КРИЗНА СОСТОЈБА ПОРАДИ ЗГОЛЕМЕН ОБЕМ НА ВЛЕЗ И ТРАНЗИТИРАЊЕ НА МИГРАНТИ НИЗ ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 185
- Ненад Марковиќ: ПОЛИТИКАТА НА ОТВОРЕНИ ВРАТИ НАСПРОТИ ПОЛИТИКАТА НА БАРИЕРИ – ПОЛИТИЧКИ И БЕЗБЕДНОСНИ ДИЛЕМИ НА БАЛКАНСКИОТ ЧОВЕЧКИ КОРИДОР 199
- Владимир Ортаковски: БЕГАЛСКАТА КРИЗА ВО ЕВРОПА И МЕЃУНАРОДНОТО ПРАВО 219
- Марина Малиш Саздовска: ШВЕРЦУВАЊЕ МИГРАНТИ – БЕЗБЕДНОСНА ЗАКАНА ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 237
- Јове Кекеновски: РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КОЛАТЕРАЛНА ШТЕТА НА НЕДОСЛЕДНАТА ПОЛИТИКА И НЕСПРЕМНОСТА НА ЕУ ЗА РЕШАВАЊЕ НА БЕГАЛСКО-МИГРАНТСКАТА КРИЗА ИЛИ ЖРТВА НА НЕМАЊЕТО СТРАТЕГИЈА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ВАКВИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ 261
- Марио Чачиќ: БЕГАЛСКАТА КРИЗА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2015 ГОДИНА КАКО ПРИЧИНА ЗА ДЕТЕКТИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ ВО СИСТЕМОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ВОНРЕДНИ СИТУАЦИИ 275
- **ПРИЛОЗИ** 295
- Официјален извештај од Министерството за внатрешни работи за бројот на мигранти – бегалци што поминале низ територијата на Република Македонија во 2015 година 297
- ЗАКЛУЧОЦИ 301

# ОБРАЌАЊА

**Ѓорге Иванов,**
**претседател на Република Македонија**

**Почитувани присутни,**
**дами и господа,**

Чест ми е да се обратам на оваа прва научна конференција во Македонија посветена на геостратегиската и геополитичката позиција на нашата држава во услови на мигрантска и бегалска криза. Ова е вистинска тема во вистинско време, и тоа на вистинското место.

Преплавени сме со вести за мигрантската криза. Пред само една недела, на 14 март, се случи сериозен инцидент на нашата јужна граница, кога 2445 мигранти илегално влегоа на нашата територија. Оттогаш Македонија не е симната од насловните страници на светските медиуми.

Но денес не сме собрани да дискутираме за овие настани што станаа наше секојдневје, туку да се обидеме да им дадеме научно објаснување на овие процеси. За да го направиме тоа, неопходно е да се објасни значењето на географијата.

Големиот стратег Николас Џ. Спајкман напиша дека „*географијата не подлежи на убедување. Таа е најфундаменталниот фактор во надворешната политика на државите, бидејќи е најтрајна. Министрите доаѓаат и заминуваат, дури и диктаторите умираат, но планинските венци остануваат непроменети*“.

Со други зборови, географијата останува непроменета и влијае врз судбината на државите и народите и врз судбината на светот. Затоа ни се неопходни карти.

Знаеме дека постојат три главни мигрантски коридори кон Европа (Карта 1: Трите главни мигрантски коридори кон Европа).

- Западномедитеранската рута преку Мароко доаѓа до Пиринејскиот Полуостров.
- Централномедитеранската преку Либија и Египет до Италија.
- Источномедитеранската и балканска рута преку Турција и југозападен Балкан доаѓа до Централна Европа.




Карта 1: Трите главни мигрантски коридори кон Европа

Но овие три коридори не се изолирани. Тие се дел од големите миграциски движења низ Азија и Африка насочени кон Европа (Карта 2: Главни миграциски рути кон Европа од Африка и Блискиот Исток). Кој сака научно да му пристапи на овој проблем, ќе забележи дека копнените рути на мигрантите се совпаѓаат со природните воздушни рути.

Притоа, можеме да забележиме една интересна динамика на мигрантската криза. Штом ќе се затвори една природна рута, мигрантите и бегалците веднаш ја активираат следната природна рута (Карта 3: Алтернативни мигрантски рути).




Карта 2: Главни миграциски рути кон Европа од Африка и Блискиот Исток

Во изминативе децении најпрво беше активна западномедитеранската рута. Како последица, од 2000 година досега во Шпанија има 5 милиони мигранти.

Штом се затвори западномедитеранската рута, веднаш се активира централномедитеранската, по која Медитеранот стана познат како гробница на мигранти.

Затворањето на оваа втора рута придонесе минатата година Лезбос да стане новата Лампедуза. Со тоа повторно се активира балканскиот мигрантски коридор (Карта 2: Главни миграциски рути кон Европа од Африка и Блискиот Исток). Но зошто велам повторно?

Со векови наназад Балканот е клучниот европски коридор што ја поврзува Европа со Блискиот Исток и со Северна Африка.

Уште Ото фон Бизмарк рекол дека „*оние што ја контролираат долината на реката Вардар се господари и на Балканот*“. Моќта на географијата ја користеле и Римјаните, кои ги изградиле Via Egnatia и Via Militaris, коридори на антиката, кои денес ги знаеме како Коридор 8 и Коридор 10, коридори на глобализацијата. А геостратегискиот центар на Балканот е токму Македонија.

Но коридорот е функционален само кога е дел од отворен простор. Ако во минатото империите го отворале просторот, во

изминатите децении таа улога ѝ припадна на Европската Унија. Но, за жал, европските лидери во последните децении дозволија клучниот европски коридор да биде надвор од Европската Унија. Требаше да минат еден милион мигранти и бегалци за да ја потсетат Унијата дека од сите европски мигрантски коридори, најбрз, најбезбеден и најевтин е токму балканскиот коридор.

**Ценети присутни,**

Ова е само почеток. Неодамна бев во официјална посета на Египет. Моментално во Египет има околу 5 милиони мигранти. На јужната граница со Судан чекаат уште милиони. Во непосредна близина на надворешните граници на Европа се наоѓаат меѓу 20 и 30 милиони потенцијални мигранти.

Како што ќе се зголемува бројот на бегалци, така ќе се намалуваат волјата и подготвеноста на Европската Унија да ги прифаќа и да ги интегрира. Истовремено, мигрантската криза придонесе за дополнително затегнување на односите меѓу државите. Колку е послаба соработката меѓу државите, толку е посилна соработката меѓу криминалците.

Што може да се очекува?

Наместо смирување, може да се очекува проширување на зоните на конфликти и создавање глобален појас на нестабилност, што ќе предизвика континуирани миграциски бранови.

Тоа ќе создаде дополнителен притисок врз државите што се наоѓаат на коридорите. Од Турција, па сè до Хрватска, сите држави во должина на балканската рута се соочуваат со некаков вид внатрешна нестабилност: политички и економски кризи, предвремени избори, па дури и безбедносни закани и зачестени терористички напади.

Најверојатно, транзитните земји ќе се соочуваат со сè почести обиди за нелегално преминување на границите. Како што се затвораат рутите, така ќе зачестат обидите за илегално преминување на границите преку нови алтернативни рути, по кои ќе оперираат организирани криминални групи (Карта 3: Алтернативни мигрантски рути).




Карта 3: Алтернативни мигрантски рути




Карта 4: Балканската рута користена од бегалците




Карта 5: Бегалците бараат излезни рути




Карта 6: Мигрантска рута низ Бугарија и Романија

Само минатата година шверцерите со човечки души и судбини заработиле меѓу 3 и 6 милијарди евра од трговијата со мигранти. Тоа јасно укажува дека мигрантските коридори не се само геополитички и геостратегиски туку дека се и коридори на илегален геопрофит. Авганистанскиот претседател Гани ме информира дека шверцот со мигранти и шверцот со наркотици се одвиваат по истите рути (Карта 7: Црноморска мигрантска рута).




Карта 7: Црноморска мигрантска рута

Земјите што се крајни дестинации, пак, можно е да се соочуваат со зголемен притисок врз економските и социјалните системи. Падот на довербата во властите може да доведе до пораст на национализмот, ксенофобијата, стравот од различноста, но и до сѐ позачестено социјално насилство.

На меѓународен план, можно е закочување на процесот на носење одлуки. Кризата е злоупотребена од сите оние актери во чиј интерес е слабеење на Европа и на Европската Унија.

Сѐ на сѐ, ова не е охрабрувачка слика за она што нѐ чека. Кои се решенијата?

Прво, неопходно е да се пратат јасни пораки до земјите на потекло на мигрантите и на бегалците дека илегалните мигрантски коридори се затворени. Договорот меѓу Европската Унија и Турција е една таква порака. Но државите мора да го почитуваат договореното, да градат заеднички позиции.

Второ, неопходно е создавање услови за мир, стабилност и одржлив економски развој во земјите на потекло. Неопходен е нов Маршалов план за Блискиот Исток и за Северна Африка што ќе им ја врати надежта на луѓето во овие региони за квалитетен живот. Истовремено, европските држави мора да применуваат одржливи политики за интеграција без асимилација за да ја избегнат опасноста од гетоизација.

Трето, клучот за успешно менаџирање на мигрантската криза е кај транзитните земји. Мора да научиме да си веруваме, да ги имплементираме договорите, да примениме заеднички пристап во борбата против нелегалната миграција, бидејќи ниту една држава не може сама да го носи товарот.

Во таа смисла, кризата претставува и можност за соседите да ја надминат недовербата и да почнат да соработуваат.

Кризата е можност и за Европската Унија да ја замени бирократизацијата со механизми за носење одлуки во услови на криза.

Конечно, мигрантската криза е и можност за враќање на чувството за државност и одговорност кај политичките партии во Македонија, и од власта и од опозицијата. Партиите не смеат да ја злоупотребуваат кризата за теснопартиски интереси и за освојување евтини дневнополитички поени во предизборниот период. Мора да ѝ се стави крај на политичката криза и на погубната политичка поделеност во Македонија.

**Дами и господа,**

Учествував на речиси сите регионални и глобални самити во чиј фокус беа Блискиот Исток и мигрантската и бегалска криза. Можам да ви кажам дека преовладува статичен поглед на овој динамичен регион.

Мигрантската и бегалска криза е последица на конфликтите на Блискиот Исток, кои, пак, се последица на непочитувањето на старата поговорка, која вели: Да не се отвораат старите рани. А дел од тие стари рани се Ирак, Авганистан и Сирија.

За оваа динамика сведочи историјата на империите и на религиите на Блискиот Исток, кој е родното место на трите најголеми монотеистички религии: јудаизмот, христијанството и исламот.

Но оваа криза претставува можност и за нешто многу повеќе.

Познатиот британски историчар Ерик Хобсбаум го заврши своето најпознато дело *Краткиот 20 век 1914-1991* со зборовите:

„*Во секој случај, една работа е очигледна. Ако човештвото воопшто има некаква прифатлива иднина, таа не може да биде едноставно продолжување на минатото или на сегашноста. Ако се обидеме да го изградиме третиот милениум врз тие основи, ќе доживееме неуспех. А цената што ќе ја платиме за тој неуспех, односно алтернативата на променетото општество, е темнината.*“

Што значи тоа за нас?

На почетокот на моето обраќање го споменав инцидентот од 14 март. Дали знаете дека меѓу 2.445 лица што нелегално ја преминаа границата имаше и 74 новинари, активисти, членови на невладини организации и волонтери од пет континенти? Тие не само што им помагале на мигрантите да ја преминат границата туку и целиот настан како реално шоу директно го пренесувале на светските медиуми и на социјалните мрежи.

Тоа е илустрација за масовен глобален активизам. Недржавните актери со помош на социјалните мрежи и на медиумите се обидуваат да вршат притисок и да влијаат врз политиката на државите.

Во минатото се зборуваше за судир меѓу империите. Пред само четврт век се зборуваше за судир меѓу идеологиите. Денес одново се зборува за судир меѓу цивилизациите. Но имаме и судир што ги надминува сите овие, а тоа е судирот меѓу двете парадигми. Старата парадигма на меѓународниот поредок и новата парадигма на светскиот поредок.

Кај Идомени се судрија светот на државите и светот на недржавните актери. Државите стаат и ги бранат границите, а

светот бара да се отворат границите. Затоа, како што рече Хобсбаум, ова е време на екстреми.

Во таа смисла, мигрантската криза е истовремено и можност да ги осознаеме контурите на светот што се раѓа. Како што во антиката полисот се трансформирал во космополис, така денес поредокот на државата се трансформира во поредок на светот. Но тешко ни е да го препознаеме поради догматското слепило на старата парадигма.

А науката со креативни и реалистички идеи да помогне не само во носењето одлуки туку и во правилно поставување на темите што се предмет на јавната дебата.

Ни претстои период на сериозни искушенија. Нема воопшто да биде лесно. Но мора да издржиме и да продолжиме да ја чуваме безбедноста на граѓаните, но и човечкото достоинство на бегалците и на мигрантите. Да бидеме свесни дека политиката не може да ја смени географијата.

**Владо Камбовски,**
раководител на Центарот за стратегиски истражувања, МАНУ

# ГЕОПОЛИТИКАТА КАКО НАУЧНА ОСНОВА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА МИГРАНТСКИ И БЕГАЛСКИ КРИЗИ

1.

Одржувањето на оваа конференција има две поврзани цели: да го поттикне развојот на науката за геополитиката како аналитичка, синтетичка и прогностичка научна основа за справување со сите облици на загрозување на мирот, безбедноста, стабилноста и другите вредности на Република Македонија, врз кои влијае и нејзината специфична геостратегиска положба; и актуелната мигрантска и бегалска криза да ја стави во нејзиниот геополитички контекст, што треба да се уважува како битна одредница при преземањето неопходни државни, надворешнополитички, економски и други мерки и активности за нејзино надминување. Артикулацијата на научните, општествените и државните потенцијали на двете рамништа – научното и практичното, во справувањето со криза што е последица на глобални процеси, поделба на светот на развиени и неразвиени, конфликти и промени на односите на рамнотежа меѓу големите сили и остварувањето на нивните геостратегиски проекти – е најупатниот и најпогодниот начин за соочување со појави што немаат еднодимензионално и краткорочно значење.

Масовната миграција и движење на народите од Истокот и Југот кон Северот и Западот и бегалците – жртви на војните се денес константна реалност што глобалната слика на светот ја менува не само во демографска туку и во културолошка и цивилизациска смисла. Таквата реалност е нуспродукт и на процесот на глобализација што навлегува во сите сфери на современото општество – од политиката,

економијата и правото, до мултикултурализмот, толеранцијата и универзалноста на концептот на човековите права како негови битни одредници. Многу подрачја од светот се поклопени од гигантскиот аспиратор што вовлекува цели народи во моќната спирала на движење кон подобар, секому ветен, но тешко достапен свет. Европа е дел од тој свет, а ние вековно сме биле и сме останале на патот што води кон него и самите понесени од силната матица што го празни и нашиот животен простор, создадена со магнетизмот на индивидуалната потрага по лична среќа. Тој факт дека новиот голем бран на миграции Исток Запад не е само последица на војната во Сирија е потврден со податоците од европските статистики, според кои, од над 750.000 апликанти за азилантски статус последниве години, само околу 20% се од Сирија. Или, се предвидува дека стареењето на Европа, недостигот на работна сила и конкуренцијата од Истокот ќе доведат до уште поголеми миграции. Германија има намера во следниве осум години да вработи 400 илјади инженери и научници, а од 2008 во ЕУ е за нив усвоен „син картон“ заради привлекување млади. Соочени сме, според тоа, со појава на големи преселби и сознание дека Република Македонија се наоѓа на нивниот правец на движење и самата вовлечена во нив, или служејќи како попатна станица за мигранти, а во иднина, како членка на ЕУ, и како потенцијална крајна дестинација. Но значењето на нашиот животен простор не е поврзано само со неговите комуникациски и слични посебности, колку што се појавува и како еден од битните фактори во комплексот на меѓународните, воените, безбедносните, политичките, економските и слични интереси на големите држави што влијаеле и влијаат, понекогаш и пресудно, врз одредувањето на неговата општественост и државност. Од антиката до денес тоа е проточен правец низ кој се развивале трговијата и културните влијанија меѓу Исток и Запад, но во последниве два века и поприште на Балканските војни околу поделбата и разграбувањето на територијата на Македонија, средиште на двете светски војни, денес трансферзала за организираниот криминал, терористички групи, трговијата со дроги, простор на кој заедно оперираат балканските мафијашки структури, се одвива непрекината трговија со луѓе, илегални миграции и други криминални активности што ги поткопуваат самите темели на државата и на нејзината стабилност.

2.

Неразбирливо е зошто и постојната мигрантска и бегалска криза, која тешко ја погаѓа Република Македонија поради нејзината геостратегиска положба и која е само една алка во историскиот тек на собитија што само го потврдуваат сознанието за судбинското значење на геополитичкиот фактор, не побудува интензивен интерес кон науката за геополитиката. Како посебна наука во системот на општествени науки таа е особено развиена во западната општествена мисла, а во последно време се шири во повеќето други академски и научни средини. Во многу држави се формирани и специјалистички универзитетски студии, а повеќе „тинк тенк" групи, институти и центри за стратегиски истражувања најинтензивно ги опсервираат и најмалите промени на светската политичка, безбедносна, воена или економска сцена, подготвувајќи темелни анализи, реакции, препораки или предупредувања на своите влади. На нашите универзитетски студии, слаби зачетоци на оваа наука во вид на посебни циклуси или опциски дисциплини се главно групирани околу воените или безбедносните студиски програми. Сосема ретки се истражувања и анализи и врз нивна основа објавени монографии, статии или стручни трудови.

Геополитиката како посебна наука во системот на општествените науки не може да се сведе само на изучување на воените или безбедносните аспекти, колку и да се тие важни. Таа е синтетичка и интередисциплинарна наука, како и вештина насочена кон спознавање на геополитичката реалност, односите меѓу државите, државните уредувања и политиките на државите условени со нивната геополитичка положба, како и стратегиите за проширување на просторот на нивното економско, политичко, воено, безбедносно, технолошко, културно и друго влијание. Во подрачјето на нејзиниот интерес влегуваат и воените, политичките и економските сојузи меѓу државите и другите територијални заедници, динамичните промени во нивните заемни односи и нивниот одраз врз конкретно општество. Главна цел на геополитиката како наука е врз спознавањето на геополитичката реалност, да создава научни основи за применетата геополитика како систем на мерки на државата за нејзина ефикасна заштита, кои заедно со определбите за интеграции и отвореност кон процесот на глобализација, ќе ги уважуваат и

националните интереси за опстанок, развој и зацврстување на положбата на државата во меѓународните односи.

3.

Прашањето за внатрешното уредување и функционирање на државата и државната политика што се формира и со нужното уважување на геополитичката положба на Република Македонија е едно од средишните прашања на утврдувањето на нејзината политика и однос кон актуелната мигрантска и бегалска криза. Република Македонија во однос на статусот на бегалците се придржувала и се придржува кон своите меѓународни обврски, ставовите на земјите членки на ЕУ и солидарноста и принципите на соработка со соседството. Но водејќи сметка и за сопствените национални интереси, не треба да се исклучува можноста во ситуација на влошување на состојбите до степен на крајна нужда да се преземаат рестриктивни мерки, посебно во однос на контролата на протокот на мигранти и бегалци заради опасноста од тероризам или други тешки несакани последици за безбедноста и стабилноста на државата.

Во градење на сопствениот пристап во соочувањето со овој геополитички предизвик, треба да се уважува фактот дека Република Македонија како територијално мала држава не може да креира и да влијае врз геополитичките трендови, но како предмет на интерес на геополитичките сили мора да гради свои ставови и да поддржува проекти што ќе ја зголемат валоризацијата на предностите на нејзината геостратегиска положба и поставеност. Тоа подразбира засилување на процесот на евроатлантски интеграции, со брзо и доследно исполнување на сите стриктно поставени услови за тој процес и зајакнување на стратегиските партнерства со големите држави, во прв ред со САД. Република Македонија не смее да остане изолирана, без стратегиски партнери и пријатели и со влошени односи со своето непосредно соседство.

Еднакво е важна и одбраната на позицијата на Република Македонија како клучен фактор на мирот и стабилноста на Балканот. Заради задржување на таквото нејзино значење, неопходна е внатрешна стабилност, изградба на демократска и правна држава со владеење на правото и заштита на човековите права и слободи, заради остварување оптимален степен на внатрешно единство како

пречка за интернализација на меѓународните судири, или надворешни политички, економски и други влијанија што негативно се одразуваат врз нејзинитите внатрешни состојби. Фактот дека мигрантската и бегалската криза ја затекнува Република Македонија во состојба на сериозна внатрешна политичка криза треба да влијае врз максимално подигање на одговорноста на сите релевантни политички субјекти, за надминување на таа криза и за ефикасно функционирање на институциите на системот, со беспоговорно исполнување на сите заемно договорени услови.

Имајќи ги предвид стратегиските определби на земјите од ЕУ и регионот и актуелната состојба на затворање на балканската рута, може да се предвиди дека ситуацијата дополнително ќе се усложнува, комплицирајќи ги политичките односи меѓу соседските држави, при што ќе се зголемуваат товарот и притисокот што паѓаат врз Република Македонија. Тоа налага потреба од подготовка на подолгорочна и сеопфатна стратегија за справување со можни масовни мигрантски бранови.

4.

Заради остварување на целите на оваа конференција, сублимирани во заклучоците што ќе ги усвоиме на нејзината завршна сесија, денес МАНУ – Центарот за стретегиски истражувања и Институтот за геостратегиски истражувања и надворешна политика при МНР на РМ потпишуваат Меморандум за соработка, чија цел е координација и интензивирање на соработката и заедничките активности на двете институции и научните структури во МАНУ и во високото образование и науката.

Меѓу тие активности, наесен е планирано организирање меѓународна научна конференција посветена на актуелните теми на геополитиката, мигранската и бегалската криза, регионот и Македонија.

Во МАНУ – Центарот за стратегиски истражувања се планира формирање на „тинк тенк“ група научници што континуирано, во соработка и со други истражувачки центри од соседството и од други држави, ќе ги следи, ќе анализира и ќе расправа за глобалните геополитички состојби и процеси што имаат рефлексии врз регио-

нот и врз Република Македонија, и своите мислења, наоди и препораки ќе ги објавува и ќе ги доставува до надлежните институции.

Започнувајќи од оваа конференција и материјалите што се подготвени за неа, МАНУ – Центарот за стратегиски истражувања ќе почне со издавање на онлајн и книжно издание на периодично списание – „Македонски геостратегиски преглед“ на англиски јазик, во кој ќе бидат презентирани материјали од научни конференции и анализи на „тинк-тенк“ групата.

**Абдулкадар Мемеди,**
директор на Институтот за геостратешки
истражувања и надворешна политика, МНР

Геостратегиската и геополитичката положба на Република Македонија во услови на мигрантската и бегалската криза би сакал да ја прикажам низ призмата на неколку тези, кои се систематизирани како резултат на досегашната соработка на Институтот за геостратешки истражувања и надворешна политика при Министерството за надворешни работи на Република Македонија со партнерски институти од Европа и од светот.

- Во првата теза вниманието го насочувам кон **регионот на ЈИЕ и регионот на МЕНА (Блиски Исток и Северна Африка), кои иако се одвоени безбедносни регионални единици, во рамките на теоријата на геополитиката, сепак се еден вид геополитички близнаци (geopolitical twins).**

Постојат низа факти што покажуваат дека регионот на ЈИЕ, односно регионот на Западен Балкан, каде што ние припаѓаме сега, и регионот на Блискиот Исток историски значително влијаат еден врз друг, иако на географската карта изгледаат како да се видно оддалечени.

Согласно со тоа, овие два региона, теоретичарите во геополитиката ги третираат како одвоени безбедносни регионални единици, кои споредени со одредени ситуации, добиваат и епитет на геополитички близнаци.

Главни причини за добивање на оваа карактеристика, пред сè, е фактот што **двата региона настануваат како геополитички единици по распаѓањето на Османлиската Империја,** врз основа на истиот принцип. Станува збор за судирот на големите сили, кои влијаеле во процесот на Блискиот Исток. Интересите на истите тие сили се судирале и во нашиот регион.

Оттука произлегува дека двата региона се поле на кое се судираат интересите на големите геополитички актери. Токму поради различните сфаќања, видувања и интереси на големите сили, овие региони се во континуитет подложни на надворешни влијанија, на поделби и се соочуваат со нестабилност.

Од друг поглед, иако станува збор за региони „близнаци“, сепак, тие имаат засебен, одвоен пат на раст и развој, различно геополитичко и геостратегиско позиционирање и етаблирање, како од општествен, така и од внатрешнополитички и надворешнополитички аспект, кои го доведуваат во предност нашиот регион.

Предноста на регионот на ЈИЕ е во тоа што својот вистински развој го доживеа со перспективата на евроатланско интегрирање. Историски гледано, државите од нашиот регион претходно или биле окупирани или биле дел на некоја велесила или, пак, воопшто не постоеле како држави. Но со евроатланското перспектива сите овие земји постојат како независни и суверени држави и сите споделуваат исти евроатлански вредности.

За нашиот регион најдобриот пат е евроатлантската интеграција. Сите членови на евроатлантското семејство ги почитуваат демократските вредности, стандарди и норми, и сите, без оглед на нивната големина, се дел од една заедница што им гарантира мир, безбедност, стабилност и одржлив економски развој.

Се разбира дека патот да се стане дел од тоа големо семејство не е лесен, но наша обврска е да изнајдеме начини и механизми како да го проодиме тој пат најбрзо можно и најбезболно.

За жал, истото не може да се каже и за регионот на МЕНА (Блиски Исток и Северна Африка), кој сè уште не е стабилизиран. За жал, поради внатрешни несогласувања и надворешни интервенции, овој регион сè уште не може да досегне стабилна состојба и да почне напредок кон други подобри перспективи. Токму поради тоа им се случуваат и војни, интервенции, диктатури, бегалци и сл.

Тука може да подвлечеме длабока линија дека, за среќа, тоа не е случај и со регионот на ЈИЕ, односно Западен Балкан.

- Понатаму би сакал да се осврнам на геостратегиската и геополитичката положба на Република Македонија, т.е. Република Македонија како територијално мала држава.

Од особена важност е да се дефинира која е улогата и значењето на малите држави во асиметричниот свет со предностите и слабостите, како и кои се неопходните механизми за да ги артикулираат и да ги материјализираат нивните вредности и интереси во меѓународните односи и на глобалната сцена.

Република Македонија како активен и одговорен фактор на меѓународната сцена, преку промовирање на вредностите што се вградени во генетскиот код на секој граѓанин на РМ, за заемна почит и разбирање, се промовира како еден функционален пример за успешна мултикултурна, мултиконфесионална и мултиетничка средина.

Република Македонија гради политика на меѓусебна почит, а не на меѓусебно толерирање.

Бегалската и мигрантската криза се само еден пример како Република Македонија, како мала земја, успева со брзо консолидирање, организираност и институционална одговорност професионално да реагира и да одговори на настанатата ситуација.

Во Република Македонија никогаш немаше дилема дали ќе дојдат бегалци муслимани или немуслимани. Во Република Македонија беше дилемата кои се нашите капацитети да им обезбедиме на мигрантите хуманитарен третман и, секако, да ја преземеме нашата одговорност тие да бидат соодветно регистрирани и да им се обезбеди патот, согласно со меѓународните обврски и стандарди, како и заклучоците од Советот на ЕУ.

Сите сме сведоци дека од надлежните во Република Македонија никогаш немаше изјави од типот: „во нашата држава не можат да бидат примени толку и толку муслимани“.

Во овој домен, единствено загрижувачки е фактот што терористичките радикални структури го користат коридорот на бегалците за да стигнат до своите цели. Во овој случај, Република Македонија, во тесна соработка со другите земји од коридорот, вложува максимални напори навремено да ги детектира и да ги спречи ваквите движења.

При вакви или слични ситуации доаѓаат до израз и јаките страни/предности на малите држави за подобра координација и одговор на брзите промени во светски рамки, побрза адаптација на

тековните случувања, побрзо спроведување на реформите, подобра социјална кохезија и општествена солидарност.

Но покрај предностите на подобра агилност и адаптабилност, сепак, постојат големи предизвици со кои треба да се соочат овие земји, кои во никој случај не смеат да се перципираат како негативни страни, туку како можности.

Како територијално мала држава се трудиме да ги искористиме позитивните страни, а да работиме на не толку јаките страни, со цел зајакнување на улогата на активен фактор и стабилен партнер во меѓународните односи.

- Тука стапува на сцена т.н. **дипломатија на партнерства**, која ќе ја искористиме како трета теза.

Практикување на т.н. дипломатија на партнерства, односно воспоставувањето специјални врски и партнерства е од исклучително значење во услови на глобализација и исклучителна мултипиларност во услови кога постои повеќе неред отколку ред во меѓународните односи.

Проблемите, прашањата и предизвиците поврзани со глобализацијата, заканите за безбедноста, јакнењето на т.н. недржавни актери, масовните миграции, климатските промени, развојот на новите технологии можат успешно да се решаваат само со еден поразличен пристап и формирање „ партнерства според околностите“.

Со формирање на ваков вид стратегиски партнерства, помалите земји, т.е. послабата страна, преку партнерството со големите сили, се надополнува себеси во меѓународниот поредок.

Во овој контекст, за Република Македонија можеме да истакнеме дека, пред сѐ, во надворешната политика стратегиски приоритет и непроменлива компонента е *евроатланската интеграција на Република Македонија*.

Исто така, би сакал да ги нагласам и партнерствата со големите сили, пред сѐ, *стратегиското партнерство со САД,* како една константа што никогаш ниту е ниту, пак, ќе биде доведена во прашање.

Република Македонија, согласно со теориите на геополитиката, треба и натаму да гради стратегиски партнерства или страте-

гиски дијалози и со многу други земји, активни фактори во рамките на ЕУ и пошироко, кои ќе го зајакнат нејзиниот пат до ЕУ.

И како трет стратегиски приоритет на Република Македонија го подвлекуваме моментот на *градење цврсти мостови на соработка и пријателства со земјите од Азија, Африка, Америка, Блискиот и Далечниот Исток.*

Оттука произлегува дека Република Македонија покрај целта бр. 1 – стратегиската цел за евроинтеграција, отворена е и за соработка и партнерства и со земји што се надвор од оваа структура. Теоретичарите го именуваат тоа како *партнерства согласно со околностите,* односно *партнерства согласно со националните приоритети и националните интереси* на таа држава.

Тие партнерства можат да бидат краткорочни, среднорочни или долгорочни, но во принцип, треба да се одраз на јасна порака и визија, а не да се сфатат како партнерство против другиот, т.е. да не се доведеме во ситуација да се прашуваме против кого сме наместо со кого сме.

Земјите од Западен Балкан мора да го воочат значењето на соработката и градењето партнерства, да го гледаат како ефективен начин на зачувување на демократските принципи и вредности, да вложуваат континуирани напори за реформирање и унапредување на системот. Согласно со тоа, во справувањето со глобалните предизвици е неопходно сериозно и искрено учество во градењето доверба и заемна соработка на сите актери.

- Четврта теза по редослед, но прва по значење: Што значи да се има држава?

Без разлика каква форма има една држава, колкава е нејзината територијална распространетост, како е внатрешно уредена, како функционира и сл. – да се има држава е најсуштинското, најбитното и најстратегиското нешто.

Постои голема квалитативна разлика меѓу тоа да се има и да се нема држава. Случувањата во регионот на МЕНА и мигрантската криза, огромниот бран бегалци се одговор на прашањето што значи да се нема држава.

Во контекст на темата, би сакал да споделам едно лично искуство во текот на моето работење во МНР со граѓани од овој

регион: Станува збор за две семејства од Сирија, кои пред неколку години со возило тргнале да патуваат низ територијата на поранешна СФРЈ. Притоа, на граничен премин биле запрени и несоодветно третирани. Во тој момент, во МНР се јавува дипломат од Амбасада на Сирија, кој интервенира за нив и замолува да добијат соодветен третман, како и да бидат веднаш пуштени. По неколку часа откако увидоа дека патниците не беа пуштени, се јави лично амбасадорот, кој буквално предаде устен демарш со зборовите: *со кое право ги третирате граѓаните на Сирија на тој начин, тие граѓани зад себе имаат држава.* Притоа, за многу кратко се презедоа сите соодветни мерки и ситуацијата беше надмината на најдобар начин.

Сега од оваа временска дистанца, по 10 години од истата таа граница поминаа неколку стотици илјади Сирийци, и нема никој да се јави за нив да праша или да интервенира.

Сметам дека со овој пример многу јасно се отсликува разликата меѓу тоа да се има и да се нема држава.

Да се гради држава е големо дело, бара напор, бара жртви, тоа е дело на голема умешност во кое учествуваат сите луѓе во едно заедничко општество. Да се има држава значи сигурност, стабилност, интегритет и многу друго.

Граѓаните на Република Македонија, политичките актери и сите одговорни лица треба одговорно да се однесуваат кон државата. Да не се даде впечаток дека ја третираме како таа да ни е подарена. Да сме задоволни што ја имаме, да си ја знаеме вредноста и да ја зачуваме.

**Анастасија Илиеска,**
државен секретар во Министерството за внатрешни работи
на Република Македонија

Почитувани екселенции,
дами и господа,

Дозволете ми на почетокот од мое лично име и од името на Министерството за внатрешни работи да упатам највисоки почести за организирањето на оваа Конференција на највисоко научно-стручно ниво и воедно да се заблагодарам за поканата за учество.

Сметам дека во едни турбулентни времиња и период на многубројни предизвици со кои се соочува Република Македонија, конференциите од ваков тип се од особена важност во насока на создавање единствен државен одговор преку размена на мислења, гледишта и ставови од страна на најповиканите во нашата држава.

Како што и самите знаеме, Македонија има една многу специфична географска положба што истовремено може да претставува и предност, но и предизвик во дадена ситуација. Впрочем, Балканот отсекогаш низ историјата претставувал крстосница на најразлични светски движења и поле на кое се редефинирале позициите и односите меѓу главните светски сили во соодветен временски период.

Историјата е најдобар учител. Ние сме народ што директно на свој грб ги има почувствувано последиците низ вековите како јаболко на раздорот на големите сили. Ова мора постојано да го имаме пред очи кога носиме одлуки од круцијално значење за иднината на Република Македонија и нејзините граѓани.

Борбата и непокорот на многу генерации овозможија ние денес да имаме сопствена и независна држава. Ние сите сме должни да го следиме нивниот аманет и секоја секунда да го чуваме нејзиниот интегритет.

Светот како да не научил многу лекции од историјата. Затоа, денес се соочуваме со многубројни предизвици и закани за безбедноста од енормни размери. А заканите и актерите зад нив се неконвенционални и постојано еволуираат.

Од минатата година, па до денес, сведоци сме на една бегалска/мигрантска криза од масовни пропорции. Република Македонија е една од државите што се наоѓа на патот кон побезбедна иднина на бегалците. Досега низ територијата на нашата држава од почетокот на кризата имаат транзитирано над 900.000 луѓе. Оваа бројка сама по себе укажува на сериозноста на целиот проблем.

Како транзитна држава, а во услови на масовен прилив на бегалци/мигранти од вакви размери си поставивме две примарни цели.

Првата е заштита на животот и здравјето на мигрантите, спречувањето на шверцот на мигранти и трговијата со луѓе, а втората заштита на националната и јавната безбедност и заштита на јавното здравје.

Трагичните судбини на мигрантите што транзитираа беа причина Република Македонија да пристапи кон законски измени и соодветно регулирање на престојот и транзитирањето на илегалните мигранти. Имено, решението го најдовме во Измените и дополнувањата на Законот за азил на начин што создадовме законска можност за изразување намера за барање азил.

Денес гордо може да изјавиме дека Република Македонија максимално професионално и етички ги исполнува зададените цели што почиваат на меѓународно признатите норми, но и на моралот што произлегува од нас, пред сè, како човечки битија.

Почитувани,

Република Македонија со месеци апелираше од сериозноста на нерегулираниот наплив од нашата јужна граница што лесно може да доведе до неред и евентуална несакана ескалација на ситуацијата.

Министерството за внатрешни работи секојдневно ја потенцираше потребата од еден координиран пристап при решавањето на оваа криза, а особено потребата од размена на информации со државите од регионот покрај балканската рута. Во прв ред беше нагла-

сена неопходната соработка со нашиот јужен сосед, која, за жал на сите инволвирани, во голема мера изостанува.

Минатата недела јавноста беше сведок на пробив на нашата јужна граница надвор од граничниот премин од страна на стотици добро организирани бегалци. Процената за дејствување на нашите безбедносни сили беше на потребното ниво минимизирајќи ги можностите од евентуални несакани сценарија. Останува да виси во воздух прашањето кој е организаторот на ваквиот ненадеен прилив на бегалци од нашата јужна граница, по строго однапред определена траекторија и добро запознаен терен. Дали некој може да ја злоупотреби бегалската криза за свои интереси?

Имајќи ја предвид светската трка за прекројување на сферите на влијанија во прв план, како и моменталната политичка состојба во Република Македонија, нужно се наметнуваат две итни потреби, и тоа:

Побрза интеграција на Република Македонија во стратегиски предвидените меѓународни политички и безбедносни организации и најитно решавање на политичката криза во Република Македонија како основен предуслов за стабилна власт и ефективен институционален одговор.

Посебно внимание треба да се посвети на можна злоупотреба на бегалската криза, но и од феноменот на т.н. „странски борци" со кој се соочува цела Европа. Информациите кажуваат дека голем број терористи што бегаат од кризните жаришта се инфилтрираат меѓу бегалците на својот пат кон крајните дестинации во Европа. Политиката на пренесување на бегалците без соодветно информирање на соседната земја е неприфатлива. Наведената состојба ја наметнува потребата од креирање механизам за регистрација на мигрантите, и тоа во првата држава на европскиот континент во која пристигнуваат и натамошно споделување на истите тие податоци со државите низ кои транзитираат мигрантите. Во спротивно, и натаму ќе се соочиме со транзит и влегување во Европската Унија на лица што се од безбедносен ризик, без притоа тие да бидат забележени на некоја од нашите граници и со тоа да ги доведеме во опасност нашите граѓани.

Дополнително, неопходно е засилување на капацитетите на надлежните во однос на превентивното дејствување и рано детек-

тирање на радикализацијата и насилниот екстремизам на нашите простори.

Вложуваме вонредни напори и не очекуваме дека некој треба посебно да го препознае тоа. Среќни сме кога ќе помогнеме нечија судбина да ја избегне трагедијата на невремето. Единствено признание за стореното е да не дозволиме ситуацијата да ескалира, да управуваме со состојбата на наш својствен начин, а резултатот што ќе го добиеме да ѝ го испорачаме на меѓународната заедница и да покажеме дека институциите во Република Македонија многу поевропски се справуваат со кризата од самата Европа, многу похумано ги третираат различните и многу повнимателно ги препознаваат оние чие мото е единствено профитот. Досега сметам дека сме успешни.

Никогаш не треба да тврдиме дека сторено е сѐ што може да се стори, бидејќи секогаш треба да се обидуваме да отидеме барем чекор понатаму. Морам да истакнам дека врвен императив е безбедноста на нашите граѓани, и оттаму одговорно тврдам дека ќе продолжиме професионално и одговорно да ја заштитуваме државната граница, а со тоа да ги штитиме и границите на сите држави во должина на западнобалканската рута и границите на ЕУ.

Управувањето со миграциските текови можеби одамна се чинеше како нешто за што се надлежни само оние најповиканите. Меѓутоа, масовниот прилив на мигранти со кој се соочи Република Македонија пред неполна година беше аларм за сите национални институции, меѓу кои водечка улога имаше Министерството за внатрешни работи да ги мобилизира и да ги ангажира своите ресурси и да почне ефективно да управува со глобалната мигрантска и бегалска криза. Чекорите што ги преземаме секогаш се согласно со одлуките на земјите покрај западнобалканската рута и одлуките на Европскиот совет. Недвосмислено укажуваме дека не сме посакувана земја, дека сме земја низ која мигрантите само минуваат. Спротивно на човековите права е овие луѓе да ги задржиме против нивна волја во земја во која не сакаат да останат.

Поддршката што доаѓа или се најавува од сите страни, особено од страна на Европската Унија, е повеќе од неопходна не само за да не се чувствуваме дека сме оставени сами туку многу повеќе

за да можеме да бидеме поефикасни во она што го правиме. А правиме навистина многу.

На крајот, уште еднаш сакам да изразам благодарност од името на Министерството за внатрешни работи за организирањето на оваа толку важна конференција во овие клучни времиња за Република Македонија, која се надевам ќе биде само една од многуте што ќе претстојат.

**Мохамед Ариф,**
претставник на УНХЦР во Македонија

# СОСТОЈБАТА СО БЕГАЛЦИТЕ/МИГРАНТИТЕ: ЛУЃЕТО ЗАД БРОЈКИТЕ

**Mohammad Arif,**
Representative of UNHCR in Macedonia

# THE REFUGEE/MIGRANT SITUATION: THE PEOPLE BEHIND THE NUMBERS

## СЕВКУПЕН КОНТЕКСТ

Со влошувањето на ситуацијата во Сирија како резултат на долготрајната војна, како и со тековните локални конфликти и во други земји во истиот регион, како што се Ирак и Либија, како и во Авганистан, Македонија стана главна транзитна точка за бегалците и мигрантите што се обидуваат да стигнат до земјите членки на ЕУ на север, како што, впрочем, беше во првите редови на последните вести од светот. Ова движење претставува едно од најголемите движења на раселените лица преку европските граници од Втората светска војна; речиси 800.000 бегалци и емигранти стапнале во земјава на своето патување за наоѓање безбедност во земјите на Западна и Северна Европа од јули 2015 година.

Од почетокот на војната во Сирија пред пет години, поголемиот дел од бегалците што бегаат од конфликтот главно се сместени во соседните земји – Турција, Либан, Јордан, Ирак и Египет – кои до денес ја прифатиле 4,8 милиони бегалци. Дополнителни 6,6 милиони Сирийци се раселени во земјата. Меѓутоа, како што се одолжува конфликтот, раселените Сирийци и другите бегалци се соочуваат со повеќе тешки околности во земјата и во земјите домаќини: повеќето

деца немаат пристап до образование, и поголемиот дел од возрасните немаат пристап до работа и не се во состојба да обезбедат опстанок за своите семејства преку своите скудни или непостојни приходи. Покрај тоа, хуманитарното финансирање понудено на земјите домаќини, со веќе премногу обврски и недоволни ресурси и инфраструктура, не е доволно за да ги задоволи соодветно или сеопфатно нивните растечки потреби. Оваа очајна ситуација поттикнува многу баратели на азил и бегалци да го напуштат регионот и да се движат кон земјите од Европската Унија, при што огромно мнозинство сакаат да заминат за Германија, Шведска и Австрија во потрага по безбедност и достоинствени услови. Многу луѓе од други земји, кои исто така тврдат дека имаат потреба од меѓународна заштита, се приклучија кон ова движење. Моментално 91 % од сите пристигнувања преку Средоземното Море се од првите десет земји на потекло на бегалците. Сличен тренд е забележан и во оваа земја, со 86 % од протокот доаѓаат од седум од првите десет земји на потекло, имено Сирија, Авганистан, Ирак, Еритреја, Сомалија, Јужен Судан и Демократска Република Конго.

Движењата вклучуваат мажи, жени, момчиња и девојки; млади и стари; самци и цели семејства. Многумина од нив имаат специфични потреби што ги поставуваат на зголемен ризик. Тие вклучуваат деца разделени од семејствата и без придружба, сами жени што се бремени или доилки, стари лица, лица со хендикеп, како и болни и повредени. Постојат значителен број деца меѓу бегалците (кои патуваат без придружба или разделени или, пак, патуваат со семејства) за кои е потребно посебно внимание. Околу 30 проценти од вкупниот број на мигранти се деца, од кои 80.000 биле разделени или без придружба.

Најкраткиот и најсигурен правец од Блискиот Исток кон Западна Европа се покажа дека минува низ Западен Балкан, вклучително и Македонија, што пак е причината зошто овој регион неодамна доби толку многу сообраќај. На 19 август 2015 година Македонија прогласи вонредна состојба на својата јужна (со Грција) и северна (со Србија) граница по невидениот прилив на бегалци и емигранти. Македонија распореди полициски и армиски сили во „зелениот“ дел на своите граници, а неодамна ја продолжи вонредната состојба до 31 декември 2016 година. Најголемиот дел од бегалците и мигрантите влегоа во земјата од Грција и, по процесот на

регистрација, продолжуваа кон северната граница со Србија со организиран начин на превоз со користење возови, автобуси и такси-возила, организирани од страна на локалните власти. Како што е предвидено со измените и дополнувањата на Законот за азил и привремена заштита усвоен на 18 јуни 2015 година, на бегалците им беше дозволено во рок од 72 часа да транзитираат непречено низ земјата. Во својот врв, во втората недела од ноември 2015 година, бројот на заминувања од центарот на Винојуг изнесуваше околу 8.200 за 24 часа. Протокот низ целиот период беше составен главно од Сиријци, Авганистанци и Ирачани, со околу 4 % лица од други националности (делумно се должи на ограничувањата што се наведени подолу).

Кон крајот на 2015 и почетокот на 2016 година неколку земји по должината на источниот Медитеран и западнобалканската рута воведоа политики на забрана за влез на своја територија на поединци без валидни документи. Додека критериумите што се употребуваат и квалитетот на оваа проверка предизвикаа загриженост во врска со законските обврски од овие земји, постепено се намали протокот на луѓе што транзитираат низ Македонија и доведе до ситуација каде што голем број луѓе останаа на граничните премини. Сè започна на 19 ноември 2015 година, кога македонската влада, отсликувајќи ги одлуките донесени во другите земји по должината на Западен Балкан, одлучи да се овозможи само на лица од Сирија, Ирак и Авганистан да влезат од Грција. Следно, од 21 февруари 2016 г. само на Сиријците и Ирачаните им се дозволи пристап и на крајот од 7 март пристапот на „минување на бранот“ дојде до својот крај со де факто затворање на трасата по состанокот на Европскиот совет со Турција и последователните одлуки од соседните земји да ги затворат своите граници. Вкупно 89.623 бегалци/мигранти беа примени од 1 јануари до 7 март 2016 година, кога последните лица биле примени на македонската територија.

Овие одлуки имаат значајно влијание врз севкупната состојба со близу 1.200 бегалци/мигранти моментално во Македонија, кои се наоѓаат во несигурни и несоодветни услови, не можејќи да го продолжат своето патување. Многу е веројатно дека отсуството на сеопфатна регионална стратегија и реално решение ќе ја зголеми ранливоста на луѓето за ризиците од шверцот и трговијата со луѓе.

Всушност, многу од лицата чиј пристап е блокиран и оние што моментално се во земјата се свртуваат кон шверцерските мрежи. Има пораст на случаи на злоупотреба од страна на шверцери и банди.

Во истиот период (2015-2016), околу 4.000 лица загинаа или исчезнаа во морето, и покрај зголемените спасувачки капацитети ставени во Средоземното Море од страна на Грција, Италија, Турција и државите што учествуваат во напорите на ФРОНТЕКС и ЕУНАВФОР.

## ПОСТОЈНА ЗАШТИТА И ХУМАНИТАРЕН ОДГОВОР

Главните приоритети на УНХЦР се да им помогне на Владата и на граѓанското општество во одговорот на најитните хуманитарни потреби и заштита на бегалците. Во фокусот на УНХЦР останува зајакнување на системите за азил во земјата во согласност со меѓународните стандарди, следење пристап до територијата и подобрување на услугите и капацитетите за лицата што престојуваат во Македонија во блиска иднина.

Работењето на Владата, УНХЦР и други партнери значително се зголеми од средината на 2015 година, кога стапката на приливот на луѓе драматично се зголеми од 200 во март до 6000 во октомври 2015 година, при што околу 800.000 луѓе во движење поминаа преку приемниот центар Винојуг, формиран во Општина Гевгелија од страна на Владата, УНХЦР и хуманитарни партнери, каде што се обезбедени засолниште и хуманитарна помош, вклучувајќи и погодности, како што се прва помош, храна, вода, облека и други непрехранбени производи, кои многу често значат спасување живот. Партнерите, исто така, воспоставија структури за да се обезбеди основна заштита, особено за ранливите групи како што се децата, од кои многумина без придружба, жени, семејства, како и лица со посебни потреби. Слична точка за помош е формирана во Табановце, на северниот крај на трасата во Македонија, каде што може да се обезбеди истата помош. УНХЦР е главен партнер-поддршка на Владата во обезбедување помош и заштита на приемниот центар „Винојуг“ во близина на градот Гевгелија и пунктот за помош на бегалците во близина на селото Табановце.

## ЗАКЛУЧОК

Сепак, сите овие бројки не ја кажуваат целата приказна. Тие не го одразуваат бројот на оние што се во болка поради загубата на своите најблиски во текот на ова опасно патување, бројот на оние што се соочуваат со експлоатација и злоупотреба во рацете на шверцерите, бројот на оние што можеби никогаш нема да бидат во можност да им се придружат на нивните родители и сопружници како резултат на новите ограничувања на семејно обединување или оние што остануваат заробени во конфликтни ситуации.

Како што обемот на бегалци и мигрантски текови достигна невидени нивоа што влијаат врз капацитетите на земјите да се справат со тоа, ранливоста на луѓето во движење и на нивните потреби за хуманитарна заштита значително се зголемија. Бројот на лицата што бараат меѓународна заштита во Европа не треба да биде изненадување со четири тековни војни во соседството на Европа (Сирија, Ирак, Авганистан и Либија) и уште една криза во Европа (Украина). Сигналите за рано предупредување, кои постојано се споделуваат од страна на УНХЦР, за жал, не ги убедија европските земји да донесат веродостојни и сеопфатни планови за непредвидени ситуации и одговор. Сегашната бегалска криза во светот нема да дојде до крај без сеопфатни политички решенија што ќе ги искоренат основните причини за конфликтот во земјите како што е Сирија. Дотогаш, од суштинско значење е земјите во регионот, во кои има најголем број бегалци од Сирија и други земји, да примаат доволно финансиски средства и поддршка за да одговараат на нивните потреби. Во исто време, правните патишта за пристап на бегалците до заштита на друго место треба да се зголемат за да го замени сегашното нерегуларно движење кога бегалците и мигрантите се изложени на ризици во нивните животи. Додека не се најде мирно решение за Сирија, Авганистан и во Ирак, со просперитет и надеж во иднината за враќање во своите земји, речиси е невозможно да се очекува дека луѓето ќе запрат во потрага по безбедно место од каде што ќе можат да се вратат повторно дома.

## CONCLUSION

All the numbers of the refugees do not, however, tell the full story. They do not reflect the numbers of those in anguish due to the loss of their loved ones during the treacherous voyage, the number of those who faced exploitation and abuse at the hands of smugglers, the numbers of those who may never be able to join their parents and spouses due to new restrictions to family reunification or those who remain trapped in conflict situations.

As the volume of refugee and migrant flows reached unprecedented levels affecting the countries' capacities to cope with it, the vulnerability of people on the move and their humanitarian and protection needs increased significantly. The number of persons seeking international protection in Europe should not have been a surprise with four ongoing wars in Europe's neighborhood (Syria, Iraq, Afghanistan and Libya) and another crisis in Europe (Ukraine). Early warning signals, repeatedly shared by UNHCR unfortunately did not convince European countries to adopt credible and comprehensive contingency and response plans.

The current refugee crises around the world will not come to an end without comprehensive political solutions that will eradicate the root causes of conflict in countries such as Syria. Until then, it is of utmost importance that the countries in the region, which host the highest number of refugees from Syria and other countries, receive sufficient funding and support to address their needs. At the same time, legal pathways for refugees to access protection elsewhere should be increased, to replace the current irregular movement during which refugees and migrants are exposed to risks to their lives. Until a peaceful solution is found for Syria, Afghanistan and Iraq, with prosperity and hope in the future restored in their countries, it is nearly impossible to expect that people will stop searching for a safe place they can call their home again.


Regional Population Flow
Since 2015 a total of 1,179,742 people have arrived at sea and most have transited through Macedonia
GERMANY
AUSTRIA
HUNGARY
SLOVENIA
CROATIA
ROMANIA
SERBIA (AND KOSOVO: S/RES/1244 (1999))
BULGARIA
MACEDONIA
GREECE
TURKEY
778,768
Dead/Missing at Sea
4000
2000
0
20
1500
500
600
3500
3771
488
2010
2011
2012
2013
2014
2015
2016

**Љубомир Гајдов,**
поранешен дипломатски уредник и коментатор на
Македонска телевизија и на Македонско радио
и поранешен предавач по меѓународни односи,
Универзитет „Гоце Делчев“, Штип

## КРИЗАТА: ЗАКАНА И МОЖНОСТ ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Комплименти за академик Владо Камбовски, како нов раководител на Центарот за стратегиски истражувања на МАНУ што ја иницира и ја организира оваа конференција, мошне актуелна и за Македонија. Тоа е, според мене, своевидна подготовка за слична меѓународна конференција што би требало да се одржи наесен и од која може да се очекуваат значајни заклучоци, поуки и пораки што ќе користат не само во академскиот истражувачки арсенал. Би можеле да ги преточиме и во новиот систем на образование што толку многу ни недостасува. Сметам затоа дека денешнава конференција ќе биде придонес за промена на парадигмата за геополитичкото и геостратегиското промислување, но и за развој на критичкото мислење и воспоставување на културата на дијалог, две значајни работи што исто така недостигаат во нашево општество.

Со денешнава тема за Македонија ме поврзуваат четири работи. Прво, одблизу можев да се соочам со бегалската трагедија, зашто како волонтер се трудам да им помогнам на тие деца, жени и мажи, работејќи во хуманитарната организација *Да им помогнете на бегалците во Македонија* (HTRM, под закрила на ООН).

Второ, во 1999 г., кога во Блаце, на македонско-косовската граница, Македонија изгради камп за 365 илјади бегалци од Косово, во присуство на двајца професори од Медицинскиот факултет во Скопје (телефонски) го повикав поранешниот американски амбасадор овде, Виктор Комрас, да биде солидарен со македонскиот народ.

Да замоли други двајца големи пријатели на Македонија, нобеловецот Ели Визел и г-ѓа Хилари Клинтон (сите тројца беа членови на Меѓународниот комитет за изградба на првиот Музеј за холокауст во Европа во Скопје) да дојдат во Македонија и од името на американскиот претседател Бил Клинтон да им ветат на тие несреќници дека ќе бидат безбедно вратени дома. И навистина, по посетата на високите гости, проблемот беше решен иако не ги добивме ветените финансиски средства. Така е кога има(в)ме моќни и влијателни пријатели, како што и денес нашите пријатели од т.н. меѓународна заедница се обидуваат да ни помогнат да ја решиме нашава трагична политичка криза, засилена и со масовниот бегалски коридор низ земјава.

Трето, на Водици годинава во Охрид со реферат учествував на четвртата Меѓународна конференција за културното наследство, туризмот и медиумите, посветена на бегалската криза.

И четврто, како еден од организаторите и учесник на Првиот меѓународен филозофски дијалог Исток – Запад, лани во Македонија, бев и еден од авторите т.н. Охридска декларација за дијалог, разбирање и толеранција, посветена во еден дел и на бегалската криза. Декларацијата ја испративме до генералниот секретар на ООН, Бан Ки-мун, со молба со неа да ги запознае сите членки на ООН.

А сега ќе се обидам да изнесам и некои свои размисли, а не да ги цитирам туѓите книги и/или статии што се случува(ше) овде денеска околу геостратегијата и геостратезите. Зашто, имав шанса, прво како новинар, известувач, а потоа и како поканет експерт, активно да учествувам на вакви и слични конференции и многу да (на)учам од велемајсторите на стратегиското мислење во меѓународните односи, како: Џими Картер, Збигњев Бжежињски, Хенри Кисинџер, Лоренс Иглбергер (Лоренс од Македонија), Ричард Холбрук...

Никој денес, за жал, овде не (у)кажа кој е главниот (геополитички и геостратегиски) проблем: зошто и како дојде до оваа голема бегалска криза, најголема хуманитарна катастрофа по Втората светска војна? За секој критички мислител причината е граѓанската војна, или т.н. криза во Сирија. А таа е последица од аманетот што го остави Џорџ Буш, помладиот, што сакаше да ги демократизира т.н. муслимански/арапски земји од каде што главно потекнува современиот меѓународен тероризам, а посебно џихадизмот.

Многу муслимански/арапски земји отворено им забележуваа(т) на САД дека премногу и некритички стојат зад Израел. На претседателот Барак Обама како да му падна тешката задача да ја почне т.н. Арапска пролет. Знаеме каква трагедија се случува сè уште во Либија, како и во Ирак, Авганистан!? За жал, трагедијата се засили и до појавата на т.н. Исламска држава што ја продлабочи граѓанската војна во Сирија, каде што има ново продолжение на студената војна, која, според мене, никогаш не завршила. А многу државници, теоретичари и коментатори, па и денес некои учесници овде некритички ја прогласија за завршена. Сметаа(т) погрешно дека таа заврши заедно со уривањето на берлинскиот ѕид и растурањето на СССР и Варшавскиот договор.

Според мојата дефиниција, студена војна на двете суперсили, САД и Русија (порано СССР), што почна со крајот на Втората светска војна, е кога тие воено се судираат во трети земји, во т.н. локални кризи (сега, покрај Сирија и во и околу Украина), покрај економското исцрпување и безбедносни закани и за другите. Зошто? Затоа што работат воените фабрики, најпрофитните индустрии во светот.

Зошто и како дојде до отворен судир на интересите на суперсилите САД и Русија во Сирија?

САД, со својата стратегија за „промена на режимот“ (Мароко, Либија, Египет, Ирак, Авганистан...), долго време докаж(ув)ана во Латинска Америка, Азија и Африка, сакаше да го симне и Башар ал Асад со познатите приказни за демократија и човековите права. А истовремено мижи или отворено поддржува диктаторски режими. Од друга страна, има најмалку пет причини за руската воена интервенција во Сирија. Прво, претседателот Владимир Путин таму (си) ја брани Руската Федерација. Појасно и накусо, проактивно, правовремено и индиректно го попречува прелевањето во Кавказ на џихадистичката лавина. Или, како што би рекле Американците, Путин е во Сирија поради т.н. национален интерес. Има и несоборлив изговор: барање за воена помош од легално избраниот претседател Башар ал Асад. Со тоа не може да се пофали Обама што бомбардира делови од суверена држава (Сирија) без резолуција на Советот безбедност (СБ) на ООН. А тоа е кршење на меѓународното право, за што иронично тој го обвинува Путин. Второ, руската военопоморска

база во сириското пристаниште Латакија е единственото руско упориште на т.н.топло море (Медитеран) откако претседателот Садат ги протера Советите од Египет во 1972 година. Трето, Латакија е единствената сигурна точка за извоз на нафта и гас. И четврто, рускиот лидер правовремено успешно се позиционира за да може да влијае врз изборот на наследникот на Асад. И петто, со военото вмешување во сириската, како и во украинската криза, Путин ја врати конечно Русија во глобалната политика, што е важно и за неговото лидерство дома и во светот.

За разјаснување, да не кажам демистификација на бегалската криза, за тоа проговори истакнатиот израелски аналитичар д-р Сам Вакнин, кој живее во Македонија. Во интервју за македонски неделник тој неодамна соопшти дека единаесет месеци пред бегалската криза, канцеларката Ангела Меркел изјавила дека на Германија ѝ се потребни еден милион нови работници. Официјални претставници на германската влада потоа оделе по логорите со сириски бегалци и ги поттикнале преку Медитеранот и Грција, а и преку Македонија да тргнат кон Германија. Затоа, можеби, соседните богати т.н. братски арапски земји, Саудиска Арабија, Кувајт, Бахреин ги затворија своите граници за реките на овие несреќни луѓе од Сирија. Америка вети дека би примила само десет илјади.

И сега би сакал да укажам на проблемот на големите сили во регионов за кој кај нас како да нема научно интересирање. На Балканов, од Берлинскиот конгрес во 1878 година, според мене, се случиле само четири значајни новости. Прво, обновена е македонската држава. Второ, како брана против рускиот пробив кон Јадранското Море Австро-Унгарија и Германија ја основаа првата албанска држава во Европа во 1912 година. Зашто, на територијата на денешен Азербејџан постоела т.н. кавкаска Албанија, основана во 4 век пред Христа. И трето и четврто, Америка и Кина на Балканот. Сè друго е исто, а особено главните европски и локални актери.

САД и ЕУ, а посебно Германија, не гледаат со симпатии на сериозниот пробив на Балканот, а не само закана на двата главни партнера од БРИКС [Brasil, Russia, India, China, South Africa], Русија и Кина. Преку својот главен воен советник, Путин најави дека Русија ја враќа на Балканот од каде што во времето на перестројката Михаил Горбачов ја повлече советската империја поради трите

проблеми: судирот со Кина, инвазијата во Авганистан и проблемите во Индокина.

Што се однесува до Кина, таа последниве години станува мошне важен геостратегиски фактор во регионов со поволни заеми од фондот со тринаесет (10+3) милијарди долари за изградба на инфраструктурата во Средна и Југоисточна Европа. Со договор меѓу Кина, Унгарија и Србија веќе се гради т.н. експресна пруга Будимпешта – Белград што ќе продолжи до Атина, каде што Кинезите уште од 2009 година делумно го закупија пирејското пристаниште. Тоа би била главната порта за Европа во нивната геостратегиска визија за обнова на легендарниот „пат на свилата“. Кога на ова ќе му се додаде и кинескиот проект за каналот Белград – Солун што би чинел седумнаесет милијарди долари. Така и Македонија неочекувано би се нашла во новата геополитичка и геостратегиска игра на Балканот во која освен Кина и Русија, би се вклучиле и САД/ЕУ.

Би сакал да потсетам на 1994 г., кога во Скопје го прашав (за МТВ) д-р Клаус Кинкел, тогашен германски министер за надворешни работи (и заменик на канцеларот Хелмут Кол, а претходно шеф на Сојузната разузнавачка служба), зошто го однел дома претседателот Киро Глигоров? Во стилот на „железниот канцелар“, Ото фон Бизмарк („Тој што ја контролира долината на реката Вардар е господар на Балканот“), д-р Кинкел ми одговори: „Глигоров е претседател на Македонија. Стабилноста и просперитетот на Македонија е основа за безбедноста и просперитетот на Балканот. А тоа е основа за безбедноста и просперитетот на Европа, основа за безбедноста и просперитетот на светот“.

За геополитичко и геостратегиското значење на Македонија во интервју за МТВ во 1995 г. зборуваше и поранешниот италијански премиер Романо Проди, подоцна претседател на Европската комисија. За „Коридорот 8“ тој рече дека е судбински важен правецот исток – запад. „Најблизок пат на Европа до Азија и обратно“, истакна тогаш д-р Проди, сè уште професор на најстариот европски универзитет, оној во Болоња.

Во Вашингтон неколку недели пред приемот на Македонија во ООН (8 април 1993) д-р Сјузан Толчин, професорка Универзитетот Џорџ Мејсон во Вашингтон, ми рече (за МТВ): Ние, Американците, ве поддржуваме уште од конференција во Цариград,

1876/1877 година. Откако ЕУ со т.н. Резолуцијата од Лисабон сакаше да ви го одземе името, ние во референцијата за прием во ООН ви го враќаме името Македонија. А ако не го прифатите ова „поранешна југословенска“, ќе ја загубите државата што ја обновивте по долго време На моето вџашување, професорката грубо ми рече: „Ако десетина милиони Палестинци или триесетина милиони Курди немаат држава, зошто мора вие, милион Македонци, да имате држава? Порачајте му на претседателот Глигоров да не се двоуми и да дојде во Њујорк на приемот на Македонија во ООН, закажан за 31 март 1994 година“.

Следната година на 30 април го прашав во Скопје (за МТВ) главниот американски генерал Џорџ Шаликашвили: „Претседателот Клинтон секако не случајно ве пратил овде денеска кога два милиона Грци викаат на митинг во Солун против Македонија и Македонците“. „Тоа не е прашање“, ми одговори генералот. Тогаш, еве го прашањето, му реплицирав: „Која е функцијата на американската војска што е овде под сините шлемови на ООН?“ „Одвраќач против секој потенцијален агресор врз Македонија“, одговори генералот. Ама, поради признавањето на Тајван поради авантурата со „милијардата на Тупурковски, Кина стави вето во СБ ООН (25 февруари 1999), зашто на шест месеци се продолжуваше престојот на американската војска во Македонија, па од војната во 2001 година сè уште имаме раселени лица.

А токму Кина беше втората суперсила што нè призна под уставното име. Во октомври 1994 година тогашниот амбасадор во ООН Денко Малески ме повика итно да дојдам од Вашингтон да ја објавам за Македонското радио и Македонската телевизија историската вест дека со кинескиот амбасадор потпишал договор со кој Кина нè признава под уставно име. Значи, во тоа тешко време за нашава земја беше судбоносно што и Кина, покрај Руската Федерација, нè призна под уставното име. А САД ни прати овде свои трупи под знамето на ООН. Познато е, исто така, дека во тоа тешко време имаше и американска иницијатива да се прави нафтовод од Драч до Бургас: АМБО (Нафта од Албанија, Македонија и Бугарија).

А ако веќе се зборува за енергетски проекти, треба да се потсети дека во СФРЈ, во источниот дел, Србија и Македонија речиси сите енергетски објекти беа изградени со помош на СССР (на

пример, РЕК „Битола“ и Рафинеријата Скопје). Од западната страна на Дунав и Дрина беа градени главно хемиски комбинати, со помош на САД и другите западни земји. Тие граници на поделбата на СФРЈ ги претскажуваше во својот славен докторат „Увоз на технологија, увоз на идеологија“ професорот Славко Кулиќ, економист од Загреб. Со научна методологија, брилијантниот стратегиски мислител го претскажуваше растурањето на СФРЈ уште пред Титовата смрт.

Треба да се потсетиме и на Министерската конференција за европска безбедност и соработка, што заврши на 21 јуни 1991 година во Берлин. Пред мои очи, 35 шефови на дипломатии потпишаа посебна резолуција за СФРЈ да остане во едно парче. Потоа, во Белград американскиот министер Џејмс Бејкер се обидуваше десетина часа да ги убеди сојузните и републичките лидери да ја зачуваат тогашна Југославија. Вечерта пред нас новинарите Бејкер рече: Југославија ѝ ја препуштам на Европа, а јас од утре нема да бидам државен секретар, ќе го водам Комитетот за реизбор на претседателот Џорџ Буш Постариот.

Мојот профетски коментар тогаш накратко гласеше: вечерва овде во Белград е соопштена смртната пресуда на втора Југославија. Зашто првата, направена во Париз во 1918 година како „санитарен кордон“ против болшевичкото влијание врз Европа и каменен ѕид против германскиот пробив кон Багдад и средноисточните полиња со нафта. Америка, конечно, го фрла југословенското „јаболко на раздорот“ во и онака нееднинствената Европа што требаше да ја престори во нова суперсила, како рамнотежа за СССР во Европа за да може да има слободни раце да се справи со растечкиот азиски џин, Кина. Меѓутоа, сега, кога се растура СССР, а Германија покрај Британија е главен американски сојузник во Европа, нема веќе причина за постоење на СФРЈ, што истовремено е лидер на неврзаните. Тие своевремено им требаа на САД за неутрализирање на многубројните новоослободени земји од Африка и Азија во кои САД гледаше опасност и тие да тргнат по патот на советскиот „реален социјализам“.

Овде денеска повеќепати беше спомнато во меѓународното право. Според мене, тоа како да не постои или постои селективно само кога им одговара на големите. Така, НАТО и ЕУ не ја почитуваат пресудата на Меѓународниот суд на правдата во Хаг, основан од ООН, дека Република Грција го попречила приемот на Македонија на самитот на НАТО во Букурешт 2008, прекршувајќи ја така

Привремената спогодба меѓу двете земји потпишана во Њујорк на 13 септември 1995 година. И второ, САД на чело со НАТО ја бомбардира (трета) Југославија, сојузничка во двете светски војни, без одлука на СБ ООН и без објава на војна.

А тоа и не смее да нѐ зачудува. Зашто политиката, особено меѓународната, не е ни логика, ни етика, ни естетика. Таа е своевидна математичка физика со која може прецизно да се мери грубиот однос на двете основни димензии: интересите и силите. Европа затоа не треба да се обвинува за непринципиелност. До вчера Франција и Германија велеа за Турција дека е „друга цивилизација" и дека нема да ја примат за полноправна членка во ЕУ. А сега, кога им „згусти" со милионскиот бран бегалци/емигранти, покрај другите погодности, финансиски и визни, ветуваат дека ќе ѝ го забрзаат приемот беа оглед на загрозените човековите слободи и граѓански права. ЕУ го докажа тоа, ама, обратно, со Македонија. Со т.н. Лисабонска декларација во 1992 година, ЕУ бараше да се откажеме од уставното име. А неколку месеци пред тоа, т.н. Бадентерова арбитражна комисија, основана од ЕУ, предложи само Македонија, покрај Словенија, да биде призната како суверена држава по распаѓањето на СФРЈ, зашто ги исполнува превидените пет услови. И најважното: беше подвлечено дека името „Македонија" не е закана за Република Грција.

И на крајот, за кинескиот идеограм што истовремено може да се чита и како закана/проблем и како шанса, во зависност од парадигмата со која го толкуваме. Нашава криза затоа би требало да ја искористиме како шанса за промислување, за развој на критичко, творечко и стратегиско проактивно мислење. Со трансдисциплинарни домашни и меѓународни проекти, Центарот за стратегиски истражувања на МАНУ може конечно да поставува и да решава ургентни и стратегиски проблеми со кои се соочуваат Македонија и регионот, последица од промените од глобализацијата и четвртата технолошка револуција за која мораме сега проактивно да се подготвуваме. Така ќе создаваме и нови стратегиски мислители способни да се зафатат со заканите на денешниот турбулентен меѓузависен свет, но и да ги промислуваат: новата визија, вредности и стратегии не само на одржливиот развој на Република Македонија. Овие проекти и соодветните конференции, исто така, се голема можност за наше вклучување во меѓународната поделба на интелектуалниот труд.

## 2. ГЕОПОЛИТИЧКАТА И ГЕОСТРАТЕГИСКАТА ПОЛОЖБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ОПШТИТЕ АСПЕКТИ НА БЕГАЛСКАТА КРИЗА

**Митко Котовчевски**[1]
Филозофски факултет,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје

# ГЕОСТРАТЕГИСКАТА ПОЛОЖБА НА МАКЕДОНИЈА

**Mitko Kotovchevski**
Faculty of Philosophy
"Ss. Cyril and Methodius" University of Skopje

# GEOSTRATEGIC POSITION OF MACEDONIA

## ABSTRACT

The analysis of the geostrategic position of the Republic of Macedonia as quite complex and specific at world level, inevitably implies complex elaboration of all essential geostcedonia will be analyzed according to its position in the center (the epicenter) rategic determinants.

In this regard, in order to thoroughly clarify and elaborate its geostrategic position, the area of Maof the central core of the Balkan Peninsula (the Vardar-Morava waterway) in the center of the central Balkan maneuvering, and as the most important concentration and transitory (corridor) space in Southeast Europe, that is, a center of the south zone of contacts and the most important concentration hotspot.

Two strategic directions of the South European military region (the Aegean – Ukrainian and the Pannonian – Asia Minor) pass through the territory of the Republic of Macedonia. In addition, the Albanian – Bulgarian strategic direction passes through its territory, as well as other adjacent strategic directions, most of which cover the Balkan land.

---

[1] Во соработка со: м-р Благица Котовчевска, МИТ Универзитет, Скопје, Република Македонија

In order to complete the geostrategic position of the Republic of Macedonia, the study will also bring out the geopolitical analysis, that is, its specific position will be emphasized, compared to the vast spaces, the geopolitical knots and the geopolitical key zones, with a special emphasis on its location in the grip of the most dangerous geopolitical, geostrategic dangerous "devil's triangle" (the Balkan peninsula – the Caspian Region and the Persian Gulf).

The geostrategic position of the Macedonian area compared to the previously pointed out determinants throughout the history of millennia was a "black gold" for the destiny, the divisions, the conflicts and the sufferings of the people who lived crucified in the center of the Balkan cross in the whirlwind of the Balkan winds and the eternal Balkan powder keg.

## ВОВЕД

Геополитичката сензитивност на македонскиот простор и во својата територијално-етничка целовитост (анализирани се вообичаените граници на македонскиот етникум така како што беа сфатени пред балканските војни, т.е. со соодветните делови во подрачјето на денешна Грција, Бугарија и делумно Албанија) и во рамките на денешните национални граници на Република Македонија, секогаш резултираше првенствено од три значајни факти (фактори):

- „Прво: Тоа е најзначајниот концентрационен и транзитен (коридорски) простор во Југоисточна Европа;
- Второ: Оваа територија била одлучувачка за излез на Србија, а донекаде и Бугарија, кон морето;
- Трето: Овде се вкрстувале интересите на Германија, Австрија, Италија и Русија".

Причините за овие суштински констатации и геостратегиски детерминанти не е тешко да се прецизираат, да се набројат или да се сфатат во целост.

Според својата просторна положба (позиционираност) Македонија заедно со Србија го претставуваат главниот сообраќаен скелет во Југоисточна Европа, додека територијата на Македонија претставува најважен јазолен простор.

Според анализите на Ј. Цвииќ по должината на Моравско-вардарската Долина се наоѓа централното јадро на Балканскиот

Полуостров, попрецизно со неговиот центар во Скопско-прешевската зона.

Република Македонија со целата своја површина му припаѓа на Балканскиот Полуостров, односно на неговиот централен дел што го опфаќа просторот на Кралево – Приштина – Скопје – Софија. Тоа, всушност, претставува и централниот балкански маневарски простор со значајни комуникациски јазли, од каде што комуникациите и проодните зони се насочуваат во сите делови на овој полуостров. Овој дел на Балканот во кој е лоциран и просторот на Македонија во минато, и денес ќе има пресудно влијание за ширење на моќта, влијанието и успешното водење на воените операции на Балканот и значително пошироко.




Положбата на Република Македонија на Балканскиот Полуостров

Таквите јадра (јадра од овој вид) очигледно мора да заземаат централна положба да имаат соодветна комуникациска поврзаност во сите правци и мора да имаат релативно поголема аграрна вредност – карактеристики што се значајни обележја на Моравско-вардарската Долина и нејзиниот централен дел.

Со цел да бидеме уште попрецизни во овој контекст, неизбежно е да е потенцираме позиционираноста на Скопје и Скопската Котлина што имаат најголема сообраќајна вредност и концентрациска улога. На овој централен геостратегиски простор на Балканот, со моравско-вардарската сообраќајница се спојуваат босанскиот и зетскиот „друм“, а од таму сите патишта водат кон Солун и Истанбул (односно кон Блискиот Исток и Северна Африка). Исто така, во Скопје се концентрираат сите внатрешни сообраќајни правци на Македонија, како и на нејзините соседни земји.

Преку моравско-вардарскиот правец поминува главната сообраќајница од Белград до Скопје, која по долината на реката Вардар продолжува до Солун. По долината на Сава патот води до Загреб, а потоа и до Љубљана. Заеднички, овие две сообраќајници го формираат магистралниот пат Љубљана – Загреб – Белград – Скопје – Солун, кој е главната врска на Балканот со Западна Европа, поминувајќи низ просторот на цела екс Југославија. Овој сообраќаен ’рбетен столб на поранешна Југославија истовремено е и папочна врвца со која Грција е поврзана со другиот дел на Европската Унија. Кон оваа главна сообраќајница се надоврзуваат и други патишта со што се зголемува нејзината стратегиска и геостратегиска улога.

Низ историјата, низ овој простор поминуваше и најголемиот римски пат Виа Игнација, кој ги поврзуваше Јадранското и Црното Море и го затвораше триаголникот Ниш – Истанбул – Солун, чии други две страни ги сочинуваат патиштата Морава – Вардар и Белград – Истанбул. Од Истанбул до Солун Виа Игнација без поголеми пречки го следи морскиот брег. Од Солун до пристаништето Драч, релјефот претставува сè повеќе и повеќе пречка (Солун – Лерин – Битола – Преспанското и Охридското Езеро) и излегува на албанскиот брег во пристаништето Драч (преку Елбасан и Тирана).

Во Солун – вистинското балканско пристаниште се вкрстуваат Виа Игнација и магистралата Морава – Вардар, пристаниште што е најблиску до центарот на балканското јадро – Скопје и до еден од најголемите балкански крстопати – Белград, точно преку вардарско-моравскиот правец.

Коридорот што се протега од Дунав до Егејското Море според улогата што ја има и според регионите што ги поврзува, би

можел да се спореди со оној на Сона и Рона во Франција, но според севкупниот прогрес, ниту Белград е Лион ниту Солун е Марсеј.

Балканската географија и историја во минатото и денес во голема мера си го наплатиле својот енормно висок данок за државите што гравитираат првенствено на овој правец.

Меѓу Средна Европа и Источен Медитеран, вардарско-моравскиот коридор претставува јужна зона на контакти, на размена и посета без разлика на културата, обичаите и јазикот. Солун низ вековите остана лесно достапно пристаниште, кое на Полуостровот важеше како мост меѓу Истокот и Средна Европа, посебно како мост меѓу Истокот и Германија во експанзија (во подоцнежниот период до денес). Балканот, кој е на раскрсницата на трите континенти, претставува солидна појдовна основа и претпоставка за непречено струеење на значајните цивилизациски текови.

Исто така, не може да се негира и фактот дека Балканот со право е наречен и „Југоисточна капија на Европа“ во чие пристаниште Солун впловуваат бродовите од Блискиот и Далечниот Исток и другите меридијани, стапувајќи во прв контакт со „стариот континент“.

Идеите за забрзување на севкупните цивилизациски текови на Балканот датираат уште од порано. Мошне интересна е идејата на Јован Цвииќ со неговата основна замисла за пресекување главен пат меѓу Солунскиот Залив и Дунав (идеја што е реактуелизирана денес со најавите на кинеските инвестиции за изградба на брза железница, но и главен канал токму на овој правец). Проектот Дунав – Рајна – Мајна веќе е реалност, останува уште долината на Велика Морава и Вардар, со што би се отворила и вертикална водена комуникација од северот кон југот на Европа, од Ротердам до Солун.

Со започнувањето на реализацијата на овој грандиозен проект, најверојатно ќе започнат и новите геополитички и геостратегиски комбинаторики на големите европски сили (посебно на Германија), како и ангажирањето на САД од истиснување на Кина и блокирање на нејзините амбициозни планови за пенетрација на Балканот и Европа.

Дури и пред формирањето на поистакнатата улога на коридорот меѓу југоисток и северозапад кон крајот на XIX век, Македонија имала улога на најважно концентрациско жариште практично на сите европски суперрегионални сообраќајници меѓу Централна

Европа, Босна и Херцеговина, Приморјето, Србија, Црна Гора и Албанија кон Солун и Цариград (најприродна географска и сообраќајна врска – поврзаност).

Единствен конкурентски правец (во тоа време) донекаде претставуваше стариот Царски „друм" од Белград преку Ниш, Софија и Пловдив до Цариград.

Во втората половина на XIX век положбата на Македонија во изразито коридорската зона беше уште понагласена, бидејќи врските со Јадранот преку Албанија практично беа прекинати поради анархијата на тој простор, додека меѓу слободна Србија и Црна Гора остануваше само тесниот и релативно ризичен санџачки премин кон Босна и Австрија.

## СОВРЕМЕНИ ДЕТЕРМИНАНТИ НА ГЕОПОЛИТИЧКАТА ПОЛОЖБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Според современите оцени на САД и НАТО што се поклопуваат и со „старите оцени" за вредноста и геополитичкото и геостратегиското значење на нашиот простор низ историјата, недвосмислено можеме да констатираме дека посебно просторот на Македонија заедно со Косовскиот геопростор го сочинуваат епицентарот на Балканот.

Со „запоседнување" на овој простор НАТО добива солидна оперативна основа за понатамошно настапување кон евроазискиот простор кој има планетарно значење. Од овој простор во голема мера се скратуваат димензиите на стратегиските одбранбени (но и нападни) правци во сите насоки.

Од стратегиските правци на јужноевропското војувалиште низ територијата на Република Македонија поминува егејско-украинскиот (украинско-егејскиот) и панонско-малоазискиот (малоазиско-панонскиот) стратегиски правец. Огромното значење на овие стратегиски правци во голема мера ја зголемува стратегиската важност на македонскиот простор, но исто така ја потенцира и неговата стратегиска и безбедносна осетливост.




Малоазиско-панонски стратегиски превец




Панонско-малоазиски стратегиски правец




Стратегиски правци на јужноевропското војувалиште
I Падско-украински II Егејско-украински




Стратегиски правци на јужноевропското војувалиште
I Украинско-падски II Украинско-егејски

Географските врски-патишта кон Централна Европа, спрема Црноморскиот Басен, преку Софиско-маричкиот Премин кон турските мореузи, преку Егејскиот Басен со Блискиот Исток, преку Албанскиот и јадранско-јонскиот простор со Апенинскиот Полуостров, Сицилијанскиот Премин и Северна Африка поминуваат и низ Македонија.

Сите наведени карактеристики на геостратегиската и воено-географската положба на Република Македонија на јужноевропското војувалиште укажуваат на нејзиното геостратегиско значење, на нејзината безбедносна осетливост во центарот на балканскиот ветромет.




Основни стратегиски правци на јужноевропското војувалиште од времето на блоковската поделба на Европа (извор: Студија ЦОСИС „Средоземље и безбедност СФРЈ“, Београд, 1982, стр. 113.)

Преку територијата на Република Македонија поминува албанско-бугарскиот стратегиски правец, кој во својот централен дел првенствено во периодот на Студената војна ги вклучуваше Албанија, Црна Гора, Косово и Метохија, Македонија, Јужна и Југоисточна Србија и Северна Грција. Во непосредна близина на овој правец како контактни стратегиски правци се издвојуваат јадранско-панонскиот и црноморско-егејскиот стратегиски правец, кои во најголем дел го прекриваат балканското копно.

Со ставањето на просторот на Бугарија, Македонија, Албанија и Косово под контрола, САД добиваат можност и предност да го контролираат Подунавскиот, Моравско-вардарскиот и Отранскиот Премин (врата), со што за „непосакуваните гости“ што доаѓаат од север ги затвораат вратите за Блискиот Исток. Со тоа значајно се попречува и продорот за Русија на Балканот и Средоземјето, што е и основната цел по нејзиното истиснување од Балканот кон крајот на минатиот век. Во исто време се продолжува со настојувањето за комплетно геостратегиско „затворање“ на Русија од сите страни.

Од просторот на Македонија, големите светски играчи може да го контролираат целиот простор на југоистокот на Европа – на запад до Виена, на север до Киев, односно на исток до Багдад и на југ до Каиро. Со тоа може да се контролира и германскиот пат на Исток, кој претставува германска константа уште од периодот на Карло Велики. „Германија се нема одречено од дамнешните пангермански соништа за создавање „Mitteleurope“ во средиштето на стариот континент, од „идејата Багдад“ (пругата Берлин – Багдад, германскиот продор до Басра) уште од XIX век, „Царинскиот сојуз“ меѓу сите територии „меѓу унгарската граница и Персискиот Залив“ и надмоќноста над соперниците преку креирање глобална политика“.




Положбата на Република Македонија во Средоземјето

Според својата положба, нашиот простор од воеyогеографски аспект е во поволен однос и кон Западниот басен на Средоземното Море и кон Црноморскиот басен, односно кон Источниот басен на Средоземното Море.

Тој однос е посебно поволен спрема мошне значајниот и осетлив централен стратегиски мост меѓу Европа и Северна Африка. Тоа претставува премин преку најтесниот дел на Средоземното Море на линијата Балкански Полуостров – Отранската Врата – јужниот дел на Апенинскиот Полуостров – Сицилија – Сицилијанскиот Премин – Тунис. Должината на овој премин изнесува околу 900 км, од кои на морскиот пат им припаѓаат малку повеќе од 200 км колку што се широки Отранската Врата и Сицилијанскиот Премин. Во однос на овој стратегиски мост, албанскиот и поранешниот југословенски простор би имале улога на северен стратегиски мостобран од чие држење би зависело користењето на овој најпогоден премин меѓу двата континента, односно обратно, при изведување дејства од Средна Европа во Северна Африка, овој простор би можел да послужи како стратегиска основа и потпора за освојување и користење на мошне значајниот европско-африкански стратегиски премин.

На Балканот, а во тој контекст и во Македонија жестоко и континуирано се вкрстуваат интересите на вонбалканските сили. Балканскиот простор (аналогно на тоа како неизбежна и незаобиколна константа и македонскиот простор) претставува сериозен предизвик за „американските планетарни – воени и економски позиции, руските трансбалкански визури, германската средноевропска завеса од Балтикот до Јадранот, Турција замислена од Јадранот до Кинескиот ѕид, италијанско-католичката Spirta Verso L'oriente итн. Овие интереси истовремено се во колизија со егзистенцијалните интереси на автохтоните балкански народи".

Со новата позиционираност на Балканот, САД се здобиваат со релативно поволна ситуација да ги попречуваат долгорочните руски интереси преку Балканот, познати уште од времето на Петар Велики и Катерина Втора, односно запирање на руските амбиции кон југ и топлите морињa.

Балканот и натаму останува арена на судири на интересите на големите сили и извори на нова геополитичка нерамнотежа и нестабилност посебно во периодот по исчезнувањето на биполаризмот. Русија како значајна евроазиска континентална геополитичка сила беше осакатена со губењето на рабните прибалтички држави, Украина и кавкаските држави, со нејзиното истиснување од Балканот, со што во голема мера беше изместена од геоцентралната рамнотежа. Во ситуација кога Русија повторно зајакнува на политички, економски и воен план, неминовно ќе се зголемуваат и нејзините регионални и светски амбиции, односно сè повеќе ќе зајакнуваат и нејзините настојувања за воспоставување нова поурамнотежена геополитичка положба и враќање на нејзините„стари" геополитички позиции и сфери на влијанија.

Новото – повторно враќање на Русија на Балканот за „корекција" на нејзина поранешна геополитичка позиционираност неминовно ќе предизвика нови политички и безбедносни потреси и поместувања за определени држави лоцирани во ѕидините на балканската арена.

Во својата книга „Офанзива на Балканот" Јосеф Бодански ќе напише: „Повторувањето на кризите и војните на Балканот секогаш ја проткајуваше борбата на интересите на големите сили за хегемонија и контрола на Блискиот Исток".

Според неговите прогнози, во иднина на Балканот ќе бидат поизразени поединечните интереси на големите сили и Европската Унија, со можност да бидат поразлично групирани отколку досега. Можно е сѐ поголемо француско-германско зближување во областа на безбедноста, одбраната и воената соработка. Во иднина, во перспектива ќе се обновуваат и традиционалните руски интереси (Русија повторно се враќа на Балканот), како италијанските и други. Исто така, во овој контекст Бодански ја наведува и можноста за идна германско-руска соработка во поглед на решавање на прашањата меѓу Србите и Хрватите, макар и со поделба на Босна и Херцеговина, на што се спротивставуваат САД и Иран, кои во овој случај не изнајдоа заеднички интерес.

Денес на Балканот и на Блискиот Исток, но и понатаму на азискиот простор се судираат интересите на три џина (САД, Германија и Русија), како и „новиот" четврти џин – Кина, чии раце почнуваат да достигнуваат дури и до Балканот од каде што, пак, копнениот пат води до азискиот простор. Новите геополитички игранки и геостратегиски прегрупирања на Балканот веќе се на повидок, а кога џиновите се борат на „балканската ливада" повторно ќе страдаат „балканските тревки".

Балканот претставува една од најважните територии на судир на Истокот и Западот.

Балканот многу одамна на геополитичката карта на светот е обележен како значаен геополитички јазол каде што се судираат интересите на светските играчи.

Македонија е ситуирана во центарот на еден од светските геополитички јазли – (Балканот има, ако не светски, меѓутоа регионални клучни зони што имаат исклучително значење за светските (регионалните) комуникации, за трговските врски и воените операции.

Од геополитичка гледна точка, Скопје претставува природна пресечна точка на двете трансконтинентални магистрали – Лондон – Калкута и Хелсински – Кејптаун.

Исто така, Македонија се наоѓа во балканската цивилизациско-контактна зона, како територија на заемно влијание и непомирливо конфронтирање меѓу трите големи цивилизации – романогерманската, источнохристијанската и исламската.

Според тоа, очигледно е и геостратегиски одлучувачко дека интересите на околните простори морале да бидат упатени кон таквото јадро (со огромно геостратегиско значење) во текот на сите историски и цивилизациски периоди. Геостратегиската позиционираност на централното јадро на македонскиот простор претставувала „црно злато“ и трајна опасност за македонскиот простор што во крајна линија и во еден закономерен историски континуитет неизбежно резултираше со негово распарчување и делење.

Според анализите и пишувањето на поранешниот хрватски претседател д-р Фрањо Туѓман, „добро е да се потсети дека на значењето на географско-стратегиските причини при оценување на различните аспирации спрема Македонија понекогаш им се дава предност пред историските причини“.

Во географијата на Балканот и на балканските народи (посебно македонскиот народ) првенствено треба да гледаме една балканска судбина што ги принудувала „вечно“ (ад алтерум) да бидат изложени на Сизифови маки. Причината првенствено треба да ја бараме во географската (геостратегиската), а потоа и во историската условеност.

Во колкава мера физичкото (географското позиционирање) и опкружување ја одредува човековата и национална судбина, најцелосно и најпластично може да се согледа на Балканот. Многу малку региони во светот даваат толку аргументи за и против предодреденоста на географската средина како што го прави тоа Балканот. Во срцето на Балканот најеклатантен пример за потенцираната географска и историска закономерност претставуваат положбата, опкружувањето и страдањето на Македонија, нејзината судбина и трагичната судбина на нејзините народи низ вековите.

Балканската, а посебно македонската историја е особено интересна како историја на еден крстопат што трпи различни и мошне опасни влијанија од регионалните и екстрарегионалните актери (точки на притисок).

Триаголникот Белгатд – Букурешт – Атина (ББА), кој ги има дунавските рамнини како своја основа и го допира Средоземното Море, е пресечен од триаголникот Загреб – Тирана – Истанбул (ЗТИ), кој ги поврзува јадранското крајбрежје и протоците Босфор и Дарданели. Дихотомиите на двата триаголника создаваат една хоризон-

тална и една вертикална оска, чие меѓусебно дејствување е натпреварувачко и непријателско.




Регионалните и екстрарегионалните актери (точки на притисок)
на Балканскиот Полуостров

Точката на фокус на двата триаголника и кругот што ги опфаќа нив го претставува центарот (средиштето) што во историјата и денес се нарекува „македонско прашање“. Центарот на геополитичкиот пресек на двата геостратегиски триаголника се наоѓа на просторот на Република Македонија.

## ГЕОСТРАТЕГИСКАТА ПОЛОЖБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ФОКУСОТ НА ГЕОПОЛИТИЧКАТА АНАЛИЗА

Сериозната геополитичка анализа има целосна смисла доколку служи за формулирање стратегија (геостратегија). Тоа е рамката што се исцртува со геополитичките фактори и во која се реализира конкретната геополитика на државата и коалицијата на држави. Во овој случај поимот на геополитика се користи во неговото друго значење – задолжително со доктрина за реално практично дејство – дејствување.

Во овој контекст неминовно треба да ја потенцираме и длабоката корелација меѓу геополитиката, геополитичката анализа и геостратегијата, односно функцијата на геополитичката анализа, во дефинирањето и креирањето на геостратегијата на определена држава.

Во анализата на геостратегиската положба на Република Македонија во светлината на важните и основни поими на геполитичката анализа неизбежно ќе ја потенцираме нејзината позиционираност во однос на големите пространства, геополитичките јазли и геополитичките клучни зони.

Од геополитичка гледна точка, големите пространства може да се поврзат со определени држави и нивните политички граници, но, всушност, никогаш нема целосно совпаѓање меѓу нив. Тоа е поврзано со фактот дека политичките исцртувања се резултат на добиени или загубени војни, од распаѓањето на федеративните држави или од извојување независност и државен суверенитет.

Големите пространства, како поим што се користи во политичката анализа претставуваат основни структурни елементи на светот од геополитичка гледна точка. Тие се големи по територија и потенцијал држави или политичко-економски сојузи. Меѓу нив егзистираат постојани односи, од една страна на спротивставеноста, а од друга страна на зближување. Нивните меѓусебни односи ја определуваат конкретната геополитичка слика на светот. Од овој аспект, сите региони не можат да се определат како големи пространства, туку само регионите што ја играат улогата на движечки сили во светските – меѓународните односи.

Од геополитичка гледна точка, судирот меѓу големите пространства е за остварување влијание врз преостанатата територија надвор од нивната позиционираност. Балканот, кој е лоциран на линијата на судирот меѓу Исток и Запад – Евроазиско-руското, а во тој контекст и територијата на Македонија, отсекогаш биле и се жртви на планетарниот судир на големите сили (односно големите пространства) – планетарен судир меѓу „клубот“ на метрополите наспроти колониите (поранешни и сегашни).

Оформувањето на геополитичките јазли е резултат на судирот на големите пространства од една страна, како и граничните

конфликтни пространства што претставуваат арена на реалниот судир на интересите на големите пространства.

Од овие состојби произлегува и определбата на геополитичките јазли во смисла на затегнато сосредоточување на многу и противречни интереси што мошне тешко се синхронизираат. Најчесто станува збор за региони богати со стратегиски суровини, потенцијални пазари или реони со военостратегиско значење, погодни за дислокација на одредени армии (војски) и за остварување на нивната логистичка поддршка. Во суштина, најчесто истовремено во сила се сите или најголем број од потенцираните карактеристики.

Денес најзначајни и најсериозни геополитички јазли претставуваат Блискиот Исток, Средна Азија, Кавказот и најчесто како неизбежен регион – Балканот. Геополитичките јазли (региони) честопати го менуваат своето приоритетно значење низ фокусот на основните геополитички играчи (големите сили), националната безбедност на државите што се наоѓаат во зафатот на геополитичките јазли (граничните конфликтни пространства). Соодветната геополитичка положба на државите лоцирани во овие региони закономерно генерира повеќе несигурност, поголем квантум на ризици и закани отколку кај државите лоцирани надвор од овие ризични пространства.

Република Македонија се наоѓа на едното „теме“ (на врвот) на најопасниот геополитички, геостратегиски опасен „ѓаволски триаголник“ – најризичниот простор на кој ќе се одиграат големите игри за 21 век меѓу големите сили – САД и големите европски држави, од една страна, и Русија, од друга страна.

„Војната“ за остварување на стратегиската доминација врз „ѓаволскиот триаголник“ (Балканскиот Полуостров – Каспискиот Регион и Персискиот Залив, Блискиот Исток и Северна Африка), континуирано ќе продуцира нестабилност и конфликти во и меѓу државите што историски и географски се осудени со својата лоцираност на овој проколнат простор. Големите сили мечтаат и сонуваат дека апсолутна доминација врз овој регион ќе ги направи апсолутни господари на светот, меѓутоа…?




„Ѓаволски триаголник“
Балкански Полуостров – Касписки Регион – Персиски Залив

Балканот, најнесреќниот и најнемирниот агол на Европа (едно од класичните големи пространства покрај северноамериканското, руско-евроазиското и пространството на Далечниот Исток) на геополитичката карта на светот одамна фигурира како геополитички јазол каде што непрекинато се судираат интересите на големите светски играчи (од времето на државните империи до денес), најважната територија на судирите меѓу Исток и Запад, со трагични последици за балканските народи и држави.

Во контекст на геополитичката и геостратегиската анализа за положбата на Р Македонија неопходно е да потенцираме дека таа го зазема централниот дел на најопасниот, најнепредвидливиот и безбедносно најсензитивниот геополитички јазол во Европа и светот – Балканот.

Исто така, значајно за геополитичката и геостратегиската анализа да се лоцира и нејзината позиционираност во однос на светските, односно регионалните клучни зони.

Геополитичките клучни зони претставуваат еден од основните поими што се користат при изработката на геополитичките анализи. Со овој термин се опфаќаат соодветните помали по опфат зони (во споредба со геополитичките јазли) што имаат исклучително значење за светските комуникации, за трговските врски и за ефикасно изведување на значајни воени операции. Во оваа геополитичка категорија спаѓаат клучните зони, како што се Босфорот, Гибралтар, Ламанш, Беринговиот Проток, Суецкиот Канал, Панамскиот Канал и други.

Исто така, во оваа категорија спаѓаат и определени железнички, патни и телекомуникациски јазли со светско или важно регионално значење. Исто така, во овој контекст можеме да ги потенцираме сите значајни (вештачки создадени – изградени) патни и железнички јазли лоцирани на трансконтиненталните магистрали, станиците за распределба на гасоводите, нафтоводите, далноводите и можните комплекси за воздушна и космичка контрола лоцирани на површината на земјата, како и значајни јазолни пристаништа, космодроми и други стратегиски објекти со кои се определува и трајното присуство на државите на геополитичката карта на светот.

Клучните зони на Балканот сѐ уште не се доволно развиени за да имаат европско и светско значење. Но, сепак, значајно е да потенцираме дека тие имаат големи потенцијали да се развиваат во иднина и да се трансформираат во „нови прозорци кон светот“ и „зони на активни врски“ на балканските држави со другите делови на Европа и светот. Обратно, тие не смеат и натаму да претставуваат само „гранични фронтови“ или „прва линија на одбраната“ („прва линија на огнот“) како што било во текот на целата балканска историја, но и денес.

Балканот, а во неговиот стратегиски центар и Р Македонија во наредниот период ќе треба да ги развива уште поинтензивно потенцијалите на клучните зони. Најзначаен проект во оваа насока може да претставува најавеното поврзување на реката Дунав (река што не е само отворена граница кон северот на Европа туку таа е и значаен воден пат за Европа). Со евентуалното поврзување на со-

лунското пристаниште преку Вардарско-моравската Долина (проект во најава од страна на Р Кина) и преку водената – речната врска Рајна – Мајна – Дунав, Балканот (посебно Србија, Македонија и Грција) директно ќе се поврзат со европските пристаништа. Попречувањето на реализацијата на овој проект и истиснувањето на Р Кина од идните балкански комбинаторики за посочените балкански држави ќе значи нов предизвик и нова неизвесност со можност повторно да станат колатерална штета во новите глобални игри и позиционирање на големите сили на Балканот. Игрите на оваа релација веќе започнаа уште пред да почне реализацијата на овој голем стратегиски проект со кој Македонија би се нашла во средиштето на новата европска геополитичка клучна зона.

Од геополитичка гледна точка, значајна и за геостратегиската положба на Р Македонија е фактот што Скопје продолжува да биде природна пресечна точка на двете трансконтинентални магистрали: Лондон – Калкута и Хелсинки – Кејптаун, лоцираност на уште една значајна геополитичка клучна зона со што уште повеќе се зголемува геополитичката, геостратегиската и безбедносната сензитивност на македонскиот простор во регионални, но и во пошироки светски рамки.




Трансконтинентална магистрала: Лондон – Калкута и Хелсинки – Кејптаун

Неговата безбедносна сензитивност ја зголемува и лоцираноста во стратегиска релативна оддалеченост од Босфорот – клучна геостратегиска зона од светско значење (единствен излез на руската црноморска флота на Медитеранот). Овие и другите проекти околу протокот на нафта и гас од Русија кон Централна и Западна Европа уште повеќе ќе ја зголемува вредноста, позиционираноста на големото геополитичко стојалиште (скалило). Вредноста на геополитичката положба на Македонија се зголемува и со нејзината релативно блиска позиционираност со стратегиски значајната Отранска Врата – тесниот премин од Средоземното, односно Јонското Море во Јадранското Море (широка 40 наутички милји – најкраток спој меѓу Апенинскиот и Балканскиот Полуостров).

Потенцијалната геостратегиска позиционираност на македонскиот простор во однос на големите пространства, геополитичките јазли и геополитичките клучни зони во текот на целата милениумска историја претставувало (црно злато) за судбината, поделбите и страдањата на народот (народите) што живеел во виорот на оваа опасна балканска ветрометина.

## ЛИТЕРАТУРА


- Котовчевски, Митко. *Македонија воена алка на светот*. Скопје: Македонска цивилизација, 2003.
- Bodenski, J. *Ofanziva na Balkan*. "Vojno delo", 6/96.
- Pavic, Radovan. *Osnove opce I regionalne politicke geografije, geopolitike I geostrategije (I dio).* Zagreb: Fakultet politickih nauka Zagreb, 1973.
- R.W. Seton – Watson. *German, Slav and Magyar.* London, 1916.
- Susic, Slavolju. *Balkanski geopoliticki kosmar*. Beograd: NIU „Vojska", 1995.
- Tudzman, Franjo. *Velike ideje I borba malih slavenskih naroda za nacionalna sloboda*. Zagreb: „Kritika" br. 2., 1968.

**Тони Милески**
Филозофски факултет,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје

# ГЕОПОЛИТИЧКА ПОЛОЖБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: СТУДИЈА ЗА ПОСТОЈАНИ ГЕОПОЛИТИЧКИ ВЛИЈАНИЈА И ТРАНСФОРМАЦИИ

**Toni Mileski**
Faculty of Philosophy
"Ss. Cyril and Methodius" University of Skopje

# GEOPOLITICAL POSITION OF REPUBLIC OF MACEDONIA: STUDY ON CONSTANT GEOPOLITICAL INFLUENCES AND TRANSFORMATIONS

**ABSTRACT**

The traditional and modern geopolitical re-compositions of the area, dictated by the major geopolitical players, through history, but also in current state, inevitably affect the Balkan, including also Republic of Macedonia. The geopolitical constants through variable determinants are profiling the contact and juncture position of the country. The same, through the current political processes, strongly influences the current political, economic and security situation. The paper presents a study of several geopolitical transformations on a global level, and within the frames of the region of the Balkans, which had a strong influence on the constant transformation of the geopolitical position of Republic of Macedonia.

The analysis will focus on the time period from the critical geopolitical fragmentation of ethno-geographical area of Macedonia from the Ottoman Empire. Furthermore, it will cover the period of the joint federal country, in

which Macedonia participated and in which the geopolitical position was characterized as a relatively constant and autonomous, in the assembly of the common country. The period of independence has dynamited the process of constant geopolitical influences and transformations of the geopolitical position of the Republic of Macedonia. The mass conflicts situations, establishment of interesting spheres, application of classical and modern geopolitical concepts of the global and regional geopolitical players, provide a good analytical framework for studying the constant decompensation of the area on the Balkan. The actual migrant crisis is also representing an indicator of the strong influence of the geographical factors on the political processes and their mutual casual-subsequent action, and therefore on the geopolitical position of Republic of Macedonia, in the paper they will be analyzed through the prism of the already established and determined geopolitical and geostrategic theories and concepts.

Keywords: Geopolitical position, spheres of interest, geopolitical influence, Macedonia

Клучни зборови: Геополитичка положба, сфери на интерес, геополитичко влијание, Македонија

## ВОВЕД

Основната цел на ова истражување претставува научно согледување на постојаните геополитички влијанија и трансформации на геополитичката положба на Република Македонија, како и изнаоѓање соодветни одговори на актуелни прашања како што денес се мигрантската и бегалската криза. Односно, нагласокот ќе биде на прашањето како низ историјата се профилира и се трансформира геополитичка положба на Република Македонија? Геополитичката положба на некоја држава произлегува од самиот поим географска положба и вообичаено се дефинира како променлив однос на некоја локација, регион или држава кон природно-географските и општествено-економските фактори на поблиското или подалечното опкружување. Геополитичката положба е облик на географска локација што ги зема предвид факторите значајни за внатрешните политички услови и, уште позначајно, надворешнополитичката положба на одредена држава. Геополитичката положба ги вклучува процените на значајните географски и политички фактори. Врз основа на историските константи, Македонија може да се окарактеризира како држава што има контактна, гранична и јазолна геополитичка полож-

ба. Од аспект на политичко-географската анализа, нејзината положба може да се оцени како LLC (Land Locked Country) положба, односно положба на опкружување, кога државата од сите страни е опколена со копно. Ова физичко-географско нормирање мора да се анализира со целокупниот политички, економски и безбедносен потенцијал на копното во поблиското и пошироко опкружување. Таквата положба во контекстот на вечната борба на теориите за телурократијата и таласократијата како и политичките процеси особено по осамостојувањето на државата донесоа во неколку наврати да се почувствува ефектот на колатерална штета во процеси во кои државата не беше директно инволвирана.

## ИСТОРИСКО-ГЕОГРАФСКИ ДЕТЕРМИНАНТИ И КОНСТАНТИ НА ГЕОПОЛИТИЧКАТА ПОЛОЖБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Територијата на Република Македонија, како константа на нејзината геополитичката положба, придонесува за една историска специфичност на глобален, континентален и регионален план. Ако се има предвид долговековното присуство на две моќни, но внатрешнополитички и економски дивергентни држави, односно Австро-Унгарија и Отоманското Царство, во регионот е создадена од една страна, линија на контактна цивилизациска поделба, а од друга, голема внатрешна меѓуетничка и историска испреплетеност, која секогаш преку интересот на веќе константните интересенти за Балканскиот Регион ја релативизираат неговата геополитичка положба. Релативизацијата на геополитичката положба речиси секогаш има суштински аналоген инструментариум, односно политички ултиматуми, економски уцени и блокади, злоупотреба на меѓународните институции, воените операции, наметнување несоодветни територијални решенија и мировни услови, односно спогодби под присила.

Варијабилните елементи што ја одредуваат геополитичката положба на Република Македонија претставуваат последица на прераспределбата на економските и воените сили и редефинирањето на картата на светската и на регионалната политичка моќ. Геополитичката положба на Република Македонија може да се разгледува преку нејзиното контактно и гранично значење и положбата во однос на историските и современите геополитички интереси.

Контактното и граничното значење на територијата на Република Македонија претставува резултанта на комплексните односи меѓу природните и антропогените компоненти. Имено, станува збор за надополнување со геополитичката димензија на физичкогеографската предиспонираност одредена преку геолошките и морфолошките целини, која е во корелација со историските процеси условени преку етничката разновидност, политичките, економските, културно-цивилизациските, комуникациските структури и сл.

Современата контактна геополитичка положба на Македонија почнува да се формира во втората половина на XIX век, а особено на почетокот на XX век, односно во периодот на Источната криза, во која територијата на Балканот е разгледувана како „terra nullius“, односно е отворено прашањето за редефинирање на просторот по османлиското повлекување од Балканот. Секоја од балканските држави, соседи на Македонија, истовремено подготвувала планови за проширување на сопствената држава за сметка на нејзината територија и барала „ментор“ во некоја од големите сили со чија помош ќе ги оствари сопствените цели. На тој начин настанале големодржавните програми на балканските земји, кои на најдобар начин го илустрираат правецот на историската територијална редукција на македонската етничка територија.

Јазолната геополитичка положба на македонската територија претставува резултат на нејзината лоцираност во многу чувствителната зона на балканскиот геополитички крст, создаден од испресечените правци на дејствување на вонбалканските држави и сојузништва.




Карта 1: Балкански геополитички јазол

(Извор: Степић, М. (2001) У вртлогу балканизације. Београд: Службени лист СРЈ, Институт за геополитичке студије, стр.100.)

Краците на „геополитичкиот крст" имаат правец северозапад – југоисток, а се однесуваат на интересите на т.н. „германски блок" и југоисток – северозапад, апострофирајќи ги интересите на Турција и исламските држави, односно, североисток – југозапад, Русија и Украина и југозапад – североисток, Италија, Ватикан, Британија, Франција, САД. Ваквата комплексна состојба го профилира „гео-политичкиот јазол", каде што во центарот на неговата најголема испреплетеност, поради својата централна географска положба, се наоѓа територијата на Македонија.

Големите сили, преку сопствените правци на интерес, Балканскиот Полуостров, во геополитичка смисла го детерминираат како амбиент за конкретна територијална реализација на замислените проекти. Македонската територија секогаш била во центарот на таквите проекти, притоа не можејќи македонскиот народ да „игра улога“ на субјект што рамноправно би одлучувал за територијалното дефинирање на сопствената политичко-територијална „рамка“ во Регионот. Покрај тоа, неможноста сопствените интереси да ги наметне и да ги вгради во рамките на интересите на некоја од големите сили, Македонија се здобива со епитетот на „паричка за поткусурување“.

Балканските војни и повлекувањето на Османлиската Империја од Балканот претставуваат период во кој секој од балканските народи настојувал да приграби што е можно поголема територија за сопствената национална држава. Во тој период територијата на Македонија е геополитички распарчена и разделена на околните народи и држави. Во истиот период се креираат и големодржавните проекти на сите соседни народи и држави што мораат да се земат како константна геополитичка детерминантна што има силно влијание врз геополитичката положба на Репбулика Македонија.

Периодот на повлекувањето на Османлиската Империја и создавањето на балканските држави и Балканските војни, како политичко-географски процес што ја трансформирал геополитичката положба на етногеографската територија на Македонија можеме да го анализираме преку теоријата за територијална интеграција на американскиот географ Ричард Хартшорн. Тој претставувал дел од елитните интелектуалци што се занимавале со проучување на политичката географија и територијалните држави. Според него, основната намена на државата е да ги поврзе своите различни социјални (општествени) и територијални сегменти во ефикасна целина. Територијалната интеграција, според Хартшорн, зависи од два вида сили, центрифугални сили што ја разделуваат државата и центрипетални сили што ја држат заедно. Хартшорновата теорија за територијална интеграција обезбедува модел за анализа на одделни случаи. Ваквиот почетен теоретски пристап ќе се обидеме, со одредени модификации, да го аплицираме на етногеографска Македонија, која во рамките на Османлиската Империја била карактеристична по

еднородноста на доминантното христијанско население што ја населувало таа територија.

Како најзначајни центрифугални сили, Хартшорн ги потенцира сите оние различности на карактерот на населението на една држава, односно територија. Оваа разновидност може да биде искажана на повеќе начини. Јазикот, етничките и религиозните разлики се најчестата причина за конфликти на одредени територии, но исто така и други елементи, како што се политичката филозофија, образованието и начинот на живеење. Хартшорн идентификува една основна центрипетална сила со најголемо значење, а тоа е идејата за држава. Секоја држава (во современиот свет) или секоја територија во рамките на Османлиската Империја имала reason d'etre – причина за постоење. Со комбинирање на овие теоретски премиси, можат да се идентификуваат силите што биле предоминантни на територијата на етногеографска Македонија под османлиска власт. За таа цел, ако се анализира периодот од XVI век до периодот на формирање на балканските држави и Балканските војни, ќе се констатира дека историско-географската судбина на македонската етногеографска територија и македонскиот народ е уникатен пример за *геополитички и демографски инженеринг*. Теоријата за територијална интеграција укажува на фактот дека во македонскиот случај, во периодот на долговековното ропство, доминантни биле оние сили (центрифугални според Хартшорн) што не дозволиле формирање македонска држава, и покрај постепеното формирање на свеста за сопствената посебност.

Редизајнирањето на политичко-територијалниот амбиент на Балканскиот Полуостров ја потврдува тезата за Македонија како најголем губитник и „монета за поткусурување“ на двигателите на политичко-географските процеси. Букурешкиот мировен договор го детерминира *геополитичкиот распад* на етногеографска Македонија и иницира нов бран на раселување на македонското население. Присилните и трајни миграции на македонското население во тој период во голем дел ја промениле етничката карта на Македонија. Овие делби и миграции како и односот на големите сили кон македонското прашање се клучните фактори (центрифугални сили), и покрај постоењето на свеста за посебност и идејата за државност, кои придонеле македонскиот народ најдоцна од сите народи на Балканот да ја оформи сопствената држава.

Првиот чекор во формирањето на современата македонска држава е направен по завршувањето на Втората светска војна, со создавањето на федерална Југославија на Балканот. Во тој период Југославија поседува геополитичка важност и надвор од рамките на својата географска големина и економски статус. Позицијата на неврзана земја се опишувала како „нокот“ во грлото на европскиот социјализам управуван од Советскиот Сојуз. Исто така, југословенската самостојна економија предизвикувала завист кај помалку срећните членки на Советот за заемна економска помош управуван од Советскиот Сојуз (СМЕА или COMECON). Југославија играла важна улога во рамките на националната безбедност на САД. Рамнотежата на силите можела да биде нарушена само со нејзино оддалечување од Западот и доколку Советите воспоставеле доминација на Балканот, а особено на стратегиски важното Јадранското Море. Советското воено присуство во Југославија ќе прави голем притисок на Италија, ќе ја подобри стратегиската способност на Москва во источниот Медитеран и ќе претставува нова закана за јужното крило на НАТО. Централно прашање, меѓу многуте прашања со кои се соочувало тогашното југословенско лидерство, важно прашање и за Западот, било тоа што се однесувало на можноста Советскиот Сојуз да им понуди „братска помош“ на начин на кој е тоа понудено и реализирано во Авганистан или во Чехословачка, со цел повторно да се воспостави „регионалната стабилност“. Политичката структура во тој период во Југославија на коректен начин ја објаснува Денисон Русинов во своето дело „Југословенски експеримент 1948-1974“. Русинов на аналитички начин го следи тој систем и објаснува како Југославија во 1948 година станува првата комунистички ориентирана држава што се спротивставува на советската доминација.

Југословенската способност да ја предизвика советската доминација можела да му се припише на фактот што Југославија во основа се ослободила од фашистичка Германија без советска асистенција. По 1948 година, Тито настојувал да ја задржи југословенската независност со продолжување на надворешната политика што укажува на развојот на тесни врски со Соединетите Американски Држави и другите западни држави, базирани претежно врз трговијата и воената соработка. Од средината на педесеттите години од минатиот век, Југославија почнува да се идентификува себеси како лидер на неврзаните нации, со што избегнува да стане „воена за-

кана“ за безбедноста на двата блока. Значаен момент претставувало колективното лидерство и во владата и во комунистичката партија во посттитова Југославија. Исто така, како фактор за успешниот „Југословенски експеримент“, Русинов го нагласува и работничкото самоуправување што довело до ситуација животниот стандард во Југославија да биде повисок за разлика од оној кај другите комунистички држави.

Во рамките на СФРЈ, геополитичката положба на СР Македонија се дефинирала како оној дел од Југославија што во тогашните услови се наоѓал во опкружување. Односните со Албанија не можеле да се сметаат за поволни, партиципацијата на албанското население во западните делови биле неповолни во контекст на евентуални територијални прашања. Политичките односи и економската неразвиеност на албанскиот простор не можат да го стимулираат излезот на јадранскиот брег. Грција (членка на НАТО) со силна политика на погрчување на Егејска Македонија и истакнувањето на т.н. „словенска опасност“ како и со посебни геостратегиски задачи во контекстот на американската стратегија, и покрај слободната пристанишна зона во Солун, не можела да биде фактор за успешна соработка. Значењето на Македонија како коридор меѓу Бугарија и Албанија, во тој период, било од големо значење за Варшаврскиот договор. Овие констелации битно придонесувале за негативното дефинирање на поимот опкружување.

Исто така, етничката шареноликост на македонскиот простор и распоредот на тогашните народности придонесувале за неповолната геополитичка положба. Тогаш се воочувала состојбата на демографски експанзивното албанско население, со остварен континуитет на албанскиот простор, во северозападниот дел од Македонија што можел да претставува добра основа за евентуални надворешни ревандикациски побарувања. Источната граница на СР Македонија ја одразувала својата геополитичка важност за тогашна СФРЈ преку непризнавањето на македонското малцинство во Бугарија (Пиринска Македонија), односно постоењето на тезата дека во Македонија живее бугарско население.

Коридорската поставеност на СР Македонија меѓу Бугарија и Албанија, доколку се набљудуваат тогашните пошироки регионални, па и глобално-стратегиски односи, може да се отслика преку

стратегијата на Варшавскиот договор и можниот интерес за одделување на Грција како членка на НАТО, а со тоа и на Турција од своите северни соседи. Овие констелации, без оглед на неврзаната политика на тогашна Југославија, сепак претставуваа фактор на уште посилно одделување на југоисточните членки на НАТО-пактот од другите партнери. За тој период можеме да констатираме дека коридорската улога на македонската територија во насока исток – запад била многу позначајна и претставувала најважен геополитички и геостратегиски аспект на односите во Југоисточна Европа.

## ГЛОБАЛНИ ГЕОПОЛИТИЧКИ ТРЕНДОВИ И ГЕОПОЛИТИЧКАТА ПОЛОЖБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Геополитиката на глобално рамниште ни укажува дека се соочуваме со геополитички трендови што го профилираат сознанието дека полека, но сигурно се наметнуваат сценарија и мислења што упатуваат на констатацијата дека во контекст на сеприсутната евроатлантска експанзија е можно слабеење на врските меѓу САД и ЕУ во корист на евроазиското или американско-пацифичкото зближување. Евроазиството, односно неоевроазиството, чии главни апологети се Александар Дугин и Русија, претставува теоретска платформа за развој на цела лепеза планетарни стратегии што на атлантизмот му ја негираат светската превласт и неговиот цивилизациски систем на вредности. Нов вид биполаризам или мултиполаризам се можни идни геополитички сценарија во глобални рамки. Мултиполаризмот неминовно ќе го мултиплицира и ризикот од различните видови безбедносни закани, меѓу кои и глобалните миграции.

Актуелната мигрантска и бегалска криза се случува кога на глобално геополитичко рамниште се соочуваме со геополитички трендови на оспорување на американската доминација (Pax Americana) што настанува меѓу Берлинскиот конгрес 1897 година и Версајскиот мировен договор од 1919 година и ја наследува британската доминација. Одредени аналитичари укажуваат дека тој унитаристички поредок траел до 2003 година, односно до почетокот на Втората заливска војна. Потоа настапува период на геополитичка транзиција што наметнува нови аналитички претпоставки за тоа каде се движи светот.

Поголем број политиколози, истажувачи на меѓународните односи, геополитичари, економисти, футуролози и многу други се занимаваат со истражување на современите геополитички трендови и условите за развој на новиот светски геополитички поредок. Како посебно значајни можеме да ги издвоиме теоријата на американскиот економист Едвард Н. Лутвак (Edvard N. Luttwak) за геоекономија, теоријата на Френсис Фукујама (Francis Fukuyama) за крајот на историјата и теоријата на Семјуел Хантингтон (Samuel P. Hyntington) за судирот на цивилизации. Размислувања што со своето појавување предизвикаа силен интерес во светската јавност и предизвикаа лавина од критики од страна на оние што не се согласуваат со визиите за иднината што ги елаборираат овие парадигми.

Една од најважните теории за иднината на современиот свет е поврзана за геоекономијата на Едвард Лутвак. Геоекономијата според Лутвак претставува ново орудие за постигнување на целите на високоразвиените држави во меѓународните односи по пат на геоекономски, а не воени стратегии. Лутвак во 1990 година ја дефинира геоекономијата како „логика на судири, преведена на пазарни термини“. Во полето на анализа, Лутвак го вклучува ривалитетот околу териториите додавајќи дека „поддршката што ја добиваат врвните компании станала инструмент на моќ во служба на државата“. Лутвак признава дека во сиромашните и несреќните делови од светот и натаму траат класичните вооружени судири, а воената сила го задржала своето некогашно значење. Меѓутоа, во Европа, САД и Јапонија, земајќи го предвид интензитетот на нивната трговска размена, воената сила и класичната дипломатија го изгубиле своето традиционално значење. Во тие трговски размени, спротивните ставови на државите се изразуваат исклучително само со економски средства. Лутвак на овој начин ја развива геоекономската визија на тие глобални ривалитети: Во геоекономијата капиталот што го вложува или што успева да го привлече одредена држава е еквивалентен на огнената моќ; Субвенциите за развој на производите одговараат на развојот на вооружувањето; Продорот на пазарот со помош на државата ги заменува воените бази во странство како и дипломатското влијание.

Мошне интересна теорија што ги објаснува сегашноста и иднината на односите во светски рамки и ги предвидува и ги анализира глобалните геополитички трендови е теоријата на Френсис

Фукујама за крајот на историјата и последниот човек. Фукујама ја смета целокупната историја на светот како единствен и насочен простор што има сопствена цел. Историјата, според него, е општа историја и има теолошки карактер. Логичниот развој на историјата нѐ води од примитивните и преодните општества кон модерните општества, кои се развиваат преку автократии кон демократии. На тој пат се случуваат и падови во фашизмот и комунизмот. Меѓутоа, сите општества мора да го завршат својот развој во либерална демократија што му овозможува на човекот слобода и признавање на правата. Либералната демократија овозможува капиталистички развој, акумулација на богатства и раст на животниот стандард. Посебно интересен дел од видувањата на Фукујама, кои се интересни за геополитичарите и истражувачите на меѓународните односи, претставува критиката на реализмот како нестварно видување на светот. Реализмот, според Фукујама, им ја одзема на меѓународните односи способноста за еволуција, поради што војната станува вечна. Заради анархичната природа на меѓународниот систем, ниту една држава не може да биде сигурна во својот опстанок, поради што мора да прави сѐ за да ја зголеми својата одбранбена способност што другите држави ја разбираат како закана за нив. Поради тоа, трката во вооружување се чини неизбежна. Во периодот на Студената војна, реализмот бил доминантна рамка за разбирање на меѓународните односи и сите најистакнати истражувачи на меѓународните односи биле реалисти. Биполарниот светски поредок имал силен придонес во јакнењето на реализмот, а наедно тој поредок овозможувал и бил користен за некритичко промовирање на тезата за нужноста на судирите и трката во вооружувањето. Реализмот на државите им ја одзема можноста за дејствување со оглед на нивните внатрешни карактеристики. По завршувањето на Студената војна, се поставува прашањето дали реализмот е соодветен за истражување на современите меѓународни и геополитички односи во светот и дали некогаш воопшто бил соодветен за тоа.

Третата теорија што се занимава со предвидување на односите во светот е тезата за судир на цивилизации на Семјуел П. Хантингтон. Хантингтон дава наполно нов поглед на иднината на меѓународните односи во светот. Според него, светската иднина ќе биде одбележана со судири што ќе се водат на границите на големите светски цивилизации. Хантингтон идентификува осум големи свет-

ски идентификации, односно: западна, православна источна, латиноамериканска, јапонска, кинеска, индиска, африканска и исламска цивилизација. Цивилизацијата претставува највисок степен на идентификација на секој човек. Некогаш војните се воделе меѓу државите и идеологиите, а денес и во иднина ќе се водат меѓу различните народи и верски групи. Тие војни нема силно да ескалираат ако се водат меѓу народи што припаѓаат на иста цивилизација, но ако се водат меѓу народи што припаѓаат на различни цивилизации, постои голема опасност за целокупниот мир во светот, затоа што другите држави се вклучуваат во конфликтите на страната на народот што ѝ припаѓа на нивната цивилизација.

Од втората половина на XX век доаѓа до намалување на доминацијата на Западот во однос на преостанатите цивилизации. Причините за тоа се повеќебројни, како што се трансфер на технологиите во неразвиените држави што не се дел од западната цивилизација, деколонизацијата, големиот пораст на населението во незападните цивилизации и заситеноста на Западот од сопствените проблеми, како што се слабиот природен прираст на населението и губењето на моралноста и религиозноста. Според Хантингтон, најголем предизвик на западната цивилизација е исламот, поради сè поизразениот фундаментализам, како и кинеската цивилизација поради брзиот економски и политички развој. Западот треба да ја прифати сопствената положба во светот и да ги остави другите цивилизации да се развиваат самите, а не да се обидува да го „покори“ целиот свет со своето културно и политичко влијание. Истовремено, Западот треба да зајакне преку морална обнова на општествата што ја сочинуваат западната цивилизација.

Од друга страна, геополитичкиот проект за евроазиство, односно неоевроазиство претставува процес што се одвива и пулсира од истокот на светот. Првенствено насочен кон оспорување на американската хегемонија во процесот на одлучување за одредени светски политички процеси. Постојат неколку типа неоевроазиство. Првиот тип претставува повеќе димензионална идеологија формулирана од одредени политички кругови на опозицијата во Русија што се противеле на либералните реформи во периодот од 1990 до 1994 година. Неоевроазиството е засновано врз идеите на Савицки, Вернадски, кнезот Трубецки и идеологот на рускиот националболшевизам Николај Устрјалов. Анализата на историските Евроазијци е прифа-

тена како актуелна и апликатибилна во рамките на современите геополитички случувања. Тезата за националната идеократија со империјални континентални размери истовремено му парира на западниот либерализам, но и на тесно етничкиот национализам. Русија се набљудува како темел на геополитичкиот „голем простор“ и нејзината етничка мисија претставува изградба на Империја. Советскиот период од историјата на Русија се набљудува како модернистички облик на традиционалниот руски национален стремеж кон планетарна експанзија и како што напоменува Александар Дугин, „евроазиски антиатлантистички универзализам“. Во рамките на неоевроазиството интензивно и темелно се проучуваат европските континенталистички проекти со што хоризонтите на евроазиското учење се отвораат и кон Европа апсолвирана како потенцијална континентална сила.

Втора карактеристика на неоевроазиството е изборот на исламските држави, особено континенталниот Иран за најзначаен стратегиски сојузник. Идејата за континентална руско-исламска алијанса се пронаоѓа во основата на антиатлантистичката стратегија на југозападниот брег од евроазискиот континент. Другите типови неоевроазијство претставуваат цел комплекс на идеи со променлива политичка реалност или честопати станува збор само за прагматично економско евроазиство што се темели врз обновување на економската соработка меѓу поранешните советски простори.

За Александар Дугин и за група негови истомисленици, константното акумулирање моќ по пат на територијално ширење е единственото соодветно однесување во светот во кој вечната борба на геополитичките актери е карактеристика, а особено геополитичката борба на силите што се ориентирани кон копното и морето.

Каква е суштината на неговите геополитички визии? Интеграцијата на Евроазија или „собирањето на Империјата“ за Дугин претставува мисија во која Русија како земја на „Хартленд“ треба да ја има главната улога. Според Дугин, таквиот тек на настаните е неминовен со оглед на фактот дека контролата над континентот не може да се замисли без контрола над просторот на „географската оска на историјата“. Доколку Русија не успее во оваа мисија, тогаш на површина испливуваат други алтернативни можности, како што се: продор на Кина кон север во Казахкстан и Источен Сибир или

Средна Европа ќе тргне кон западните руски земји – Украина, Белорусија. Можни сценарија се и евентуалниот обид на исламскиот свет да ги интегрира Средна Азија, просторот околу реката Волга и Урал, како и одредени територии во Јужна Русија. Поврзувањето на Русија, Германија, Јапонија и Иран, Дугин го перципира како антизападен блок, кој би требало да претставува блок за продорот на Америка кон Европа и Азија. Идејата е создавање мултиполарен свет. Чекори во тој правец се Евроазиската економска унија и Шангајската договорна организација што треба да бидат опоненти на Европската Унија и НАТО.

Сепак, актуелно на меѓународен план, Москва е повеќе ориентирана кон т.н. „стратегиски опортунизам“ во меѓународните односи. Тоа значи преземање чекори за воспоставување состојба во која Русија ќе се почитува како респектабилен меѓународен играч, поправање и подобрување на односите со Западот како и враќање на националната самопочит.

Но нивните воени интервенции врз позициите на Исламска држава во Сирија укажуваат и на реалистичкиот приод во решавањето на кризните состојби. Од тој момент се интензивира мигрантската и бегалска криза што има свои допирни точки и со државите од т.н. западнобалкански транзитен коридор, меѓу кои и Република Македонија. Одредени аналитичари потенцираат дека воената интервенција соодветствува на геополитичките теории и концепти од биполарниот светски поредок и постојаниот стремеж на Русија за излез на топли морињa (Медитеран). Сириското пристаниште во градот Тартус е од исклучително значење за Русија. Овие состојби се препознаваат по настаните во Грузија од 2008 година кога руската морнарица повторно по Студената војна се враќа во Атлантскиот Океан, и Русија покажува посебниот интерес за Сирија, Сомалија, како и за Карипскиот Регион во Куба, Никарагва и Венецуела.

Сите овие геополитички трендови се испреплетуваат на глобалната геополитичка шаховска табла. Геополитичките играчи настојуваат да го устројат глобалниот геополитички поредок, кој евидентно е дека се наоѓа во транзициски период. Во еден таков период исполнет со голем набој на конфликтен потенцијал во светот, а особено на Блискиот Исток, се случува и мигрантската и бегалска криза во која сирискиот народ е принуден на внатрешно раселување и мигрирање од сопствената држава. Несомнено, мигрантската и

бегалска криза како одраз на глобалните геополитички трендови ќе ја трансформира и геополитичката положба на Република Македонија.

## РЕГИОНАЛНИ ГЕОПОЛИТИЧКИ ТРЕНДОВИ И ГЕОПОЛИТИЧКАТА ПОЛОЖБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

На регионално ниво, со дезинтеграцијата на поранешната федерална држава, една од стратегиските варијанти и сценарија што може да се препознае заради одржување долготрајна стабилност на Балканот претставува балансот на силите на новонастанатите локални политичко-територијални ентитети. Ова, пред сè, подразбира рамнотежа на воените потенцијали со јакнење на слабите и слабеење на големите и нивните просторно-површински односи. Ваквата геостратегиска ориентација овозможува геополитичка трансформација на Балканот што е актуелна и во моментот на случувањето на мигрантската и бегалска криза. Геополитичката формула за Балканот од периодот на Студената војна беше 2+2+2, односно Грција и Турција – НАТО, Бугарија и Романија – Варшавски договор и Југославија и Албанија – неврзани и неутрални. Денес таа формула, заснована врз тенденцијата за промовирање на теоријата на т.н. „двојни држави“ би гласела (1+2) x 6: српскиот народ е конститутивен народ во Србија и Република Српска: хрватскиот народ е конститутивен народ во Хрватска и босанско-херцеговскиот дел од федерацијата БиХ, албанскиот народ е конститутивен народ во Албанија и Косово, романскиот народ е конститутивен народ во Романија – Молдавија, турскиот народ е конститутивен народ во Турција – Северен Кипар и обидот за туркање на Македонија кон Бугарија. Ова резултира, како што сугерира Франциско Веига, со формирање на една од најкомплексните карти на Балканот во неговата историја.

Друга битна геополитичка карактеристика на Балканот може да се осознае преку анализата од аспект на геополитиката на конфликтите и конфликтниот потенцијал. Сè почесто за Балканот како и за постсоветскиот геополитички простор се зборува како за подрачја на „замрзнати конфликти“. Подрачја во кое вооруженото насилство е завршено со потпишување на одредени мировни договори

(Дејтонски, Охридски, Бриселски) со кои засегнатите страни, одвреме-навреме, покажуваат јасно незадоволство.

Доколку пристапиме кон геополитичка анализа на Балканот од аспект на бинаристичкиот геополитички пристап, можеме да апострофираме неколку значајни работи што го профилираат актуелниот геополитички тренд поврзан со меѓународните интеграциски процеси. Битно е да се напомене дека претставниците на бинаризмот секогаш поаѓаат од стојалиштето дека постојат два големи центра на моќ, меѓу кои секогаш постои можноста за нивно конфронтирање. Низ таа призма ќе се осврнеме на состојбите поврзани со евроатланскиот геополитички потенцијал на ЕУ и НАТО на Балканот и оној на Русија.

Од аспект на применливите геополитички теории можеме да идентификуваме дека евроатланскиот геополитички потенцијал и практичното дејствување на Балканот се одвива според геополитичката теорија на Николас Спајкмен за „Римленд“. Иако станува збор за дуалистичката поврзаност на теориите на Макиндер за „Хартленд“ и теоријата на Спајкмен за „Римленд“ што се однесувале на периодот на биполарниот свет и на големи континентални маси, сепак, нивните апликативни можности можат да се согледаат и во регионалните геополитички контексти. Консеквентно на тоа, а во актуелната мигрантска и бегалска криза можеме да констатираме дека државите од балканскиот Римленд ги определуваат доминантните геополитички карактеристики на целиот регион. Доколку ја аплицираме теоријата за „Римленд“ на Балканот, ќе видиме дека токму по тие претпоставки се одвиваа интеграциските процеси на државите во регионот. Првичното проширување на НАТО и ЕУ со Бугарија, а потоа и Хрватска, како и вклучувањето на Албанија во НАТО – држави во маритимниот дел на Балканот, јасно ја потврдува појдовната констатација. Поканата за вклучување на Црна Гора во НАТО, во 2015 година, претставуваше уште една хипотеза што ја потврди појдовната премиса за значењето на државите од балканскиот „Римленд“.

Од друга страна, во однос на географските одлики на Балканот во контекст на теоријата за „Хартленд“ како средишна област од каде што лесно може да се нападнат и да доминираат сите други места, земајќи ги предвид актуелната геополитичка карта и границите воспоставени по 1991 година, Македонија и Србија несомнено

се составни елементи и го сочинуваат и го претставуваат „Хартленд“ на Балканот. Македонија и Србија се сместени во централниот дел на Балканскиот Полуостров, двете без излез на море и со самото тоа непристапни за поморски сили, но со извонредно поволен релјеф што овозможува лесен пристап до секој предел на Балканот, а наедно ги поседуваат и главните сообраќани и комуникациски оски и артерии. Положбата на Македонија и Србија како „Хартленд“ на Балканот е непосредно и посредно искажана и потврдена во повеќе трудови, анализи, книги и размисли на домашни и странски, светски автори, стратези и политичари, како и од практичните случаи од историјата и тековните збиднувања во регионот. Македонија како средишна држава на Балканот несомнено претставува „Хартленд“ на Балканот. Во тој контекст е и постојаната и непроменлива централна положба на Србија околу „природните траектории“ на Балканскиот Полуостров. Македонија ја поседува стратегиски извонредно значајната Вардарска Долина, која со својот композитен релјефен состав на клисури што наизменично се надополнуваат со котлини и поврзаноста со долините и сливовите на своите притоки кон исток и запад претставува првостепена природна оска на комуникација од север кон југ до Егејското Море и второстепено претставува место каде што се вкрстуваат сообраќајните врски од исток кон запад. Извонредно големото значење на Вардарската Долина и Македонија воопшто, се истакнати повеќепати низ историјата, особено за време на Балканските војни и Првата светска војна, кога е преземено геополитичкото решение за поделбата на Македонија како последен остаток од Османлиската Империја. Големото геополитичко и геостратегиско значење на Македонија може, исто така, да се заклучи и од мислата на поранешниот српски премиер Никола Пашиќ во стилот на Макиндеровите изјави: „Историјата покажува дека оној што ја поседува Македонија бил секогаш прв на Балканот“. Дополнително, Македонија се наоѓа во центарот на балканскиот геополитички крст што дефинитивно ја потврдува положбата на Македонија како дел од своевидниот балкански хартленд. Србија, пак, ја поседува долината на Морава, којашто, исто така, е оска каде што се вкрстуваат сообраќајните рути од исток кон запад. Но сепак, најзначајно е тоа што долините на Вардар и Морава се меѓусебно географски поврзани во правец север – југ со меѓународниот паневропски коридор 10 и на тој начин

со својата географска положба претставуваат „Хартленд“ на Балканот. Актуелните состојби укажуваат дека геополитичките теории на Мекиндер и Спајкмен иако имаат длабока историска заднина и се создавани за една поинаква геополитичка реалност, важат и денес за просторот на Западниот Балкан. Имено, „Хартлендот“ е интересен во контекстот на мигрантско-бегалската криза како најпристапен простор за транзит на мигрантите кон Европа. Исто така, Балканскиот „Хартленд“ е интересен и за енергетската геополитика заради неговите географски и геостратегиски атрибути. Од друга страна, балканскиот „Римленд“ има приоритет во поглед на евроатлантските интеграциски процеси.

Рускиот геополитички експанзионистички потенцијал е тесно поврзан со енергетската геополитика, која, исто така, претставува значаен геополитички фактор што ја конструира регионалната и локалната геополитичка положба. Турбулентните настани во Украина со првата обоена „портокалова“ револуција од 2004 и „Евромајдан“ револуцијата од ноември 2013 до февруари 2014, меѓу другото, овозможија енергетската геополитика да добие широк спектар на дејствување и да ја засегне и Република Македонија во актуелниот момент. Основните анимозитети и енергетско-геополитички трендови се однесуваат на концепциската борба за трасирање на неколку значајни енергетски и транспортни проекти, односно Јужен (Турски) тек спонзориран и промовиран од Русија, Балканскиот пат на свилата во стратегиско партнерство на Москва и Пекинг, како и Набуко, АМБО и Трансјадранскиот цевковод како проекти на ЕУ со силна поддршка на американската администрација.

Ваквото геополитичко моделирање на Балканот го издигна неговото значење како енергетски коридор. Оттука, се зголеми и интересот на големите геополитички играчи и ја трансформира геополитичката положба на регионот. Денес, во услови на мигрантската и бегалска криза, повторно се креираше ново просторно именување на државите. Односно, наместо држави од Западен Балкан, денес сè повеќе слушаме за „државите од Балканската рута“ или за „државите од Балканскиот мигрантски коридор“. Ова именување во одредени околности може да донесе придобивки за државата (транспортни, нафтени коридори и сл.), во случај на мигрантската и бегалска криза нема некаква можна геополитичка бенефиција. Напротив, ризиците за безбедноста на Република Македонија ќе бидат многу-

кратно зголемени, особено во поглед на нарушувањето на границата и нејзиното обезбедување со нелегално преминување, како и со нелегалната трговија со мигранти што преминува во добро организирана практика на криминалните групации што остваруваат огромни финансиски профити.

## ВЛИЈАНИЕ НА МИГРАНТСКАТА И БЕГАЛСКА КРИЗА ВРЗ ГЕОПОЛИТИЧКАТА ПОЛОЖБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Мигрантските и бегалски движења кон Европа не претставуваат нов феномен. Во зависност од областите на конфликти од кои тие сакаат да избегаат, бегалците пристигнуваат во Европа преку различни рути. Во 2005 година илјадници бегалци од Супсахарска Африка ги користеа шпанските енклави Сеута и Мелила како свои главни точки за влез во Европската Унија преку Медитеранот. Во 2011 година граѓанските безредија во Тунис и падот на Гадафи во Либија предизвикаа масовни движења преку централната Медитеранска рута кон италијанскиот остров Лампедуза. Денес најинтензивни вооружени конфликти во светски рамки се оние на Средниот Исток и Африка. Индексот на кршливи држави за 2015 година на врвот на хуманитарните итни случаи ги позиционира Јужен Судан, Сомалија, Централноафриканската Република, Сирија и Авганистан. Започнувајќи во 2011 година, конфликтот во Сирија денеска претставува најсилниот причинител за бегалските движења кон Европа. Според Еуростат, околу 29 % од сите бегалци се Сириjци. Приближно 4 милиони Сириjци побегнале во Јордан, Либан, Турција и Египет, соочувајќи се со тешки услови за живеење, ограничено движење и без право на работа. Другите конфликти, вклучувајќи ги оние во Сомалија и Еритреја, исто така, причиниле раселување на милиони бегалци. Според податоци на ООН, околу 6,5 милиони лица се внатрешно раселени во Сирија, додека на 9,3 милиони им е неопходна итна хуманитарна помош. Но не само конфликтите туку и нефункционалните политички системи, намалувањето на меѓународната помош и глобализацијата општо, претставуваат силни тригери што туркаат повеќе луѓе да ги преминуваат границите.

Во 2015 година главната мигрантска рута кон Европа по копно и море поминува преку Западен Балкан. Почнувајќи од Тур-

ција, рутата продолжува на запад кон Грција и влегува во Западен Балкан преку Македонија и Србија. Регионот претставува аспирант за членство во ЕУ, вклучувајќи ги и Косово и Албанија, кои самите се голем извор на нелегални миграции. Зголемувањето на мигрантските и бегалски бранови надвор од Европа го претворија регионот на Западен Балкан во транзитен коридор. На тој начин е извршено влијание врз трансформацијата на неговата геополитичка положба, како во целина, така и индивидуално на ниво на државите негови конституенти.

Меѓународната геополитика на сирискиот конфликт укажува на проблеми меѓу сојузниците инвлвирани во самиот конфликт. Во втората половина од 2013 година евидентни беа тензиите меѓу привржаниците на опозицијата во Сирија. Таквата состојба причинета од немањето волја за западна интервенција во Сирија предизвика и големи загуби на опозицијата на теренот, а беше и спротивна на очекувањата на државите од Заливот и Турција. Западните сили беа првите држави кои го поддржаа востанието на опозицијата во Сирија во 2011 година, а во втората половина на годината поддршка пристигна и од Саудиска Арабија, Карат и Турција. Во меѓувреме традиционалните сојузници на Сирија, Русија и Иран останаа цврсти во поддршката на Башар ал Асад.

Како и да е, Саудиска Арабија гледа на конфликтот во Сирија делумно и низ призмата на нивното регионално ривалство со Иран, додека САД настојуваат да ги подобрат односите со Иран, особено по изборот на новиот претседател на Иран, Хасан Рохани, во средината на 2013 година. Ваквите состојби поставија неколку прашања за геополитичка анализа. Имено, се наметна прашањето околу степенот до кој регионалните интереси на САД можеби ќе почнат да се разминуваат со своите долгогодишни арапски сојузници во Заливот. Оваа констатација произлегува и од фактот што САД повеќе не се директно зависни од снабдувањето со енергија од Заливот, иако го задржуваат интересот во тој регион заради стабилноста на глобалните пазари на енергија.

САД и земјите од Персискиот Залив, особено Саудиска Арабија, имаат различни погледи за арапските востанија. И покрај тоа што земјите од Заливот не гледаат љубезно на американската реторика за поддршка на демократијата, сепак, нивните ставови доне-

каде се поклопуваат со потребата за политичка транзиција во Сирија, Јемен и Либија. Заливските земји, САД и поголемото европски држави јасно изразуваат ставови дека сирискиот претседател Башар ал Асад го изгуби легитимитетот и треба да се повлече. Сепак, заливските земји и западните сили имаат различни погледи околу приоритетот и начинот на постигнувањето на таа цел. Ривалството меѓу главните регионални поддржувачи на опозицијата, Саудиска Арабија и Јордан од една страна, и Турција и Катар, од друга страна, дополнително ја комплицираат геополитичката слика за конфликтот во Сирија. И покрај нивната генерална поддршка на сириската национална коалиција, овие држави поддржуваат различни опозициски фракции и конкретни практики. Сириската опозиција е природно фрагментирана и во голема мера зависи и опфаќа широк спектар на политички, идеолошки и економски мотиви.

Од друга страна, рускиот и иранскиот интерес за Сирија е повеќе геополитички отколку идеолошки. Руската отворена поддршка на Башар ал Асад произлегува, меѓу другото, и од нивните геополитички визии за излез на топли морињa преку сириските пристаништа. Иран и Сирија имаат долгогодишно сојузништво или таканаречена „оска на отпорот“, која заедно со Хамас и Хезболах се спротивставува на интересите на САД и Израел во тој регион.

Овие состојби на Средниот Исток, во моментот на пишувањето на оваа студија, се најголемите генератори на геополитички влијанија што можат да ја трансформираат геополитичката положба на целиот Западен Балкан, вклучително и на Република Македонија. Не само мигрантите и бегалците, во ваква ситуација особено треба да се внимава на политичката реторика и практичната геополитичка акција на соседните држави. Особено да се анализираат нивните ставови во поглед на начинот на кој Македонија се справува со кризата, медиумското пласирање на секојдневните активности и зачестените нелегални преминувања на јужната граница што добиваат примеси на плански организирани акции. За тоа говорат два настана, првиот од 14.3. кога организирано од грчка страна е преземено нелегално преминување на македонската граница од страна на 2.445 лица и настанот од 10 април кога три групи мигранти составени од по 500-700 лица се обиделе да ја пробијат жичената ограда и да влезат на територијата на Република Македонија. По овие настани, реториката на грчките политички авторитети е со нагласок на прекумерна примена

на сила, нехуман однос кон бегалците и дека Република Македонија не заслужува да биде дел од европското семејство и од НАТО-алијансата.

Конкретно, можеме да констатираме дека на трансформацијата врз геополитичката положба влијае геополитиката на сирискиот конфликт, односно мигрантските и бегалски бранови што главно потекнуваат од Средниот Исток и пошироко од Азија. Геополитичката положба детерминирана како балансиран однос на моќ на европската периферија, одеднаш станува главна гранична зона што е во функција на регулирање и одбрана на европските држави од нелегални преминувања на границите и нивно безбедносно загрозување. Исто така, на трансформацијата на геополитичката положба на Западен Балкан, посебно на Република Македонија, овозможи конструкцијата на огради од страна на Грција во 2012 година и на Бугарија во 2014 година, со што мигрантите и бегалците се пренасочени на морските рути и Вардарско-моравската Долина, односно Република Македонија и Србија. Привлечноста на западнобалканската рута произлегува и од помалите ризици и цена на чинење за движење во споредба со „смртоносната“ централномедитеранска рута.

Новата рута е пократка, бидејќи за најголемиот дел од мигрантите и бегалците што доаѓаат од Блискиот Исток, Турција еподостапна држава отколку Либија. Иако опасностите не се целосно елиминирани, оваа рута се смета за побезбедна со оглед на успешните патувања по морски пат од Турција кон грчките острови. Предизвиците по должина на рутата се однесуваат на новите огради на границите и непредвидливата реакција на засегнатите држави.

Со постигнувањето договор за завршување на мигрантската и бегалска криза меѓу Турција и Европската Унија, во втората половина на март 2016 година се затвори балканската мигрантска рута. Пред тој договор, државите од Западен Балкан беа принудени да соработуваат една со друга, без разлика на постојните историски и актуелни анимозитети. Овој контекст дава добар пример за геополитичка трансформација на регионот преку концептот за регионализам на периферијата на ЕУ. Но акутните карактеристики на таквата соработка нема да можат на подолг рок да ги задржат дискурсот и континуитетот.

Изминатиот периодот покажа дека во решавањето на мигрантската и бегалска криза повторно со своите практични акции се

појавија традиционалните геополитички играчи во регионот. Евидентно е дека подрачјето на Западен Балкан се третира како европска гранична зона (borderland) или (borderline) граница што е уште една геополитичка квалификација што има влијание вр геополитичката положба и врз Република Македонија. Границата (начинот на нејзиното обезбедување) претставува еден од суштинските предмети на геополитичките анализи. Истовремено, не е за занемарување податокот дека традиционалните надворешни геополитички играчи во Западен Балкан – Австрија, Турција и Русија се повторно активни во регионот. Секако, не во оној обем како за време на нивните империјални фази, но, сепак, геополитички го профилираат според нивните императиви. Австрија има силно присуство во регионот преку банкарскиот сектор, додека Русија и Турција се активни во енергетскиот сектор и се едни од најголемите трговски и инвеститорски партнери на регионот.

Во поглед на употребената терминологија за регионот, преку геополитичката анализа, можеме да констатираме дека епитетот балкански транзитен (мигрантски) коридор исто така ја детерминира современата геополитичка положба на Република Македонија. Ваквата геополитичка перцепција како коридор – миграциски, е многу помалку значаен фактор отколку, веќе претходно констатирано, енергетски коридор и не отвора многу можности за валоризација на трансформираната геополитичката положба на Република Македонија. Оваа ситуација со мигрантската и бегалска криза, преку валоризација на геополитичката положба, на добар начин ја искористи Турција со потпишаниот договор со ЕУ за справување со актуелната криза (6 милијарди евра, безвизен режим и откочување на пристапните преговори за членство во ЕУ). Но се поставува дилемата дали со ова е решена кризата или дали цената на овие поволности е соодветна на зачестените терористички напади и жртви во Анкара и Истанбул?. Она што најнепосредно треба да се елиминира преку конкретни политички акции е ефектот на колатерална штета во целата мигрантска и бегалска криза. Република Македонија ги има почувствувано колатералните ефекти од вакви или слични перцепции и редефинирање на регионалната геополитика во периодот по осамостојувањето, со блокадата на Грција, и бомбардирањето на НАТО на тогашна Сојузна Република Југославија, кога јужната,

односно северната граница на Република Македонија беа целосно затворени.

Вредно за истакнување е начинот на кој ЕУ пристапи кон менаџирање на состојбите на јужната македонска граница. Особено за истакнување е пристапот и помошта на Австрија во Република Македонија за одбрана на сопствената држава од напливот на илегални мигранти и бегалци. Анализирајќи ги тие состојби, несомнено, историјата ќе ни укаже на аналогијата со едно минато кога границите беа поимани како широки гранични зони. Односно, ќе нѐ врати во времето на Хабсбуршката Монархија и воената граница како територијален појас за одбрана од османлиите.

Исто така, геополитичката трансформација на положбата на Македонија наложи и промена на системот на обезбедување на јужната граница. Познато е дека со оглед на режимот на контрола на границите, тие можат да бидат повеќе или помалку пропустливи, односно „тврди“ или „меки“ граници. ЕУ со Шенгенскиот договор е пример за исклучително меки граници што можат да егзистираат само во услов кога надворешните граници на Унијата се исклучително „тврди“. Сѐ погласни се размислувањата за суспендирање на Шенгенскиот договор поради успешно справување со мигрантската и бегалска криза. Најдобар пример за тоа е Белгија, која на границата со Франција веќе има воспоставено гранична контрола. Слични ставови за оваа проблематика имаат и државите од Вишеградската група. Одбивањето на Грција да прифати техничка асистенција од страна на ФРОНТЕКС, исто така, дополнително ја усложнува целата ситуација. Конечно, непобитен факт е дека македонската јужна граница со мигрантската и бегалска криза добива карактеристики на надворешна „тврда“ граница на ЕУ (Грција). За да може да се одржува режимот на „тврди“ граници, тие мора да бидат со непрекинат надзор, а на одредени делници постојано запоседнати и со адекватна физичка заштита.

## ЗАКЛУЧОК

Геополитичката анализа од периодот на критичното геополитичко распарчување на етногеографскиот простор на Македонија од времето на Османлиската Империја до денес укажува на перманентното глобално и регионално геополитичко влијание врз геополитич-

ката положба на Република Македонија. Одредени состојби имаат константни вредности и профилираат т.н. контактност и јазолност на територијата на државата. Во периодот на заедничката федерална држава во која партиципираше Македонија, геополитичката положба беше окарактеризирана како релативно константна и автономна во рамките на интересите на заедничката држава. Но миркопросторниот геополитички фокус во рамките на федерацијата покажа на одредени константи, кои по осамостојувањето на Република Македонија, повторно беа силно геополитички експонирани. Дефинитивно, периодот на осамостојувањето го динамизира процесот на постојани геополитички влијанија и трансформации на геополитичката положба на Република Македонија. Овие состојби во голема мера беа иницирани од глобалните геополитички тектонски поместувања, надополнети со мноштвото конфликтни ситуации, воспоставување интересни сфери, примената на класични и современи геополитички концепти на глобалните и регионалните геополитички играчи.

Актуелната мигрантска криза, исто така, претставува показател за силното влијание на географските фактори врз политичките процеси како и нивното заемно причинско-последично дејствување, а со самото тоа и на геополитичката положба на Република Македонија. Мигрантската и бегалска криза уште еднаш укажа на недостигот и потребата од навремено согледување на глобалните и регионални геополитички трендови и процеси што ќе овозможат државата правовремено да се подготви за сите можни предизвици. Изучувањето на геополитиката на секој светски конфликт се наметнува како неминовен императив за правовремено и ефикасно предвидување и управување со каква било економска, политичка или безбедносна кризна состојба. Актуелните настани, набљудувани низ призмата на геополитичките анализи, покажуваат дека присилните миграции – бегалски кризи причинети од војни, климатски промени, економска состојба, деградација на животната средина и сл. ќе бидат високо на политичките и безбедносните агенди на европските држави во декадата што следува.

Ваквите состојби наложуваат навремено институционално преструктуирање кон новите безбедносни предизвици на армијата, полицијата, повиканите дирекции, агенции, како и промена на законската регулатива за нивно користење со полн капацитет во ситуации како што е бегалската криза.

Неминовно се наметнува заклучокот дека е потребно мобилизирање на академскиот потенцијал во државата за следење, анализирање и нудење решенија за геополитичките трендови (глобални, регионални и локални) и навремено алармирање на политичките авторитети за сите промени во геополитичките курсеви со цел елиминирање на историската константа на „паричка за поткусурување“ што ја има Република Македонија, како и промена на дефетистичките погледи кон геополитиката и нејзините предвидувања. Антиципацијата на сознанието дека геополитиката не нуди апсолутна вистина, ќе создаде добра аналитичка рамка во која најумешните, најспособните, најмоќните успеваат да ја издигнат геополитиката на пиедесталот на единствена и неприкосновена вистина. Заради одбегнување на опасните замки што може да ги понуди геополитиката, потребно е научно и сеопфатно анализирање и предлагање проекти што ќе дадат силен придонес за позитивна афирмација и валоризација на геополитичката положба на Република Македонија.

## ЛИТЕРАТУРА


- Avijucki, V. (2009) Kontinentalne geopolitike – Svet u XXI veku. Beograd: CLIO;
- Bobo Lo, (2003). Vladimir Putin and the Evolution of Russian Foreign Policy. The Royal Institute of International Affairs, London;
- De Haas M., (2010). Russia's Foreign Security Policy in the 21st Century Putin, Medvedev and beyond. Routledge, London;
- Donaldson, J. Pratt, M. (2005) Boundary and Territorial Trends in 2004. In: Geopolitics. Volume 10. Issue 2;
- Fukuyama, F. (1994), Kraj povijesti i posljednji čovjek. Zagreb: Hrvatska sveučilišna naklada;
- Huntington, S. P. (1996), The Clash of Civilizations and the Remaking of World Order, New York: Simon & Schuster;
- Iglesias L. M., (2014) In: Geopolitical overview of conflicts 2014. Spanish Institute of Strategic Studies. Spanish Ministry of Defence;
- Ilić, J. (1995). The Balkan geopolitical knot and the Serbian question. In: The Serbian Questions in the Balkans. University of Belgrade, Faculty of Geography;
- Kinninmont, J. (2014) The Syria Conflict and the Geopolitics of the Region. IEMed. Mediterranean Yearbook 2014.

http://www.iemed.org/publicacions/historic-de-publicacions/anuari-de- la-mediterrania/sumaris/iemed-mediterranean-yearbook-2014;

- Pavić, R. (1969) "Geopolitički problemi međunarodnog položaja makedonskog etnikuma i SR Makedonije", Politička misao, 6/4;
- Rhodes, M. Lozancic, D. (2010) A balanced view of the Balkans. Journal of European Security and Defense Issues Domestic Security Volume 1, Number 2 June 2010;
- Rusinow, D. (1978) The Yugoslav Experiment, 1948-1974. Berkeley: University of California Press;
- Scheide, C. Schmid, U. (2014) The EuroMaidan in Ukraine - November 2013 till February 2014. Online Journal of the Center for Governance and Culture in Europe University of St. Gallen.

http://www.gce.unisg.ch/~/media/internet/content/dateien/instituteundcenters/gce/euxeinos/euxeinos%2013_2014.pdf;

- Tanter R, Psarouthakis J.. (1999) Balancing in the Balkans. St. Martin's Press, New York.;
- Taylor, P.T. (1993) Political Geography, World Economy, Nation-State and Locality. Essex: Longman Scientific&Technical:
- Thibos, C. (2014) Half a Country Displaced: the Syrian Refugee and IDP Crisis. IEMed. Mediterranean Yearbook 2014.

http://www.iemed.org/observatori/arees-danalisi/arxius-adjunts/anuari/anuari_2014/Thibos Syria Refugees Displaced people IEMed yearbook_2014_EN.pdf;

- Tsygankov P. A, (2003) "Mastering Space in Eurasia: Russia‟s Geopolitical Thinking After the Soviet Break-Up," Communist and Post-Communist Studies 36, no. 1;
- Veiga, F. (2003). Balkanska zamka (1804–2001), Naučna knjiga, Beograd;
- Yambaev, L. M. (2003). Armed conflict in 2001 in Macedonia and development of the political situation in the country –

http://www.guskova.ru/misc/balcan/2003-12-23 (on Russian);

- Youngs, R. (2009) Energy Security - Europe's new foreign policy challenge. Routledge, London;
- Дугин, А. (2004) Основи геополитике 1. Зрењанин: Екопрес;
- Килибарда, З. (2008) Основе геополитике. Београд: Универзитет у Београду – Факултет безбедности;
- Котовчевски, М. (2011). Национална безбедност. Скопје: Филозофски факултет;
- Милески, Т. (2005) Македонија: Рубикова коцка на Балканот. Скопје: Филозофски факултет;

- Степиħ, М. (2001) У вртлогу балканизације. Београд: Службени лист СРЈ, Институт за геополитичке студије;

Интернет-врски

- 2015 Fragile States index
http://foreignpolicy.com/2015/06/17/fragile-states-2015-islamic-state-ebola-ukraine-russia-ferguson/;
- Austria wants to help Macedonia keep border shut, Die Welt reports.
http://www.reuters.com/article/us-europe-migrants-austria-macedonia-idUSKCN0WI05R;
- Belgium suspends Schengen, polices border with France.
http://www.politico.eu/article/belgium-suspends-schengen-polices-border-france-calais-migrants-camps-jambon/;
- Eurostat.
http://ec.europa.eu/eurostat/en/web/products-datasets/-/MIGR_ASYAPPCTZM;
- EU-Turkey Agreement: Questions and Answers.
http://europa.eu/rapid/press-release_MEMO-16-963_en.htm;
- Hundreds hurt in police clashes at Greece-Macedonia border.
http://www.theguardian.com/world/2016/apr/10/clashes-between-migrants-and-police-at-border-between-greece-and-macedonia;
- Hundreds of refugees make defiant journey on foot into Macedonia.
http://www.theguardian.com/world/2016/mar/14/one-thousand-people-camp-macedonia

**Димитар Мирчев**

# БЕГАЛСКАТА КРИЗА: КАКО ВЛИЈАЕ НА ГЕОПОЛИТИЧКАТА ПОЛОЖБА НА МАКЕДОНИЈА

**Dimitar Mirchev**

# THE REFUGEES CRISIS: HOW IT AFFECTS THE GEO-POLITICAL POSITION OF MACEDONIA

## ABSTRACT

The recent and current refugees crisis has thrown a lot of light into the geo-strategic, geo-political and intra-European socio-political relations, integration and contrasts. Several questions and issues derive from the events. No doubt, the most relevant and actual is: weather the Union is capable to handle with such humanitarian, political, economic, integrative but also security issues? What are the measures and mechanisms available to the Union to prevent, regulate and facilitate such huge immigration waves? However a variety of additional questions arose from the events. Have there been historical, developmental, humanitarian reasons for these inter-continental demographic movements? Or they have been caused by the "democratization and emancipation" dynamics in West Asia, North Africa, the Near East, over the past decade? By the what was called- Arab spring, or democratization of Islamic regimes, strongly supported by the West? Was that dynamics followed or caused by clash of religions and religious factions?

Nevertheless, the events have considerably shaken even the traditional science approaches of foreign politics and policies: those of international relations, geo-politics, geo-strategy etc. The earlier matrices of examining and explaining the modern world have failed. Until a decade ago, these matrices were, regardless of their conceptual basis, idealistic, realistic, constructivist etc, operating with geo-strategic divisions like bipolarity, uni-polarity, multi-

polarity, regionalism, ideological blocks etc. Only a few of their arguments are credible nowadays.

To explain the position of Macedonia within such conceptions is even more difficult. The country is formally recognized as a part of the "Balkan migration route", as a part of the European immigration, migration and anti-terrorist corridor but in fact is considered as a country out of the Euro-Atlantic integrations.

Keywords: Migrant crisis, geopolitical position, Macedonia, Balkan migration route, Europe

## ВОВЕД

Македонија веќе втора година и повеќе ја преживува, ја доживува и живее со т.н. бегалска, мигрантска, азилантска криза. По сила на околностите, непредизвикани од неа, а во кои земјата се најде, се преиспитуваат стабилноста и капацитетот на реакција на нејзиниот внатрешен поредок и безбедност, но и насоките или потенцијалот на нејзината надворешна политика. По сила на истите околности, но со уште еден многу значаен фактор – актуелниот и латентен тероризам, кој засега не се изрази во Македонија, на тест се и поредокот и „реактивниот" капацитет на меѓународната заедница и посебно на Европската Унија. Особено на Унијата, која беше и сè уште е крајна дестинација на мигрантските бранови, колку од Блискиот и Средниот Исток, од Азија (Бангладеш, Пакистан) толку и од Африка, посебно Северна Африка. Тие бранови се толку силни и масовни што некои, Хенри Кисинџер на пр., зборуваат не за мигрантски бранови туку за „преселби на народите".

На оваа точка, а во недостиг на темелна анализа на мигрантската криза, што деновиве ја предложи В. Путин, за меѓународната заедница се поставуваат неколку битни прашања: кои беа причините на кризата и дали и самата со својата „општа политика" доколку воопшто постоела – не придонела за таа криза и за замавот на воените конфликти и жаришта од кои произлезе кризата? Потоа, дали со поинаков поредок на односи и „заедничка" политика таа можела и сè уште може да ја спречи оваа латентна и сè уште актуелна криза? Што е изменето геостратегиски и геополитички во поредокот на меѓународни односи? Дали универзалната организација, ООН, притоа има само хуманитарна улога и улога на заштитник на човековите права и слободи?

Во однос на Европската Унија, пак, се поставуваат слични прашања. На пр., постои ли воопшто и доколку постои, колку е силна и конзистентна – т.н. заедничка надворешна и безбедносна политика на Унијата, а дополнително и на Советот на Европа, ОБСЕ и другите регионални организации? Мигрантската криза и тероризмот во Западна Европа фрлија многу светлина врз одговорот на ова прашање, се разбира, неповолно. Што е, пак, со соодносот на „националното и наднационалното“ во заедничката политика на Унијата? Мнозинството членки на Унијата имаат или дури сосем различни ставови во однос на „кризата“. На пр., во врска со приемните, хуманитарните, демографски, развојни и интегративни аспекти?

Во однос, пак, на Македонија, прашањата се во тоа какви се воопшто местото и позицијата на републиката во сите овие процеси и движења на европската и меѓународната сцена? Дали мигрантската криза и дејствувањето на Македонија ја ослаби или ја зајакна нејзината позиција, што е воопшто изменето во таа позиција во последно време? „Шчо да се чинит?“ како што прашал Крсте Мисирков.

Но да започнеме од последното прашање, при што ќе изнесам некои тези што веројатно се разликуваат од оние на неколку колеги и автори. Прво, нема основа да се оцени дека Македонија со тоа што се најде на т.н. Балканска рута на мигранти, ја реафирмира својата фокусна позиција на Балканот и во Европа, а како значајно позиционирана земја на геостратегиските и геополитички оски. На пример, дека Македонија, како што е историски потврдено, се наоѓа на значајните коридори и мостови на рутите Запад – Исток, Север – Југ, или Берлин – Истанбул, Владивосток – Хелсинки – Будимпешта – Атина и сл. Нашата оцена е дека ние сме, во современите односи, комуникации и технологии и на преплетување на интереси, само „парче“, не многу значајно на тие коридори.

Вистина е дека Македонија во последната година се наоѓаше често во светските и меѓународни медиуми како дел на „мигрантскиот коридор“, заедно со Грција, Србија, Хрватска итн., меѓутоа главно како транзитен коридор, коридор што главно ги „експедира“ мигрантите. Слично беше во кратки интервали, во битката за прием во ОН, 1993 година, во кризата со босанските бегалци 1994 – 1995 година, во косовската криза и бомбардирањето на СРЈ 1999 – 2000 година, или со конфликтот 2001 година. Можеби и годинава со „политичката криза“, но сето тоа за кратко.

## МИГРАНТСКАТА КРИЗА И МЕЃУНАРОДНАТА ПОЛИТИКА

Во светската и меѓународна заедница, сè уште превладуваат т.н. реалполитики, политики сврзани со интересите, моќта, аспирациите на одделните држави и нема посебна основа да се верува дека Македонија котира високо на тие „оски на интереси“. Сиот тој сплет на интереси има свој израз и одраз во политиките на меѓународната заедница и во универзалната организација ООН, па и во регионалните асоцијации или национални политики. Некои од тие политики се активни и офанзивни, некои се пасивни и дефанзивни; но сите се актуелни. Македонија во тие односи мора да ги дефинира своите интереси и позиција. Засега, оцената е дека тоа добро се изведува, освен, се разбира, факторот на внатрешните политички околности.

Но анализирајќи ја актуелната „мигрантска криза“, се чини дека треба да се појде од некои пошироки процени за геополитиките и геостратегиите во светот. Долго време во политичките науки имаше обиди да се определи „интересната поларизација“ во светот, се разбира, и дистрибуцијата на моќта во меѓународни размери. Едновремено имаше обиди да се конституира и посебна политолошка дисциплина за геополитики и геостратегии. Има денес многу такви истражувачки центри, периодика и сл. Освен снабдувањето со изобилна аналитика и документалистика, треба да се каже дека не се успеа многу во тоа. Модерните „класици“, Рурк и Бојер (Rourke and Boyer, 2002), ја периодизираат еволуцијата на светскиот политички систем од половината на 5 век до крајот на 20 век: периоди на мултиполарна рамнотежа на силите во светот, па потоа на биполарна рамнотежа, и на крај, по 2001 година поларитетот се губи. Нема веќе Исток – Запад, нема веќе Север – Југ, нема веќе идеолошки блокови, социјализам, комунизам, капитализам итн. Нема веќе ниту „Движење на неврзаните“, кое беше толку релевантно во 1960/1970-тите години; барем тоа движење значително изгуби влијание и моќ.

Не се успеа, во политологијата да се оформи посебна дисциплина – геополитика или геостратеии. Мнозина автори и истражувачи се пофалуваат како многу заслужни, но посебна политолошка дисциплина за геополитика и геостратегија, вистина, не се оформи. Политологијата денес главно се враќа на тематското подрачје на „меѓународните односи“. Се разбира, структурирано на – политички, економски, социјални и демографски, културни, социјално-развојни теми. Во последното енциклопедиско издание во

политологијата (Goodin and Klingemann, 2000) се пишува само за меѓународните односи, а не за геополитика и геостратегии.

Теориски и концепциски, оваа „мигрантска криза" ги стави на испит или преиспит многуте разбирања за суштината на современите меѓународни односи. Тие разбирања, веќе со децении, во политичките науки се разделуваа и се одделуваа како на пр., на реализам (или реалполитика), идеализам, либерализам, модернизам, нормативизам, конструктивизам и др.) Последните години некои од тие струи или „школи" и самите себе се преиспитаа, а во врска не само со мигрантската криза во Европа туку и во врска со актуелните настани во светот; посебно пак во врска со прашањето на т.н. глобализација или прашањето дали навистина меѓународната заедница станува, заради глобализацијата, светска заедница?

Пред сѐ, заради изобилната фактографија за преплетувањето, расплетувањето, но и заплетувањето на интересите во современиот свет, т.н. меѓународна заедница станува светска заедница. Уште пред речиси половина век, познатиот француски филозоф Костас Акселос го утврди процесот на политизација на планетата или на планетизација (мундијализација) на политиката. Тој процес, во тоа време се илустрираше и се манифестираше колку со општата „ослободителна" еманципација на народите и создавањето на новите држави во светот, со деколонизацијата и со создавањето на Движењето на неврзаните, кое беше антиблоковско, „неутрално" и еманципаторско. По дваесетина години, со својата позната студија, Маршал Меклуан го прогласи светот за „глобално село". Го имаше предвид технолошкиот развој на комуникациите на светско ниво, но и пробивот на светските брендови, како што се „Кока-Кола", „Мекдоналдс", „Адидас", „Пума" итн.

Светскиот пробив, размена и освојување на пазарите на капиталот, имаше исто така значаен удел во процесот на глобализација. Инвестиции, отворање нови пазари, индустрии, работни места, префрлувањето на нечистите индустрии во земјите во развој, исто така придонесе за глобализацијата, па дури и кога таа имаше неповолни последици за развојот на светот. Ноам Чомски и Наоми Клајн (Chomsky. 2011. Klein, 2012) даваат исклучителна евиденција и свои процени за состојбата во светот. Во политологијата, тоа сѐ, се

одразува на разбирањето на процесите во светот, но и на нејзината истражувачка насоченост.

Суштината на процесот, веројатно објективно ќе ја изрази словенечкиот професор Владо Бенко во својата студија за науката на меѓународните односи, од пред две децении. Ќе потврди дека науката за меѓународните односи станува наука за преживување на човештвото. Заради сѐ поголемото творештво на човекот, глобализацијата станува сѐ побрза, сѐ поостри се разликите меѓу цивилизациите, а проблемите се сѐ потешко решливи. Потребен е, пишува Бенко, поинаков начин на размислување (Benko, 1997).

Тој поинаков начин на размислување во политологијата прво, се огледа во новиот третман на меѓународната заедница како светска заедница, а потоа во предлозите науката за меѓународни односи да се пренасочи во наука за светската политика. Бејлис и Смит, во својата позната збирка за глобализацијата на светската политика, посебно по 11 септември 2001 и војната во Ирак 2003 година, образложуваат дека меѓународните односи веќе не се односи меѓу националните држави или соодноси меѓу државите ниту ООН како универзална, но, сепак, меѓудржавна организација. Меѓународната политика рапидно станува светска политика, политичките теории стануваат теории за светската политика. Во оваа пак учествуваат големо мноштво на светски субјекти: мултинационални друштва, регионални сојузи, религиски и цивилизациски агрегати, невладини организации, па дури и меѓународни терористички организации. Ал Каеда не е единствениот пример за тоа. (Baylis and Smith (eds) Introduction. 2007)

Бејлис и Смит сметаат дека на оваа точка политичките теории за светската политика се спојуваат со теориите за глобализација. Всушност, тематиката им е еднозначна и истонасочна, приш то глобализацијата интензивно станува нов степен на развој на светската политика. Наспроти сите национални и државни разлики, па и спротивности, теориите не можат да го заобиколат фактот на економскиот развиток и преобразба на светот, глобалните комуникации што го менуваат дури и начинот на живеење на цели делови на светската популација; културата, можеби побавно, но сепак станува интерактивна и глобална култура и фактор на хомогенизација на светот. Но надвор од констатацијата дека светот станува глобален политички

ентитет со значајна улога на наддржавните агрегати, невладините и регионалните организации, транснационалните корпорации и сл.

Сепак, тие нагласуваат дека светот го обединува денес и еден сосем поинаков фактор: новосоздадената култура на несигурност. Ова вистина е еден нов фактор на глобализацијата, кој во голема мера се однесува и на сегашната мигрантска криза, а уште повеќе на глобалниот фактор на тероризмот. Авторите не предлагаат своја теорија на светската политика, повеќе ја бараат, трагаат по неа. Ги образложуваат или ги критикуваат досегашните теории на реализмот, либерализмот, идеализмот, марксизмот, нормативизмот, конструктивизмот, со се нивните „неоваријанти“. Меѓутоа, не можат да се одделат од тематиката на реализмот и превладувачаката реалполитика, но и низ призмата на растечкиот регионализам.

Регионализмот вистина станува еден значаен фактор во светската политика. Организациите или асоцијациите со сосем различна структура, надлежности, начини на заедничко договарање и опстојување на тие договори сепак стануваат важни актери во светската политика. Европската Унија, АСЕАН, северноамериканската НАФТА, организацијата на Африканското единство, на јужноамериканските држави и многу други. Да не зборуваме за групите на Г-7, Г-20 и други. И потоа на културата на несигурност, која во светот денес се поттикнува посебно од терористичките напади и мигрантските бранови, да не говориме ниту за климатските промени и природните катастрофи.

## ПРИЧИНИ ЗА ПОЈАВАТА НА БЕГАЛСКИТЕ БРАНОВИ

Но во врска со регионализмот и реализмот, можеме да ги разгледаме и денешните движења и настани, кои како да го потврдуваат разбивањето на традиционалните шеми на меѓународни односи и меѓународна заедница. Прво, излегува дека најмногу од денешните конфликти, кризи, настани не се случајно предизвикани. Да ја разгледаме мигрантската криза. Од кои држави мигрантските бранови се движат кон Европа? Од не толку сиромашни земји. Либија, Алжир, Тунис, Египет не се на листата на ОН на сиромашни земји, напротив, повеќето од нив се со богати природни, нафтени и други ресурси. Ирак, Авганистан, Сирија, околните арапски земји, исто така не се сметале за сиромашни земји. Ниту, пак, до почетокот

на 2003-2004 се сметале за нестабилни земји. Се разбира, од денешен аспект се сметале за земји со недемократски режими. Нелиберални, автократски, дури и диктаторски.

Не ги заборававме, се разбира, ниту подалечни земји на емигрантски извори, како Бангладеш, Пакистан, Судан или Нигерија. Но и тие земји не се без самоодржливи ресурси. И илјади жители да се упатат токму кон Европа, илјадници километри далеку? Се чини дека економскиот фактор, сиромаштијата, неразвиеноста, треба да се исклучат како генератор на мигрантската криза или бранови. Впрочем, половината земји се сметаат за неразвиени, посиромашни, економски супстандардни. Религиски, интрарелигиски, религиско-фракциски судири и конфликти, како причина за миграциите, исто како и меѓуетнички конфликти? Нереалистична претпоставка. Зошто бранови припадници на исламот би мигрирале кон Европа или кон земји што не се исламски? Овие движења и настани не изгледаат реалистични, исто како претпоставките на Семјуел Хантингтон од 1980-тите години за судирот на цивилизациите и на религиите. Ова се разбира дека кон други цивилизации, раси, бои на кожа, вери, не се развиваат или опстојуваат фундаментализми, екстремизми, омрази и агресивен фанатизам. Па, сепак, доколку ги има, таквите појави се далеку од предоминантни.

Па, сепак, кои се темелните причини за сегашните бегалски бранови и „преселби“, посебно кон Европа и кон неколку специфични земји на Унијата? Дали тоа што Европа значи најбогато подрачје и „ветена“ земја за просперитетен живот и напредок, целосна слобода, човекови права, социјална заштита, образование, работа? Исто како Америка во 19 век кога новиот континент беше ветена земја за Европејците. Во најголем дел, да. Во помал дел, вистина оружените судири во емиграциските земји, милионите жртви, разурнувања, девастација во земјите што се сметаат за емиграциски подрачја. Иако околните земји што важат за „посигурни“, како што се Турција, Либан, Јордан, Египет итн., вистина примија повеќе милиони имигранти. Истото тоа се однесува и на европските и евроазиски земји со внатрешни конфликти: Украина, Грузија, Ерменија итн. А повеќето од сите тие земји беа со богати ресурси и самоодржливи.

Како започна т.н. Арапска пролет во Северна Африка и на Блискиот Исток? Со чиста борба и замав за укинување на автократските или диктаторските режими, со борба против корупцијата и нееднаквоста, против нееднаквоста во распределбата на општественото богатство? Вистина, имаше многу индикации дека е тоа така, дека нешто треба да се промени во тие диктаторски, монократски или автократски режими. Но по која цена? По цената на милиони жртви, незгрижени и бегалци, масовни разурнувања и уништување? Случаите на Авганистан, а посебно на Ирак, кои беа и почетен сигнал за Арапската пролет, беа вистина карактеристични. Тоа беа мирни и стабилни земји, макар што поредоците внатре им беа монократски и диктаторски. Во сите тие земји се интервенираше воено, и тоа без одобрение на ООН, во некои случаи и без согласност на ЕУ или НАТО.

Во случајот на Ирак, на пример, беа употребени образложенија дека режимот е поврзан со Алкаеда и дека има стокови, неконтролирано употребливо биохемиско оружје. Подоцна излезе дека тоа не било така. Ирак беше надвладеан и окупиран и дури тогаш почна трагедијата и голготата на таа земја, која и до ден-денес е далеку од крајот. Случајот, пак, со Либија и околните земји беше само малку поинаков. Гадафи беше стар сојузник и партнер на Унијата. Па да се потсетиме и на т.н. Медитерански проект за сојузништво на Унијата. Но на првите сигнали на незадоволство во земјата дојде до интервенцијата, па дури бомбардирањето на Либија. Милион бегалци потоа се појавија на сцената на Европа и Унијата. И до денес состојбите во Либија и околните земји не се стабилизирани; напротив, исламските фундаменталисти, па и терористи во голема мера ги употребуваат за своите цели. Кои беа образложенијата за воените интервенции во Северна Африка? Воведување демократски поредок, човекови права и слободи? Деисламизација на поредоците?

Тие оправдувања и денес едноставно не функционираат. Разгореа исклучителни конфликти, жртви и разурнувања. Напросто, во време на транзиција на режимите не можеше да се воведе демократија или парламентаризам од типот „Вестминстер“. Напротив, различните религиски, етнички, фракциски поделби во тие култури масовно го користеа тој факт, посебно нивните екстремни, фундаменталистички и насилнички крила.

Па, сепак, враќајќи се на оцените на Чомски, Клајн и на другите критички настроени мислители, произлегува дека зад тие настани во заднината се сепак големите интереси. Оние на големиот капитал и корпорации, на индустриите за оружје, нафта, прехрана, па дури и фармацевтика. Односите Север – Југ и потребите за урамнотежен развој во светот, вклучувајќи ги и Милениумските цели на ООН, договорите за климатски промени или за слободна трговија се речиси во заборав. Во светската политика се случуваат невообичаени, па дури и парадоксални ситуации. На пример, Руската Федерација е под санкции на НАТО и ЕУ поради Украина, но САД и Русија соработуваат мошне добро во случајот на Сирија. Замислете, Црна Гора им се придружува на санкциите против Русија. САД, по божемната нуклеарна криза со Иран, соработува мошне добро со Иран. НР Кина значително ги подобри своите односи со САД и со Тајван, сега пак има сериозни конфликти за некои миниостровчиња во Јужното Кинеско Море, итн. Нашата општа оцена е дека досегашниот поредок на меѓународни односи е речиси ставен ад акта, а новиот светски поредок не е воспоставен; ниту со договори ниту со правила или стандарди на однесување, на усогласување на интересите на државите.

Што да се прави во таква состојба? Изгледа дека се зајакнуваат настојувањата за позначајна улога на лојалноста на државите на принципите и начелата на Обединетите нации, но со предвидените реформи во светската организација. Досегашните предлози се во неколку насоки: прво, во збогатување на Универзалната декларација за правата и слободите, со Декларација за должностите и обврските на човекот и државите, бидејќи правата и слободите вистина не се следени од обврски и должности; второ, во зајакнување на т.н. извршна улога на органите на ООН, како што е Советот за безбедност, па и Генералното собрание. Тие органи сè уште, од Втората светска војна, дејствуваат според „блоковскиот принцип“, со право на вето и еднозначно претставување, а не се извршни; трето, во ООН да бидат претставени и со глас, не само државите туку и значајните меѓународни субјекти, како меѓународните невладини организации, позначајните религиски и цивилизациски организации и, пред сè, регионите во светот. Се разбира, ова се прелиминарни предлози и ќе биде долга дебатата за нивното усвојување; но нема некои други алтернативи за јакнење на улогата на ОН, ниту

пак за успехот на т.н. билатерални и мултиратерални меѓудржавни спогодби и договори за решавање на економските, социјалните и политичките тешкотии или кризни жаришта во светот.

## ГЕОПОЛИТИЧКОТО ЗНАЧЕЊЕ НА РЕГИОНАЛИЗМОТ

Во последно време многу внимание предизвикува улогата на регионите во светот, макар што и тие не се доволно интегрирани и институционализирани. Барем не дејствуваат единствено. Регионот на Европа е на пример поделен, според ООН, географски на Источна и Западна Европа, политички, пак, е поделен на Европската Унија и вонуниски земји, како што се земјите на т.н. Западен Балкан, сосе Македонија, потоа Украина, Молдавија, па и некои земји од Поткавказјето, дури и Турција. Дури и Европската Унија, која е заокружен политички ентитет, не дејствува меѓународно единствено наспроти својата т.н. заедничка надворешна и безбедносна политика. Меѓу членките на Унијата, прво, сè уште преовладуваат „националните, а не наднационалните“ политики, а второ, нивните надворешнополитички акции не укажуваат на некое единство или заедништво. Паневропските организации, како што се Советот на Европа, ОБСЕ, а донекаде и НАТО, се во голема мера без моќ да обезбедат некоја покохерентна политика и кохезивна политика; напротив, главно ги поделуваат своите членки во насоките на усогласување, договарање и заеднички дејства.

Во Европа се оцртува влијанието на субрегионите, како што се Западноевропскиот, Медитеранскиот Базен, Нордискиот, Островскиот, Централноевропскиот, Балканскиот и др. Изгледа дека за „единство“ во Европа нема друг излез освен признавањето на разликите и улогата на субрегионите. Се разбира, Балканот во Европа или во Унијата не се третира како посебен политички ентитет, засега повеќе се третира како „географски ентитет“; па наспроти сè, претставува еден видлив „субрегион“ на Европа. Но да ги разгледаме Балканот и позицијата на Македонија, а во врска со бегалската и мигрантската криза. Во прво време од таа криза и движењата на мигрантските бранови од Блискиот Исток и Северна Африка, Балканот вклучувајќи ја и Македонија, беше прва зона или коридор на мигрантите, но и прва зона на ризик од протокот на терористи и тероризам кон Европа. Во Европа и во Унијата, пред сè, имаше

заштитни мерки и потоа, главно, одбоен однос спрема бранот мигранти: заштитни гранични ѕидови и огради, запирање на границите итн. Дури потоа „заедничката политика“ мигрантите да се пропуштаат поради „човековите права“ и соработка во организацијата и пропуштањето на тие бранови.

## МАКЕДОНИЈА И БЕГАЛСКАТА КРИЗА

Македонија, со големи материјални штети, жртви и државни издатоци, се разбира, непокриени, беше многу активен учесник, па и успешен учесник во тој процес, кој многу зависеше и од Унијата и од другите балкански земји. Имаше успешна соработка, координација, па дури и помош од околните земји, освен со членката на Унијата – Грција. Меѓутоа, сиот тој кризен период и мигрантски бранови покажаа неколку факти и реалности. Пред сè, дека Балканот треба да се третира како регион, посебен регион во Европа. Без разлика на статусот на државите членки на Унијата или НАТО, нечленки, кандидатки, или асоцијативни членки. Без разлика на „асоцијаскиот статус“ во Унијата и Европа. Ова во голема мера беше тест или испит за политиката на проширување на Европската Унија, посебно поради фактот дека брановите доаѓаа од членката на Унијата – Грција или од партнерката Турција, додека мерките што се предлагаа, како, на пример, затворање на границите и сл., се однесуваа на сите балкански земји. Севкупно, тоа го актуализира прашањето на местото и улогата и на Западен Балкан во Унијата, во нејзината политика на „проширување“.

Посебно, пак, тоа го актуализира прашањето на опсегот на заедничката надворешна и безбедносна политика и на нечленките на Унијата, но и на членките, како што беше затворената за мигранти Унгарија и некои други. Унијата ги третираше тие прашања одделно, за секоја земја, а веројатно тоа беше и недостатокот или контроверзијата во политиката на проширување на Унијата, на приемот на нови членки кандидатки, како што е, впрочем, и Македонија. Ова го проблематизира и денес превладувачката политика на Унијата за индивидуален или регионален пристап. И порано и сега на Балканот како регион му беше потребна политика на заедничко или регионално интегрирање во Унијата и на регионално проширување кон Унијата. Но Унијата се одлучи за индивидуален пристап. Во прво време,

на Македонија ѝ одговараше тој пристап, бидејќи вистина водеше во реформите и во исполнувањето на условите за прием во Унијата. Се покажува дека по сите настани, денес не мора тоа да ѝ одговора.

Не се работи толку за т.н. бегалска криза, ниту за спорот околу името со Грција, кој и денес превладува во сите односи со Унијата. Ниту се работи за внатрешните реформи во Македонија, во усогласувањето или имплантацијата на европското законодавство во Македонија; ниту пак за несоодветен однос кон бегалските бранови. Како оправдување на Унијата за застојот на преговорите за акцесија на Македонија, денес служи главно внатрешната политичка криза во земјата, што е вистина и претставува сериозен фактор во акцесијата, Тие внатрешни проблеми во Македонија, веројатно, ќе се решат набрзо, посебно со изборите. Се разбира, и со посредништвото на Унијата, САД, како и големите „членки" на Унијата, како Германија, Франција итн.

Но, останува прашањето – како напред? Македонија, со оглед и на евиденцијата за бегалската криза и за мигрантските бранови, треба да се заложува за акцесијата и за регионалниот прием на Западен Балкан и во целост на Балканот – во Унијата. Не е спорно дека како регион, од сите научни аспекти, Балканот претставува одделен и автохтон регион. Тој регион е сега статусно-политички и безбедносно поделен. Некои земји се во Унијата, некои не се, некои се „кандидатки", некои не се, некои се членки на НАТО, некои не се. Се разбира, акцесискиот процес потекува, но регионот засега е под прашање, па и политиката на Унијата и НАТО – за проширување.

Проблемот на вклучувањето на сиот Балкан во евроатлантските интеграции, сепак, не е пристапот и статусната положба на земјите во Унијата или НАТО. Проблемот е во внатрешните односи, кохезија или диверзитет меѓу балканските земји и пошироката меѓународна заедница. Балканот има проблем сам со себе, не со меѓународната заедница. Внатрешните структурни и развојни разлики во регионот не се смалуваат веќе 20 и повеќе години, напротив, некои и се зголемуваат. Има многу индикатори за тоа, дел од нив се претставени во многу научни трудови, изданија и конференции. Веќе повеќе години, во своите изданија ги претставува ЕЦПД, Европскиот центар и Универзитет на ОН во Белград, Универзитетот на Тесалија во Волос, Универзитетот во Љубљана и многу други

(Ostojic, Bradley, Kawato, eds., 2015; Lovec Ed. 2014, Kotios&Petrakos (eds) 2002). Нивните заклучоци се дека социјално-економските разлики меѓу балканските земји со децении остануваат исти или дека повеќе се зголемуваат отколку што се смалуваат; и дека тоа е еден лош индикатор за можноста за поблиско интегрирање на Балканот и за некоја заедничка политика кон внатрешна политика и барем некои заеднички ставови и барања кон Унијата. Во основните економски агрегати, на пр., во Македонија, степенот и растот на БДП, производството и извозот, невработеноста и вработеноста, стабилноста на монетарниот и банкарскиот систем, девизните резерви и депозитите на граѓаните, да не говориме за растот и стабилноста на пензиите и платите, барем во јавниот сектор – се стабилни.

Малку се намалени т.н. странски инвестиции, но што очекуваме во состојба на техничка влада? Да се зголемуваат? Веќе странските инвеститори немаат со кого да склучуваат договори и гаранции. Но за Балканот. Нема заедничка политика, токму поради основниот недостиг на согледување и усогласување на заедничките интереси. Бегалската криза беше само еден индикатор за тоа. Имено, кога земјите на Балканот на „рутата“ почнаа да градат заштитни огради, да си ги враќаат меѓусебно бегалците итн. Немаше притоа некаква заедничка политика или договарање, најмалку, пак, механизам на усогласување. Се укажуваше, барем од македонска страна, и на недостигот на контакти и на размена на евиденција со европските служби, а во врска со ризикот на тероризам и терористи што се инфилтрираат во бранот бегалци. Не се направи многу, немаше еден балкански центар на безбедносен и емигрантски менаџмент, ниту, пак, координација на европските центри.

## ЗАКЛУЧОК

Ова се само некои од констатациите и индикациите за потребата од единствен и заеднички третман на Балканот како специфичен и автохтон регион во Европа. Тоа воопшто не води кон обновување на идеите за т.н. балканска или југословенска федерација. Напротив, води кон идеите за балканска меѓудржавна соработка и асоцијација, но и кон политичка волја за да се оствари тоа. Досега имаше повеќе идеи за тоа. За подобра соработка и асоцијација водеа и регионалните, како што се Процесот на соработка во Југоисточна

Европа (т.н. Бусек процес на ЕУ), кој го замени или го наследи т.н. Пакт за стабилност и асоцијација), потоа Централноевропската иницијатива (ЦЕИ), која сè уште е функционална, па Јадранско-јонската иницијатива, Дунавската итн. Има и т.н. подрегионални иницијативи, како што се Охридската четворка на претседателот Иванов (Црна Гора, Албанија, Косово и Македонија, итн.) Сигурно е дека тие иницијативи сè уште се актуелни, но се повеќе декларативни отколку што се оперативни. Сигурно на Балканот му се неопходни реални интеграциски процеси, внатрешни заеднички развојни политики и волја за политичко усогласување.

Се разбира, тие процеси и политики не би биле ниту алтернативни ниту компетитивни на политиките на Унијата; впрочем, и во неа се сè почести регионалните политики и ставови на многу земји членки. Па сепак, значително би го олесниле не само заокружениот опфат на проширувањето и внатрешниот субјективитет на Унијата, туку и нејзината заедничка внатрешна, надворешна, безбедносна и развојна политика. Бегалската и мигрантската криза не беа само тест за внатрешните односи и политики на Унијата, но и односите кон проширувањето и кон Западен Балкан, односно кон Балканот воопшто.

Досега и засега има повеќе идеи и предлози за вистинско и реално јакнење на регионалната балканска соработка. Се предлагаат нацртите на заеднички меѓудржавни органи, како што се постојаната премиерска и министерска конференција на владите на балканските земји, со еден број надлежности што се од наддржавен карактер; потоа на едно парламентарно тело или орган на делегати на собранијата, кои би имале, исто така, некои наддржавни ингеренции, се разбира, сето тоа и со одобрување или ратификација на парламентите; потоа и координација на управните и административните органи од заеднички надлежности, па заеднички или барем поврзани капитални и инвестициски проекти.

Бегалската криза беше само еден повод за да се актуализираат тие прашања.

## ИЗВОРИ И РЕФЕРЕНЦИИ

Rourke, T. J and Boyer A. M., 2002. World Politics. International Politics on the World Stage. Guilford,Conn. Conn.: McGrow Hill/ Dushkin

Benko, V. 1997. Znanost o mednarodnih odnosih. Ljubljana: FDV

Baylis, J. and Smith, S., (eds). 2007. Globalizacija svetovne politike. Uvod v mednaodne odnose. Ljubljana: FDV

Goodin,R.E and Klingemann, H.D. (eds). 2000. A New Handbook of Political Science. Oxford, Newyork: Oxford University Press

Ostojic, Bradley, Kawato, (eds). 2015. New Balkans and Europe-Peace, Development, Integration. Beograd: ECPD/UN

Lovec, M, (Ed). 2014 . Lessons learned for the European Union. A Reflection on Stronger Co-operation in the Western Balkans. Ljubljana: FDV

Chomsky, N. 2011. Izbrani spisi. Ljubljana: Modrijan zalozba

Klein, N., 2012. Doktrina Shoka.Razmah unicevalnega kapitalizma. Ljubljana: Mladinska knjiga

Kotios, A. and Petrakos, G. (eds), 2002. Restructuring and Development in Southeastern Europe. Volos: University of Thesally Press

**Нано Ружин**
Факултет за политички науки и дипломатија,
ФОН Универзитет, Скопје

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – БАЛКАНСКИ ВЛОГ НА БЕГАЛСКАТА КРИЗА ВО РАМКИТЕ НА ГЕОПОЛИТИЧКИОТ РИВАЛИТЕТ МЕЃУ САД И РУСИЈА

**Nano Ruzhin**
Faculty of Political Sciences and Diplomacy,
FON University, Skopje

# REPUBLIC OF MACEDONIA – BALKAN STAKE OF THE REFUGEE CRISIS WITHIN THE GEOPOLITICAL RIVALRY BETWEEN THE US AND RUSSIA

## ABSTRACT

One of the leading geopoliticians in the United States, Zbigniew Brzezinski in his amblematic work The Grand Chessboard (1997) which is fully focalised on the space of Eurasia, especially space that he calls Eurasian Balakans, believes that the gate of that geostrategic entity begins somewhere in the Balkans. However, the Balkans in the eyes of the analysts has no enviable reputation. It reminds the historians of interethnic clashes, mass deportations, atrocities and genocide, while it associates the geopoliticians of the geopolitics of violence, meganationalistic projects, ethnic homogenization and instability. That is the reason why, in the last half century, there is a tendency of extrusion of the term Balkans in the current empirical and theoretical use as the infamous nonexistent entity. Part of this fuzzy crush-zone area is the Republic of Macedonia. On the geopolitics of Macedonia several strategic features are attached: Macedonia is facing a complex and disputed ethnogenesis by its surrounding states, its geopolitical situation is delicate: it is a state of the majority Macedonians and several communities; the ruling political establishment pleaded for

the protection of minorities and to build a multi-ethnic democracy; the importance of the Albanian ethnic community is significant given that the other side of the western and northwestern border is inhabited by Albanians from Albania and Kosovo. Usually the instability in the Western Balkans is a result of geopolitical reasons upgraded to unfavorable historical legacies. Today the Balkan countries are faced with a new geopolitical challenge and that's refugee crisis. According to analysts of TIME, among the five most serious world geopolitical risks in 2016 are vulnerability and openness or closeness of Europe to the refugee crisis and terrorism. What is the extent to which Macedonia is sensitive to this challenge? What are its favorable and unfavorable internal and external factors? Whether this situation makes the state more specific in terms of US-Russian rivalry in the Balkans? What is its geopolitical and strategic position to triangle EU-US-Russia? Whether the objective perceptions of this crisis are optimistic or pessimistic?

## ВОВЕД

Кој можеше да предвиди дека во изминатите две години Русија ќе изврши анексија врз Крим, дека дисидентите на *Ал Каеда* што се нарекуваат *Исламска држава* ќе воспостават контрола врз добар дел на териториите на Ирак, Сирија и Либија и ќе предизвикаат најголеми миграциски движења кон Европа од завршетокот на Втората светска војна, дека цената на нафтата ќе се преполови, дека руската авијација ќе интервенира во Сирија на страната на Башар ал Асад, дека по 12 години Иран и големите сили ќе склучат договор околу нуклеарното досие со што ќе биде укинато ембаргото кон Техеран, дека Куба и САД ќе ги нормализираат дипломатските односи по половина век непријателства, дека по расколот од 1054 година папата Франсиско и патријархот Кирил ќе се сретнат на Куба, дека ЕУ ќе покаже толку голема немоќ, нерешителност и разединетост кон мигрантската криза...? Нема сомнение дека ова е епоха на големи стратегиски изненадувања и масовни забрзувања на времето и историјата. Разбирливо е дека од интелигенцијата и политичката елита на секоја држава што се наоѓа на кулуарите на *стратегиските изненадувања* да се очекува материјална и интелектуална подготвеност за поуспешно соочување со неповолниот *фидбек* на настаните.

Во епохата на *глобализацијата* најмалку три досиеја од набroeните актуелни геополитички фрактури ја допираат или ди-

ректно се однесуваат на Македонија и на нејзината стабилност и безбедност. Каде е денес Македонија и какво е нејзиното место во актуелната геополитика на Балканот долго време оценувана како *геополитика на хаосот?* Каков е распоредот на геополитичките интереси на Балканот? Со какви предизвици се соочуваат Балканот и Македонија во актуелниот *студен мир* меѓу САД и Русија, кои поседуваат значајни геостратегиски интереси во регионот? Какви се ефектите на бегалската криза врз стабилноста на Македонија? Дали Македонија е во состојба да се справи со поголем безбедносен предизвик? Одговорот на овие прашања е комплексен и претпоставува подетална анализа на геополитичката околина на Р Македонија како и анализа на внатрешните и надворешните геополитички параметри на Република Македонија. Истовремено, неопходно е да се анализираат и да се систематизираат геополитичките интереси на САД и Русија, ЕУ, но и на другите заинтересирани стратегиски играчи кон т.н. *геополитички балкански пиони* како и влијанието на бегалската криза кон нивното однесување.

## ГЕОПОЛИТИКАТА НА БАЛКАНОТ

Пред да се пристапи кон анализата на геополитиката на Балканот и на Република Македонија, ќе биде неопходно да се расчистат некои дилеми поврзани со поимите *геополитика и политичка географија,* кои се употребуваат на најразличен начин. Изразот *геополитика* е создаден од шведскиот политиколог *Рудолф Кјелен (Rudolf Kjellen),* кој сметал дека „*геополитиката е наука за државата во улога на географски организам или како ентитет што се манифестира во просторот*" (Stormakterna. Konturer Kring Samtidens Storpolitik forsta delen, Les Grandes puissences, Stockholm, 1905). Со своите оригинални прилози и дефиниции за геополитиката се издвојуваат повеќе автори, како *Фридрих Ратзел (Fridrich Ratzel), Карл Хаусхофер (Karl Haushofer), Жак Ансел (Jacques Ancel), Ив Лакост (Yves Lacoste), Пјер Мари Галоа (Pierre Marie Gallois), Мишел Фушер (Michel Foucher), Дезтонд Бел (Desmond Ball)*. Без да се навлегува во одредена теоретска расправа, се смета дека дефиницијата на *Ив Лакост* е најоперативна: *геополитиката е анализа на ривалитетите на силите врз една територија.* Лакост се надополнува истакнувајќи дека во оваа сфера спаѓаат и *влијанијата врз популациите што живеат на дадениот простор.*

Геополитиката се концентрира на политички феномени и им придава географска интерпретација и ги истражува географските аспекти на овие феномени. За сметка на тоа, *политичката географија* се концентрира на географските феномени и им придава политичка интерпретација.

Современите деривати на геополитиката упатуваат дека оваа наука се фокализира на *интерната* и *екстерната* геополитика. Додека карактеристиките на ривалитетите на екстерната геополитика на еден класичен начин произлегуваат од конфронтациите и непријателствата на регионален или планетарен план, односот на силите на интерната геополитика често се сведува на меѓуетничките или изборните партиски односи на силите. Меѓутоа, во одредени случаи интерните конфликти можат да дегенерираат во граѓански војни, а односите на силите на интерната геополитика да еволуираат во екстерна геополитика и интернационализација на кризите. (Pascal Lorot – „Histoire de la Geopolitique", Paris: Ekonomica, 1995, стр.76).

Балканот во својата подалечна и поблиска историја беше театар на драматични судири од интерна и екстерна геополитичка природа кон чија комплексност придонесуваа расцепканоста на етникумите, отстапувањата на етничките од политичките граници, кризата на идентитетите и национализмот, тежината на историјата и митовите. Во оваа серија настани се вбројуваат Балканските војни, македонското прашање, усташко-четничките злосторства, босанската драма, Косово – процесот како дел од трагичната балканска геополитика низ историјата.

## ЕКСТЕРНА ГЕОПОЛИТИКА НА БАЛКАНОТ ИЛИ БАЛКАНОТ КАКО ГЕОПОЛИТИЧКИ ВЛОГ

За време на *Студената војна*, Европа го заборави Балканот. Железната завеса го подели континентот на Западна и Источна Европа, инаку идеолошка поделба што немаше никаква логика со поделбата на Балканот. На западната хемисфера се најдоа Грција и Турција, иако географски беа ситуирани источно од Југославија, Албанија и Бугарија и другите источни комунистички балкански држави. Во оваа епоха Југославија доби улога на *значаен пион* врз советско-американската шаховска табла. Главна цел на американската дипломатија беше да го спречи советското лидерство и кон-

трола врз територијата на СФРЈ како што претходно се случи со другите држави на Централна и Источна Европа. Во очите на американските геополитичарим таквото сценарио ќе ги нарушеше односите на силите на Балканот и ќе го зголемеше притисокот врз двата НАТО-сојузника Турција и Грција. На тој начин зачувувањето на единството, независноста и територијалниот интегритет на Југославија прерасна во примарен влог на американската политика кон Балканот.

Со паѓањето на *Берлинскиот ѕид* исчезна и поделбата меѓу Исток и Запад. Новосоздадените демократии тргнуваат во потрага кон независност, кон нов демократски и културен идентитет и кон осамостојување. *Поредокот од Јалта* беше заменет со воспоставувањето на *новиот светски поредок* од кој се очекуваше релаксирање на претходната студено-воена геополитика, вклучувајќи го и Балканот.

Меѓутоа, на почетокот на деведесеттите години на XX век тоталитетот на односите меѓу нациите и државите, оптоварени со комплексноста на историјата и геополитиката од времето на османлиската и хабсбуршката доминација влегуваат во игра. Државата нација е архетипот врз чија основа почнаа да се создаваат независните држави. Оваа концепција со националистички префикс претпоставуваше воспоставување независни територии на кои ќе живеат луѓе што зборуваат ист јазик, поседуваат заедничко минато и култура, и негуваат иста религиозна традиција. Национализмот и комунистичкото наследство беа главните причини за нарушување на рамнотежата воспоставена од страна на Тито, сметаше Пол Гард, иако можат да се набројат и други фактори. (Paul Garde-Fin de siecle dans les Balkans, Paris: Odil Jacob, 2001).

Едновремено на глобалниот геополитички план, со распаѓањето на Советскиот Сојуз, доаѓа до трансформација на американската политика на Балканот. Југославија губи од некогашната стратегисkка позиција од епохата на *Студената војна*. Впрочем, новата позиција на Вашингтон ќе се препознае преку третирањето на југословенската криза како *локален проблем.* Долго време САД се однесуваа неутрално кон „интерниот југословенски конфликт“, сметајќи дека *југословенската федерација за време на Студената војна одиграла мошне значајна улога на тампон-зона и не дозволила пробив на СССР на Јадранот.* Затоа во променетиот геополитички контекст Вашингтон настојуваше да се зачува територијалниот

интегритет и суверенитет на Титова Југославија. По деградацијата на состојбите во БиХ, САД порачуваа дека *Европа е повикана да го реши овој балкански проблем.* Истовремено американската надворешна политика беше повеќе ангажирана околу војната во Заливот и првата интервенција во Ирак од 1991 отколку со југословенската криза. Според францускиот аналитичар де Ла Горце, *дури на 26 јуни 1992 Советот за безбедност на САД прв пат се состанал по повод кризата во Југославија...* иако веќе измина една година од признавањето на Хрватска и Словенија од страна на Германија и Франција. (Paul-Marie de La Gorce – „La politique Americaine et l'affaire Yougoslave", Defence Nationale, Paris, str. 125-135, N.13 Hiver 1994 – 1995).

## БАЛКАНОТ КАКО ШАХОВСКА ТАБЛА МЕЃУ САД И РУСИЈА

Меѓутоа, набргу американските геополитички ориентации како и природата на глобалниот контекст ќе влијаат САД да се ангажираат на Балканот. Најнапред под чадорот на НАТО, под притисок на *мачните сцени од окупираното Сараево* и под изговор на „хуманитарната" интервенција во БиХ 1995 г., а подоцна во 1999 како унилатерална интервенција и на Косово, без поддршка на Советот за безбедност, САД конечно пристигаат во регионот. Со почетокот на вториот мандат на Бил Клинтон од средината на деведесеттите, САД преземаат сериозна стратегиска операција со цел да ги заштитат сопствените витални геополитички интереси на Балканот и во Европа. Во деведесеттите, Балканот прерасна во примарна стратегиски значајна зона, вистински *Римланд* во смисла на доктрината на Спајкман. Овој регион сместен во Јадранскиот Залив го дели западниот од источниот Медитеран, и е незаобиколива раскрсница меѓу Европа и Блискиот Исток. Според мислењето на поранешниот амбасадор на САД во НАТО, *Роберт Хантер (Robert Hunter), „Косово претставува влезна врата во регионот од примарно значење за Запад: во тој простор се ситуирани израелско-арапскиот конфликт, Ирак, Иран, Авганистан, Каспискиот Регион и Транскавказија".* (Beatrice Cante, Les Balkans: un pion sur l'échequier, Americano-russe in Etude des conflits, Europe, Histoire, 2012, p. 5).

Набљудувано од економски и геолошки аспект, балканската почва е скудна со енергетски или минерални наоѓалишта и од тој аспект не постои некој голем стратегиски интерес на најмоќните

компании и држави. Меѓутоа, економските интереси на големите сили повеќе се насочени кон индиректни економски ефекти што би се материјализирале со изградбата на коридори за проток на стратегиските енергенси и другата трговија меѓу Европа, Средниот Исток и Кавказ. Затоа овој економско-енрегетски влог се трансформира во геополитички влог. Во очите на западните сили, интересите пред сè се од стратегиска природа, со оглед на тоа што речиси повеќе од еден век се трудат да ја оневозможат геополитичката опасноста од пробивот на Русија, а во последно време и Кина кон Јадранот и Егејот. Од слични премиси поаѓа и тезата на *Збигнев Бжежински (советник на претседателот Картер и ментор на администрацијата Клинтон),* кој во своето дело *The Grand Chessboard (1997)* ја актуализира шемата на големиот геополитички двоец *Макиндер – Спајкман (Mackinder – Spykman)* нудејќи една *безбедносна концепција* за светот во полза на долгорочниот американски лидершип. Тој во 90-тите години сметаше дека во услови кога Русија беше фрлена на колена, САД беа единствената светска велесила што мораше да ја искористат таа предност со наметнување на американската хегемонија врз Евроазија.

По рекомпозацијата на Русија на Путин, таа повторно се враќа на Балканот подготвена да се бори против агресивната геостратегија на САД со посебен интерес за заштитата на Србија. Евидентно е дека од 90-тите години наваму, регионот на Западен Балкан прерасна во привилегиран терен на геополитичкиот ривалитет на европскиот континент меѓу Русија и САД. Дел од аналитичарите дури сметаат дека воениот ангажман на САД и НАТО во Југославија се ситуира во логиката на Бжежински и класичната англосаксонска геополитичка школа. Според оваа доктрина, евроазискиот континент е носечка точка на укотвување за *глобалната доминација,* односно *единствен театар* врз кој може да се наметнат САД доколку имаат амбиции за светско лидерство. Суштината на класичната доктрина смета дека *еволуцијата на светот е резултат на ривалитетот меѓу континенталните и маритимните сили.* Таткото на класичната геополитика Британецот *Халфорд Џон Макиндер (1861 – 1947)* сметал дека суштината на конфликтот Земја – Море се рефлектира во постоењето на *светското срце – Heartland,* кој го ситуира во Евроазија (Русија, Сибир, Каквказ и дел од Источна Европа). Околу зоната на Хертландот во Евроазија се

наоѓа *маргиналната растечка внатрешност* или зоната на контактот меѓу континентот и морињата (Ибериски, Апенински, Балкански Полуостров, Турција, Блискиот Исток, Персискиот Залив, Пакистан, Индија, Индокина, Кинеските Острови..). Макиндер стравувал дека со развитокот на патните комуникации Хертландот ќе завладее со Евроазија, а потоа и со сите морињa на планетата.

*Оној што го контролира земјиното срце (Hetland) тој го контролира светскиот остров – World Island – Евроазија. Оној што ја контролира Евроазија го контролира светот.*

Веќе во оваа епоха Источна Европа е една од најзначајните стратегиски зони во светот. Геополитичката зона на Балканот како и на цела Источна и Централна Европа претставуваат мост на Европа кон Хертландот на Евроазија. Затоа може и полесно да се протолкуваат напорите на В. Британија и САД, инаку најмоќните *морски сили,* кои по секоја цена настојуваа да ја оневозможат Москва да пристапи кон топлите морињa на Кавказ, Централна Азија и Балканот.

Кон 1944 година американскиот политиколог *Николас Спајкман* во своето дело *Географија на мирот* (*The geography of peace),* кој е исто така оптоварен со парадигмата земја – море, ја развива доктрината според која вистинскиот *носач* во геополитиката е *Римландот,* инаку вториот голем концепт на англосаксонската доктрина. Овој израз означува *посреден регион меѓу Хертландот* и морињата. Спајкман сметал дека народите од Римланд се способни да ги блокираат напредувањата на континенталните сили кон главните морињa. Впрочем, и доктрината на НАТО за време на Студената војна била да се склучат договори со земјите од Римланд за да се спречи советскиот пробив на топлите морињa. Во суштина, и доктрината на Бжежински е вид континуитет на англосаксонската класична геополитичка школа.

Со вмешувањето на САД во југословенскиот конфликт, освен кризниот менаџмент, американските стратези имале уште најмалку три цели: не се работеше само за *задржување на Русија (Хертланд)* во нејзиното континентално царство пред таа да воскресне, туку за да се неутрализира силата на Кина и конечно да се реанимира млитавата ЕУ. Јакнењето на Кина ги мотивира САД во иднина да обрнат поголемо влијание на геополитичките зони на Централна и Источна Европа, Балканот, Кавказот и Централна Азија.

Соочени со стратегиските динамики на Балканот, САД истакнаа два приоритета на краток рок: прво, да се консолидира, односно уште повеќе да се зајакне функционалноста на Алијансата со ЕУ и, второ, да се продолжи со политиката на слабеење и изолација на Русија во духот на Бжежински. Затоа САД покажа тенденција на изготвување безбедносен прстенест коридор околу Русија, вид нов Римланд што ќе е во перманентно проширување во насока кон границите со Русија. Основната дилема за Русија според мислењето на *Џорџ Фриџман (George Friedman* е дали таа од своја страна ќе успее да создаде една неутрална зона или пак Западот ќе се инсталира толку длабоко во Украина што ќе се приближи на 100 километри од Сталинград и 500 км од Москва. (George Friedman – The Chicago Council on global affairs, Strategic Forecasting, 4.2.2015, Conference). За Русија идниот статус на Украина претставува геополитичка закана и затоа Москва настојува како сосед да има една неутрална, а не прозападна Украина. Од друга страна, позициите на САД се јасни и се протегаат низ линијата од Балтикот до Црното Море.

## ОГНЕНАТА ЛИНИЈА МЕЃУ РУСИЈА И САД

Од 1999 година Русија со голема загриженост ја следеше геополитичката зона на ширење на НАТО. Истовремено, Москва не беше во состојба да го спречи и отцепувањето на Косово и неговата независност што беше во целосна спротивност со интересите на Русија. Москва сметаше дека се работи за опасен преседан што може да ги охрабри сецесионистичките амбиции и другите нации на нејзиното опкружување како Чеченија или Татарстан. Конечно, според *Наталија Нарочинскаја,* потпретседателка на руската Дума, *независноста на Косово била интегрален дел на воената и политичка евроазиска стратегија на САД...*

По големите стратегиски маневри во Украина и Сирија, Русија во текот 2015 година доживеа неочекуван дебакл на Балканот. Една од најмалите држави, Црна Гора, која беше прва призната од Русија и во која рускиот капитал ефектуира неколку финансиски инвестиции, а руските геополитичари веќе сонуваа за црногорските заливи на Јадранот, побара членство во Алијансата и се наметна како најсериозен аспирант во НАТО. На тој начин на Русија ѝ беше оневозможен уште еден излез од балканскиот Римланд кон топлите мориња, и покрај вековните добри односи меѓу Москва и Подгорица.

Во такви услови е разбирливо *енерѓетските резерви* од Евроазија да прераснат во сериозен геополитички влог на руско-американските односи. Во истата логика проектот на европските коридори за протокот на нафтата и земјениот гас од Каспиското Море и од Кавказ кон Европа предизвика сериозни дипломатски активности на Русија и САД околу коридорите Јужен тек, Набуко... („Les rivalités autour du petrole de la mer Caspienne: une menace pour la securité européeenne? -Enjeu et risques“- Enjeux et risques-Reseau Voltaire, 8.7.1999, www.voltairenet. org/article 8539. Htlm) Откако се одржа првиот Енергетски руско-балкански самит во Загреб 2007, пораката на Москва беше јасна: *Русија настојува да прерасне во неприкосновен снабдувач на Европа со земјен гас, додека државите на Западен Балкан прераснуваат во ексклузивна зона на транзит.* На тој начин Русија отвори една нова ера на геоенергијата и на геополитичкото влијание во државите на Балканот. Украинската криза уште повеќе го истакна стратегиското значење на руските интереси на Балканот. Набљудувано од позициите на Брисел, високиот претставник на ЕУ за надворешни работи Федерика Могерини во декември 2014 година ѝ порача на Москва: *Русија мора да го остави З. Балкан надвор од кризата од Украина и да престане да работи против ЕУ.* Оваа порака беше оправдана поради стравувањата од избувнувањето на геополитичката војна на Балканот. Споменатите стравувања ги потврди државниот секретар на САД Џон Кери, кој на 24 февруари 2015 година пред Комитетот за надворешни работи на Сенатот предупреди: *Србија, Црна Гора и Македонија се наоѓаат на „огнената линија“ што ги раздвојува Русија и Западот* (Jean-Arnault Dérens/Laurent Geslin – „Les Balkans, nouvelle ligne de front entre la Russie et l’Occident“, Le Monde Diplomatique, Juillet 2015).

## ГЕОПОЛИТИКАТА НА ЕУ И БАЛКАНОТ: ЕВРОПЕЈЦИТЕ ОД ВЕНЕРА, АМЕРИКАНЦИТЕ ОД МАРС

Европскиот простор се карактеризира со серија политички, економски и воени организации во експанзија што ја симболизираат желбата на европските држави за заемна соработка. Меѓу големиот број организации, се издвојуваат Европската Унија (EU), Европското здружение за слободна размена (AELE), Европскиот економски простор (EEE), Договорот за слободна размена на Централна Европа (CEFTA).

ЕУ денес ја населуваат 507 милиони жители распоредени во 28 држави членки и се простира на територија од 4.459,980 км$^2$. По паѓањето на комунизмот во 1989 година, членството во ЕУ за посткомунистички држави беше симбол на демократски, економски и социјален просперитет и безбедност. Затоа и приемот во ЕУ беше возвишена ришелјеовска политичка цел за државите на Централна и Источна Европа. Меѓутоа, зачестените економски и политички кризи во Европа ги намалија амбициите на граѓаните кон проширувањето. Според последните мерења на јавното мислење на *Евробарометар,* расположението на Европејците кон политиката на *проширување или отворени врати* е во опаѓање и го стимулира *евроскептицизмот* на еврократите. Претседателот на Европската комисијата, *Жан Клод Јункер,* по повод замореноста (*fatigue)* од проширувањето објави блокирање на проширувањето сè до 2020 година. Истовремено, ЕУ даде до знаење дека *перспективите на Западен Балкан се утврдени уште на Самитот на ЕУ во Солун 2003 година, но приемот е условен со успешната имплементација на реформите.* (Mathias Bieri-Les Balkans occdientaux entre Europe et Russie, Centre d'études de sécurité-CSS, Politique de sécurité, N°. 170, Mart, ed. Christian Nunlist). Независно од пречките, ЕУ останува атрактивна за државите на Западен Балкан. Кога чувствува одредена опасност од страна на рускиот или кинескиот пробив на Балканот, ЕУ покажува загриженост и иницијативи за поголеми ингеренции во балканските работи. Доволно е да се изготви стратегиската ревизија на големата слика на Балканот за да се сфатат реализмот и едноставноста на ЕУ кон Балканот. ЕУ претпочита да верува и да се колне во мултилатерализмот, меѓународното право, меѓународните институции, дипломатијата, *soft* и *smart power,* меѓутоа често заради прагматични цели, на Балканот, ЕУ ѝ даваше приоритет на стабилноста за сметка на демократијата или војната против корупцијата.

Од друга страна, геополитичкиот пристап, *односно анализата на ривалитетот на силите и влијанието врз териториите* (славна дефиниција на францускиот геополитичар Ив Лакост) долго време претставуваше табу-тема во ЕУ поради големиот број историски и социопсихолошки причини. Класичните европски говори с уште се далеку од една интегрирана геополитичка европска димензија. Кризите од деведесеттите во поранешна Југославија, финансиската криза во Грција, кризата во Украина, Сирија, Ирак, или актуелната мигранска криза покажаа дека ЕУ не поседува конзистентна и

заедничка геополитичка стратегија. Европските дипломатии покажаа хетерогени и дури спротивставени позиции што уште повеќе ја зајакна потребата од една заедничка геополитичка визија за Балканот, Европа и пошироко. Во спротивно, ќе се повторуваат дивергентните позиции меѓу Лондон, Парис и Берлин, како што беше случај во досегашната практика, а се покажа и на Конференцијата за безбедност во Минхен 2016 година. Носечката оска на заедничката геополитичка треба да се геополитичката партнерска двојка Франција и Германија. Во спротивно, опишаната дивергенција влијае врз неефикасноста на ЕУ, било да се работи за дипломатски активности, политички преговори или кризен менаџмент. Разликата во менацирањето на кризите меѓу ефикасноста на Американците и нерешителноста на Европејците може да се покаже врз примерите на меѓуетничките судири во поранешна Југославија, трагедијата во Сребреница, Дејтонскиот договор, кризата во Република Македонија, кризата во Украина итн.

Затоа, независно што често се употребува изразот *Запад*, како персонификација за трансатланските сојузници ЕУ и САД, кои веруваа во исти вредности и критериуми и имале заеднички визии за светот, денес тие се однесуваат сосема спротивно, како да живеат на различни планети. Оваа теза во 2002 година ја разви Роберт Каган најнапред во еден напис објавен во Политичката ревија, а подоцна ќе ја прошири како теориско дело од доменот на меѓународните односи (*Robert Kagan-Power and Weaknes, Policy Review, juni/juli, 2002)*. Европа се движи кон еден свет каде што владеат законите, преговорите и соработката меѓу државите. Европа е во тек да еволуира во еден постмодерен рај, каде што владее Кантовиот идеал за *перманентен мир.* Наспроти тоа, САД остануваат закопани во историјата, употребувајќи ја сопствената сила во анархискиот свет како оној на Хобс. Во овој свет не важат законите и меѓународното право, а вистинската безбедност, одбрана и промоцијата на либералниот поредок зависат од сопствените воени капацитети и нивната употреба. Евидентно е дека Американците и Европејците повеќе не живеат во ист свет. Американците се од светот на Марс, богот на војната, додека Европејците се однесуваат како да се од Венера, светот на божицата на љубовта. На тој начин Каган ги феминизира Европејците, додека Американците ги виктимизира (Men are from Mars, women are from Venus- John Grey).

Слична е и состојбата со Западен Балкан. Американците и Европејците често беа во конкурентска состојба во државите на Западен Балкан, било да се работи за разузнавачки, дипломатски или за воени операции. Со заклучувањето на Договорот Берлин плус меѓу НАТО и ЕУ од 16 декември 2002 година и промоцијата на првата европска мировна операција *Конкордија* во Македонија, делумно беше надминат дискретниот ривалитет, кој и денес сè уште опстојува. Инаку, со интензивирање на процесот на проширување на НАТО-алијансата од 1997 – 1979 година политичките лидери на *Нова Европа* поголем респект имаа за Вашингтон отколку за Брисел. На Балканот освен Србија, која заради прокосовската ориентација и воздушната кампања на САД против Србија повеќе инклинира кон Брисел и Москва отколку кон Вашингтон, сите политички гарнитури се отворено проамерикански ориентирани.

Може да се констатира дека во државите на Западен Балкан ЕУ и САД дискретно си конкурираат во различни домени, но кога е во прашање ривалитетот со Русија и Кина, тие покажуваат завидна солидарност и соработка во името на нивните заеднички вредности. Секако, се среќаваат и одредени критички тонови особено кога ќе се регистрира „непредвидливоста" на Германија кон Москва, како што посочува Џорџ Фридман, кој патем предвидува дека до 2025 година Европската Унија и Русија *нема да успеат да ги надминат актуелните кризи и ќе се распаднат* („Stratfor prévoit la disintegration de l'UE et de la Rusie d'ici 2025" Sputnik France Recherche, International, 05.10.2015)

## ДРУГИ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ СИЛИ ЗА БАЛКАНОТ

Зоната на Западен Балкан се претвори во театар на интерес на повеќе сили, меѓу кои освен Русија, САД и ЕУ, голем интерес покажуваат Турција и Кина.

**Турција**: Враќањето на Турција на Балканот се должи на распаѓањето на Југославија. За време на петвековната Османлиска Империја коегзистираа повеќе етникуми во духот на толеранцијата. Турските интелектуалци, социолози, историчари и политичари како што е Ахмет Давутоглу, сметаа дека е дојдено времето *кемализмот* да излезе од својата пасивност наспроти *балканизмот* и да ги валоризира историските наследства. Наметнувајќи се со својот економ-

ски и хуманистички динамизам, Турција се претставува со еден нов лик, како *мудар и пацифистички* сосед, со желба да помогне во уредувањето на конфликтот. Во функција на таквата цел, Турција ги става во преден план своите искуства, извори и потенцијали како и својата влада и бизнис-заедница за да им се помогне на балканските народи.

Турција одржува добри односи со сите држави на Западен Балкан и практикува една мировна и посредничка дипломатија. Оваа држава е присутна во сите регионални институции и истовремено ги сензибилизира државите членки на Исламската конференција кон балканските проблеми. Во улога на членка на Алијансата, Турција стационира еден контингент војници во Косово во рамките на КФОР. Турција често посредуваше во разни конфликти, како што беше недоразбирањето меѓу Атина и Скопје, во Србија околу политичко-верскиот судир меѓу муфтијата на Србија и Санџак, како и во помирувањето меѓу Белград и Сараево.

Турција поседува многубројни адути на Балканот и пошироко. Познавајќи го регионот, претседателот Ердоган и неговиот најблизок соработник Доватоглу ја иницираа брзата реконструкција на разрушениот *Стар мост* во Мостар, додека Анкара е секогаш расположена да се вмеша со своите позитивни иницијативи и врз други проекти и сфери. Турција се однесува реалистички и конкретно. Турските инвеститори се присутни и во Србија и во Македонија, во Косово, во Албанија и во БиХ. Турскиот ангажман е исто така и културолошки и религиозен. Анкара гради и отвора основни и средни школи, факултети но и *мадраси,* културни центри од Тирана до Скопје, Приштина, Сараево..

Овие ангажмани на Турција не се случајни. Нејзините амбиции кон Балканот се сериозни особено по евроскептицизмот со кој се соочува Анкара по перманентното одолжување на нејзините европски интеграциони процеси. Доколку се покажат залудни напорите на Турција до 2025 г. и не се здобие со членство во ЕУ, Анкара има и план Б, односно со уште поголем интензитет ќе настојува да стане *држава-партнер* на земјите на Западен Балкан. Таквото мислење го дели и претседателот Ердоган: *доколку Турција не се здобие со членство во ЕУ, ние ќе се најдеме во континенталниот дел на нашата поранешна империја, а тоа е еден простор што има потреба од нашата акција.* На тој начин Турција не крие дека ќе

настојува да стане голема сила со своето лидерство сместена меѓу Западна Европа, Русија и Блискиот Исток.

Еволуцијата на турската дипломатија е евидентна по доаѓање на власт на АКП-партијата на Таип Ердоган, а особено по номинацијата на Ахмет Давутоглу за МНР на Турција во 2009 г., а подоцна и премиер на Турција, инаку автор на книгата *Стратешка длабочина (Stratejik Derinlik).* Во оваа книга тој ја објаснува трансформацијата на надворешната политика на Турција. Потпирајќи се на обични и едноставни формули како што е *нулта проблеми со соседите,* новата турска дипломатија е јасна: промовирање на *неоотоманската дипломатија* на Турција кон историските територии во кои со векови владеела Портата.

На меѓународен план Турција е една конзервативна сила (*status quo power)* и затоа настаните од Арапската пролет ја изненадија. Во однос на Сирија, Турција изготви амбициозни трговски планови за создавање заеднички пазар со Техеран и Дамаск. По крвавите интервенции на Башар ал Асад против сопствениот народ, Анкара го следи примерот на западните сојузници и го прекинува *стратегиското партнерство со Дамаск.* На геополитички план, Турција претставува енергетски мост со Каспискиот Басен и *меридионален коридор* на гасоводот меѓу Европа и Азербејџан. На тој начин Турција придонесува во диверзификацијата на снабдувањето со земјен гас и на енергетската безбедност на Европа. Истовремено Турција е и црноморска држава чија стратегиска улога расте поради заземањето на Крим од страна на Русија, чии стратегиски планови за проектирање на воено-поморски сили кон Средоземјето мораат да поминат низ Босфорот и Дарданелите. На тој начин Турција ја пронаоѓа некогашната значајна стратегиска позиција од времето на Студената војна. Истовремено таа претставува значајна тампон-зона кон Блискиот Исток, така што нејзиното евентуално пропаѓање би претставувал огромен предизвик и опасност за Европа. Затоа и германско-турската иницијатива за ангажирање на бродовите на НАТО во Егејското Море во битката против шверцот на мигранти е повеќе од една обична хуманитарна акција.

**Кина:** Кина е новодојдениот актер на Балканот. Благодарение на Грција, кинеските транспортери си обезбедија слободен и директен пристап кон европските пазари, независно што откупија само половина од пристаништето Пиреј и изградија солидни пози-

ции во Солун. Примарната цел на Кина на Балканот е да ги умножи своите агрегати за да го олесни кинескиот извоз преку откупувања и отворање претпријатија, индустриски комплекси, трговски друштва, кои ќе бидат нејзини клиенти. Преку изнаоѓање соодветни партнери во државите на Западен Балкан, Кина ќе настојува да го интензивира пробивот на европскиот пазар.

Втората цел на Кина е пронаоѓање извори на алиментарни производи со кои ќе располага и ќе ги увезува со цел полесно да ја снабдува својата огромна популација. Денес Кина обезбедува алиментарна самодоволност, но поради порастот на животниот стандард, таа настојува да увезува квалитетни артикли. Кинеските иницијативи на Балканот ја погодуваа и меѓународната конјуктура на овој регион. Со осамостојувањето на Косово, кое во 2008 година ја прогласи независноста, беше создаден еден вид *замрзнат конфликт* што бараше одредено менаџирање од страна на меѓународната заедница. Србија уште од самиот почеток на кризата со голема енергија ја бранеше сопствената територија и интегритет. Западните земји, како што се САД, Велика Британија, Франција, под притисокот на лошите искуства од Сребреница и диктаторското владеење на Милошевиќ, со воена интервенција го помогнаа осамостојувањето на поранешната српска територија, а подоцна ја поддржаа и независноста, додека Русија и Кина се спротивставија од две принципиелни причини: прво, *да се ограничи правото на народите да располагаат со правото на самоопределување во рамките на постојните држави,* второ, *да се остане пријател со една од традиционално најпријателските држави на Балканот – Србија.* Токму затоа и Советот за безбедност на ООН беше блокиран од страна на Русија и Кина како во поглед на воените акции, така и во однос на натамошните активности на приемот на Косово во светската организација. На тој начин порасна и симпатиите на Србите во Србија, Република Српска и пошироко кон Кина и Русија.

Кинеските инвестиции се проширија низ сите држави на Западен Балкан, од Хрватска и Србија, преку БиХ, Македонија до Црна Гора и Грција. Пробивот во балканските држави се ефектуира во време кога ЕУ е погодена со сериозна економска, политичка и безбедносна криза и отсуство на соодветна стратегија кон мигрантската криза. Под притисокот на голем број екстерни *воневропски* фактори како и *замореноста на ЕУ*, која истакна дека до 2020

година ќе го запре приемот на нови членки, постепено слабееше влијанието и авторитетот на ЕУ на Балканот и придонесе за *губењето на магнетизмот на европскиот проект* меѓу балканската политичка и интелектуална елита.

Конечно, во истата логика може да се констатира дека во светот, кој е сè повеќе *униполарен,* односно под апсолутна доминација на САД, Кина и Русија поседуваат заемен интерес да се приближуваат. Во отсуство на лидерите на Европа и САД, по повод одбележувањето на 70-годишнината од крајот на Втората светска војна во Москва се одржа воена парада на која присуствуваше претседателот на Кина Си Џинпинг.Двете моќни држави што ја контролираат Евроазија и Макиндеровиот *хертланд* планираа да одржат и заедничка воена вежба меѓу Новосибирск и Средоземното Море. Оваа вежба не се одржа, но тоа не ги спречи медиумите во Кина да констатираат дека *двете држави ќе дејствуваат заеднички за зачувување на мирот и меѓународниот поредок.* (Pierre Magnan- „Le grand rapprochement Russi-Chine" France Tv info, Geopolis, 18.5.2015). Според Quotidien du Peuple 12.5.2015, претседателот Путин и претседателот Си Џинпинг *го подигнаа стратегиското глобално партнерство Русија – Кина... и се договорија да ги зајакнат своите воени размени...* Едновремено беа склучени многубројни договори од доменот од финансиите, индустријата, енергетиката. На иницијатива на Кина, а потпирајќи се врз партнерите од Брикс (Бразил, Индија, Русија и Кина), беше создадена една конкурентна банка на светските институции. Москва и Пекинг склучија повеќе договори, меѓу кои најзначајни се договорот за испорака на рускиот природен гас кон Кина во износ од 400 милијарди долари во следните 30 години, изградба на супермодерен воз во Русија (Москва − Казан) во износ од 5,6 милијарди долари. Моторот на руското скршнување од Западот кон Истокот и приближувањето со Кина лежи во украинската криза. Можеби тоа е цената на *доктрината за Евроазија на Бжежински.* Затоа не изненадува решеноста на Пекинг да го намали лидерството на Вашингтон и да инсистира за поголема геополитичка рамнотежа во светот. Според зборовите на Си Џинпинг, *кинескиот и рускиот народ се подготвени да го бранат мирот, рамо до рамо, да го промовираат развитокот.. и светскиот мир.*

## ЗАПАДЕН БАЛКАН

Западен Балкан кој е повеќе геополитички отколку географски термин не претставуваат еден компактен блок на држави, туку збир на држави одбележени со голема диверзификација во поглед на нивните внатрешни специфичности. Хрватска со 4,3 милиони жители во 2011 г. поседуваше повисока стапка на БНП на жител од некои членки на ЕУ, како што се Бугарија, Романија или Полска, и оправдано го заслужуваше членството во ЕУ. Во истата 2011 г. Македонија и Црна Гора ја застапуваа групата држави што беа најблиски до членството во ЕУ, додека во третата група спаѓаа Албанија, Босна и Херцеговина, Србија и Косово. Сите држави на Западен Балкан беа соочени со меѓуетнички конфликти што беа во фаза на смирување, додека Македонија беше во постојаното оспорување од страна на Грција околу употребата на уставното име. Истовремено државите на овој регион се соочуваа со сериозни економски и социјални проблеми, високи стапки на невработеност, со дефицитарна демократија, проблематична независност на судската власт, висока стапка на корупција и организиран криминал. Меѓу државите на Западен Балкан се издвоија и две полуфункционални држави, БиХ и Косово, кои имаат сериозни интерни и екстерни институционални проблеми. (Christian Lequesne-Balkans occidentaux: perspective européenne, La revue géopolitique, Paris, Diploweb, com, 11.9.2011)

Меѓу 2010 и 2016 година државите од Западен Балкан направија извесен прогрес на патот кон ЕУ, но и натаму останаа старите транзициски слабости околу економско-социјалната немоќ, дефицитарната демократија, сомнежите во владеење на правото, човекови права и слободи, домени за кои ќе се изјасни Комисијата на ЕУ кон крајот на својот мандат во 2019 година (The western Balkans and its EU integration-2015, Comparative overview-Independent analysis and Follow-up of RC country, reports on Western Balkan countries-European Policy Institute, Skopje). Државите на Западен Балкан ги доживуваат детските болести на демократијата и на мачната транзиција. На тој пат тие се изложени на голем број предизвици што можат да генерираат и сериозни геополитички последици, дестабилизација и оддалечување од европските стандарди и критериуми. Феноменот на *популизмот* добива типични балкански бои, а лидерите во напорите на целосната хомогенизација се соочуваат со отстапувања од европ-

ските агенди. Во таквото сценарио при евалуацијата на капацитетите на аспирантите за членство во ЕУ, повторно се поставува дилемата на примарноста меѓу *стабилноста* на дадените држави што често подразбира и толерирање на дефицитарната демократија и *демократијата,* која ќе значи имплементација на копенхашките принципи. Се добива впечаток дека во овие процени ЕУ инклинира кон демократските вредности на аспирантите дотолку повеќе што прашањето на стабилноста на Западен Балкан е надминато.

## ГЕОПОЛИТИКАТА НА МАКЕДОНИЈА

Аналитичарите ја оценуваат геополитичката состојба на Македонија како мошне *атипична.* Од геополитички аспект, Македонија е соочена со огромен предизвик на *своето опкружување* и тоа е првиот неповолен параметар на геополитиката на РМ. Почнувајќи од името, државата сè уште не е целосно призната од страна на Грција, која упорно ги блокира евроатланските амбиции на Македонија. Бугарија не ги признава јазикот и македонската нација, додека Српската православна црква не ја признава МПЦ. РМ е сиромашна држава со речиси перманентна економска и социјална криза, но и со потенцијална политичка и меѓуетничка криза што се должи на кризата на идентитетите и на високата корупција и организиран криминал.

Вториот значаен параметар на геополитиката на РМ е нејзината *комплексна и оспорувана етногенеза.* Теориски, географскиот концепт на Македонија се пронаоѓа во епохата на Александар Велики, четири века пред нашата ера. Дали Александар бил Грк или еленизиран Македонец? Дали македонската античка држава ексклузивно ѝ припаѓа на Грција или во поделбата на колачот може да се вмеша и Република Македонија. Нема сомнение дека владата на ВМРО-ДПМНЕ, која владее со државата повеќе од една деценија, инсистира на нераскинливата етногенеза на античките Македонци со денешните Македонци. Впрочем, во Скопје е изграден највисокиот споменик на Александар Велики, а процесот на *антиквизација* е еден од најскапите градежни проекти во државата. Кон крајот на 18 век, токму поради мултиетничкиот состав, Македонија прераснува во геополитички влог меѓу Србија, Бугарија и Грција. Истата геополитичка логика продолжува сè до Втората светска војна, кога

СРМ добива статус на република во рамките на југословенската федерација. Третиот значаен параметар е поврзан со претходниот и се однесува на дилемата *дали сè уште постојат територијални амбиции на соседите кон територијалниот интегритет и суверенитет на Република Македонија?* Официјално, јакобинските соништа од пред еден век на Бугарија, Србија, Грција и Албанија во актуелниот геополитички контекст на Балканот се надминати, иако сè уште се манифестираат одредени групи што играат врз мултиетничкиот состав како слаба алка на Република Македонија за да ги истакнат сопствените територијални претензии повеќе од маркетиншки или психолошки отколку од реални причини.

Четвртиот параметар на геополитиката на Македонија е нејзиниот *мултиетнички состав*. Албанци, Турци, Роми, Власи, Срби, Бошњаци и други ја сочинуваат етничката карта на Македонија во која доминантно мнозинство се етничките Македонци, додека речиси една четвртина се припадниците на албанската етничка заедница. Петтиот параметар на геополитиката на Македонија е *заштитничкиот статус на малцинските групи,* кои според одредбите на Охридскиот договор од 2001 година, се нарекуваат *етнички заедници.* Нивниот статус е регулиран во Член 48 од Уставот на РМ. Шестиот параметар на геополитичката положба на Македонија е процесот на *комуналната децентрализација* почнат во 1995, а довршен во 2004 г. *Седмиот параметар* на геополитиката се уставните промени што беа ефектуирани по кризата од 2001 г., усвоени на 15 ноември 2001 со кои беа проширени правата на албанската заедница. Беа изгласани вкупно 15 промени на Уставот од 1991 г. Осмиот геополитички параметар на Македонија е *значењето и тежината на албанската заедница* во РМ. Во 1953 г. за време на првиот попис во тогашната ФНРЈ, бројот на Албанците во СР Македонија изнесувал 11,7 % од вкупната популација. Во 1994 г. на извршениот попис во РМ биле пресметани околу 400 000 Албанци, или 22,6 % од целокупната популација на РМ. Главно, од исламска вероисповед и населувајќи ги западните гранични делови на Македонија кон Албанија и Косово, не се сметаа за етничко малцинство, и ревандицираа да добијат статус на *конститутивен народ* исто како и етничките Македонци. Во 1992 г., по успешниот референдум изготвен од самите Албанци, над 95 % се изјаснија за автономија, но не и за независност. По појавата на УЧК во Косово и почетокот на

воените дејства и по повлекувањето на српските сили од Косово во 1999 година, растат амбициите на Албанците од регионот за осамостојување, односно подобрување на културниот, социјалниот, политичкиот статус. Повремено од страна на косовските Албанци се слушаа и одредени територијални ревандикации кон соседните држави на кои живееја Албанци. Меѓутоак опасните експанзионистички соништа не се некоја голема новина на Балканот, така што овие епизоди се препишуваат на одредени романтичарски амбиции од кои не беа имуни сите балкански народи.

## ГЕОПОЛИТИКАТА НА МИГРАНТСКАТА КРИЗА

По уривањето на Берлинскиот ѕид во 1989 г. и постепеното топење на *железната завеса* што ги најавија големите геополитички промени во Европа, во државите на Западна Европа се прошири апокалиптичката визија за претстојниот гигантски миграциски бран од Источна Европа и Советскиот Сојуз. Геополитичарот *J. Тумерел (J. Thumerelle-Migrations internationals et changement geopolitique en Europe,1992)* пишува дека е голем парадокс што *прашањето на имиграцијата во Западна Европа се актуализира во моментот кога интензитетот на меѓународната миграција е во опаѓање иако таа била многу помасивна во шеесеттите години.* Истовремено авторот констатира дека *епохата на масивните миграции е завршена во текот на седумдесеттите (J. Thumerelle,1992,297).* Меѓутоа, две децении подоцна, во 2015 година јавното мислење во Европа особено по терористичките атентати во Париз е заплашено, хаотично и не е во состојба да ги игнорира масивните миграциски движења кон Европа. ЕУ од своја страна не е подготвена да се соочи со проблемот и дури е доведен под прашање Шенгенскиот договор.

Почетокот на 2010 година беше одбележан со интензивната миграција на народите што ги населуваа просторите покрај Месопотамија. Во овој регион на Блискиот Исток инаку израз за еден широк простор што се протега од Персискиот Залив до заливот Искендерун (Александрет на југот на Турција, односно североисточниот Медитеран) е простор во кој за само неколку години исчезнаа многу политички граници што беа признати од страна на меѓународната заедница. Таквата геополитичка еволуција од една страна беше резултат на војните водени во Ирак по интервенцијата на САД во 2003 година, интензивирани во 2011 година по заминувањето коали-

ција на чело со САД, а од друга страна, како епилог на конфликтите во Сирија по 2011 година. Соочени со овие судири голем дел од народите беа принудени да ги напушти домовите за да преживее. Се проценува дека егзодусот што се случил во периодот меѓу 2011 и 2015 г година достигнал околу 5 милиони бегалци, со постојана тенденција на раст.

Егзодусот од Месопотамија не се разликува од другите слични миграциски движења. Тој е последица од исти причини (воени) во согласност со една позната геополитика и се трансферира во вид на реемиграција. Главно, постојат масовни мигрирања од четири вида причини: а) *геноцид* (ерменски, еврејски, камбоџански и руандски), б) *меѓународни судири* (Втората светска војна), в) *граѓански војни* (поранешна Југославија, Шпанската граѓанска војна, Либерија, Сиера Леоне), г) *замена на либерален режим со тоталитарен режим* (Источна и Западна Германија).

Пред 2011 година Сирија беше земја на слаба емиграција главно со политички предзнак, но и силна имиграција од страна на Палестинците, кои наоѓаа помирен живот во богатата Сирија. Денес егзодусот од Месопотамија спаѓа во категоријата миграции под влијание на *граѓанската војна*. Масовната миграција е резултат на граѓанска војна, а народите што му се потчинети на егзодусот го избираат наједноставниот пристап кон побезбедните соседни територии. Според овој белег, актуелната мигрантска криза се смета за класичен егзодус со поголеми димензии отколку што е вообичаено.

Втората карактеристика е дека голем број егзодуси предизвикани поради воени дејства, по неколку години војување, биле регулирани по склучувањето на мировниот договор меѓу завојуваните страни. Во случајот на Сирија и Ирак ни оддалеку не се гледа епилог и смирување на состојбите. Напротив, насилствата сè уште продолжуваат.

Третата карактеристика е реемиграцијата, односно нова миграција на мигрантите од државите во кои еднаш емигрирале. (Примерот на Сиријците, кои по Турција, продолжуваат кон Европа. Во минатото реемиграцијата не постоела. Тоа бил случајот и по 1945 година кога голем број Германци од Источна Германија се населиле во Западна Германија. Слично е и со кубанската миграција од 1959 година, потоа индокинескиот егзодус во Кина во 1975 година.

Сепак, овој егзодус на популациите од Месопотамија е специфичен според неколку елементи: 1) се одликува со плуралистичката форма на конфликтот, 2) вовлекување на надворешен актер во меѓународните регулирања 3) неповолната улога на една регионална сила, 4) неразумни грешки на антитерористичката коалиција наспроти решавачката офанзива, 5) повеќеслојноста на конфликтот.

Плуралистичка природа на судирите: Во текот на историјата, за време на воените судири, народите најчесто биле жртви на судири во кои учествувале една или две сили. Состојбата во Месопотанија е поинаква и покомплексна. *Од 2011 година голем број воени групи учествуваат во судирот. Некои од нив се сојузници, а некои непријатели.* Во одредени случаи едни исти групи можат да бидат цели на двете или на повеќето завојуваните страни. На пример, христијаните на Ирак се жртви и на џихадистите, но и на регуларната армија на државата. Во Сирија, на почетокот судирот беше класичен, во кој се судрија силите на Башар ал Асад со бунтовничките сили. Подоцна антивалдините сили се умножија и се фузионира со разни екстремистички групи, додека други продолжија со умерените цели и стратегии против заедничкиот непријател – Башар ал Асад. (Le front al-Nosra, le Front Islamique, Partie de l'Union democratique)

Грешките на ирачката бескрупулозна власт: протекторатот што ќе го воспостават САД врз Ирак од 2003 г. ќе означи целосно руинирање на ирачките институции, иако некои заради традицијата, заслужуваа да продолжат да функционираат. Во мај 2006 г. со номинирањето на Нури-ел Малики за премиер на Ирак, геополитичката состојба целосно се деградира. Поддржан од иранските шиити, тој систематски ги поддржуваше мнозинството шиити за сметка на сунитите што почна да ги отпушта од државните служби и да ги апси. (Pautet Arnaud-Moyen Orient,Chaos et recomposition, Paris/ Ellipses, 2015). Сунитите во потрага по сојузници почнаа да се приклучуваат кон *Консултативниот совет* во кој членуваа разни џихадистички групи, кои во октомври 2006 година ја прокламираа *Исламската држава на Ирак.* Лидерите на овие групи поддржани од сунитските монархии почнаа да се прикажуваат како *вистински претставници на Ирак.* Како искусни и школувани војници, почнаа да контролираат значајни делови од ирачката територија. Кога Сирија во 2011 година беше дестабилизирана, сунитските борци на

ИСИЛ навлегува и заседоа дел од нејзината територија. На 9 април 2013 година ја афирмираа сувереноста на Месопотамија и го презедоа името *Исламска држава на Ирак и на изгрејсонцето.* На арапски преведено ИСИЛ значи DAESH: D – за *државата*, А за *исламска,* Е *за Ирак,* SH – изгрејсонце (Levant). Моќта на ДАЕШ растеше со огромна брзина во просторот на Месопотамија, каде што исчезнуваа легитимитетот и власта на Нури ел-Малики и Башар ал Асад. Со освојувањето на нафтените наоѓалишта во Фалуџа и Мосул (2014), ДАЕШ почна да продава нафта и да ја јакне својата финансиска моќ. Истовремено, пропагандната машина на ДАЕШ презеде широка акција за привлекување илјадници млади муслимани од Европа и пошироко. На 29 јуни 2014 година ИСИЛ го прокламира воспоставувањето на калифатот на чело со Абу Бакр ел Багдади, наследник на Мохамед под името Ибрахим.

Со оглед дека ИСИЛ се прогласи за држава, таа според МЈП, должна е да ги почитува меѓународните конвенции и принципите на меѓународното право. Меѓутоа, оваа група не почитува закони, го употребува Законот на шеријатот кон сите верници и атеисти, масовно и на јавни места ги убива, ги мачи или ги запалува неистомислениците, од малолетниците создава извршители и убијци. За ИСИЛ не постојат затвореници, туку заложници. Не постојат ниту историски наследства или некаква си мултикултура. Најголем непријател е европската и секоја друга цивилизација што мисли и создава поинаку.

Посебната игра на Турција: Турската интерна геополитичка доктрина е фокализирана врз хомогенизација на нејзините државјани и остро се соочува со сите оние што имаат тенденција кон автономија, како што е случајот со Курдите. Познато е дека од почетокот на кризата во Сирија, Турција се стави на страната на противниците на режимот на Асад, но и на припадниците на ДАЕШ. Турција им дозволи на последниве да ја продаваат нафтата и да ги лекуваат ранетите на нивната територија. За сметка на тоа, таа им се спротивстави на сириските Курди и дури на 23 јули ја отвори базата Инџерлик за американските бомбардери. Сириските Курди се непријател број еден, на второ место е Башар ел-Асад, а дури на трето место ИСИЛ.

Турција ја знае и маржата на нејзиното маневрирање на бегалците кон Европа. Морските пасажи кон Грција се можни затоа

што турската полиција не реагира кон водачите на емигрантите и практично раководи со кризата што ѝ се наметнува на Европа.

Грешката на коалицијата против ДАЕШ: На 20 август 2014 година по говорот на Барак Обама во кој истакна дека *ИСИЛ треба да се искорени и за таа цел ќе се организира една меѓународна арапско-западна коалиција,* се вратија надежите на сириската популација. Но не требаше да се верува дека ИСИЛ ќе се уплаши и ќе престане да ја шири територијата. Во овој период под притисок на САД сириските Курди ја преминуваат границата со Турција и го ослободуваат пограничниот град Кобане. Меѓутоа, ИСИЛ прогресира во внатрешноста на Сирија и навлегува во археолошката локација Палмир, инаку едно од светските историски наследства. Во својот одмаздничко-вараврски чин ДАЕШ–ИСИЛ ги руинира илјадагодишните споменици и артефакти и на најгрозоморен начин ги измачува и ги убива цивилите-шиити или верниците што не ја прифаќаат строгата џихадистичка филозофија. Егзодусот кулминира. Се губи надежта дека бегалците ќе се вратат на старото огниште и масовно ги напуштаат кризните региони, а потоа и Сирија и Ирак.

Геополитичката турбина на егзодусот: за разлика од другите судири што предизвикале егзодус, цивилното население на Месопотамија е во една геополитичка турбина во која се мешаат локални насилства, регионални импликации и актери надвор од регионот на Блискиот Исток.

На локално ниво, воените судири се одвиваат во повеќе градови и региони, како што се Холмс, Алеп, Кобане, Синжар и на други локации. Во овие судири учествуваат голем број групи од Месопотамија со различни вокации, како и регуларните сили на режимите на Багдад и Дамаск.

На регионало и трансрегионално ниво што се протега надвор од Месопотамија, директно се вмешани многу актери од Блискиот Исток, било преку снабдувањето со оружје, пари, логистика или доброволци со помош на С. Арабија, Катар, Турција, либанскиот Хезболах, Иран, Курдите итн.

Конфликт што го прошири ДАЕШ и во Либија, Сирија и Ирак добива и атрибут на светски конфликт од најмалку две причини. Прво, ДАЕШ регрутирал над 20.000 доброволци од целиот свет, од Европа, Балканот, Русија, Чеченија, Дагестан до Австралија,

САД и Северна Африка, со што добива глобални атрибути. Второ, самиот ДАЕШ не се смета за регионална или блискоисточна институција, туку за светска организација кон чија кауза се придружија голем број слични организации.

Во последните две години неколку терористички организации, како што е алжирската Al Qaeda au Maghreb Islamique, Движењето на Талибанците од Пакистан, Консултативниот совет на младината на Либија, Партизаните на Ерусалим од Египет, кои под името на *Провинцијата од Синај* го сруши рускиот туристички авион кај Шарм ел Шејк, Боко Харам од Нигерија, Армијата на исламот... се декларираа дека му се придружуваат на ДАЕШ. Истовремено, во Авганистан една десеттина од авганистанските бунтовници се сметаат за сојузници на ИСИЛ.

## ПАТИШТАТА НА МИГРАНТИТЕ

Под притисок на опишаните геополитички стресови, започна масовниот егзодус на популациите на Месопотамија кон Европа. Патот кон ова дестинација поминува низ два главни коридора; Турција – Балкан – Германија, позната како балканска рута и Либија – Италија – Германија (јадранска рута). Должината на морскиот коридор на балканската рута е многу пократок и помалку опасен бидејќи се потребни меѓу половина до два часа пловење за да се влезе во ЕУ (Грција). Меѓутоа, континенталниот дел е многу подолг, бегалците од Грција влегуваат во простор што не ѝ припаѓа на ЕУ, патот е пресечен со повеќе граници и се потребни меѓу десет и петнаесет дена за да се стигне во Германија. Вториот коридор преку Јадранот е побрз, но и многу попасен и потрагичен, а за неговото совладување се потребни од 6 до 12 часа пловење, и сувоземен пат од околу 24 часа. Во текот на првите десет месеци од 2015 година во Средоземното Море се настрадале 3.329 мигранти.

Балканската рута почнува во Западна Турција во околината на Измир, а морскиот пристап до шенген во Грција изнесува меѓу 10 и 20 км. Потоа мигрантите на грчко-македонската граница ја напуштаат ЕУ и влегуваат во Македонија, Србија и преку Хрватска повторно навлегуваат во шенген-зоната во Словенија за да конечно преку Австрија пристигнат во Германија. Се проценува дека низ оваа рута поминаа близу еден милион бегалци. Втората рута почнува од

брегот на Либија, која е оддалечена 300 км од најблискиот италијански остров Лампедуза. Низ оваа рута, која чини до 2.000 евра, во 2015 година поминале 150.000 мигранти. Балканската рута е посигурна, но и поскапа (до 3.500 евра) бидејќи бројот на загинатите не достигнал повеќе од 200 мигранти. Патот на мигрантите кон шенген-зоната не го попречуваше ниту една држава низ кои поминуваа. Напротив, Турција, Грција и Италија слободно ги пропуштаа мигрантите да се движат кон Германија. Додека од една страна Европа соочена со хаосот почна да паничи и да ги околчува границите, Турција се однесуваше индиферентно кон импровизираните гумени чамци и шверцери на бегалци.

Масовниот прилив на бегалци ги покажа неподготвеноста и слабостите во функционирањето на ЕУ, особено духот на шенгенска Европа. Единствено, миграциската политика на канцеларката Меркел инсистираше на почитувањето на правото на азил како составен дел на Универзалната декларација на ООН, Повелбата на ЕУ за основните права и Женевската декларација од 1951 година, односно 1967 година. Германија продолжи да ги пропушта единствено Сиријците и Ирачаните, додека другите, како Албанците, Авганистанците или Пакистанците ги сметаше за економски мигранти и тие мораа да се вратат во своите држави. Истиот принцип почнаа да го применуваат и другите држави на балканската рута, сè до постигнувањето на договорот меѓу Турција и ЕУ од 8 март 2016 година, кога овој коридор официјално беше затворен. На тој начин коридорот што главно го користеа мигрантите од Средниот Исток (Сирија, Ирак, Либан) или оние од Јужна и Централна Азија (Пакистан, Бангладеш, Авганистан) останаа блокирани во Грција, рутата преку Либија, Јадранот и Италија, главно, го користеа африкански економски мигранти, додека Албанците и Косовците се приклучуваа преку Србија и Хрватска.

Балканската рута се смета и поприфатлива за бегалците, бидејќи мигрантите од Сирија, Ирак, Либан немаат потреба од виза, додека другите исто така мошне лесно добиваат влезна виза.

Бегалците настојуваат да најдат прибежиште во побогатите држави на ЕУ, и тоа Германија, Холандија или Шведска. Тие имаат право да побараат политички азил и во некоја друга држава, но ретко го користат тоа право. Дали тоа значи дека бегалците се трансфор-

мираат во економски мигранти? Богатите држави се поприфатливи за мигрантите бидејќи имаат подобра социјална политика, поголеми можностите за вработување, повисоки плати и поголема општествена и безбедносна сигурност.

## МАКЕДОНИЈА – ДЕЛ ОД БАЛКАНСКАТА РУТА

Македонија како дел од државите на балканската рута е само транзитна територија и не е во опасност од некој голем миграциски наплив или трајно населување на бегалците од Месопотамија на македонската територија. Сепак, поаѓајќи од регистрираниот број бегалци што поминале низ *македонскиот коридор,* а кој изнесува неколку стотици илјади мигранти, разбирливи се стравот и вниманието кон овој феномен, дотолку повеќе што меѓу многубројните несреќни бегалци беа прошверцувани и припадници на ИСИЛ.

Доколку во некое сценарио територијата на Македонија прераснеше во прибежиште на голема маса бегалци од Месопотамија, државата ризикуваше дестабилизација по неколку основи, и тоа: економска, социјална, политичка, геополитичка, етничка, културолошка. Во таков случај Република Македонија не е во состојба самата да се извлече до овој вид кризи на подолг период. Затоа, за политичката гарнитура на Република Македонија е мошне битно да се ориентира кон заемната регионална и европска соработка во надминување на мигрантската криза. Сепак, извесно катастрофалните сценарија предизвикани од некој масивен бран бегалци во овој момент не се можни, со оглед дека во слична криза би потпаднал целиот регион и Европа.

Со оглед дека ЕУ и Турција се договорија околу надминувањето на кризата, единствена обврска на државата е да ги координира приемот, регистрацијата хуманитарната помош, пропатувањето и заминувањето на бегалците со другите соседи и со ЕУ. Балканската рута е веќе затворена и патот на мигрантите е блокиран. Остануваат научените лекции за сите субјекти што учествуваа во нејзиното менаџирање.

Веќе во овој момент може да се констатираат најмалку три заклучоци. Прво, за разлика од претходните две бегалски кризи, онаа од времето на војната во Босна од деведесеттите и особено онаа за време на војната на Косово од 1999 година, од геополитички

аспект оваа бегалска криза не предизвика опасност за некој поголем стратегиски стрес што би предизвикал нарушување на меѓуетничките, конфесионалните, социјалните или економските односи во Македонија за време на пропатувањето на бегалците низ Република Македонија. Второ, Република Македонија првпат во историјата се соочи со еден поинаков карактер на бегалска криза, со бегалци чиј јазик, култура, верска ориентација и обичаи се голема непознатост за локалното население, а нивниот престој беше во постојана динамика и движење низ македонскиот коридор на балканската рута. Трето, Република Македонија со својот коректен однос кон бегалците придонесе за подобрување на меѓународниот углед на државата, ја унапреди меѓуграничната безбедносна соработка, ги привлече симпатиите на меѓународната заедница.

## ЗАКЛУЧОК

Геополитиката е наука на која ѝ се обрнува мошне мало значење и често поимањата за оваа наука во Република Македонија се погрешни иако таа има јасно одреден предмет и дефиниции.

Во Македонија се мали и речиси непостојни трудовите што се однесуваат на геополитичката позиција на Република Македонија, иако постојат индивидуални трудови што сериозно опфаќаат дел од оваа анализа. Меѓутоа, според она што е познато, Македонија е дефицитарна во овој вид научни анализи и публикации и токму затоа е за поздравување иницијативата на Центарот за стратегиски истражувања на МАНУ и воопшто на Академијата на науките и уметностите денес да расправа за оваа тема. Оттука предлагам да се изготви и сериозен проект посветен на геополитиката на Република Македонија.

Геополитиката на Балканот го предизвикува интересот на геополитичарите и политичката географија подолго време уште од појавата на германската геополитичка школа, а, впрочем, и изразот Балкан од геополитичарот Берер.

Современите деривати на геополитиката упатуваат дека оваа наука се фокализира на интерна и екстерна геополитика. На екстерен план, геополитиката на Балканот се исполнува преку ривалитетот на големите сили и нивното влијание врз локалната популација, додека на интерен план се профилира преку ривалитетот на политичките, етничките или културолошките групи.

Ривалитетот на Балканот меѓу Русија и САД и западните сојузници е стар повеќе од еден век и сите теории од Макиндер и Спајкман до Бжежински, Хантингтон и Каган се апликативни на Балканот.

Македонија во екстерната политика на Балканот како геополитички влог на големите сили.

Македонија како интерна геополитичка карактеристика се одликува со мошне атипична содржина: неповолно опкружување; амбициите на соседите кон територијалниот интегритет и суверенитет, (Ришеље); комплексна и оспорувана етногенеза; мултиетнички состав; заштитениот статус на етничките заедници; комунална децентрализација; значењето на албанската заедница.

Оваа комплексна геополитичка парадигма е соочена со најголемата миграција во Европа што поминува низ балканскиот коридор, предизвикана од судирите на просторот на Месопотамија во кој активна улога има ДАЕШ (ИСИС).

Егзодусот на Сиријците и Ирачаните поради геополитичката комплексност на настанот ѝ дава еден поинаков белег на актуелната миграција.

Се работи за реемиграција на бегалците, бидејќи првпат во историјата се случува емигрирање од едно нестабилно подрачје во постабилна држава, а потоа емигрирање и од таа држава кон богатите држави на ЕУ. Азилантите-бегалци се претвораат во економска емиграција.

И покрај многубројните опасности и сценарија, Република Македонија не беше загрозена од бранот бегалци како што беше случајот во 1999 година. Првпат Република Македонија се соочи со една транзитна миграциска криза и со бегалци дојдени од некој друг далечен свет што зборува неразбирлив јазик, со поинаква религија и култура, со непознати обичаи. Истовремено хуманиот однос на Република Македонија кон бегалската криза ги зголеми симпатиите на меѓународната заедница кон нашата држава.

## РЕФЕРЕНЦИИ

Pascal Lorot – „Histoire de la Geopolitique“, Paris: Ekonomica, 1995, str. 76.

Paul-Marie de La Gorce -„La politique americaine et l’affaire yougoslave“, Defence Nationale, Paris, str.125-135, N.13 Hiver 1994-1995.

Paul Garde-Fin de siecle dans les Balkans, Paris: Odil Jacob, 2001.

Beatrice Cante, „Les Balkans: un pion sur l’échequier, Americano-russe » in Etude des conflits, Europe, Histoire, 5.09.2012, str. 5.

Harfold Mackinder – The Geographical Pivot of History-Heartland theory, Royal Geographical society, Vol.23, N. 4 (421-437), 1904.

Nycholas John Spykman - The Geography of peac, Helen R. Nicholl, Yale University, Institut of international studies, New York, Harcourt, Brace and Co. 1944.

Zbigniew Brzezinski – The Grand Chessboard, BasicBooks, 1997.

George Friedman – The Chicago Council on global affairs, Strategic Forecasting, 4.2.2015, Conference, izvor: https://www.yotube.com/Watch?v=qM8nYBnlBmU.

„Les rivalités autour du petrole de la mer Caspienne: une menace pour la securité européeenne?-Enjeu et risques“- Enjeux et risques-Reseau Voltaire, 8.7.1999, www.voltairenet. org/article 8539. Htlm)

The western Balkans and its EU integration-2015, Comparative overview-Independent analysis and Follow-up of RC country, reports on Western Balkan countries-European Policy Institute, Skopje

Jean-Arnault Dérens/Laurent Geslin – „Les Balkans, nouvelle ligne de front entre la Russie et l’Occident“, Le Monde Diplomatique, Paris : Juillet 2015

Christian Lequesne-Balkans occidentaux: perspective européenne, La revue géopolitique, Paris, Diploweb, com, 11.9.2011)

Mathias Bieri - Les Balkans occdientaux entre Europe et Russie, Centre d’études de sécurité-CSS, Politique de sécurité, N°. 170, Mart. ed.Christian Nunlist

J. Thumerelle-Migrations internationals et changement geopolitique en Europe, in: Annales de Geographie, t. 101, N.565, str. 289-318, 1992

Nye Joseph - „Soft power: The Means to Succes in World Politics“, New York, Public affaires, 2004

Nossel Suzanne - „Smart Power“, Foreign Affaires, Retrived 12 April 2012

**Марио Шаревски**

# ГЕОПОЛИТИЧКАТА ПОЛОЖБА НА МАКЕДОНИЈА КАКО РАНЛИВА ТОЧКА НА БАЛКАНСКИОТ ПОЈАС НА КРШЛИВОСТ ВО УСЛОВИ НА БЕГАЛСКАТА КРИЗА

**Mario Sharevski**

# GEOPOLITICAL POSITION OF MACEDONIA AS A VULNERABLE SPOT ON THE BALKAN SHATTERBELT AMIDST THE MIGRANT CRISIS

## ABSTRACT

Internal features of the space on which the countries are located, starting from the characteristics of the human factor particularly demographic characteristics, cultural and historical background and development, economic and social characteristics closely linked with their geographical location inevitably determine geopolitical position and significance of countries and regions in a current or historical context. Contemporary geopolitical science studying these features of the space at global and regional level in the world have come up with a set of concepts and definitions including the latest and most relevant ones for those instable or "fragile" and "vulnerable" regions described as *shatterbelt*, zones of conflict - crush zone and countries and areas that are *gateway states and regions* linking different parts of the world. Macedonia with its specific geographic location in the current and fevrvent refugee-migrant crisis, is again located in the center of this ongoing burning issue of great international significance. Considering the complicated internal situation in Macedonia on socio-political, security, economic level and the historical experience of such situations in the past together with the level of interstate relations and the situation in the wider Balkan regional level, our state and society are in a very serious moment in its existence faced with extremely important geopolitical challenges. Through a review and analysis of the current internal situation in Macedonia with particular focus on the political crisis and

armed clashes in 2015 with a visible and evident foreign interference in the internal affairs of the great geopolitical powers, set in the aspect to the actual external developments in the regional and global context through the prism of contemporary geopolitical concepts of shatterbelt and gateways the article aims to provide a basis for determining the geopolitical position of Macedonia within the Balkans amid the refugee crisis.

Keywords: Geopolitical position, Macedonia, Shatterbelt, Balkans, refugee and migrant crisis

Клучни зборови**:** Геополитичка положба, Македонија, појас на кршливост, Балкан, бегалска и мигрантска криза

## ВОВЕД

Внатрешните особености на просторите на кои се наоѓаат државите почнувајќи од одликите на човечкиот фактор, пред сè, на демографските одлики, културно-историското минато и развиток, економските и општествените карактеристики во најтесно содејство со нивната географска поставеност неизбежно ја одредуваат геополитичката положба и значење на државите и регионите во даден актуелен или историски контекст. Современата геополитичка наука, разгледувајќи ги и проучувајќи ги овие особености на просторот на глобално и регионално ниво во светот, изнесува низа концепти и дефинции, меѓу кои најактуелни се оние за „*кршливи*" или „*ранливи*" појаси и точки – *shatterbelt*, зони на судир – *crush zone* и држави и области што се „*влезна порта*" – *gateway states and regions* што ги поврзува различните делови на светот.

Македонија со својата специфична географска поставеност во услови на тековната и сè поразгорувачка бегалско-мигрантска криза, повторно се наоѓа во средиштето на овој горчлив проблем од големо меѓународно значење. Имајќи ги предвид сложената внатрешна состојба во Македонија од општествено-политички, безбедносен и економски карактер, како и историското искуство од ваквите ситуации во минатото во содејство со степенот на меѓудржавните односи и состојбите на поширокото балканско регионално рамниште, нашата држава и општество се наоѓаат во многу сериозен миг во своето постоење соочени со исклучително значајни геополитички предизвици.

Разгледувајќи ги тековните внатрешни состојби во Македонија поставени во сооднос со актуелните надворешни случувања во регионален и глобален контекст низ призмата на современите геополитички концепти за појас на кршливост и влезни порти, овој труд/анализа се стреми да даде основа за определување на геополитичката положба на Македонија во рамките на Балканот во условите на бегалската криза. Определувањето на геополитичката положба на Македонија во актуелниот миг на услови на вакви сериозни предизвици со далекосежно влијание врз животот на секој поединец и општеството во целина, несомнено е значајно и неопходно заради добивање појасни погледи на состојбите од кои би произлегле најцелисходните дејствувања и политики.

Преку аналитички пристап на разгледување на актуелните настани низ призма на геополитичките концепти и теории, трудот има цел да укаже на степенот во кој позицијата, поставеноста и тековните случувања во Македонија соодветствуваат со геополитичкиот концепт за појас на кршливост и со тоа да даде оцена за положбата, улогата и значењето на Македонија во тој однос. Имајќи предвид дека се анализираат тековни настани што сè уште не се научно истражени, обработени и објавени, покрај користењето објавени книги, учебници и научни трудови од областа на геополитиката во првиот дел, во вториот дел трудот давајќи преглед на состојбите и случувањата во Македонија во 2015 година во значителна мера се осврнува на примарни извори на информации од медиумите, дневниот печат и од интернетот.

## 1. ГЕОПОЛИТИЧКИТЕ КОНЦЕПТИ ЗА ПОЈАС НА КРШЛИВОСТ И ВЛЕЗНА ПОРТА

Во периодот по завршувањето на Студената војна проследен со коренити промени во меѓународниот поредок, како и со голем број територијални промени на картата на Европа и особено на Балканот, современата геополитика излезе со неколку нови концептуализации на картата на светот, при што се појавија и нови концепти и дефиниции за одредени региони и области. Новата стварност во меѓународните односи, кои надминувајќи ја идеолошката поделеност како единствената основа за геополитичкото дејствување на

државите и големите сили, наметнува неминовно преосмислување на просторот во светот земајќи ги, пред сѐ, предвид „старо-новите“, односно повторно актуализираните особености, како што се верската, етничката, јазичната, културно-цивилизациската припадност, политичката поделеност и спротивставените интереси засновани врз ваквите одлики. Меѓу највлијателните новосоздадени концепти се оние за „*кршливи*“ или „*ранливи*“ појаси и точки – *shatterbelt* , зони на судир – *crush zone* и држави и области што се „*влезна порта*“ – *gateway states and regions* како што се изнесени и дефинирани во делата на Саул Коен, Роберт Каплан и други значајни автори.

Стратегиската поставеност на одредени региони во светот заедно со склоноста кон конфликти и нивата непосредна зафатеност во геополитичките судири и случувања уште од поодамна биле дел од многубројните проучувања и анализи. Ваквите региони во светот препознатливи по својата „*кршливост*“ или „*ранливост*“ почнувајќи од крајот на 19 и почетокот на 20 век го задржувале вниманието на значајни геостратези и мислители, како Алфред Мејхен, Џејмс Фејргрејв и Ричард Хартшорн (Шаревски, 2014). Терминот „*shatterbelt*“ понатаму во текстот ќе се именува како „*појас на кршливост*“, со оглед на тоа што неговата првобитна употреба од повеќе англоамерикански автори била со намера и цел да се опише *кршливата* рамнотежа на географскиот простор меѓу атлантска (поморска, Западна) Европа и јадрото на евроазиското копно, каде што истовремено низ вековите народносните групи на Европа живеат најизмешани и со силно влијание на надворешните соседни големи сили (Gosar, 2000). Поврзувањето со терминот *кршливост* („на стакло“) е очигледен резултат на долготрајните судири со големо разорно влијание, лесната избувливост и воопшто склоноста кон разурнувачки конфликти во овие региони (Gosar, 2000: 107). Оттаму, самиот термин појас на кршливост генерално се однесува на географски регион што е загрозен и од локалните конфликти внатре во рамките на државите или меѓу државите во регионот, како и со вклученоста на спротивставените големите сили надвор од регионот (Hensel & Diehl, 1994). Концептот на *shatter belt – појас на кршливост* во геополитиката уште се дефинира и како стратегиски позиционирани и ориентирани региони што се и длабоко внатрешно поделени и фатени во натпреварувањето меѓу големите сили во геостратегиските области и сфери (Cohen, 2003). Регионите означени како појас

на кршливост често се обвинуваат за голем обем на меѓудржавни конфликти, особено во однос на големите конфликти за моќ (Hensel & Diehl, 1994). Во однос на нивната зафатеност и тесна поврзаност со големите и глобални конфликти на моќ, регионите што се сметаат за појаси на кршливост се истовремено и главните кризни жаришта или трусни подрачја во светската политика и меѓународните односи. Затоа, за разлика од повеќето геополитички региони што имаат различен степен на кохезија, регионите што се сметаат како појаси на кршливост се глобални дестабилизирачи (Cohen, 2003). Во поглед на научните анализи во геополитиката, појасите на кршливост претставуваат повеќе од само начин да се категоризира просторната распределба на меѓудржавните конфликти, при што тие, исто така, може да бидат катализатор што ги води конфликтите до ескалација, што ги прави споровите поопасни проширувајќи го нивниот домен (Hensel & Diehl, 1994). Традиционалните анализи на геополитиката и меѓународните конфликти ја земаат и ја разгледуваат географијата на просторот од аспект како „олеснувачка околност“ (на пример, географската блискост) или како извор на самиот конфликт (на пример, територијалните спорови) (Diehl, 1991), при што појасите на кршливост може да претставуваат спој, односно комбинација на овие два ефекта (Hensel & Diehl, 1994).

Во современите геостратегиските разгледувања и поимања на просторот и светската геополитичка карта, значаен е и концептот за држави и области што со својата местоположба имаат улога на „*влезна порта*“ – *gateway states and regions*. Имено, тоа се држави и области што играат значајна улога во поврзувањето на различни делови на светот, преку олеснување на протокот и размената на луѓе, стоки и идеи, при што нивните карактеристики може да се разликуваат во детали, но не и во целокупниот контекст на нивната стратегиски и економски значајна местоположба или на приспособливоста на нивните жители на економските реформи и размена (Cohen, 2003: 49). Според сфаќањата на познатиот автор и научен истражувач Саул Коен, концептот на областите што се своевидна *влезна порта* е во тесна и заемна поврзаност со претходно изнесениот геополитичкит концепт на појас на кршливост, преку можноста појасите на кршливост да се преобразат (мутираат) во области со улога на влезна порта (Cohen, Great powers, shatterbelts, gateways, geostrategic regions, 2009).

## 2. ГЕОСТРАТЕГИСКАТА ПОЛОЖБА НА БАЛКАНОТ И МАКЕДОНИЈА ПРЕТСТАВЕНА ПРЕКУ ГЕОПОЛИТИЧКИТЕ КОНЦЕПТИ ЗА ПОЈАС НА КРШЛИВОСТ И ВЛЕЗНА ПОРТА

Имајќи ги предвид долгото историско искуство и актуелните случувања во последните неколку години, особено по засилениот пробив на влијанието на Русија, Балканот несомнено ги исполнува условите и одликите на дефиницијата за појас на кршливост на светската геополитичка карта. Имено, во геополитичките и геостратегиските анализи на светски познатите автори Балканот уште одамна се вбројува во ранливите подрачја на светот како своевиден појас на кршливост. Уште во 1915 година Џејмс Фаргрејв користејќи го терминот *зона на судир – Crush zone* со цел да ги опише малите држави што служат како своевиден тампон меѓу светските поморски сили и стожерот на евроазиското копно од Северна Европа, па сè до Корејскиот Полуостров, меѓу повеќето региони и области го вбројува Балканот, а Ричард Хартшорн анализирајќи ја *зонашта на кршливосшт – Shutter zone* за време на Втората светска војна ја препознава во рамките на Источна Европа од Балтикот до Јадранското Море (Cohen, 2003), каде што припаѓа и Балканскиот Полуостров. Од современ аспект, по завршувањето на Студената војна, Саул Коен предвидува дека во иднина може да произлезат дополнителни појаси на кршливост на светската сцена и најверојатен кандидат е старо-новата зона од Балтичкото Море низ Источна Европа и Балканот (Cohen, 2003). Несомнено, Балканот целосно ги исполнува одликите од дефиницијата на појас на кршливост: длабоко внатрешно поделен по етнички, национални, верски, јазични и културни линии и опфатен, или подобро речено, зграпчен во натпреварот меѓу големите и регионалните сили (Шаревски, 2014). Случувањата на Балканот во текот на 2015 година во однос на внатрешните состојби во државите и односите меѓу нив како и соочувањето со бегалската и мигрантска криза несомнено ја потврдуваат геополитичката и геостратегиската положба на Балканот како појас на кршливост на светската и европската политичка карта. Настаните во 2015 година сосема јасно и отворено го покажуваат директниот судир меѓу САД, ЕУ и НАТО од една страна, и Русија од другата страна, односно ја покажуваат вклученоста на Балканот во геополитичкиот судир и натпреварување меѓу големите сили. Имено, проектот за гасоводот „Турски тек“,

случувањата со политичката криза и нарушувањето на безбедноста во Македонија, случајот со поканата за пристапување на Црна Гора во НАТО, политичката криза со нестабилноста на владите во Бугарија и Грција што се случуваа во текот на 2015 година без исклучок беа настани во кои непосредно и директно беа вклучени САД и Русија како главни играчи на глобалното геополитичко рамниште. Јасна потврда на ваквата положба на Балканот по овие случување е изјавата на американскиот државен секретар во 2015 година неколку балкански држави ги вбројува во „линијата на огнот“ во судирот меѓу Москва и Вашингтон (Kerry, 2015). Истовремено, бегалската криза во текот на 2015 година директно влијаеше врз значајно заострување на политичките односи меѓу Хрватска и Србија и Македонија и Грција, со што уште еднаш се потврди длабоката поделеност на Балканот, со што се исполнува уште една одлика и одредница на геополитичкиот концепт за појас на кршливост.

Разгледувајќи го просторот на Балканот како микрокосмос преку дефиницијата за појас на кршливост со осврт на внатрешните одлики на државите, а посебно на Македонија, може да се препознае и своевиден внатрешен ,односно „балкански“ појас на кршливост. Имено, просторите на Босна и Херцеговина, Санџак и Косово со Прешевската Долина во Јужна Србија и Македонија може да се идентификуваат како појас на кршливост на Балканот, што се должи на исклучително длабоката внатрешна поделба според етнички, верски, културни линии, слабата кохезија и стабилност, стратегиската положба на географската поставеност, склоноста и потенцијалите за конфликт и, што е најважно, присуството на конкуренцијата на сите соседни држави, како и вклученоста на регионалните и глобалните сили, како што се САД, Турција, Русија, ЕУ (Шаревски, 2014: 33). Просторот на овие области, кој истовремено претставува и територијално поврзан, односно компактен појас со своите составни фактор и – Босна и Херцеговина, Санџак, Косово со Прешевската Долина во Јужна Србија и Македонија, кои всушност самите по себе претставуваат и геополитички објекти – предмет на акции на натпреварување за влијание и моќ, односно конкуренција на балканските геополитички субјекти – играчи: Србија, Хрватска, Албанија, Бугарија и Грција, односно сите соседни држави, ја има улогата на регионален дестабилизатор (Шаревски, 2014: 33). Имено, токму на овие наведени простори на Балканот е најприсутен исламскиот фактор со многубројно

муслиманско население што истовремено е и значаен политички фактор.

Во поглед на изнесениот концепт за области со улога на „*влезни порти*", Балканот исто така со повеќе свои одлики ги исполнува условите што го определуваат овој термин во геостратегиските разгледувања, како од историски, така и од современиот и актуелен миг на бегалската мигрантска криза. Од историски аспект, Балканот бил регион што ги поврзувал, односно претставувал влезна порта меѓу Османлиската Империја и Европа, бидејќи за време на османлиското владеење тој бил економски, политички и културно најразвијниот регион со претходно и поранешно римско, византиско (т.е. христијанско и европско) културно наследство, на самата граница со Европа (Шаревски, 2014: 34), на чија почва преку него со османлиските освојувања истовремено навлегол исламот како вероисповед и култура. Географската поставеност на Балканот што во денешните услови на актуелната бегалска криза се користи како единствена сувоземна рута по која бегалците од Сирија и Ирак, но и мигрантите од цела Азија и Северна Африка преку Блискиот Исток пристигнуваат и влегуваат во земјите од Западна Европа, доследно ја потврдуваат улогата на Балканот како *влезна порта* кон Европа.

## 3. ГЕОПОЛИТИЧКАТА ПОЛОЖБА И ОПШТИТЕ СОСТОЈБИ ВО МАКЕДОНИЈА ВО 2015 ГОДИНА

Во условите на тековната бегалска криза каде што Балканот е всушност и главната рута по која се слева миграцискиот бран кон Европа, како појас на кршливост обременет со внатрешни спорови и конфликти, кои и во ваквите околности стануваат сè повидливи доаѓајќи сè повеќе до израз и истовремено зафатен од отворената борба за моќ на големите сили, пред сè, САД и Русија, може да има влијание на засилување и ескалација на глобалниот геополитички судир и конфликт. Во тој однос Македонија се наоѓа во многу специфична положба на своевидна ранлива точка, која е најкршлива под притисокот на безбедносните, економските и политичките околности од надворешен аспект со нивното влијание на внатрешните состојби. Сеопштите состојби и случувањата во Македонија во текот на 2015 година во голема мера го потврдуваат значењето на геополитичката и геостратегиската положба на Македонија. Прегле-

дот на настаните што се случија во Македонија во текот на 2015 година, покрај важноста на геополитичката и геостратегиската положба, несомнено, укажува и на ранливоста на Македонија во однос на внатрешните состојби соочени со надворешните предизвици, како што е актуелната бегалска и мигрантска криза, која исто така во 2015 година ги достигна своите најголеми размери.

## 3.1. ПОЛИТИЧКАТА И БЕЗБЕДНОСНАТА СОСТОЈБА ВО МАКЕДОНИЈА ВО 2015 ГОДИНА

Во текот на целата 2015 година, уште од самиот нејзин почеток, Македонија се најде во многу сложена положба на сериозно влошување на политичката и безбедносната состојба, кои се наоѓаа во заемно испреплетено влијание. Уште од самиот почеток на годината државата се најде во сериозна политичка криза со започнувањето на скандалот со прислушуваните разговори на лица од највисокото државно раководство, чија разрешница сè уште е неизвесна, но која сè уште има големо влијание врз актуелните политички состојби во Македонија. Разгорувањето на внатрешната политичката криза во Македонија преку отворањето на скандалот со прислушувањето се здоби и со пошироки надворешни размери, преку вмешувањето во контекстот и на големите сили, кои истовремено се наоѓаат во ситуација на најотворен судир по завршувањето на Студената војна. Имено, еден ден по јавното обраќање на премиерот Никола Груевски, на 1 февруари првпат руското Министерство за надворешни работи и амбасадата излегоа со официјално соопштение за внатрешнополитички настан во Македонија, во кое се осудуваат обидите за државен удар и се повикува на темелна истрага поради можност од дестабилизација на меѓуетничките односи (Блажевска, 2015). На 25 февруари, во одговор на сенаторско прашање за влијанието на Русија во Европа, државниот секретар на САД, Џон Кери, отворено изјави дека Македонија се наоѓа на „линијата на огнот“ (Kerry, 2015), што од некои извори беше толкувано како повик за одблокирање на повеќегодишната неможност за членство во НАТО поради спорот со името со Грција, која пак во овој период доби нова влада предводена од левицата и дополнително ги усложни своите односи со ЕУ продлабочувајќи ја својата внатрешна економска криза и политичка нестабилност. На 13 март специјалниот претставник на Парламентарното собрание на ОБСЕ за Југоисточна Европа,

Роберто Батели, изрази загриженост во врска со растечките турбулентни политички случувања во Македонија повикувајќи ги политичките лидери да дејствуваат во интерес на граѓаните и бенефиција на поширокото соседство (Batelli, 2015). Ваквата изјава отворено наведува на тоа дека Организацијата за безбедност и соработка на Европа смета дека случувањата во Македонија имаат импликации на пошироко регионално ниво. Истовремено, на 17 март, во однос на појавата на сложената политичка ситуација во Македонија, се огласи и Канцеларијата на високиот комесар за човекови права на Обединетите нации (ОН), која официјално изрази длабока загриженост од продолжениот политички ќор-сокак и неговите импликации врз човековите права (United Nations News Centre, 2015). Вклучувањето и искажувањето на особена загриженост од страна на највисоката светска организација на народите – ОН, во однос на внатрешната политичка криза во Македонија е очигледна потврда за сериозноста на внтрешните состојби и нивниот надворешен одглас и импликации. Одгласот на внатрешнополитичките случувања и криза во Македонија во официјалните ставови на највисоките меѓународни организации на светско, континентално и регионално ниво, несомнено упатува дека ниската кохезивност на македонското општество е видлива одлика на ранливоста на положбата на Македонија на надворешнополитичко ниво и пред меѓународната јавност. Паралелно со развојот на политичката криза и објавувањето на прислушкуваните разговори, во Скопје се одржуваа протести на студентите, опозициските и други незадоволни групи од општеството, а истовремено постојано следеа најави за сериозни нарушувања на безбедносната состојба. Во текот на пролетта, по долготрајните американски спротиставувања што влијаеа врз пропаѓањето на проектот за изградба на гасоводот „Јужен тек“ преку Бугарија, актуелна стана и понудата за изградба на нов гасовод наречен „Турски тек“, за чие спроведување од клучна важност произлезе територијата на Македонија. Рускиот претседател Владимир Путин во два наврата уште во декември 2014 година во Турција, а потоа и во февруари на средбата со унгарскиот премиер Виктор Орбан го најави проектот за гасоводот „Турски тек“, во чија траса отворено ја спомена и Македонија (Нова Македонија, 2015). Во актуелната ситуација кога Бугарија под отворените притисоци на САД и на ЕУ ја попречи изградбата на гасоводот „Јужен тек“, а Албанија и

Албанците се најголемиот американски и западен сојузник, Македонија со својата територија ја претставуваше единствената можност што е од најголемо клучно значење за поврзување на оската север – југ (Унгарија – Србија – Грција), но и исток – запад (Јадранско Море – Црно Море) на Балканот (Шаревски, Македонија е пред голем геополитички предизвик, 2015), при што со својата географска положба и поставеност Македонија неминовно се најде во средиштето на овие гасоводни енергетски проекти, кои всушност истовремено се и алатки во геополитичкиот суди меѓу САД и Русија. На почетокот на април Македонија преку министерот за надворешни работи, Никола Попоски, учествуваше и потпиша декларација заедно со Унгарија, Србија и Грција во однос на енергетската стабилност, со што овие земји и официјално дадоа согласност за изградбата на гасоводот „Турски тек“ (Утрински весник, 2015). Со ова Македонија влезе во жариштето на директниот геополитички судир на двете најголеми сили – Русија и САД, кои заедно со своите западни сојузници од ЕУ и НАТО започнаа отворено да ги разубедуваат Македонија и другите балкански држави да се откажат од проектот за гасоводот „Турски тек“ и отворено да се приклучат кон алтернативните енергетски и гасоводни решенија под нивно покровителство. Ваквиот развој на настаните во и околу Македонија, неминовно значеше сериозно нарушување на безбедносната состојба (Шаревски, 2015) преку разгорување на внатрешни судири поттикнати од надворешно влијание. Првото сериозно нарушување на безбедноста се случи на 21 април со упаѓањето на вооружена терористичка група од 40 припадници од Косово, која ја запоседна граничната караула во Гошинце (Србиновски и Димитриевски, 2015). Терористичката група ги разоружала четворицата дежурни полицајци-граничари, при што тројца ги врзале со лисици, а еден бил удиран и, по упатените пораки дека тие се од УЧК и бараат „своја држава“, заминале одземјаќи значително количество оружје (Србиновски и Димитриевски, 2015). Набрзо потоа, на 5 мај, по објавувањето на прислушкувани разговори поврзани со убиството на млад човек ноќта по изборите во 2011 година, протестот на неколку илјади граѓани пред Владата прерасна во поголеми нереди и судир со полицијата во кој беа повредени 38 полицајци, а осуммина беа приведени. Веднаш потоа, на 9 мај се случи најсериозното и најтешкото нарушување на безбедносната состојба во Македонија

по воениот конфликт во 2001 година, вооружениот судир и престрелка со терористичката група во Дива Населба во Куманово. Во жестоката вооружена престрелка во траење од околу 28 часа загинаа 8 македонски полицајци припадници на Единицата за специјални задачи, а беа убиени 14 терористи, додека 30 терористи ѝ се предале на полицијата (Самарџиски, 2015). Подоцна официјалниот број на убиени терористи беше намален на 10 загинати, што остава простор за разните гласини за учество и вмешаност на странски лица како инструктори и помагачи на вооружената терористичка група, по примерот на битката во Арачиново во 2001 година. Во вооружениот судир во Дива Населба во Куманово се користело пешадиско оружје, како на пример автоматски пушкомитралези, рачни минофрлачи, снајпери и автоматски пушки, од кои дел биле украдени од претходниот упад и заземање на караулата во Гошинце. По овие крајно сериозни нарушувања на безбедноста следуваа оставките на министерката за внатрешни работи и директорот на Управата за безбедност и контраразузнавање, а во средината на мај се одржаа големи протестни собири на опозицијата и владејачката партија, по што со паралелното течење на процесот на преговори со посредство на ЕУ на почетокот на јуни се потпиша таканаречениот Договор од Пржино, врз чија основа треба да се реши политичката криза преку враќање на опозицијата во Собранието, составување техничка влада со учество на опозицијата и организирање избори, чија подготовка сè уште е во тек. Во однос на вооружениот судир во Куманово, како и за протестите и процесот на преговори од Пржино, покрај официјалните изјави и известување од западните политичари и медиуми, истото тоа беше сторено и од руска страна, што јасно укажува на заинтересираноста и судирот на интереси на двете страни во геополитичкиот конфликт. Испреплетеноста и временското поклопување на политичката криза во Македонија, вклученоста и актуелноста на проектот за гасоводот „Турски тек“ и сериозните нарушувања на безбедноста во Кумановско, во Гошинце и во Дива Населба, дава доволна основа на претпоставките дека во коренот на безредијата во Македонија е (обидот за) геополитичкото приклонување кон овој гасовод (Perica, 2015), што значи дека Македонија директно се нашла вклучена како предмет на геополитичкиот судир на големите сили. Од геостратегиски аспект е мошне интересно просторното поклопување на појавувањето на случаите на нарушување на

безбедноста во Кумановскиот регион во чија непосредна близина е тромеѓето меѓу Македонија, Косово и Србија со значително албанско население, при што истовремено Кумановската и Прешевската Долина се единствениот и најповолен постор преку кој мора да минува трасата на гасоводот „Турски тек", за што тој воопшто претставува раскрсница на сета патна и енергетска инфраструктура што ги поврзува оските север – југ и исток – запад на Балканот. Географската положба и геостратегиската поставеност на Македонија во овие околности непосредно го покажува своето исклучително значење, од што пак произлегува и ранливоста по однос на безбедносните ризици и закани, односно можноста за дестабилизација.

## 3.2. СОСТОЈБИТЕ СО БЕГАЛСКО-МИГРАНТСКАТА КРИЗА ВО МАКЕДОНИЈА ВО 2015 ГОДИНА

Истовремено со текот на настаните во политичката криза и безбедносните нарушувања во 2015 година Република Македонија се соочи со најголемиот бран на мигранти и бегалци од боиштата во Сирија и на Блискиот Исток. Нелегалните минувања на мигранти преку територијата на Македонија на пат кон западноевропските земји се честа појава во изминатите десетина години, но разгоруувањето на блискоисточниот конфликт, односно војната во Сирија ја соочи Европа, а со тоа и Македонија со огромен бран бегалци и мигранти за чие справување беше неопходно вклучување на највисокиот државен врв и установите, а не изостана и нејзино вклучување и во актуелните дневнополитички збиднувања. Од септември 2014 година бројот на мигранти што на дневна основа влегуваа на територијата на државата почна нагло се зголемува, а во јули и август 2015 година кулминира, при што низ државата транзитираа вкупно 694.679 мигранти (Станковски, 2016). За овој период беше карактеристично зачестено нарушување на јавниот ред и мир што доведе до влошување на безбедносната состојба во населените места на јужната граница (Станковски, 2016). Поради ограничените капацитети на инволвираните институции, државата се соочи со состојба на која сè потешко можеше соодветно да одговори, поради што на 19 август 2015 година Владата на Република Македонија донесе Одлука за прогласување кризна состојба на подрачјето на јужната и северната државна граница, поради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Маке-

донија (Станковски, 2016). Со донесувањето на ваквата одлука, на јужната граница беше поставена жичена ограда во должина од 25 километри, која подоцна беше засилена со уште еден дополнителен ред, а на самата граница по 10 години од реформите и воведувањето на граничната полиција беа распоредени и припадници на војската како и полициски службеници од некои европски земји, како што се Австрија, Чешка, Унгарија, Словенија. Согласно со законските измени за азил и привремена заштита, од 18 јуни 2015 година до 31 декември 2015 година беа издадени вкупно 388.233 потврди на мигранти, од кои најмногубројни се државјаните на Сирија – 216.157 граѓани, Авганистан – 95.691 граѓани и Ирак – 54.944 граѓани, а како потврда дека Република Македонија се користи како транзитна земја укажуваат и податоците дека во текот на 2015 година се поднесени 1.578 барања за признавање право на азил (Станковски, 2016). Мошне голема забележителност претставува вклучувањето и поврзувањето на бегалската криза во политичките случувања. Имено, во мај и јуни свои акции и пункт за собирање донации за мигрантите имаше во рамките на официјалната програма на т.н. камп на слободата пред зградата на Владата во кој престојуваа поддржувачи на опозицијата, која, пак, оттаму објавуваше и снимки од прислушуваните разговори т.н. бомби. Новинари, политички аналитичари и коментатори во своите дневни написи ја споменуваа и ја употребуваа состојбата со мигрантите со цел да ја напаѓаат и да ја дискредитираат или да ја поддржуваат владејачката гарнитура во справувањето со оваа ситуација, политички определени т.н. левичарски движења организираа маршеви и хуманитарни акции за поддршка на мигрантите, а новинарски екипи известуваа со драматични снимки од центарот за азиланти во Гази Баба спроти муслиманскиот празник Рамазан, со јасна политичка конотација.

## 3.3. ИСКУСТВА НА МАКЕДОНИЈА СО ПРЕТХОДНИ БЕГАЛСКИ КРИЗИ

Од својата независност во 1991 година, Македонија во два наврата искуси прием на огромен број бегалци и справување со големи бегалски кризи предизвикани од војни во непосредното соседство. Ако се има предвид дека уште од 1991 година за време на безредијата во Албанија во Македонија нашле засолниште 1180 лица, потоа од 1992 до 1997 било обезбедено засолниште на бегалци

од Босна и Херцеговина, а во 1999 година Македонија се соочи со големата косовска бегалска криза, всушност, целото прво десетлетие од независноста како држава Македонија го поминала во заштита и прием на бегалци и справување со бегалски кризи. Во текот на 1992, па сè до 1997 година, Република Македонија им понуди заштита на бегалците од Босна и Херцеговина, при што околу 35.000 лица што бегаа од кризата во Босна беа сместени во 7 колективни центри во државата, додека дел од нив беа сместени по домаќинства (Стратегија за интеграција на бегалци и странци во Република Македонија 2008-2015, 2008: 8). Во периодот веднаш потоа, а имено за време на интервенцијата на НАТО врз СРЈ, која продуцираше етничко чистење на Косово, кое, пак, резултираше со „бегалска криза" од која околу 380.000 бегалци побараа засолниште на просторот на Македонија (Милески, 2005). Според податоците од Министерството за одбрана, во 1999 година од вкупно 379.523 бегалци во 8 кампа (Блаце, Радуша, Бојане, Стенковец 1 и 2, Нероштено, Сенокос и Чегране) беа згрижени 112.434, во семејства 154.989, други или нерегистрирани беа 20.000, додека во странство беа пренасочени 92.100 бегалци (Милески, 2005: 174). Имајќи предвид дека убедливото мнозинство од косовските бегалци беа Албанци, интересно е влијанието врз етничкиот состав на Македонија во времето на нивниот престој, кој според податоците на Министерството за одбрана на 15 јуни 1999 изнесувал 1.295.964, или 58,03 % Македонци и 728.527 или 32,62 % Албанци (Милески, 2005: 174). Доколку се споредат овие бројки со податоците од последниот вонредно спроведен попис пред бегалската криза, произлегува фактот дека Македонија примила бегалци во обем од 19,5 %, односно една петтина од вкупниот број на населението, при што бројот на Албанците се зголемил за 285.613, или за 1,6 пати, односно дополнителни цели 10 % од вкупното население. Со исклучок на сосема мали инциденти како изблици на незадоволство кај самите бегалци, во текот на целата бегалска криза воопшто не е регистрирано никакво нарушување на безбедносната состојба во Македонија, непосредно поврзано со присуството на бегалците. Со исклучок на подоцнежните нарушувања на безбедноста за време на воениот судир во 2001 година, кои неофицијално во некои извори се поврзуваат со бегалската криза, Република Македонија, и покрај огромниот товар од еко-

номски, безбедносен и политички аспект со големиот број примени бегалци, исклучително успешно се справи со бегалската криза.

## ЗАКЛУЧОК

Од изнесеното во оваа кратко истражување може да се заклучи дека геополитичката положба на Македонија во актуелниот миг на бегалската и мигрантска криза може да се определи и да се оцени како ранлива точка на поширокиот појас на кршливост на Балканот, кој истовремено и самиот геополитички и геостратегиски претставува појас или подрачје на кршливост на глобалната политичка карта во рамките на Европа. Имено, Балканот и Македонија во голема мера ги исполнуваат одликите и условите, односно со својата положба и внатрешни состојби како и меѓудржавни односи соодветствуваат на дефиницијата на геополитичкиот концепт за „појас на кршливост" – *shatter belt*, а во условите на актуелната мигрантска и бегалска криза Балканот и Македонија со својата стратегиски значајна местоположба на т.н. балканска мигрантска рута соодветствуваат и на геополитичкиот концепт на „влезна порта" – *gateway states and regions*. Вклученоста на Македонија како предмет во глобалниот и геополитичкиот судир врз основа на геостратегиското значење на местоположбата ја потврдува нејзината ранливост и препознатливост како нестабилно, односно кршливо подрачје. Состојбите во текот на 2015 година што вклучуваа сериозна политичка криза со скандалот со прислушуваните разговори и преговорите со значајни промени и влијание на политичката и правната сцена и систем, како и сериозни нарушувања на безбедноста со настаните, како инцидентот во Гошинце и вооружениот судир во Куманово во кои животот го загубија повеќе од 18 лица, како и случувањата со гасоводот „Турски тек", а во кои отворено со своите ставови беа вклучени и замешани двете најголеми светски сили и геополитички играчи САД со западните сојузници од ЕУ и НАТО, од една страна, и Русија, од друга страна, несомнено, во целост ја потврдува положбата на Македонија како стратегиски важно ориентирано подрачје што има длабока внатрешна поделеност и е опфатено во натпреварувањето меѓу големите сили во геостратегиските области и сфери, што всушност е и дефиницијата на геополитичкиот концепт за појас на кршливост – *shatter belt*. Истовремено, во текот на 2015 година Македонија беше соочена со огромен бран и наплив на мигранти и

бегалци од блискоисточните боишта и поширокиот регион на Северна Африка и Азија, при што е прогласена кризна состојба на двете граници со што Македонија досега исклучително успешно се справува со овие состојби, без речиси никакви инциденти и нарушувања на безбедноста, стабилноста и благосостојбата на граѓаните, и покрај сериозниот економски товар на ваквата ситуација. Изминатите две десетлетија од независноста Македонија се соочила и сосема успешно се справила со неколку бегалски кризи, од кои убедливо најголема со обем од 20 % од населението и особена специфичност поради народната припадност на бегалците и географската близина била косовската криза. Геополитичката состојба и геостратегиската положба и поставеност на Македонија како ранлива точка во нестабилно подрачје – појас на кршливост во услови на бегалската и мигрантска криза, што првпат се случува како ситуација во актуелниот миг, наметнуваат особено зголемена внимателност и следење на состојбите за поцелисходно справување со најмали можни негативни последици. Позитивните искуства од справување со бегалски кризи, и покрај ранливоста поради внатрешните состојби и геополитичката и геострагегиската поставеност како влезна порта во рамките на појасот на кршливост, упатуваат дека Македонија може успешно да се соочува и да ги надминува ваквите предизвици.

## БИБЛИОГРАФИЈА


Batelli, R. (2015, March 13). *In Republic of Macedonia, broad political dialogue and accountability are essential*. Retrieved from OSCE Parliamentary Assembly: http://www.oscepa.org/news-a-media/press-releases/2145-in-former-yugoslav-republic-of-macedonia-broad-political-dialogue-and-accountability-are-essential-says-osce-pa-s-battelli

Cohen, S. (2003). *Geopolitics of the World System.* Rowman & Littlefield Publishers.

Cohen, S. (2009, November). Great powers, shatterbelts, gateways, geostrategic regions. (L. van Efferink, Interviewer)

Diehl, P. F. (1991). Geography and war: a review and assessment of the empirical literature. *International interactions*, 11-27.

Gosar, A. (2000, October vol. 52, 2). The Shatter Belt and the European Core - A Geopolitical Discussion on the Untypical Case of Slovenia. *GeoJournal*, pp. 107-117.

Hensel, P. R., & Diehl, P. F. (1994). Testing empirical propositions about shatterbelts, 1945-1976. *Political Geography (13, 1)*, 33-52.

Kerry, J. (2015, February 25). *John Kerry: Macedonia on the line of fire between Washington and Moscow*. Retrieved from Република:

http://english.republika.mk/john-kerry-macedonia-on-the-line-of-fire-between-washington-and-moscow/

Perica, S. (2015, May 20). *U korijenu makedonske pobune Putin-Erdoganov plinovod?* Retrieved from Večernji list:

http://www.vecernji.hr/svijet/u-korijenu-makedonske-pobune-putin-erdoganov-plinovod-1006389

*UN 'disturbed' at alleged rights abuses by politicians in former Yugoslav Republic of Macedonia*. (2015, March 17). Retrieved from UN News Centre:
http://www.un.org/apps/news/story.asp?NewsID=50351#.VuFmM1QrLIV

Блажевска, К. (3 февруари 2015). *Македонскиот „Пуч" во руски „боршч"*. Retrieved from Deutche Welle:

Милески, Т. (2005). *Македонија: рубикова коцка на Балканот.* Скопје: Филозофски факултет.

*Нетпрес*. (19 февруари 2015). Retrieved from Путин потврди: „Турски тек" дефинитивно ќе минува низ Македонија:

http://netpress.com.mk/putin-potvrdi-turski-tek-definitivno-kje-minuva-niz-makedonija/

Нова Македонија, е. н. (13 мај 2015). *Македонија во срцето на гасоводната битка*. Retrieved from Нова Македонија:

http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=51315920313&id=9&prilog=0&setIzdanie=23466

Самарџиски, А. А. (11 мај 2015). *Терористичката група целосно разбиена*. Retrieved from Нова Македонија:

http://novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=51115957106&id=9&prilog=0&setIzdanie=23464

Србиновски, А., Димитриевски, Т. (22 април 2015). *Нова Македонија*. Retrieved from Гошинце повторно цел на терористички напад: http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=42215937477&id=9&setIzdanie=23450

Станковски, Т. (2016). Кризна состојба поради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Македонија. *Геополитичката и геостратегиската положба на Република Македонија во услови на бегалската и мигрантска криза.* Скопје: МАНУ.

(2008). *Стратегија за интеграција на бегалци и странци во Република Македонија 2008 – 2015.* Скопје: Министерство за труд и социјална политика.

„Утрински весник“ (8 април 2015). Retrieved from Пет земји дадоа зелено светло за „Турски поток“:

http://www.utrinski.mk/default.asp?ItemID=4AA46F66EBDD7E4F9CB16AC41148EF55

Шаревски, М. (2014). *The Balkans after 1991 through the prism of Geopolitics.* Prague: Charles University (магистерска теза).

Велевски М. (20 април 2015). Македонија е пред голем геополитички предизвик (интервју со Марио Шаревски).

# 3. ВЛИЈАНИЕ НА БЕГАЛСКАТА КРИЗА ВРЗ АКТУЕЛНИТЕ БЕЗБЕДНОСНИ, ПОЛИТИЧКИ И ЕКОНОМСКИ СОСТОЈБИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Горанчо Котески,**
**генерал потполковник**

## ВЛИЈАНИЕ НА МИГРАНТСКО-БЕГАЛСКАТА КРИЗА ВРЗ СОСТОЈБАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Gorancho Koteski,**
**General colonel**

## IMPACT OF THE MIGRANT-REFUGEE CRISIS ON THE SITUATION IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

### ABSTRACT

The migrant and refugee crisis which is a result of the military operations in the Middle East and in some African countries, affected the Republic of Macedonia as well. Based on the newly developed situation and in order to reduce the negative security and political effects of the crisis to the society, the Government of the Republic of Macedonia declared a state of crisis on August 19, 2015. After declaring the state of crisis, the competent institutions took measures and activities in line with the Law on crisis management. Those measures helped to stabilize the situation and to avoid the impacts of a higher degree of jeopardizing the political and security situation in the country. Center for Crisis Management, Ministry of Interior and the Army of the Republic of Macedonia have a special merit in dealing with the migrant and refugee crisis but the contribution of all other governmental institutions and NGOs, which are facing with the problems of refugees on a daily basis, should also not be forgotten.

### ВОВЕД

Мигрантско-бегалската криза како последица на воените операции во земјите на Блискиот Исток и земјите од Африка ја зафати и Република Македонија.

Врз база на новонастанатата ситуација, а со цел намалување на негативните ефекти врз општеството на политички и на безбедносен план, Владата на Република Македонија на 19 август 2015 год. Прогласи кризна состојба. По прогласувањето кризна состојба, надлежните институции презедоа мерки и активности во согласност со Законот за управување со кризи. Овие мерки придонесоа да се стабилизира состојбата и да се избегнат ризици од повисок степен на загрозување на политичко-безбедносната состојба во нашата земја. Особена заслуга во справување со мигрантско-бегалската криза имаат МВР, АРМ и ЦУК, но не треба, исто така, да се заборави придонесот на сите други служби, владини и невладини организации што секојдневно се соочуваат со проблемите на бегалците.

## ГЛАВЕН ДЕЛ

Бегалската криза е производ на долгогодишната војна во Сирија, како и војните, безредијата и случувањата во земјите опфатени со т.н. Арапска пролет каде што учествуваат многу завојувани страни со различни интереси и цели каде што централно место заземаат интересите на големите сили.

Од страна на публицистот Роберт Кенеди, еден од роднините на поранешниот претседател на САД Џон Кенеди, се наведува дека една од главните причини за војната против Сирија и претседателот Башар Асад не започнала во 2011 година со мирните протести на Арапската пролет, туку таа започнала во 2000 година кога Катар предложил изградба на гасовод вреден 10 милијарди долари и кој би поминувал кон Европа низ Саудиска Арабија, Јордан, Сирија и Турција. Со овој гасовод би се стекнала голема предност на светскиот пазар во обезбедување гас од страна на Катар, каде што Американците имаат изградено две големи американски бази и Централната командна база на САД за Блискиот Исток.

На оваа иницијатива за изградба на претходно споменатиот гасовод се спротивставил сирискиот претседател Асад, кој одбил да ја потпише согласноста.

Претседателот Асад се определил за изградба на друг гасовод што би поминувал од Иран за Либан преку ирачка и сириска територија, со што главен извозник за гас во Европа би станал шиит-

скиот предводник Иран, а не Катар. Изградбата на овој гасовод бил во интерес на Русија, а спротивен на интересите на САД.

Резултат на оваа бегалска криза или софистицирана преселба на народите се милиони мигранти што мораат да ја напуштат својата територија, да ги напуштат своите домови и да бараат спас во некои од земјите на Западна Европа.

До влошување на ситуацијата и различен третман со бегалците од страна на европските земји настана особено по изведувањето на терористичките напади во Париз и во други европски земји, при што дојде до изедначување на бегалците со терористите.

Факт е дека бегалската криза ја зафати Република Македонија како земја од балканската рута и за очекување беше мигрантите да го користат овој геостратегиски правец за транзитирање, бидејќи е најбрз, најбезбеден и најевтин за пристигнување на мигрантите до крајните дестинации во Западна Европа.

Но, исто така, е факт дека Република Македонија не беше крајна дестинација, туку транзитна земја за бегалците. Тоа дека сме транзитна земја и не сме крајна дестинација за мигрантите е потврдено со политичка позиција и став дека во Република Македонија може да транзитираат и да се обезбедат сместувачки капацитети за околу 2.000 мигранти.

Врз база на процените на надлежните институции и служби, Владата на Република Македонија прогласи кризна состојба на 19 август 2015 година. Во согласност со Законот за управување со кризи во Република Македонија, Владата на Република Македонија достави предлог до претседателот на Република Македонија за ангажирање на АРМ со цел да ѝ се помогне на полицијата во справување со мигрантите и заштита на јужната и на северната граница. Ангажирањето на АРМ е врз Одлука на претседателот на Република Македонија, а во согласност со Законот за управување со кризи. Одлуката беше изработена од ГШ на АРМ според законските одредби, правила и упатствата за употреба на АРМ.

Поаѓајќи од одредбите во Законот за управување со кризи, Армијата може да учествува со дел од своите сили во случај на кризна состојба. Армијата на Република Македонија во кризна состојба ѝ дава поддршка на полицијата во согласност со Упатството за начинот и учество на дел од Армијата на Република Македонија во

кризна состојба одобрено од страна на претседателот на Република Македонија и Упатството за оперативни и други постапки на Армијата во поддршка на полицијата, одобрено од министерот за одбрана и од министерот за внатрешни работи.

Може да се истакне дека во досегашниот период нашите безбедносни сили и други служби вклучени во мигрантско-бегалската криза успешно се справуваат со настанатата ситуација. АРМ беше првенствено ангажирана во контрола на граничната линија со Република Грција на осетливи подрачја, особено на граничните премини во Гевгелија, Дојран и Битола.

Армијата, исто така, беше ангажирана во контрола на определени правци, изработка на жичена ограда, спречување на илегални преминувања и други активности од хуман и безбедносен карактер. Исто така, не треба да се испушти од вид и несебичното и успешно ангажирање на владини и невладини организации во третманот на бегалците.

Евидентно е дека мигрантската криза влијаеше врз политичко-безбедносната состојба во Република Македонија создавајќи одреден страв кај нашите институции и граѓани.

Стравот во врска со последиците од оваа бегалска криза произлегува од нашите претходни негативни искуства со бегалците што беа последица на случувањата во поранешна Југославија, особено на случувањата во Косово и БиХ кога Република Македонија беше преплавена со илјадници бегалци. Покрај негативните искуства, потребно е да се имаат предвид и следниве факти:

- Република Македонија е мала земја со одредена економска моќ и политичка стабилност.

- Не сме членка на Европската Унија, а граничиме од јужна страна со земја членка на ЕУ, а од северна страна со земји што не се членки на ЕУ. Во оваа ситуација Република Македонија од една страна треба да ги почитува меѓународните повелби во однос на бегалците и одредени принципи и заклучоци на ЕУ, а од друга страна, треба да го заштити својот територијален интегритет и суверенитет. Потребно е да истакнеме дека во досегашниот период ние како земја максимално ги почитуваме хуманитарните принципи и принципите и начелата усвоени од ЕУ.

- Во текот на бегалската криза постоеше недоволна координација и неусогласени ставови меѓу земјите на ЕУ и земјите што не се членки на ЕУ. Оваа неусогласеност особено се однесуваше во однос на бројот на мигранти што требаше да биде прифатен од секоја земја членка на ЕУ, како и еднаков пристап и третман кон бегалците во сите земји што се наоѓаа на рутата на нивната миграција.

- Република Македонија и Република Грција не изнајдоа најсоодветно решение за координација во однос на прифаќањето и транзитирањето на бегалците. Република Грција покажуваше недоволна заинтересираност за соработка.

Во текот на бегалската криза, како другите земји, така и Република Македонија преземаше мерки и активности за заштита на својтата територија од неконтролиран влез на мигранти. Овде мора и треба да се има предвид дека во Гевгелија транзитот на мигрантите не беше на граничниот премин, туку имавме илегално транзитирање и преминување на нелегален премин (Камен 59).

Меѓу преземените мерки од страна на АРМ и полицијата беше поставувањето на жичената ограда и прифат на полицајци од другите земји на ЕУ. Со преземање на овие мерки во јавноста се поставувани прашањата за потребата и оправданоста од подигнување на оградата на јужната граница и прифаќање на полицајци од други земји на ЕУ.

Ако се анализира преземањето на овие мерки, тогаш може да се дојде до заклучок дека од политички аспект можеби не е добро во 21 век да се оградуваме со жичена ограда, меѓутоа оградата не е подигната со цел целосно да се затвори јужната граница, туку таа беше подигната како фортификациска пречка со цел да се канализира и подобро да се контролираат влезот и протокот на мигранти во и низ Република Македонија.

Доаѓањето и вклучувањето на полицијата од други земји од ЕУ, со цел помош на нашата полиција, е позитивен чекор бидејќи тие можеа одблизу да набљудуваат, да ги следат мерките и активностите што се преземаат и според тоа да ги известуваат своите земји за состојбата на нашата граница.

Како неконтролираниот влез на мигранти на територијата на Република Македонија би се одразил и какви последици би имало на

политичко-безбедносната состојба во нашата земја ќе се илустрира со следниов пример:

Ако се направи одредена анализа и симулација со претпоставка дека во Република Македонија, влегле 15.000 мигранти и престојуваа на наша територија 10-15 дена, без разлика дали мигрантите влезот го оствариле легално или илегално(по насилен пат или со премин на нелегални премини) на нашата територија, како последица во Република Македонија би имале нарушување на политичката, безбедносната и економската состојба од следниве причини:

- На политички план би можело да дојде до одредени политички „препукувања“ на одредени политички субјекти во земјата со цел собирање политички поени. Исто така, за очекување е да се добијат покрај позитивните поени, и одредени негативни ставови од меѓународната заедница околу третманот на бегалците или хуманиот пристап.

Не е исклучено, исто така, да дојде до спротивставени ставови и на религиозен план.

На безбедносен план може да дојде до нарушување на безбедносната состојба, особено ако знаеме дека меѓу мигрантите има лица што учествувале во борбените дејства, џихадисти и терористи, при што дополнително би се искомплицирала состојбата во населените места и би се појавиле страв и несигурност кај населението.

Можна е појава на одредени заразни болести и нивно пренесување врз населението во Република Македонија.

Исто така, би се зголемил бројот на шверцување на мигрантите, со цел премин на границата и постигнување на крајната цел.

На економски план земјата би се исцрпела во голема мера ако знаеме дека е потребно да се обезбедат основни прехранбени продукти, сместувачки капацитети, здравствена заштита и други потреби. Ова економско исцрпување е уште поголемо ако знаеме дека во досегашниот период немаме добиено доволно финансиска помош од ЕУ.

## ЗАКЛУЧОК

Во својот однос кон бегалците и врз база на досегашните искуства, Република Македонија во досегашниот период се при-

државала и се придржува кон своите меѓународни обврски, ставови и принципи на ЕУ, водејќи сметка и за сопствените национални интереси. Република Македонија успешно се справува со настанатата криза и тоа се должи најмногу на навременото и правилно ангажирање на институциите во Република Македонија. Овде посебно е потребно да се истакнат активностите преземени од претседателот на Република Македонија во однос на координирање на надлежните институции за прашање на мигрантско-бегалската криза.

Како држава имавме правилен хуманитарен третман кон мигрантите, ако се исклучат индивидуални постапки на наши граѓани околу продавање на одредени продукти, превоз, сметување итн.

Во однос на мигрантската криза и правилното менаџирање со неа, во натамошниот период меѓу другото е потребно да се преземат следниве мерки:

- Координација меѓу сите институции во Република Македонија, со цел контрола на ситуацијата и исполнување на обврските во смисла на обезбедување основни услови за прифат и транзитирање на мигрантите.

- Полицијата и АРМ да останат на граница со број на припадници што гарантира контрола на правците и заштита од илегални преминувања, како и насилен влез во Република Македонија.

- Да се следат ставовите и решенијата на ЕУ и да се применуваат, но исто така Република Македонија да учествува во креирање на политиката и одлуките што се однесуваат на мигрантско-бегалската криза.

- Да се влијае преку меѓународните институции и организации на прекинување на борбените дејства и операции во Сирија и другите земји од каде што потекнуваат мигрантите.

- Имајќи предвид дека асиметричните закани бараат сеопфатен пристап и вклучување на сите актери и држави, да се искористи можноста и да се истакнат неопходноста и значењето за вклучување на Република Македонија во евроатланските структури како клучно прашање не само за стабилноста на Република Македонија туку и за стабилноста и развојот на Балканот и Европа.

**Тони Станковски**[2]
Министерство за внатрешни работи

# КРИЗНА СОСТОЈБА ПОРАДИ ЗГОЛЕМЕН ОБЕМ НА ВЛЕЗ И ТРАНЗИТИРАЊЕ НА МИГРАНТИ НИЗ ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Toni Stankovski**[1]
Ministry of Interior

# STATE OF EMERGENCY DUE TO THE INCREASED PROPORTION OF ENTRANCE AND TRANSITING OF MIGRANTS THROUGH THE TERRITORY OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

## ABSTRACT

Crises know no borders, they frequently arise on the territory of two or more neighboring countries, thus endangering the well-being, health and life of the people, the continued existence of populated areas, even of regions from several neighboring countries. The Republic of Macedonia due to its geo-strategic position is a transiting route for the illegal migrants, who driven by safety and economical reasons are making efforts from the countries of the Middle East and Africa to immigrate to some of the Western European countries. In the months of July and August 2015 there was a drastic increase of the number of migrants entering and transiting through our country, which increased the concerns in terms of safety and humanitarian treatment. The large

---

[2] Помошник-директор на Единица за стратешко планирање, стандарди и контрола на квалитет, Министерство за внатрешни работи, ул. „Димче Мирчев“, бр. 9., Скопје, Република Македонија, stankovskitoni@yahoo.com

[1] Assistant Director of the Strategic Planning, Standards and Quality Control Unit, Ministry of Interior, 9 Dimche Mirchev street, Skopje, Republic of Macedonia, stankovskitoni@yahoo.com

influx of migrants caused more frequent disruption of public peace and order and deterioration of the safety situation in the populated areas, mostly on the southern border. It was a period when the state was faced with a situation which became an increasing challenge for the state's response – it proved necessity to achieve a controlled entrance of migrants on one hand, all the while offering them adequate protection in accordance with international conventions and to provide protection of citizens' property and maintain a stable public peace and order on the other hand. In order to cope with the newly arisen state-of-play, the Government of the Republic of Macedonia in August of 2015 declared a state of emergency on the southern and northern border due to increased proportion of entrance and transiting of migrants through the territory of the Republic of Macedonia.

In this paper, the author shall elaborate on the general aspects of refugee crisis, as seen from the aspect of acting of police in all stages of coping with the state of emergency, starting from monitoring the situation, collection of data, grading and appraisal of data, taking precautionary activities, early warning, management and cooperation and coordination of the Police with the remaining Subjects in the crisis management system.

Keywords: state of emergency, police, coordination, cooperation, migrants etc.

## ВОВЕД

За успешно справување со кризните состојби што неретко се појавуваат на територијата на две или повеќе соседни земји, потребно е ангажирање на сите субјекти во Системот за управување со кризи. Ангажманот на субјектите во Системот за управување со кризи подразбира преземање соодветни мерки и активности насочени кон следење на состојбата, прибирање податоци, оцена и процена на податоците, преземање превентивни активности, рано предупредување и справување со веќе настаната кризна состојба. За успешно спроведување на овие активности, од исклучително значење се соработката и ефективната координација меѓу полицијата и другите субјекти во Системот за управување со кризи.

Поради својата геостратегиска положба, Република Македонија претставува транзитна рута за илегалните мигранти, кои од земјите од Блискиот Исток и Африка се обидуваат да заминат во некоја од западноевропските земји, мотивирани од безбедносни и

економски причини. На оваа рута мигрантите обидувајќи се да стигнат до посакуваната дестинација се соочуваат со најразлични проблеми, како од безбедносен, така и од хуманитарен аспект. Но исто така и државите низ кои минуваат ги имаат истите предизвици, од една страна да обезбедат контролиран влез на територијата на државата и да ги заштитат правата на мигрантите согласно со меѓународните договори, и од друга страна, да го заштитат имотот на граѓаните и да обезбедат поволен јавен ред и мир во населените места каде што минуваат мигрантите. Ова се всушност основните задачи на полицијата на која за успешно спроведување во услови на кризна состојба ѝ се потребни добро обучени кадри, современа опрема и материјално-технички средства и соодветна правна регулатива.

Иако транзитирањето на мигрантите низ територијата на Република Македонија започна пред неколку години, од септември 2014 година бројот на мигранти што на дневна основа влегуваа на територијата на државата почна нагло да се зголемува, а во јули и август 2015 година кулминираше при што низ државата транзитираа вкупно 694.679 мигранти, а ваквиот тренд на зголемен број мигранти продолжи и во првите месеци од 2016 година. Со зголемениот број мигранти што влегуваа на територијата на државата се зголемија и проблемите, и тоа како од безбедносен, така и од хуманитарен карактер. За овој период карактеристично беше зачестено нарушување на јавниот ред и мир што доведе до влошување на безбедносната состојба во населените места на јужната граница. Поради ограничените капацитети на инволвираните институции, државата се соочи со состојба на која сè потешко можеше соодветно да одговори, поради што на 19 август 2015 година Владата на Република Македонија донесе Одлука за прогласување кризна состојба на подрачјето на јужната и северната државна граница, поради зголемен обем на влез и транзитирање мигранти низ територијата на Република Македонија.

Согласно со законските измени за азил и привремена заштита, од 18 јуни 2015 година до 31 декември 2015 година беа издадени вкупно 388.233 потврди на мигранти, додека од 1 јануари до 23 февруари 2016 година беа издадени потврди на вкупно 86.462 мигранти за искажана намера за признавање право на азил.

Како потврда дека Република Македонија се користи како транзитна земја укажуваат и податоците дека во текот на 2015 година се поднесени 1.578 барања за признавање право на азил, а до

23 февруари 2016 година барање за признавање право на азил поднеле 21 лице (14 од Сирија и седум од Авганистан).

## КООРДИНАЦИЈА И СОРАБОТКА НА СУБЈЕКТИТЕ ВО СИСТЕМОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

Координацијата како поим означува усогласување на дејствувањето на два или повеќе учесници во еден процес, односно усогласување и насочување на интеракцијата меѓу елементите на некој систем со цел остварување на поставените или усвоени цели (Стевановиќ, 2003: 202). Еден од важните предуслови за одржување ефикасен систем за гранична безбедност е и континуираната соработка како со домашните надлежни органи (субјектите во Системот за управување со кризи), така и со странските гранични служби и меѓународните организации и институции што го третираат прашањето на граничното управување.

Со цел успешно справување со мигрантската криза од страна на Министерството за внатрешни работи во координација со другите субјекти во Системот за управување со кризи беа преземени низа координирани мерки и активности, за чие спроведување беше неопходно ангажирање на севкупните човечки ресурси и материјално-технички средства со кои располагаат субјектите во Системот за управување со кризи. Во рамките на овие активности беа формирани меѓуресорски тела, меѓу кои Работна група на министерско ниво и Оперативно тело за справување со зголемен број мигранти, а согласно со Законот за управување со кризи беше активиран Главниот штаб во Центарот за управување со кризи, Групата за процена и Управувачки комитет. Со цел планско постапување на надлежните институции за справувањето со илегалната миграција, изготвен е Акциски план и План за одговор во случај на масовен прилив на мигранти.

Имајќи предвид дека во текот на 2015 година низ нашата држава транзитирале вкупно 694.679 мигранти, соработката и координираното постапување на полицијата со другите субјекти во Системот за управување со кризи е од непроценливо значење и во голема мера влијае врз успешноста во организирањето на непречениот и безбеден проток на мигрантите низ територијата на државата. И покрај огромниот прилив на мигранти на границата со Република Грција, недостигот на техничка опрема за регистрација, персонал и време, Министерството за внатрешни работи издаде

потврди за искажана намера за поднесување барање за право на азил на вкупно 388.233 странски државјани, од кои најмногубројни се државјаните на Сирија – 216.157 граѓани, Авганистан – 95.691 граѓанин и Ирак – 54.944 граѓани. Според структурата на лицата на кои им е издадена потврда за искажана намера за поднесување барање за признавање право на азил лица од машки пол се 208.914, женски 65.893, додека другите 113.426 се деца (МВСР, 2016).

## Мерки и активности за справување со настанатата кризна состојба

Министерството за внатрешни работи во соработка со другите субјекти во Системот за управување со кризи континуирано презема низа мерки и активности во делот на следење на безбедносната состојба, прибирање податоци и информации и нивна оцена и процена. За успешно справување со настанатата кризна состојба беа преземени следните мерки и активности: 1. Измени во Законот за азил и привремена заштита, 2. Прогласена кризна состојба, 3. Селективен пристап во пропуштањето на мигрантите, 4. Ограничување на протокот на мигранти, 5. Определување крајна дестинација на мигрантите, 6. Влез и транзитирање само на мигранти што доаѓаат од загрозени подрачја, 7. Унифициран образец за регистрација на мигрантите и 8. Вклучување странски полициски служби.

*1. Измени во Законот за азил и привремена заштита* – На 18 јуни 2015 година се донесени измени со кои на мигрантите им се овозможи легално и организирано да транзитираат низ државата со издавање потврда за искажана намера за признавање право на азил, при што тие во рок од 72 часа треба да поднесат барање за признавање право на азил или да ја напуштат државата. Врз основа на оваа мерка, заради регистрација и укажување хуманитарна и медицинска помош на мигрантите, отворени се два привремени транзитни центра на јужната граница „Винојуг“ во Гевгелија и на северната граница Табановце во Куманово, со вкупен капацитет од 2.000 места. Оваа мерка придонесе да се намали активноста на криминалните групи и поединци што вршеа кривични дела „шверцување мигранти“.

*2. Прогласена кризна состојба* – Согласно со процените и енормно зголемениот прилив на мигранти на влез и транзит низ територијата на Република Македонија, на 19 август 2015 година е донесена Одлука за прогласување кризна состојба на подрачјето на јужната и северната државна граница. За таа цел е активиран Систе-

мот за управување со кризи во кој партиципираат претставници од различни институции што имаат свои надлежности, а кои го сочинуваат: Управувачки комитет, Група за процена и Главниот штаб. Оваа мерка овозможи покрај ресурсите на МВР во справувањето со миграциската криза да се користат и ресурсите на други државни институции, пред сѐ, Армијата на Република Македонија, Дирекција за заштита и спасување и др.

*3. Селективен пристап во пропуштањето на мигрантите* – Покрај постојните мерки што произлегоа од клучните национални одлуки – веднаш се имплементираа и дополнителни мерки што произлегоа како резултат на одлуките и политиките на другите држави на таканаречената „Западнобалканска рута“. По добиено известување од Република Хрватска и Србија, дека на влез во нивните држави нема да бидат пропуштани мигранти што не доаѓаат од земји зафатени од вооружени конфликти, започнувајќи од 19 ноември 2015 година, на влез од Република Грција во Република Македонија се пропуштаат само мигранти од Сирија, Авганистан и Ирак. Со започнување на мерката на селективен пристап на вкупно 216.278 мигранти им се издадени потврди за искажана намера за признавање право на азил (МВР, 2016).

Графички приказ на издадени потврди за искажана намера за поднесување право на азил:




Мерката на селективниот пристап од една страна, влијаеше врз намалување на бројот на мигранти што транзитираат низ државата, но од друга страна, инициреше зголемување на илегалните преминувања на јужната граница на лицата на кои не им се дозволуваше влез и повторно активирање на поединците и криминалните групи за нивно шверцување низ територијата на Република Македонија. Во овој период, или поточно од 19 ноември 2015 година до 23 февруари 2016 година, регистрирани се вкупно 60 случаи во кои е спречено шверцување на 539 мигранти. Најголемиот дел, или околу

65 % од случаите се откриени на локации што се наоѓаат во југоисточниот дел од Македонија или во непосредна близина на јужната граница со Грција.

Исто така, од воведувањето на селективниот пристап од 19 ноември до 31 декември 2015 година од категоријата економски мигранти на кои не им е дозволен влез во Република Македонија од страна на полициските службеници на територијата на Република Грција се вратени вкупно 9.422 економски мигранти (МВР, 2016).

Истовремено, ваквата мерка предизвика и појава на употреба на фалсификувани грчки потврди, како и патни исправи и лични карти од земјите на кои им е дозволен влез, поради што од овие причини беа вратени 17.668 мигранти. Со оваа мерка повторно се појави потребата од задржување на поголем број мигранти во Прифатниот центар за странци – Гази Баба во Скопје.

Покрај ова, со оваа мерка се намали дневниот проток на мигранти и придонесе за издвојување на лицата на кои им е потребна хуманитарна помош од другите мигранти и нивна 100% регистрација.

*4. Ограничување на протокот на мигранти* – По добиени известувања и одржани работни средби со претставници на Република Србија и Грција за одредување дневен проток на мигранти и изготвување листа на мигранти, од 11 јануари 2016 година започна да се имплементира мерката – ограничување на протокот на мигранти до 3.000 лица дневно. Изготвувањето листа на мигранти е времено одложено во договор со Република Србија до започнување на транзитот на мигрантите со возови до кампот во Прешево. Во периодот од 11 јануари до 23 февруари 2016 година, во просек дневно низ нашата држава транзитираа половина од максимално дозволената дневна квота, или околу 1.500 мигранти.

*5. Определување крајна дестинација на мигрантите* – По претходно известување од Република Србија дека на влез во нивната држава нема да бидат пропуштени мигранти што во потврдата немаат јасно наведена крајна дестинација, од 21 јануари 2016 година од Република Грција се пропуштаат само мигранти од земји зафатени од воени конфликти што во потврдите за регистрација јасно ги имаат наведено Германија или Австрија како крајна дестинација. Оваа измена бараше дополнување на образецот на потврдата за што од технички аспект беше потребно време за спроведување, што пак предизвика застој на пропуштањето на мигрантите во траење од

повеќе часа. Со оваа мерка дополнително се забави протокот на мигранти на дневна основа.

*6. Влез и транзитирање само на мигранти што доаѓаат од загрозени подрачја* – Мерките што се применуваат од 19 февруари 2016 година се произлезени од последниот состанок на директорите на полициите на Австрија, Словенија, Хрватска, Србија и Македонија, кој се одржа на 18 февруари 2016 година во Загреб, Република Хрватска. Мерките се донесени со цел да се подобри соработката и управувањето со миграциските движења, а се однесуваат на тоа дека влез во Република Македонија и транзитирање во должина на рутата до крајната дестинација ќе се дозволува само на мигранти што доаѓаат од загрозени подрачја и на кои им е потребна меѓународна заштита. Како такви подрачја се дефинирани Сирија, Авганистан и Ирак, а лицата покрај поседување документ за регистрација издаден од грчките власти, потребно е и да го докажат своето државјанство во текот на интервјуто со приложување патни документи или со познавање на јазикот, со копии или скенирани други документи. Притоа, утврдени се и заеднички критериуми што ќе се проверуваат при регистрација на мигрантите, и тоа:

- Веродостојност на изјавата и автентичност на документите;
- Околностите под кои лицето ја напуштило државата (на пример: бегството од војна е прифатлива причина, додека студирање, подобри услови за живот, избегнување финансиски и воени обврски, лични несогласувања нема да се сметаат за валидни причини за барање меѓународна заштита);
- Подолг престој во трета безбедносно сигурна земја нема да биде причина за барање меѓународна заштита; (на пример, државјани на Авганистан што подолго време престојувале во Турција или Иран).

*7. Унифициран образец за регистрација на мигрантите* – Заради стандардизирање на регистрацијата на мигрантите од 19 февруари 2016 година, започна да се користи унифицирани образец за регистрација што им се издава на мигрантите на влез во Република Македонија, по претходно извршени проверки и профилирање, согласно со претходно наведените критериуми, а потоа другите полициски органи на државите во должина на рутата само ќе му ставаат свој печат на образецот. Во целиот процес учествуваат и странските полициски службеници распоредени на македонско-грчката граница. Во овој период не се вметнува фотографија на носите-

лот, но како привремено решение прифатено од другите земји во должина на рутата задолжително е во прилог на образецот да е прикачен грчкиот регистрациски документ штто има фотографија од носителот.

*8. Вклучување на странски полициски служби* – Во справувањето со миграциските предизвици на македонско-грчката граница, значителен е придонесот на странските полициски служби што учествуваат во заеднички гранични операции што се реализираат од 21 декември 2015 година, при што во моментот се присутни полициски службеници од Република Австрија, Република Словенија, Република Словачка, Република Хрватска, Република Србија и Република Чешка. Значајно е тоа што сите поканети држави позитивно одговорија, врз основа на што беше изготвен анекс на Оперативниот план, согласно со кој во периодот од 21 до 31 декември 2015 година беа реализирани мешани патроли со полициски службеници од Србија и Хрватска. Силната поддршка при заедничко справување со оваа закана за Балканот и Европа, како и моралната поддршка за начинот на кој Република Македонија се справува со овој проблем овозможија постигнување на позитивни оперативни резултати во делот на спречувањето на шверцот со мигранти, во прифат и профилирање на мигранти, како и во откривањето случаи на употреба на фалсификувани документи и сл.

## РЕГИСТРИРАНИ НАРУШУВАЊА НА ЈАВНИОТ РЕД И МИР И КРИВИЧНИ ДЕЛА ПОВРЗАНИ СО МИГРАНТИТЕ

### Регистрирани нарушувања на јавниот ред и мир

Нарушувањата на јавниот ред и мир меѓу мигрантите се регистрирани во повеќе наврати од почетокот на бегалската криза. По активирање на мерката на селективен пристап, на 28 ноември 2015 година е регистриран граничен инцидент при спроведување на одлуката за поставување заштитна жичена ограда на државната граница од македонска страна, што предизвика незадоволство кај големиот број економски мигранти на кои не им е дозволен влез во Република Македонија, а се наоѓаат на грчка територија. Притоа мигрантите извршија каменување на припадниците на полицијата и армијата, кои вршат обезбедување на државната граница, при што беа повредени повеќе припадници на безбедносните сили, а оштетена беше и дел од опремата. На овој граничен инцидент му претходеа две нару-

шувања на јавниот ред и мир на истата локација, кога од страна на економските мигранти беа каменувани безбедносните сили, обидувајќи се да го пробијат кордонот и насилно да влезат во државата.

Поради воведување нови мерки за пропуштање мигранти, кон крајот на февруари 2016 година, на Граничен камен – 59, од страна на поголема група мигранти е направен обид за насилен влез на територијата на Република Македонија, при што на самата гранична линија на Република Грција е нарушен јавниот ред и мир, со фрлање камења и тврди предмети кон македонските полициски сили.

### Шверцување мигранти и недозволено преминување на државната граница

Целта на граничната безбедност е да одржува „отворени, но добро контролирани граници", односно да овозможува брз и непречен проток на патници, возила и стоки на граничните премини, а во исто време и квалитетна контрола на условите за регуларен влез и излез од државата и ефикасно спречување на обидите за илегален влез и излез, трговија со луѓе, шверцување, и сите други видови прекугграничен криминал (Мирчевски, 2010: 4).

Од страна на полицијата во текот на 2014/2015 година се откриени вкупно 94/142 кривични дела „шверцување мигранти", при што против 166/212 сторители се поднесени 51/130 кривични пријави.

| | **2014** | **2015** |
|---|---|---|
| Кривични пријави | 51 | 130 |
| Кривични дела по член 418-б | 94 | 142 |
| Сторители | 166 | 212 |
| Откриени мигранти | 693 | 1005 |
| Кривични дела по член 402 | 4 | 8 |
| Сторители | 7 | 13 |

Во овој период како резултат на преземените мерки од страна на полицијата се спречени две криминални групи, а се пријавени 20 нивни членови што организирале шверцување мигранти по потекло од Сирија, Авганистан, Пакистан, Судан и други земји што ги прифаќале мигрантите од јужната граница со Грција и преку територијата на Република Македонија ги транспортирале кон Србија. Со

реализираните случаи е спречено шверцување на 693/1.005 мигранти, од кои најголем број или 59,5 % се по потекло од Сирија 598 мигранти, Авганистан 153 мигранти, Ирак 83 мигранти, Сомалија 48 мигранти и Пакистан 51 мигрант (МВР, 2016). Евидентно е зголемувањето на шверцувани мигранти по потекло од Сирија, Ирак и Пакистан. Мигрантите се откриени при контрола на патнички и товарни возила на јужната граница од Гевгелија кон Скопје и на северната граница во Кумановскиот Регион.

Најголемиот број од сторителите се македонски државјани 179, а пријавени се и 33 странски државјани (Грција 14, Албанија 8, Бугарија 4, Србија 3, и по 1 државјанин на Романија, Косово, Турција и Грузија).

Рутата на движење започнува со илегално преминување на грчко-македонската граница, а потоа најчесто во Гевгелиско-демиркапискиот Регион сторителите со патнички и товарни возила ги превезуваат мигрантите кон Скопје и Куманово, од каде што илегално заминуваат преку српската граница кон западноевропските земји.

**Илегален влез во Република Македонија**

Како резултат на следењето на состојбата со илегалниот влез на мигранти во државата, полицијата дојде до сознанија дека илегалните преминувања се присутни на државната граница со сите соседни држави, при што како критични места што се користени за илегални поминувања на државната граница со Бугарија се лоцирани во близина на граничните премини Ново Село, Делчево и Деве Баир.

На јужната државна граница со Грција најчесто илегални преминувања се регистрирани во околината и градот Гевгелија, а во внатрешноста најчесто се откривани кај Демир Капија, клучка Неготино, Градско, на потегот од Удово до граничниот премин Богородица, Валандовско Брдо, с. Пирава и други места.

На северната државна граница со Република Србија и Косово најчесто користени правци за нелегално преминување на државната граница се во делот на Крива Паланка, Пелинце, Сопот во близина на с. Ашане, Белановце во близина на с. Станчиќ, Танушевци, Блаце, Чашка на правецот с. Сечиште – с. Никиштани, Рогачево, Попова Шапка и Долно Блаце во близина на граничниот премин.

На западната државна граница со Албанија најмногубројни се илегалните преминувања околу граничниот премин Ќафасан, подрачјето на Франгово и Блато.

### Кривични дела извршени над мигранти

По активирање на мерката „селективен пристап" од 19 ноември 2015 година до 29 февруари 2016 година, од страна на полицијата се регистрирани 14 случаи на „разбојништва" извршени над 38 мигранти (19 од Мароко, 9 од Ирак, 7 од Иран и 3 од Шри Ланка), при што им се одземени парични средства, мобилни телефони и лични документи. Исто така, во текот на февруари 2016 година е регистрирано едно кривично дело „изнуда" врз тројца мигранти од Авганистан, сместени во куќа во кумановското село Ваксинце. Извршено е и едно кривично дело „грабнување" против двајца мигранти од Сирија, кои исто така биле сместени во куќа во Ваксинце. Против сторителите се преземени мерки на кривичен прогон.

Во текот на 2015 година се случија и пет железнички незгоди во кои животот го загубија 18 мигранти.

Во Прифатниот центар за странци од почетокот на 2016 година се сместени 56 % повеќе лица од минатата година, односно се сместени 896/1.346 лица, од кои најголем дел, или 75 % се државјани на Сирија, Авганистан и Ирак (МВР, 2016).

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на погоре изнесеното, може да констатираме дека Република Македонија поради својата геостратегиска положба претставува транзитна рута за илегалните мигранти, кои од земјите од Блискиот Исток и Африка се обидуваат да заминат во некоја од западноевропските земји. На оваа рута мигрантите, но и безбедносните служби се соочуваат со најразлични проблеми, како од безбедносен, така и од хуманитарен аспект. За успешно справување со проблемите е потребно координирано настапување и јакнење на капацитетите на сите субјекти во Системот за управување со кризи, а посебно на безбедносните служби во делот на обученоста на човечките ресурси и во делот на опременоста со современа опрема и материјално-технички средства.

Од страна на Министерството за внатрешни работи и другите субјекти во Системот за управување со кризи е потребно конти-

нуирано преземање мерки и активности во делот на следење на безбедносната состојба, прибирање податоци и информации, нивна оцена и процена. Преземените мерки и активности за успешно справување со настанатата кризна состојба (активирање на Системот за управување со кризи преку воспоставување на Главниот штаб во Центарот за управување со кризи, работата на Групата за процена и Управувачкиот комитет, измени во Законот за азил и привремена заштита, прогласена кризна состојба, селективен пристап во пропуштањето мигранти, ограничување на протокот на мигранти, определување крајна дестинација на мигрантите, влез и транзитирање само на мигранти што доаѓаат од загрозени подрачја, унифициран образец за регистрација на мигрантите и вклучување странски полициски служби) се од непроценливо значење за справување со кризната состојба.

Во случаите кога при влез во државата јавниот ред и мир беше нарушен од страна на мигрантите, полицијата и армијата на Република Македонија одлучно и крајно професионално одговорија на предизвикот и успешно без повреда на човековите права го воспоставија нарушениот јавен ред и мир. Исто така, полицијата покажа голема ефикасност и при откривањето на кривични дела шверц на мигранти каде што сторителите прифаќајќи ги мигрантите од јужната граница со Грција, преку територијата на Република Македонија ги транспортираат кон Република Србија. При секојдневното следење на безбедносната состојба, полицијата успешно ги детектираше и илегалните преминувања што се присутни на државната граница со сите соседни држави, притоа преземајќи мерки за соодветно оперативно постапување и спречување илегален влез во државата.

И на крајот можеме да заклучиме дека соработката и координацијата меѓу Министерството за внатрешни работи и другите субјекти во Системот за управување со кризи во услови на справување со кризна состојба е од особено значење за успешно справување со кризната состојба. Добрата координација постигната преку интензивна комуникација меѓу Министерството за внатрешни работи и другите субјекти во Системот за управување со кризи е гаранција за успешно справување со настанатата кризна состојба.

**РЕФЕРЕНЦИИ**

Jones, Garet, George Jennifer, „Contemporary Management“, McGraw – Hill, Irwin, 2008

Малиш Саздовска М., „Раководење со критични инциденти“, Хоризонти, година V, бр 5, Битола 2009

Мирчевски, Н., „Бела книга за достигнувањата на полето на граничната безбедност во Република Македонија“, Скопје, 2010

„Правилник за начинот на вршење на полициските работи“, „Службен весник на Република Македонија“, бр. 149, 2007

Стевановић, О., „Руковођење у полицији“ второ изменето и дополнето издание, Полицијска академија, Београд, 2003

Станковски, Т., „Менаџирањето на полицијата во остварување на безбедносната функцијав, необјавен магистерски труд, Скопје, 2011

Закон за полиција, „Службен весник на Република Македонија“, бр. 114, 2006

„Информација за состојбите со илегалната миграција“, МВР, Скопје, 2016

**Ненад Марковиќ**
Правен факултет „Јустинијан Први“

# ПОЛИТИКАТА НА ОТВОРЕНИ ВРАТИ НАСПРОТИ ПОЛИТИКАТА НА БАРИЕРИ – ПОЛИТИЧКИ И БЕЗБЕДНОСНИ ДИЛЕМИ НА БАЛКАНСКИОТ ЧОВЕЧКИ КОРИДОР

**Nenad Markovic,**
Faculty of Law „Iustinianus Primus“

# OPEN DOOR POLICY AGAINST THE POLICY OF BARRIERS – POLITICAL AND SECURITY DILLEMAS ON THE BALKAN HUMAN CORRIDOR

## ABSTRACT

Migration and migratory movements are an interdisciplinary subject with whom are dealing the political science, sociology, economics, international relations, science whose subject is international security and terrorism etc. Syrian crisis of 2011 gave a fertile ground for analysis of all these aspects, especially from the perspective of policies that individual countries are conveying to migrants which in huge numbers are coming to Europe. The Syrian crisis represents the biggest migratory stress in the recent history of Europe and the Middle East. Huge waves that has set off to run on route to the final destination - Western Europe, has not bypassed or Macedonia which is found as a transit country on the Balkan route, through which passed not only refugees from the crisis flashpoints in Syria and Iraq, but also a huge number economic migrants who used the crisis as an opportunity for economic migration to more promising countries such as Germany. In this sense, the Republic of Macedonia has implemented the policy of open doors for the stream of refugees and economic migrants to the north, but when Austria closed its borders in early 2016, followed by a domino effect throughout the region, and the Republic of Macedonia was forced to do the same to protect against

potential security risks that would arise from the absorption of excessive number of migrants on its territory. The purpose of this paper is through debate related to the ethics of migration, to weigh the pros and cons and through it to try to answer the question why Macedonia was left with no choice and had to act in ways that create a barrier to refugees receiving them on its territory. The analysis of the arguments conspire open door policy against those who conspire policy barriers to migrants an excellent theoretical basis for understanding the position of the Republic of Macedonia in order to prove the main assertion of this paper, and it is that in a situation in which it was put the Republic of Macedonia, she had no choice but to implement a policy of closing its borders, which was set as a necessity. However to understand the whole debate over the ethics of migration, we should first give a brief overview of the genesis and especially the consequences of the Syrian crisis, which gives an account of the seriousness of the crisis and its scope. From this position analysis of the arguments for and against an open door policy towards migrants seem more informed, which through theoretical exchange of arguments on both sides can draw conclusions about the specific nature of the Syrian crisis and to find arguments to understand the position of the Republic of Macedonia for closed-door policy which at some point had to apply to migrants.

Keywords: migrant crisis, open door policy, policy of barriers, Balkan corridor, Macedonia

## ВОВЕД

Миграциите и миграциските движења се интередисциплинарна тема со која се занимаваат политичката наука, социологијата, економијата, меѓународните односи, науките чиј предмет е меѓународната безбедност и тероризам итн. Анализата на демографските промени, економското влијание и политичките и безбедносни ризици се само дел од аспектите што се дел од анализите на миграциските движења. Сириската криза од 2011 година како никогаш досега даде плодна почва за анализа на сите овие аспекти, а посебно од перспектива на политиките што индивидуалните држави ги спроведуваа(т) кон мигрантите што во огромен број тргнаа кон Европа.

Со огромен број внатрешно раселени лица, бегалци во движење како и раселени лица во околните држави, сириската криза го претставува најголемиот миграциски потрес во скорешната историја на Европа и Блискиот Исток. Огромните бранови што тргнаа да се движат по рутите кон финалната дестинација – Западна Европа, не ја

заобиколија ниту Република Македонија, која се најде како транзитна држава на балканската рута, преку која поминуваа не само бегалци од кризните жаришта во Сирија и Ирак туку и огромен број економски мигранти, кои ја искористија кризата како можност за миграција кон економски поперспективни држави, како што е Германија.

Во оваа смисла, Република Македонија ја спроведуваше политиката на отворени врати и проследување на бегалците и економските мигранти кон север, но во моментот кога Австрија ги затвори своите граници на почетокот на 2016 година, по што следуваше домино-ефект во целиот регион, и Република Македонија беше принудена да го стори истото тоа за да се заштити од потенцијалните безбедносни ризици што би произлегле од апсорпција на преголем број мигранти на својата територија. Целта на овој труд е преку дебатата врзана за етиката на миграцијата, да ги премери аргументите за и против и преку тоа да се обиде да одговори на прашањето зошто Република Македонија беше оставена без избор и мораше да постапи на начин на кој создаде бариера кон бегалците за нивно примање на своја територија. Токму анализата на аргументите што заговараат политика на отворени врати наспроти оние што заговараат политика на бариери кон мигрантите дава одлична теоретска основа за разбирање на позицијата на Република Македонија со цел да се докаже основното тврдење на овој труд, а тоа е дека во ситуацијата во која беше ставена Република Македонија, таа немаше друг избор освен да спроведе политика на затворање на своите граници, што уште од самиот почеток на сириската криза не беше нејзина цел, но се постави како нужност.

Сепак, за да се разбере целата дебата околу етиката на миграцијата, прво треба да се даде краток преглед на генезата, а особено последиците од сириската криза, што ја дава сликата за сериозноста на самата криза и нејзиниот обем. Од оваа позиција анализата на аргументите за и против политиката на отворени врати кон мигрантите се чини поинформирана, со што преку теоретската размена на аргументи на двете страни може да се извлечат заклучоци за специфичната природа на сириската криза, но и да се најдат аргументи со цел да се разбере позицијата на Република Македонија за политиката на затворени врати, која во одреден момент мораше да ја примени кон мигрантите.

## СИРИСКАТА КРИЗА И НОВИТЕ МИГРАЦИСКИ ДВИЖЕЊА

Миграциските бранови низ Европа се историски перманентна појава, а мигрантите што бараат засолниште и подобар живот во најголема мера доаѓаат од пошироките географски подрачја на Блискиот Исток и Северна Африка. И покрај големото искуство на европските држави со примањето, проследувањето и акомодирањето на бегалците, никој не можеше да предвиди дека сириската криза, која се разви во 2011 година, и чиј крај не се наѕира, ќе доведе до огромни миграциски движења, со бројки на бегалци од кризните жаришта, кои неколкукратно го надминуваат капацитетот на која било европска држава за нивна апсорпција и локална акомодација.

Самата генеза на кризата лежи во внатрешниот насилен судир меѓу владејачките Алавити на чело со претседателот Башар Ал Асад и внатрешната опозиција, која во најголема мера се состои од милитантни групации на сириските сунити, чиј судир со Алавитите има долга предисторија и е главен генератор на денешната криза (Bhalla 2011, 1). Нередите, кои започнаа како демонстрации организирани против Асад преку социјалните мрежи, од Дара преку сунитскиот југозапад, па сè до Латакија, Хама, Хомс и Алепо (ibid, 2), набрзо прераснаа во целосна граѓанска војна во која покрај режимот на Асад и сунитските милитантни групации како Ал-Нусра или воената Слободна сириска армија, се роди и најголемата милитантна исламистичка структура досега, која во воениот метеж успеа да заземе огромни територии во Сирија и Ирак – Исламската држава.

Без намера да се навлегува во развојот на кризата, бројноста и комплексноста на актерите што учествуваат во неа, доволно е да се резимираат бројките на внатрешно раселени лица и бегалци, кои даваат само дел од сликата за големината на миграцискиот бран, кој веќе неколку години се движи кон Европа, а со самото тоа и кон регионот на Балканот, како примарна миграциска рута. Според Канцеларијата за координација на хуманитарните работи на Обединетите нации (UNOCHA), моментално во Сирија постојат 13,5 милиони луѓе што имаат потреба од хуманитарна помош, околу 4,8 милиони бегалци што се во движење надвор од државата и околу 6,6 милиони внатрешно раселени лица (UNOCHA 2016). До септември 2015 година, дистрибуцијата на сириските бегалци во околните држави се движи од 248.503 бегалци во Ирак и приближно 130.000

бегалци во Египет, па сè до драматични 1.114,000 во Либан и неполни 2 милиона во бегалските кампови во Турција (VOX World 2015).

Најголем дел од бегалците од кризните жаришта немаат можност да патуваат подалеку од околните земји, но, сепак, не е мал бројот на оние што се обидоа да влезат во Европа во потрага по подобар живот и засолниште, а кои ги користеа (користат) главните миграциски рути за влез во Европа. Овие рути, според FRONTEX, се вкупно осум на број и ги опфаќаат Западноафриканската рута, Западномедитеранската рута, Централномедитеранската рута, рутата преку Апулија и Калабрија, Западнобалканската рута, Источномедитеранската рута и рутата на источните граници, т.е. Унгарија и Словачка (FRONTEX 2016). Сепак, со оглед на географските подрачја од кои доаѓаат бегалците од Сирија и движењето преку најкраткиот пат до Западна Европа, т.е. таргет-земјите на мигрантите, најпопуларни и најоптоварени рути се западномедитеранската рута и западнобалканската рута (VOX World 2015). Во септември 2015 година на оваа рута дневно влегувале во просек околу 3000 бегалци во Грција, 2.000-2.500 бегалци во Србија и Македонија, и околу 2.000 во Унгарија (и покрај поставената ограда), со цел да го продолжат своето движење кон Западна Европа (ibid). Јасно е дека станува збор за драматични бројки, кои далеку го надминуваат капацитетот на поединечните држави за справување со миграциските бранови од ваква магнитуда.

Во прилог на оваа теза говорат и статистиките на FRONTEX (2016), кои се однесуваат на бројот на илегални премини преку балканската рута во периодот 2009 – 2015 година. Бројот на илегални преминувања во овој период се зголемил за речиси 250 пати, односно од 3.090 илегални преминувања во 2009 година, повеќе од 19.950 во 2013 година, сè до 764.038 илегални преминувања на балканската рута во 2015 година. Јасно е дека илегалните преминувања низ Република Македонија учествуваат со огромен број во севкупната статистика на FRONTEX, со оглед дека Република Македонија е неизбежен дел од балканската рута и беше ударна транзитна држава преку која бегалците од Сирија се обидуваа да дојдат до својата дестинација, т.е. Западна Европа.

Ситуацијата дополнително се комплицира доколку се земе предвид дека миграциските движења не се исклучиво составени од

сириските бегалци. Масата луѓе што почна да се движи кон Европа паралелно на сириската криза се состоеше и од економски мигранти од држави што не се погодени директно со воени дејства (како погодени од воени дејства се сметаат Сирија и Ирак, пред сè). Така, Хјуман рајт воч (Human Rights Watch) (2015) дава преглед на севкупните миграциски движења кон Европа, каде што јасно се гледа дека покрај Сирија и Ирак, како извориштни земји за мигрантските движења се појавуваат и Авганистан, Иран, Египет, Јордан, Судан, Етиопија, па дури и Еритреја и Сомалија. Ова јасно укажува на сложената природа на миграциските бранови, кои не се составени исклучиво од бегалци од воените жаришта на Блискиот Исток, туку во голем дел се составени и од економски мигранти, кои покрај тоа што имаат традиција на мигрирање кон Европа, го користат „поволниот“, момент т.е. судирот во Сирија, за да се вклучат во масовните миграциски бранови упатени кон Европа. Овие економски мигранти по својата природа не се бегалци, што отвора дополнителни дилеми околу нивниот третман од страна на транзиторните и целните држави.

### Етиката на миграцијата – аргументите за и против

Основното етичко прашање што се поставува кај миграциските процеси е дали развиените либерални демократии на глобално ниво треба да примаат мигранти, кои се аргументите за и против, и какви политики се пожелни во однос на миграцијата. Со оглед на тоа дека не постои јасен академски ниту политички консензус за овие прашања, дебатата треба да се разгледува низ призмата на аргументите *pro* и *contra* миграцијата.

Главниот судир што постои кај авторите во академската литература што се занимаваат со миграцијата како глобално прашање се сведува на две дијаметрално спротивни логики на аргументирање базирани врз различни филозофски принципи. Како што вели Bader (2005, 337), тие принципи се:

1. егалитарниот принцип базиран врз *prima facie*) стекнати права (ius sanguinis & ius soli), т.е. права стекнати со раѓање во одредена политичка заедница и припаѓање кон неа; и
2. универзалистичкиот пристап кон правата што тргнува од позицијата на негирање на посебни привилегии за припадниците на одредена нација-држава.

Ако се тргне од аргументите што одат во прилог на миграцијата и примањето мигранти, посебно во општествата што се традиционално мигрантски, може да се увиди дека најголем дел од нив се базираат врз чисто либерални принципи или врз принципите на глобална дистрибутивна правда од ролсијанска природа.

Така Carens (1987, 252) укажува на тоа дека „државјанството во западните либерални демократии е модерен еквивалент на феудалните привилегии (...) наследен статус што во многу ги подобрува животните шанси на луѓето" сакајќи да посочи, преку ролсијанската парадигма на изворната позиција (Rawls, 1971) каде што никој не е виновен за околностите во кои се наоѓа, па така ни припадниците на заедниците и народите што се економски посиромашни или позагрозени во однос на припадниците на западните развиени и богати демократии. Bader (2005, 343) го поддржува ваквото гледиште истакнувајќи три важни принципи во однос на ролсијанскиот аргумент на дистрибутивна правда:

1. никој не знае дали ќе се роди во богата или во сиромашна држава;
2. дистрибуцијата на природните ресурси е природна лотарија;
3. моралната легитимација на наследеното богатство и другите предности на националните економии мора да биде ограничено.

Токму затоа, Bader (2005, 343-344) укажува на тоа дека консеквенциите на ваквата логика се следниве:

- мора да постои глобален систем на институции што се морално одговорни кон мигрантите на глобално ниво;
- постои глобална морална облигација во ситуација каде што економските диспаритети меѓу државите се огромни;
- ова најмногу се должи на историјата на колонијализам, освојувања и насилства, кои се суштинските фактори за создавање на глобалните диспаритети.

На оваа линија, Dowty вели дека самото преиспитување на миграцијата како тема мора да тргне од премисата на класичниот либерализам, т.е. треба да го „преиспита правото на суверените држави да го ограничуваат примањето на мигрантите" (Dowty 2015, 764). Freeman додава и конкретни бенефиции од имиграцијата посочувајќи ги „работодавците во трудовоинтензивните индустрии и

оние зависни од неквалификуваната работна сила, бизнисите што профитираат од растот на популацијата (недвижнини, градежништво итн.), како и семејните и етнички релации на оние што се дел од имигрантските бранови“ (Freeman 1995, 885).

Сепак, Бадер (Bader) најдобро ги сумира аргументите што се во полза на имиграцијата и ја бранат политиката на отворени врати, а тргнуваат од двата универзалистички аргумента поврзани со слободата на движење и минималната морална облигација за примање имигранти и обезбедување минимално право на сигурност (Bader 2005, 338). Овие аргументи можеме да ги сумираме во три категории:

1. слободата на движење е основен вид слобода уште од времето на филозофијата на Томас Хобс и како такво не би требало да биде оспорувано или ограничувано од ниеден фактор;
2. слободата на движење е предуслов за остварување на други слободи и права, како што се, на пример, лична автономија, самоопределување, еднаквост на шанси и материјална еднаквост преку дистрибутивна правда;
3. слободата на движење е фундамент на неолиберална логика на слободен глобален пазар (често поставувано во рамнина на слободен излез на мигранти и капитал, но не и влез на работна сила).

Јасно е дека аргументите што одат во прилог на логиката на отворени граници кон миграцијата своите изворишта ги наоѓаат во либералните политички школи, од левите либерали чија аргументација почива на аргументите на Џон Раулс (John Rawls), па сè до либертаријанците чии аргументи се базираат врз логиката на слободниот пазар. Сепак, аргументите на, условно кажано, другата страна на дебатата поаѓаат од конзервативни позиции на заштита на националните вредности, како и од позиции чија примарна логика е заштита на државата на благосостојба од можните нарушувања предизвикани од миграциските движења.

Во најопшта смисла земено, Сеглоу (Seglow) укажува на генералните опасности од либералната имиграциска политика на отворени врати и ризиците ги лоцира во „опасноста од пренаселување, злоупотреба на социјални права (welfare tourism), социјални нереди, криминал и тероризам, закани кон културната хомогеност, губење на работни места и пад на платите за локалното населените

итн.“ (Seglow 2005, 317-334). Во сличен манир, Бадер (Bader) (2005, 338-339) укажува на следниве ризици:

1. слободното движење на мигранти ја загрозува работната сила во земјите примателии и ја загрозува државата на благосостојба;
2. ограничено е речиси во сите земји од различни причини (од права на автохтони племиња до еколошки предизвици) – конгестија, менаџирање со простор, безбедност итн.;
3. не постои универзално човеково право на слободно меѓународно движење и населување – само за оние што се законски на одредена територија.

Покрај општите аргументи, Бадер (Bader) се повикува и на правниот статус што мора да го стекнат мигрантите со цел да престојуваат легално на одредена територија, што е посебно важно во ситуации каде што одреден дел од мигрантите (како оние од Сирија или Ирак) сакаат да се стекнат со статусот азиланти, за што секоја земја има пропишана правна процедура.

Кенан (Kennan) (2013, L2), очигледно тргнувајќи од логиката на рационален избор, додава дека „јасно е оти придобивките од имигрантите имаат своја противтежа во перципираните загуби што ги трпат резидентите на локалните држави“, а овие загуби се поврзуваат со „промени во структурата на платите, трошоците за вклучување на мигрантите во плановите за социјално осигурување (...) или со слабеењето на културниот идентитет на одредена држава“ (ibid). Во оваа смисла Freeman додава дека „директните трошоци на имиграцијата диспропорционално паѓаат на товар на малцински дел на популацијата, кој се натпреварува со имигрантите за малкуте работни места, домување, школи и владини услуги“ (Freeman 1995, 885), а „концентрираните бенефиции и дифусираните трошоци на имиграцијата значат дека интересните групи поврзани со имиграцијата се доминирани од оние со големи примања, така што, имплицитно, организираната јавност повеќе ја поддржува имиграцијата отколку неорганизираната јавност“ (ibid). Јасно е дека бизнисмените или одреден дел на популацијата економски заинтересирана за бенефициите од миграцијата ќе биде секогаш позаинтересирана да поддржи миграција отколку популацијата што е најдолу на социјалната скала, која миграцијата ја доживува како нелојална конкуренција.

Што се однесува до аргументите врзани за одбрана на етнонационалната култура и социјалните придобивки врзани за неа, тие можат да се сведат на следниве поенти (Bader 2005, 344):

1. морален приоритет треба да им се даде на сограѓаните;
2. фундаменталните човекови и политички права (вклучително демократската култура и демократските доблести) може да бидат гарантирани само на овој начин (регулација на миграција);
3. социјалните права и аранжмани можат да бидат одбранети само преку затворени граници;
4. етнонационалната култура мора да биде заштитена.

Ваквите аргументи произлегуваат од корпусот на конзервативни, комунитаристички и националноориентирани идеолошки матрици, кои укажуваат на тоа дека постои опасност од тоа дека „масовниот прилив на бегалци би го уништил нашиот начин на живот" (Seglow, 2005, 321), а не помалку застапена е комунитаријанистичката логика дека „политичките заедници имаат одреден карактер, историски низ на специфични вредности, традиции и практики" (ibid, 320), кои треба да бидат зачувани.

Еден од често употребуваните аргументи против либералните мигрантски политики е и аргументот што укажува на тоа дека миграцијата всушност не е најефикасен лек за сиромаштијата, која често се посочува како причина за мигрантските движења. Така, Бадер укажува на тоа дека „емиграцијата не е *ефективен* лек против сиромаштијата" (Bader, 2005, 341) бидејќи „оние што може да мигрираат не се оние најзагрозените" (ibid) и дека „сиромаштијата е само мотивациска причина за миграција (...), но и најважната структурална причина за миграција" (ibid). Оваа аргументација оди на линија на логиката дека дури и во сириската криза не мигрираа оние слоеви што беа социјално и хуманитарно најзагрозени, туку дека брановите на миграција, а особено првите бранови, беа составени од луѓе од средните социјални слоеви, кои имаа доволно средства да реализираат патување до Западна Европа. Всушност, овој аргумент укажува на фактот дека најсиромашните слоеви на бегалци и економски мигранти не се во можност да најдат доволно средства за да тргнат кон посакуваните дестинации, па со самото тоа сиромашните слоеви остануваат или во кризните жаришта или во

соседните земји со кои најбрзо и со најмалку економски трошоци може да се стигне.

Она што во голема мера ја компликува ситуацијата во Европа, кога се зборува за транзитни земји и земји дестинации на мигрантите, особено по 2011 година и почетокот на сириската криза, се два фактора: недостигот на традиција во Европа за примање мигранти и демократскиот дефицит во ЕУ, кој е одговорен за дополнителни отпори што се јавуваат кон миграциските процеси.

Околу немањето конкретно историско искуство на европските држави со примање мигранти, за разлика од мигрантските општества, како што се САД, Канада или Австралија, Фримен (Freeman) вели:

> *„Европските држави традиционално се повеќе навикнати да праќаат луѓе преку своите граници отколку да примаат. Сите демократии на ЕУ петнаесеторката, како и Швајцарија и Норвешка, не се реципиенти на мигранти. Нивниот релативен недостиг на искуство со масовна имиграција (...) има огромни последици. Европската популација и елити се помалку запознаени и помалку комотни со соочување со последиците кои произлегуваат од масовната миграција споредено со мигрантските општества. Постојат многу помалку здруженија што би ја промовирале или би ѝ се спротивставиле на миграцијата, што ги прави имиграциските политики помалку структурирани и пофлуидни како и понепредвидливи отколку во традиционално мигрантските држави“* (Freeman, 2006, 228).

Ова имаше сериозни консеквенци во европскиот политички простор по започнувањето на сириската криза, со оглед на конфузноста на европската политика во однос на примањето на бегалците, нивното спроведување по коридорите и евентуалната помош на земјите што беа први на удар на мигрантските бранови, меѓу кои и Република Македонија. Слабата соработка, недоволната координираност, политичката конфузија и неочекуваноста на масовноста на овие миграциски движења доведе до тоа многу земји во и надвор од ЕУ да преземат унилатерални мерки со кои се обидоа да ја заштитат сопствената територија, економија и безбедност (Унгарија, Австрија итн.). Во крајна линија, ова доведе и до комплетно затворање на балканскиот коридор, што стана извор на сосема нови предизвици и дилеми, како за балканскиот регион, така и за Македонија.

Во европски контекст, уште еден важен фактор треба да се земе предвид. Тоа е демократскиот дефицит на ЕУ, кој како никогаш до тој момент, се покажа јасно и недвосмислено. Граѓаните на државите членки се чувствуваат беспомошно под удар на новите миграциски движења, пројавувајќи отпор кон нив не само поради перципираните ризици и закани туку и поради неможноста да влијаат врз политиките врзани за имиграцијата. Или како што вели Luedtke, „не прави разлика што просечниот гласач во ЕУ мисли за потребата од хармонизирана имиграциска политика на ниво на ЕУ, бидејќи овие одлуки се носат на ниво на политички елити, зад затворени врати и со многу малку јавен придонес" (Luedtke, 2005, 85). Неможноста директно да се влијае врз имиграциските политики, како и немањето заедничка, координирана имиграциска политика на ниво на ЕУ, остава простор за дополнителни отпори кон имигрантите, дополнително комплицирајќи ја политичката слика во Европа.

## Македонскиот контекст

Етиката на миграцијата дава голем број аргументи за и против отворените граници за мигрантите, но целата дебата во најголема мера се однесува на ситуации што ни оддалеку не се однесуваат на масовни мигрантски движења како оние што произлегоа од сириската криза. Бројот, обемот, континуитетот и потенцијалот за мигрирање што го изроди оваа криза, говори за тоа дека класичните аргументи во дебатата за и против отворените граници за мигрантите мора да бидат поставени во нова светлина. Со самото тоа се отвора комплетно нова дебата, во која класичните аргументи можат да се применат, но само ако се земе предвид комплетно сменетата ситуација, која е веќе далеку од релацијата во која одредена држава прима одреден број на бегалци и економски мигранти, кои има време, простор и доволно финансии да ги акомодира или да ги врати во државите на потекло.

Во смисла на аргументите што се даваат по полза на миграциите, а произлегуваат од либералната и хуманистичка матрица на човекови права, два се издвојуваат како основни, дури и во контекст на масовни миграции (Bader, 2005, 341-342):

- првиот аргумент е *темпоралниот аргумент,* кој вели дека сè додека глобалните мерки за борба против сиромаштијата не

давaат резултати, богатите општества не смеат да ги затворат границите;

- вториот е *градациониот аргумент* што укажува на тоа дека сè додека богатите држави не ги исполнуваат своите морални обврски, тие немаат право да ги затворат границите.

Начелно, овие аргументи имаат исклучиво важна димензија кога се работи за нормални миграциски движења, и несомнено е дека мора да постои глобална морална обврска кон мигрантите, посебно доколку доаѓаат од кризни жаришта. Сепак, контекстот од 2011 г. е сосема поинаков, а во светло на обемот и фреквенцијата на миграциските движења, па затоа постојат неколку аспекти што треба да се земат предвид.

Пред сè, а во однос на дебатата околу етиката на миграцијата, изнесените аргументи се однесуваат на поединечни држави, а не на цели миграциски кластери каде што ситуацијата драстично се менува. Во ситуација на цели миграциски кластери, во ситуации како сириската криза, мигрантите поминуваат низ повеќе држави, и преку овие коридори доаѓаат до земјите што им се крајна цел. Ова значи дека земјите на рутите по кои се движат бегалците мора да имаат координација во нивното спроведување и апсорпција, во крајна линија. Ова подразбира координација на безбедносните, политичките, социјално-хуманитарните, па дури и здравствените сектори на овие држави, и тоа не само билатерално туку на ниво на цели коридори (и пошироко).

Втората поента се однесува на тоа дека изнесените аргументи не се однесуваат на големи бегалски кризи како што е сириската. Веќе беше напоменато дека ваквата масовна миграција, која добива димензии и на преселба на народите, не подлежи на класичните аргументи за и околу миграцијата, со оглед на отвореното прашање на можноста една поединечна држава да се справи со предизвиците што произлегуваат од неа. Во оваа смисла, не помалку важно е да се потсети и дека структурата на мигрантите што се дел или ја користат сириската криза не е хомогена, туку дека покрај бегалци од кризните жаришта, постојат и голем број економски мигранти, што дополнително го комплицира третманот на овие лица.

Третиот аргумент се однесува на тоа дека класичните аргументи тргнуваат од позиција на глобална беневолентност и *bona*

*fides* кај државите што во реални ситуации е често отсутна. Уште од почетокот на самата криза беше јасно дека на ниво на ЕУ, па и пошироко на ниво на цела Европа, постои комплетна конфузија во однос на справување со кризата, а голем дел од државите често најавуваа унилатерални мерки, кои дел и ги спроведоа (на пример, Унгарија со поставувањето на оградата). Со ова се прати јасна порака дека не сите држави имаат намера да ја следат политиката на отворени граници, ниту дека имаат намера да бидат целни држави, па дури ни транзитни. Со ова принципот на добра волја беше нарушен, што доведе до комплетно нова дебата околу можноста за координирана акција.

Начелно гледајќи, политиката на отворени врати можеше да профунционира само со комплетна координираност на земјите на коридорот, како и предвидена навремена финансиска помош за земјите на балканскиот коридор, која би била во функција на примање, регистрирање и помош при транзитирање на бегалците кон своите дестинации. Во таков контекст, сите држави, па и Република Македонија, треба да се обидуваат да држат политика на отворени граници, но мораа да постојат и неколку други предуслови.

Пред сѐ, оваа обврска за почитување на политиката на отворени врати мораше да биде почитувана од сите држави на рутата од почетокот до крајот на рутата, т.е. од Грција и Турција како примарни точки на прием на мигрантите, па сѐ до Германија и скандинавските држави како целни држави. Без почитување на политиката на отворени врати, без исклучок сите држави на рутата, нивното движење и транзит ќе беше невозможен или отежнат во најмала мера. Второ, требаше да се обезбедат материјални и логистички предуслови за движење на големите бегалски бранови по рутата, а ова особено се однесува на помош на државите во Југоисточна Европа, кои и без сириската криза, имаат кревки економии во развој, кои не би можеле да поднесат да апсорбираат дури ни мал дел од мигрантите. Финансиската помош би била добредојдена и во смисла на трошоците што се генерираат за пропуштање на бегалците и нивни транзит, трошоци што исто така не се за занемарување, особено кај посиромашните држави. Третиот предуслов е врзан со првите два и се однесува на тоа дека требаше да се дејствува синхронизирано во пропуштањето и акомодацијата на бегалците, што значи комплетна политичка, безбедносна и хуманитарна координа-

ција на транзитните и целните земјите, но и пошироко. И четвртиот предуслов е дека требаше навремено да се согледаат последиците од премногу пропулзивната и отворена политика. Ова е, секако, прашање од политичка природа, но можеби при самото генерирање на кризата, не само ЕУ туку и земјите во нејзиното опкружување, требаше да заземат поостар став околу примањето на бегалците, со што ќе се спречеше голема пропулзивност, но и разногласието во самата ЕУ. Со поостра политика ќе се дадеше доволно време за координација и изготвување одржлив план за апсорпција на бегалците или нивно евентуално пренасочување.

По интензивирањето на големите миграциски бранови произлезени од сириската криза, во јануари 2016 година Австрија презеде унилатерална акција на затворање на границата, со што се пресече една од најважните рути за мигрантите – балканската рута. Ова доведе до тоа границите консекутивно да ги затворат Словенија, Хрватска, Србија, а на почетокот на март 2016 година истото го стори и Република Македонија. Иако под огромен меѓународен притисок, Република Македонија реши да опстои на политиката на затворени врати што произлезе од блокирањето на коридорот. Ова блокирање што започна со Австрија, а кое практично заврши со затворањето на границата од страна на Република Македонија, беше резултат на домино-ефектот предизвикан од Австрија, каде што постоеше огромен безбедносен и економски ризик за Република Македонија во случај на неможност мигрантите да го продолжат своето патување на север. Во ваква ситуација имаше опасност од два ефекта:

1. првиот е „bandwagon“ ефектот што каде ќе се случеше пристигнување на сè повеќе бегалци и економски мигранти што ќе се стремеа да се стационираат на најсеверната можна точка на пропуштање во должина на коридорот со цел да продолжат во првиот можен момент со нивното патување;
2. вториот е „pileup“ ефект каде што ќе дојдеше до конгестија и насобирање огромна маса мигранти на мала територија.

Ова, секако, беше неприфатливо за Република Македонија, а негативното искуство од 2001 година со косовската криза само го засилуваше стравот кај општата популација, но и кај безбедносните структури доколку се развие вакво сценарио. Концентрацијата на

огромен број бегалци на територијата на државата ќе создадеше безбедносни, политички, меѓуетнички и здравствени ризици за популацијата, што како фактор на ризик само се надодаде на веќе постојната внатрешна политичка криза. Во ваква ситуација Република Македонија немаше друг избор освен да ја затвори границата, со сите политички последици што мораше да ги понесе во периодот што следуваше по оваа одлука.

По ваквата одлука, кај домашната и кај меѓународната јавност се разви дебата околу оправданоста и етичноста на ваквата одлука. Во размената на аргументи централно место заземе и глобалната морална обврска да им се помага на бегалците и на економските мигранти, но во светло на затворање на коридорот доби сосема нова димензија. Сепак, ако треба да се сумираат аргументите што би ја оправдале ваквата одлука, тоа се следниве:

- ако една држава на рутата реши да не ги исполнува своите меѓународни обврски, тогаш помалку богатите држави што се уште поранливи го добиваат истото морално право;
- глобалната морална обврска или важи за сите држави или не важи за никого;
- глобалната морална обврска што се однесува на помагање на бегалците од сиромашни региони (и економските мигранти) треба да се однесува и на помагање на економиите на ранливите држави во рамките на рутата – постојат огромни диспаритети меѓу самите држави на рутата;
- ако постои глобален морален систем на институции што се одговорни, не може само граничните држави да бидат виновни за затворање на границите;
- дистрибутивната еднаквост и материјалната корист дополнително се нарушува за земјите што се гранични во случаи на затворена рута со што се нарушува нивната и онака кревка економска стабилност.

Во ситуации каде што големи миграциски кризи во кои постои дневен влез на повеќе од 2.000-2.500 мигранти, земја со големина и економски потенцијал како Република Македонија не би можела да издржи долго време под товарот на затворена миграциска рута. Насобирањето на бегалците во една точка би генерирало огромни финансиски трошоци за државата, а кон тоа секако треба да

се надодадат и политичките, безбедносните и хуманитарните ризици со кои државата вторпат би се соочила во рок од 15 години. Во ваква ситуација, каде што многу побогати и економски постабилни држави одлучија да ги затворат своите граници, Република Македонија поради заштита на сопствената територијална и политичка стабилност немаше избор, освен да ја затвори границата до пронаоѓање ново решение за мигрантската криза.

*    *    *

Миграциите како феномен не се новина ниту за Европа ниту за регионот на Југоисточна Европа, иако регионот традиционално се наоѓал во улога на емигрантско повеќе отколку на имигрантско подрачје. Со сириската криза во 2011 година и со приклучувањето на огромен број економски мигранти на бегалците од кризните жаришта, кои сакаа да ја искористат во потрагата по подобар живот, оваа историска парадигма комплетно се смени. Првпат во историјата Република Македонија, регионот, па и цела Европа се најде во ситуација на прилив на огромен миграциски бран, нешто со што ниедна држава со индивидуални напори не беше во состојба да се справи. Дневниот прилив од просечно 2.000-2.500 мигранти ја исправи Република Македонија пред нов предизвик, а посебно во светло на политичката конфузија што се создаде во Европа околу примањето на бегалците и економските мигранти, нивната апсорпција, акомодација и третман.

Оваа конфузија донекаде е и рефлексија на постоењето различни ставови и во академската литература околу прашањето на отворени граници или бариери во политиките што се спроведуваат кон мирантите. Оваа дебата особено добива на тежина во ситуации како сириската криза, каде што класичните аргументи за и против миграцијата имаат комплетно променет контекст. И додека аргументите што заговараат политика на отворени врати произлегуваа од леволибералните или либертаријанските школи базирани врз ролсијанските аргументи на дистрибутивната правда, конзервативците, комунитаристите и национално обоените идеологии даваат дијаметрално спротивни аргументи што се фокусираат на заштита на социјалниот систем и националната култура.

Во оваа дебата можат да се најдат и изворите на однесувањето на Република Македонија и нејзината поставеност во самата криза. Иако никогаш директен пропонент на политиката на бариери, по затворањето на балканскиот коридор од страна на многу поразвиени држави, како што се Австрија или Словенија, Република Македонија беше оставена без избор, и со цел да избегне огромни политички, безбедносни, хуманитарни и меѓуетнички ризици, мораше да се приклони кон политиката на затворање на своите граници, со цел да го заштити својот територијален интегритет. Преку кратка анализа на сириската криза, анализа на етиката на миграциите низ перспектива на аргументите за и против политиката на отворени врати, како и анализа на специфичната позиција на Република Македонија во целиот овој амбиент, овој труд се потруди да покаже дека Република Македонија беше оставена без избор во спроведување на политиката на бариери кон мигрантите во момент кога секоја друга политика претставуваше сериозен безбедносен и политички ризик за државата.

## БИБЛИОГРАФИЈА


Bader, Veit. 2005. „The Ethnic of Immigration". *Constellations,* Volume 12, Number 3: 331-61.

Bhalla, Reva. 2011. „Making Sense of the Syrian Crisis". *STRATFOR*, May 25 2005. Accessed May 1, 2016.

http://www.stratfor.com/print/193546.

Carens, Joseph H. 1987. „Aliens and Citizens: the Case for Open Borders". *The Review of Politics,* Volume 49, Issue 02: 251-73.

Freeman, Gary. 1995. „Modes of Immigration Politics in Liberal Democratic States". *International Migration Review*, Vol. 29, No. 4: 881-902.

Freeman, Gary. 2006. „National models, policy types, and the politics of immigration in liberal democracies". *West European Politics,* Vol. 29, No. 2: 227 – 47.

FRONTEX. 2016. „Migratory Routes Map". Accessed May 5 2016. http://frontex.europa.eu/trends-and-routes/migratory-routes-map/

FRONTEX. 2016. „Western Balkan Route". Accessed May 5 2016. http://frontex.europa.eu/trends-and-routes/western-balkan-route/

Gibney, Mark. 1988. (ed.). *Open Borders? Closed Societies? The Ethical and Political Issues.* New York: Greenwood Press. by Dowty, Alan. 1998. *Population and Development Review,* Vol. 15, No. 4: 764-66.

Human Rights Watch. 2015. „EU: Rights Abuses at Home Drive Mediterranean Crisis“. Accessed May 5 2016.

https://www.hrw.org/it/news/2015/06/18/283614

Kennan, John. 2013. „Open borders“. *Review of Economic Dynamics 16*: L1–L13.

Luedtke, Adam. 2005. „European Integration, Public Opinion and Immigration Policy: Testing the Impact of National Identity“. *European Union Politics,* Volume 6 (1): 83–112.

Rawls, John. 1971. *A Theory of Justice.* Cambridge: Belknap Press of Harvard University Press.

Seglow, Jonathan. 2005. „The Ethics of Immigration“. *Political Studies Review,* vol 3: 317–34 .

UNOCHA. 2016. „$19 million is allocated through the Humanitarian Pooled Fund for projects in Syria“. Accessed May 5 2016.

http://www.unocha.org/top-stories/all-stories/19-million-allocated-through-humanitarian-pooled-fund-projects-syria

VOX World. 2015. „The Syrian Refugee Crisis, Explained in One Map“. Accessed May 5 2016.

http://www.vox.com/2015/9/27/9394959/syria-refugee-map.

**Владимир Ортаковски**
Факултет за безбедност, Скопје

# БЕГАЛСКАТА КРИЗА ВО ЕВРОПА И МЕЃУНАРОДНОТО ПРАВО

**Vladimir Ortakovski**
Faculty of Security, Skopje

# REFUGEE CRISIS IN EUROPE AND INTERNATIONAL LAW

## ABSTRACT

There is a huge number of irregular entrances of immigrants and refugees who reach the coasts of South European Member State to enter in EU, by the Mediterranean Sea. They try to escape armed conflicts and violence: in the Middle East (in Syria, Iraq), in Africa (Eritrea, Nigeria, Somalia, Sudan), South Asia (Afghanistan, Pakistan, Bangladesh). There are a number of routes that migrants used on their path to apply for asylum in some of EU countries. Through Western Mediterranean route they passed the Mediterranean Sea from Morocco and Algeria to Spain. Central Mediterranean route leads migrants from Libya and Tunisia to Italy. Western Balkan route was used, especially in 2015 and at the beginning of 2016, by refugees and irregular migrants from Turkey, through Aegean Sea, to Greek islands. Since Greece transferred them by land to its border with Republic of Macedonia, they continued their path through Macedonia, Serbia, towards Hungary or, since Hungary banned irregular entrance in its territory, from Serbia, through Croatia and Slovenia, towards Austria and most often to Germany.

This paper considers the situation in the Republic of Macedonia during this refugee crisis. It also deals with and comments on relations between migrants and refugees, as well as on applicable human rights provisions. States

deal with migrants under their own immigration laws and processes. On the other hand, they deal with refugees through norms of refugee protection and asylum that are defined in both international law and national legislation. Conflating refugees and migrants can have serious consequences for the lives and safety of refugees. Special attention is devoted to EU legal framework which deals with irregular migration from third countries into the EU. It highlights some issues arising from the EU legal framework, like stigmatization migrants as criminals. The paper argues for a new approach which takes more account of human rights of refugees and irregular migrants.

## ВОВЕД

Најголемата бегалска криза во Европа по Втората светска војна се случува во втората деценија од 21 век. Досега својот врв оваа криза го достигнува во 2015 година и во првите месеци од 2016 година. Стотици илјади бегалци и нерегуларни мигранти од Блиски Исток, Северна Африка и дел од Азија, на својот пат до земјите од ЕУ во кои бараат азил, поминуваат преку Средоземното Море. Термините „Европска бегалска криза“ и „Европска мигрантска криза“ почнаа почесто да се употребуваат од април 2015 година, кога пет пловила (мали бродови, чамци) на кои се превезуваа околу 2.000 бегалци/мигранти, поради преоптовареност, се превртија, при што загинаа над 1.200 луѓе.

Бегалците и нерегуларните мигранти доаѓаат од земјите во кои се водат или се воделе оружени конфликти: на Блискиот Исток (во Сирија, Ирак), од Африка (Еритреја, Нигерија, Сомалија, Судан, Гамбија), Јужна Азија (Авганистан, Пакистан, Бангладеш). Според податоците на УНХЦР, од септември 2015 година, од над половина милион бегалци и нерегуларни мигранти што го преминале Средоземното Море од почетокот на таа година, најмногу биле од Сирија (52 %), Авганистан (19 %) и Ирак (6 %). Најголем дел од нив биле возрасни мажи (65 %) (United Nations, 11 September 2015)[3]. Најголем број од овие бегалци се од Сирија, во која се води оружен конфликт од 2011 година, оттогаш тој број постојано се зголемува.

Постојат повеќе рути што ги користат бегалците и нерегуларните мигранти на патот да побараат азил во некоја од земјите на

---

[3] Види: *“Refugees and migrants crossing the Mediterranean to Europe”, United Nations High Commissioner for Refugees*, 11 September 2015.

ЕУ. Во западномедитеранската рута нерегуларните мигранти и бегалците го преминуваат Средоземното Море од Мароко и Алжир за Шпанија. Во централномедитеранската рута нивниот премин на Средоземното Море е од Либија и Тунис кон Италија. Западнобалканската рута ја користат бегалците и нерегуларните мигранти, кои од Турција преку Егејско Море одат кон грчките острови, па од Грција по копнен пат, низ Македонија, Србија, кон Унгарија, или откако Унгарија го забрани нерегуларниот влез на своја територија, од Србија преку Хрватска и Словенија, за Австрија и најчесто за Германија.

Оружените конфликти во земјите на Блискиот Исток го зголемија бројот на принудно раселени лица на светско рамниште, кој на крајот на 2014 година изнесуваше 59,5 милиони, што е највисока бројка по Втората светска војна (UNHCR, 18 June 2015)[4]. Ова зголемување бележи пораст од 4 0 % по 2011 година. Од овие 59,5 милиони, 19,5 милиони беа бегалци (14,4 милиони под мандат на УНХЦР и 5,1 милион палестински бегалци под мандат на UNRWA), а 1,8 милиони беа баратели на азил. Преостанатиот број беа внатрешно раселени лица (во границите на нивните држави). Бегалците од Сирија станаа најголема бегалска група во 2014 година (3,9 милиони – 1,55 милиони повеќе од претходната година), надминувајќи го бројот на бегалци од Авганистан (2,6 милиони), кои беа најголема бегалска група претходните три децении.

## Дефинирање на бегалци и мигранти

Бегалец е „лице што ја преминало меѓународната граница поради оправдан страв од прогонство". Во Конвенцијата за статусот на бегалците од 1951 година бегалец се дефинира како лице што стравувајќи оправдано дека ќе биде прогонето поради својата раса, вероисповед, националност, припадност на посебна општествена група или политичко мислење, се најде надвор од земјата на своето државјанство и кое не е во можност или, поради таквиот страв, не сака да бара заштита од таа земја; или кое ако нема државјанство, а се наоѓа надвор од земјата во која имало постојано место на живее-

[4] Види во: *"UNHCR – Global Trends – Forced Displacement in 2014"*. UNHCR, 18 June 2015.

ње поради таквите настани, не може или, поради стравот, не сака да се врати во неа“.[5]

Оваа дефиниција е од времето по Втората светска војна и се однесува на сите луѓе што биле протерани од своите домови за време на војната. Со текот на времето природата на бегалците се менуваше, така што, наместо нивното движење од Исток кон Запад, доминантно стана движењето од Југ кон Север. Меѓународното право на тоа реагираше со донесување на Протоколот за статусот на бегалци од 1967 година, со кој се надминаа временската и географската ограниченост на дефиницијата во Конвенцијата.

Овие два меѓународни договора, како камен-темелници на заштитата на бегалците, дале поттик за донесување и на други меѓународни договори. Тоа се однесува на регионалните инструменти: за Африка – Конвенцијата за бегалци на ОАЕ од 1969 година; за Латинска Америка – Декларацијата од Картагена од 1984 година; за Европската Унија – заедничкиот систем за азил во ЕУ.

Во дефиницијата на Организацијата на африканското единство во 1969 година се наведуваат и други причини за статусот на бегалец, како што се надворешна агресија, окупација, странска доминација, или настани што сериозно го загрозуваат јавниот ред.

Во врска со правната рамка за мигрантите, посебно ќе се задржиме, подолу, на заедничкиот систем за азил на ЕУ.

Заштитата на бегалецот ја вклучува сигурноста дека нема да биде вратен на опасностите од кои избегал; ќе има пристап кон фер и ефикасна процедура за азил; и мерки за да се обезбеди почитувањето на неговите основни човекови права што овозможува да живее во дигнитет и безбедно додека му се помага да најде долгорочно решение. Државите имаат примарна одговорност за оваа заштита.

Најголем број бегалци во светот често преминуваат во соседната држава каде што чекаат ситуацијата во нивната земја од која потекнуваат да се нормализира и да можат да се вратат во своите домови.

За разлика од бегалците, мигрантите ги напуштаат домовите и одат во друга земја за определен период, од различни причини.

---

[5] UN, 1951, Convention relating to the Status of Refugees, art. 1A(2). http://www.unhcr.org/protect/PROTECTION/3b66c2aa10.pdf /

Посебно економските мигранти одат во други земји не поради оружен конфликт што ги загрозува нивните животи туку за да ги унапредат своите животи, да најдат работа, или во некои случаи за да се образуваат, заради соединување со дел од семејството или други причини. Значи, мигрантите можат да се вратат дома, а ако се случи тоа, тие ќе продолжат да добиваат заштита од нивната влада.

Мигрантите фундаментално се разликуваат од бегалците и се третирани различно во меѓународното право.

Но мигрантите и бегалците често употребуваат исти патишта и средства за транспорт кон прекуморски дестинации. Овие патувања често се нерегуларни, бидејќи тие немаат документација, границите ги преминуваат надвор од граничните премини, или стануваат дел од т.н. трговија со луѓе. Во практиката државите често се соочуваат со истовремен нерегуларен влез на бегалците и на мигрантите.

## Република Македонија и бегалската криза

Република Македонија е дел од т.н. „западнобалканска рута" низ која транзитираат бегалците, како земја што има важна геостратегиска положба на Балканскиот Полуостров. Иако според територијата спаѓа во групата мали држави, таа се наоѓа на раскрсница на коридорот Исток – Запад, кој ги поврзува Црно Море и Јадранско Море, и Север – Југ, кој го поврзува Егејско Море (пристаништето Солун) со Централна Европа. Балканот е лоциран на местото каде што се спојуваат Европа, Африка и Азија, и низ неговата историја се вкрстувале значајни политички и културни гранични линии. Тоа се однесува на границите меѓу Источното (Византиското) и Западното Римско Царство; меѓу исламот и христијанството; меѓу православието и католицизмот. Во изразувањето на тие различности што се вкрстуваат на Балканот, впечатлив е и примерот дека сè до Првата светска војна на Балканот се користеле три одделни календари: а) за муслиманите броењето на настаните започнувало од патувањето на пророкот Мухамед од Мека во Медина, во 622 година; б) православните жители го користеле Јулијанскиот или стариот календар; в) католиците и протестантите го усвоиле Грегоријанскиот или новиот календар.

Во средината на јуни 2015 година Владата на Република Македонија донесе измени на Законот за азил и привремена заштти-

та, со што ја промени својата политика кон илегалниот влез на мигрантите. Претходно, за нив беше забранет транзитот низ Македонија, а меѓу оние што го правеа тоа илегално (се движеа ноќе, пеш, по железничката пруга или по автопатот) имаше сè повеќе жртви. Со измената на Законот ја добија можноста да искажат намера за поднесување барање за азил и во рок од три дена регуларно да транзитираат низ земјата.

Отворањето на македонската рута им овозможи на бегалците и на нерегуларните мигранти од Блискиот Исток да користат пократок и поевтин пат преку Средоземното Море до земјите на ЕУ. Имено, преминот од брегот на Турција кон грчките острови Киос, Лезбос и Кос, кои се блиску до Турција (околу шест километри), беше полесен, побрз и поевтин начин за бегалците и за нерегуларните мигранти да стапнат на почвата на ЕУ (Yeginsu, 2015).

Во првите шест месеци од 2015 година Грција стана онаа држава од ЕУ во која доаѓаат најмногу бегалци и нерегуларни мигранти (дотогаш тоа беше Италија). До јуни 2015 година во Грција влегоа 124.000 бегалци и нерегуларни мигранти, што претставуваше повеќекратно зголемување (за 750 %) во однос на претходната година.

Но иако држава членка на ЕУ, која се наоѓа на надворешните шенген-граници, Грција не постапуваше со бегалците и со нерегуларните мигранти согласно со правилата на ЕУ. Без да ја изврши потребната регистрација, без да земе отпечатоци од прстите, Грција ги превезуваше бегалците и нерегуларните мигранти до границата со Република Македонија, од каде што тие продолжуваа кон Србија, и понатаму низ западнобалканската рута. Грција побара финансиска помош од ЕУ, која ѝ беше одобрена. Директорот на УНХЦР за Европа, Винсент Кочетел, истакна дека условите и опремата за бегалци на грчките острови беа „целосно неадекватни“, како и дека островите се во „тотален хаос“ (BBC News, 2015).

Во текот на 2015 година низ Република Македонија транзитирале вкупно 694.679 бегалци и мигранти. На 18 јуни 2015 година беа донесени измени на Законот за азил и привремена заштита и оттогаш македонските власти започнаа да издаваат потврди за искажана намера за поднесување барање за азил. Претходно, во периодот јануари – мај 2015 година, беа откриени 1.249 мигранти што оствариле илегален влез во земјата.

Протокот на големиот број бегалци и нерегуларни мигранти низ Република Македонија го носи ризикот од можни последици за безбедноста на земјата, какви што се инфилтрирање ќелии на ИСИЛ, тероризам, организиран криминал и др.

Во периодот од 18 јуни до 31 декември 2015 година се издадени потврди на вкупно 388.233 мигранти за искажана намера да поднесат барање за признавање на правото на азил. Бројот на бегалци/мигранти растеше во месеците што следуваа (во јули: 17.566; во август: 30.045; во септември: 55.318), за во последните три месеци од 2015 година да го достигне бројот од над 90.000 лица месечно (во октомври: 91.350; во ноември: 94.690; во декември: 93.305 лица). Имајќи го предвид големиот број бегалци/мигранти што транзитираа низ земјата (и до 10.000 дневно) во овој период беа пропуштени уште околу 305.000 бегалци/мигранти (Извештај на Министерство за внатрешни работи, 12 април 2016), за кои нема статистички податоци. Според државјанство, од наведените 388.223 лица, најголем број биле од Сирија (216.157, или 55,68 %), Авганистан (95.691, или 24,65 %) и од Ирак (54.944, или 14,15 %).

Република Македонија донесе одлука на 20 февруари 2016 година, со која престана да дозволува влез на нерегуларните мигранти од Авганистан, определувајќи ги како економски мигранти. Оваа одлука беше донесена откако други земји на западнобалканската рута (Австрија, Словенија, Хрватска, Србија) објавија дека на авганистанските мигранти нема да им дозволуваат влез во нивните граници. Хрватска објави дека мигрантите од Авганистан не се бегалци, туку се економски мигранти и неколку стотици од нив врати во Србија, која пак ги врати во Македонија. Австрија установи дневен лимит за влез на 3.200 бегалци и за максимум 80 барања за азил. УНХЦР изрази загриженост дека овие рестрикции можат да водат кон хуманитарна криза покрај западнобалканската рута. Според УНХЦР, на околу 700 Авганистанци тогаш им беше забрането да влезат во Србија од Македонија, што можеше да води кон зголемување на бројот на бегалци и мигранти и во Македонија и во Грција. УНХЦР бараше од сите земји на западнобалканската рута да обезбедат за бегалците соодветно сместување, храна и пристап до процедурата за добивање азил.

## Основни права на бегалците

Бегалци се лица што ја напуштаат својата земја поради оружен конфликт и директна загрозеност на нивните животи и имот. Нивната ситуација е неподнослива и тие одат надвор од границата на својата земја, стануваат меѓународно признати како „бегалци“, и им следува помош од државите, УНХЦР и од други меѓународни организации.

На бегалците се однесуваат основните права што го сочинуваат интегритетот и дигнитетот на поединците, содржани во Универзалната декларација за човековите права. Тоа се однесува на следните права:

- слобода од тортура, или суров, нехуман или деградирачки третман или казнување;
- слобода од ропство;
- признавање како личност во правото;
- слобода на мислење, совест и религија;
- слобода од арбитрарно апсење и притвор;
- слобода од арбитрарно мешање во приватноста, домот и семејниот живот.

Согласно со Конвенцијата од 1951 година, државата им ги нуди следните основни права на бегалцот:

- сигурност дека нема да биде вратен во земјата на потеклото;
- пристап до фер и ефикасна процедура за азил;
- му издава патни документи и др.;
- промптна помош или заштитни мерки ако е неопходно;
- мерки за да се осигури дека нивните основни човекови права ќе бидат почитувани со што ќе им се овозможи да живеат во дигнитет и сигурност;
- помош во изнаоѓање трајно решение (доброволна репатријација, локална интеграција или трансфер во друга земја).

Државите имаат примарна одговорност за оваа заштита. Најважна е првата мерка, која е примена на принципот на „non-refoulement“, односно да не се враќа во земјата на потекло. Доколку бегал-

ците, барателите на азил, бидат вратени назад во своите држави на потекло, може да биде загрозен нивниот живот.

Колку подолго бегалците престојуваат во земјата домаќин, толку повеќе други права можат да користат. Тоа се однесува на следните права:

- да не бидат иселени, освен според познати, стриктно дефинирани услови (член 32);
- да не бидат казнети за нелегален влез на територијата на договорната страна (член 31);
- право на работа (членови 17 до 19);
- право на сместување (член 21);
- право на образование (член 22);
- право на јавна помош и поддршка (член 23);
- слобода на вероисповед (член 4);
- право на достапност на судовите (член 16);
- слобода на движење во рамките на територијата (член 26);
- право да добијат лична карта и патни документи (членови 27 и 28).

Од бегалците се бара да ги почитуваат законите и регулативата на земјата на азил и да се придржуваат кон мерките што се преземаат за одржување на јавниот ред.

Но некои категории лица се исклучени од правото да бидат заштитени како бегалци. Тоа се однесува на лицата што се осомничени дека: а) извршиле злосторства против мирот, воени злосторства, злосторства против човечноста; или: б) виновни се за сторени акти спротивни на целите и принципите на ОН.

Треба да се има предвид дека заштитата на бегалците според Конвенцијата од 1951 година не е трајна. Статусот на бегалец престанува кога тој доброволно е репатриран во неговата земја на потекло или се интегрира, станува натурализиран во земјата домаќин во која се наоѓа.

### Одговорот на ЕУ на европската бегалска криза

Како реагираше ЕУ на европската бегалска криза во 2015 година? Таа се бореше да се справи со кризата, зголемувајќи ги

фондовите за финансирање на граничните патроли во Средоземното Море, разработувајќи планови за борба против трговија со мигранти и предлагајќи нов систем на квоти за да се разместат барателите на азил меѓу државите членки на ЕУ, со што би се олеснил товарот што го носат земјите на надворешните граници на ЕУ. Меѓу државите членки на ЕУ се појавија несогласувања кај оние што беа волни да примаат баратели на азил и кои не се согласуваа да го направат тоа.

Германската канцеларка Ангела Меркел ги поттикна бегалците од Сирија дека доколку успеат да дојдат, ќе им овозможи привремен престој во Германија, и можност да аплицираат за азил. Таа тргна од потребите на моќната германска економија за нова стручна работна сила. Но притоа го суспендира правото на ЕУ, кое со Даблинската регулатива предвидува првата земја на ЕУ во која ќе влезе барателот на азил, да ја води процедурата за издавање азил.

Според ЕУРОСТАТ, земјите членки на ЕУ добија 626.000 барања за азил во 2014 година, што претставува најголема бројка по 1992 година, кога имаше 672.000 барања. Тие им одобрија азил на повеќе од 185.000 баратели на азил. Притоа, околу две третини од овие барања за азил беа упатени до Германија, Шведска, Италија и Франција, кои одобриле азил на речиси две третини од апликациите. Во првата половина од 2015 година до земјите членки на ЕУ биле упатени 395.000 нови барања за азил (EUROSTAT, 18 September 2015).

На 18 март 2016 година ЕУ и Турција постигнаа спогодба за враќање во Турција на мигрантите што нелегално влегоа на грчка територија. Спогодбата предвидува:

- Турција ќе ги преземе „сите потребни мерки да спречи нови рути по море или копно за нелегална миграција од Турција за ЕУ“ и да ги прими назад сите „нови нерегуларни мигранти од Турција на грчките острови, од 20 март 2016 година“ (EU-Turkey statement, 18 March 2016);
- за секој Сириец што ќе биде вратен во Турција од грчките острови, по еден Сириец ќе биде испратен од Турција во некоја од земјите на ЕУ (до вкупно 72.000 сириски бегалци), имајќи ги предвид критериумите на ОН за ранливост;
- во април 2016 година ќе се отвори ново преговарачко поглавје на Турција со ЕУ (Поглавје 33);

- ветените три милијарди евра финансиска помош од ЕУ за справување со сириските бегалци на својата територија, Турција ќе ги добие до летото 2016 година, а се предвидени уште три милијарди евра до крајот на 2018 година;
- визна либерализација за патувања на турските граѓани со ЕУ треба да се овозможи во јуни 2016 година ако Турција ги исполни потребните услови.

Оваа спогодба треба да го спречи нерегуларното влегување на мигрантите во ЕУ и да ги одврати од нивните ризични патувања за Европа, а да го поттикне регуларното патување за стариот континент, со можност таму да се населат барем дел од околу 3 милиони бегалци што се во Турција. Но гледано низ призмата на хуманоста и човековите права, оваа спогодба не нуди решение, туку дури и ги влошува работите за сириските бегалци во Турција, како и за оние што се засолнати во шатори во Грција и на границата на Грција со Република Македонија.

## Регулатива на ЕУ за контрола на границите на државите и трговијата со луѓе

Основна цел е да се спречи помагање и поттикнување и експлоатирање на нерегуларните мигранти од страна на криминални групи преку трговијата со луѓе, како и да се обесхрабри користењето нерегуларни мигранти како евтина работна сила.

За да се намали нерегуларната миграција, да се засили контролата на границите и да се менаџираат процесите на миграција, дел од правната регулатива на ЕУ се однесува на дејствување врз факторите што ги поттикнуваат мигрантите да ги напуштаат земјите од кои потекнуваат (Castel & Miller, 2010).

Со Шенгенската спогодба (Schengen Agreement) е формирана зона во која се укинати проверки на границите меѓу државите членки. Граничните проверки се прават на надворешните шенгенски граници, при што земјите на надворешните граници се обврзани да вршат гранична контрола.

Во делот за надворешните граници, ЕУ ги поддржува државите членки во менаџирањето на контролата на границите и во обезбедување високо и уедначено ниво на контрола на лица и надзор, како претпоставка за создавање простор за слобода, безбедност и

правда. За постигнување на оваа цел е формирана Европска агенција за управување со оперативната соработка на надворешните граници на државите членки на ЕУ ФРОНТЕКС (Регулатива 2007/2004). Граничната контрола, правно гледано, се спроведува преку Schengen Borders Code (Регулатива 562/2006), кој дефинира правила за преминување на надворешните граници и за внатрешна гранична контрола. Оваа регулатива се применува на секое лице што преминува секоја граница на државите членки.

Во 2009 година ЕУ установи Visa Code (Регулатива 810/2009), со кој се регулираат условите и процедурите за издавање визи за кратки престои и транзит низ државите членки и придружните држави преку примена на *Schengen Acquis*. Со тоа се бара од државјаните на трети земји да имаат виза кога влегуваат од надворешните граници на ЕУ, а од државјаните на некои земји да имаат аеродромска транзитна виза за премин низ меѓународни транзитни зони на аеродромите на државите членки.

Во 2011 година е воспоставен European Border Surveillance System „EUROSUR“, кој е оперативен од 2 декември 2013 година. Тој треба да го редуцира бројот на нерегуларни мигранти што влегуваат во ЕУ, да им помогне на државите членки да реагираат побрзо на инцидентите што ги прават мигрантите без документи и на прекуграничниот криминал. Тој установува „национални координативни центри“, во кои се бара од одговорните власти за граничен надзор да ги координираат своите активности.

Правилата од Даблин (Dublin Regulation, No. 604/2013), во сила од 19 јули 2013 година, определуваат дека државите членки на ЕУ се одговорни да ги разгледаат апликациите за азил во ЕУ, притоа спречувајќи „купување азил“ („asylum shopping“), кога апликациите за азил се упатени до повеќе држави членки на ЕУ, или „asylum orbiting“, кога ниедна држава членка не презема одговорност за барателот на азил. Правило е дека е одговорна првата држава членка во која влегол барателот на азил и во која му се земени отпечатоци на прстите. Доколку барателот на азил потоа побара азил во друга држава членка на ЕУ, тој ќе биде вратен во државата членка каде што влегол. прво Правилата од Даблин, во врска со барателите на азил, определуваат голема одговорност за државите членки на надворешните граници на ЕУ (како Италија, Шпанија, Грција, Малта и др.).

## Правна рамка на ЕУ за нерегуларната миграција

Каква е правната рамка на ЕУ за нерегуларните мигранти од трети земји во ЕУ?

Постојат два основни проблема во правните одредби на ЕУ што се однесуваат на нерегуларните имигранти.

Прво, нема кохерентност генерално во миграциската политика на ЕУ. И кога се разгледуваат одредбите на правото и политиката во однос на нерегуларната миграција, во овој дел нема јасни стратегиски цели. Контрадикторна е логиката во имиграциските политики на ЕУ, посебно на оние што се однесуваат на кривична правда, пазарот на трудот, надворешната политика и развој, родовата еднаквост (Pop, 2008).

Вториот проблем што произлегува од правната рамка на нерегуларната миграција е продолжената криминализација на миграцијата и мигрантите. Има одредби во кои се стигматизираат мигрантите како криминалци, што ја засилува недовербата меѓу државите членки на ЕУ и мигрантите. Тоа се однесува особено на „донесување мерки што ги стигматизираат мигрантите, во отсуство на попринципиелен пристап заснован врз детални гаранции на човековите права“ (Cholewinski, 2007).

Оттука произлегува третата, фундаментална слабост во правната рамка: отсуството на консидерации за човековите права во правото и политиката во оваа област. Заштитата на човековите права е ставена во втор план.

Значи, нема сеопфатна миграциска политика во ЕУ. Наместо тоа, одредбите на ЕУ се фокусираат на конкретни прашања во врска со миграцијата, а не ги гледаат мигрантите како човечки суштества на кои се применуваат човековите права. Контрадикциите во рамките на политиките и на правните одредби, го слабеат регулирањето на миграцијата и ја отежнуваат заштитата на интересите на мигрантите, третите земји и државите членки на ЕУ.

ЕУ и нејзините држави членки „ја гледаат миграцијата како инхерентно непожелна и во многу околности заканувачка“ (Dover, 2008). Во повеќе официјални документи на ЕУ миграцијата фактички се криминализира. Имено, се употребува терминот „нелегална“, а не „нерегуларна“ миграција и не се појаснува дека нерегуларните

мигранти не се криминалци само заради нивниот нерегуларен статус во држава членка на ЕУ (Hammarberg, 2009).

Навистина, секое лице што нема да влезе во државата на регуларен начин и не биде подложено на соодветна проверка на граничната контрола, во таа држава влегло илегално, но тоа не значи дека тоа лице е криминалец.

Криминализацијата и стигматизирањето на мигрантите се изразени во одредбите за трговијата со луѓе. Самиот јазик што се употребува – „борбата со нелегалната миграција и мигранти“ („combating illegal migration“; „fighting of illegal migrants“) ја сугерира перцепцијата на мигрантите како криминалци, а не како човечки суштества. Оние што сакаат да ја избегнат негативната конотација, ги употребуваат термините „недокументирани“ или „нерегуларни“ мигранти.

## 8. Човековите права на нерегуларните мигранти

Прашањето за човековите права изгледа како да е оставено настрана во политичката дебата во ЕУ, во ситуација кога нема кохерентност, а продолжува криминализацијата на мигрантите. Инструментите за човекови права на ЕУ ги ставаат во втор план мигрантите, на повеќе начини (Ambrosini, 2013).

„Човечкото суштество со неговите или нејзините интереси е централно за ЕУ, а државите членки имаат одговорност да ги заштитат човековите права на сите што се на нивна територија и под нивна јурисдикција. Постои поединечна и колективна должност на државите на ЕУ да ги заштитат лицата што се движат во рамките на границите и е неопходно тие да дејствуваат и соработуваат за постигнување на таа цел.“ (Kengerlinsky, 2007). ЕУ во стварноста не ги имплементира овие заштити кон нерегуларните имигранти.

Директива за враќање („Return Directive“, Directive 2008/115/EC), во член 13, ја предвидува можноста странец да добие во судска постапка суспензија на одлука да се врати, како можност, а не како автоматски ефект од правото на жалба. Тоа значи дека имигрантот што ја обжалил одлуката да биде вратен од државата на ЕУ, тоа може да го направи залудно, бидејќи откако неговото протерување е извршено, евентуалната судска пресуда во негова полза би била без ефект.

Недостигот на заштита на човековите права се покажува и преку постојаната поддршка, во многу аспекти, на домашната јурисдикција, што не овозможува ЕУ да има своја легислација и стриктно свои правила (McNamara, 2013). Генералните принципи на ЕУ, во многу случаи, се применуваат различно во државите членки, на кои им е оставено дискреционо право да решаваат за тие прашања. Така што повеќе држави членки не сакаат во реалноста да ги заштитат имигрантите, посебно нерегуларните имигранти, кои ги сметаат за нелегални во смисла дека прават проблеми.

## Дали новата правна рамка во ЕУ соодветно ги адресира прашањата на човековите права на нерегуларните мигранти

Постојат некои подобрувања во тоа како во ЕУ се адресира прашањето на поголема и ефективна заштита на човековите права на нерегуларните мигранти.

Во Директивата за враќање (Directive 2008/115/EC) некои одредби се однесуваат на заштита на човековите права: правото на странците да добиваат бесплатна правна помош (на барање на странецот, кој треба да биде информиран за таа можност, и тоа на јазик што го разбира); во барањето да бидат образложени причините, фактички и правни, на одлуката за враќање; забраната мигрантот да се држи во притвор додека трае постапката.

Друга позитивна мерка – Европскиот парламент усвои Регулатива за правила за надзор во ФРОНТЕКС преку координирани заеднички операции. Комитетот на Европскиот парламент за граѓански слободи, правда и домашни прашања (European Parliament Committee on Civil Liberties, Justice and Home Affairs (LIBE)) на 20 февруари 2014 година ја донесе одредбата дека единиците што учествуваат во операциите на ФРОНТЕКС треба да обезбедат сигурност и човечко достоинство на лицата што ги спасуваат или ги оневозможуваат да стигнат до посакуваната дестинација. Постои и обврска да бидат идентификувани ранливите лица, како што се жртвите на трговија со луѓе и децата мигранти одделени од родителите, на кои треба да им дадат соодветна помош.

Новата ЕУ Директива за превенирање и борба против трговијата со луѓе и заштита на жртвите (Directive 2011/36/EU on Preventing

and Combating Trafficking in Human Beings and Protecting its Victims) – во сила од 15 април 2011 година, со обврска на државите членки на ЕУ да ја вградат во домашното законодавство до 6 април 2013 година – се фокусира повеќе на заштита на жртвите, како дел од човековите права. Таа експлицитно се повикува на европските и на меѓународните инструменти за човекови права. Има посеопфатен пристап, при што покрај борбата против организираниот криминал, ја акцентира и заштитата на жртвите. Во член 2 (2) од Директивата е поместена експлицитна одредба за „положба на ранливост", како и за некриминализација на лицата што се предмет на трговија со луѓе. Во оваа смисла е и одредбата дека судијата може со заплена и конфискување да обезбеди финансиски извор за помош и заштита на жртвите. Оваа директива ги промовира организациите на граѓанското општество, вклучително НВО, со наводите дека државите членки мора да работат заедно со нив (во врска со нивни иницијативи, информативни кампањи), истражување, едуцирање и обуки, како и за верификување и евалуација на влијанието на мерките за спречување на трговијата со луѓе.

Но дел од овие одредби се тешко спроведливи во практиката, со оглед на тоа што е ранлива положбата на жртвите, а трговците со луѓе имаат реална моќ врз жртвите. А поради тоа што недостигаат фондови за НВО и други организации што треба да дадат помош, правото на компензација во практиката станува симболично.

Иако е неспорно дека има санкции против оние што тргуваат со луѓе, мора да се води сметка таквите санкции да немаат негативен одраз врз жртвите на таквата трговија. Покрај тоа, битно е како оваа директива се имплементира од страна на одделни држави членки на ЕУ, од кои не кај сите има подготвеност да соработуваат една со друга.

## ЗАКЛУЧОК

Од наведеното можат да се извлечат следниве заклучоци:

- Државите постапуваат со мигрантите според своите закони за имиграција и своите процедури, додека со бегалците постапуваат согласно со нормите за заштита на бегалците и азил што се дефинирани и во меѓународното право и во домашното законодавство.

Неприфаќањето на бегалците и мигрантите може да има сериозни последици за нивните животи и безбедност.

- Во ситуација на енормен број бегалци и мигранти што доаѓаат во земјите на ЕУ, неопходно е да им се даде приоритет на бегалците што доаѓаат од зони на оружени конфликти, како што се во Сирија и Ирак, во однос на економските мигранти што доаѓаат од повеќе други земји. Регулативата од Даблин треба да се приспособи кон новите услови, со тоа што ќе бара од државите членки да го регистрираат секој што доаѓа на нивна територија, заедно со барањето да бидат регистрирани мигрантите/барателите на азил.

- Република Македонија на задоволителен начин се справуваше со големиот прилив на бегалци и нерегуларни мигранти за време на големата бегалска криза во 2015 година и на почетокот на 2016 година. Во март 2016 година таа ги затвори нерегуларните гранични премини, постапувајќи согласно со одлуките на државите што се наоѓаат по неа на западнобалканската рута (Србија, Хрватска, Словенија, Австрија).

- Не постои конзистентна рамка на актуелното право и политика на ЕУ за нерегуларна миграција. Постои своевидна криминализација на нерегуларните мигранти, кои остануваат без поголема заштита заснована врз човековите права.

- Промените во правната рамка на ЕУ во последниве неколку години донекаде ги менуваат работите, признавајќи ја важноста на основните човекови права на мигрантите, посебно во врска со трговијата со мигранти.

- Постојната бегалска криза во Европа ја наметнува потребата ЕУ да го преоцени системот за азил во врска со нерегуларната миграција и суштината на Шенгенската спогодба. Ова е дотолку поважно во светлина на терористичките напади во Франција, во ноември 2015 година, во Белгија, во март 2016 година и други.

- Гледајќи долгорочно, ЕУ треба да развива механизми за интегрирање на бегалците, особено на пазарот на трудот, и да бара начини големиот прилив на бегалци да го искористи за намалување на демографската криза во земјите на Унијата.

Сметаме дека е неопходно човековите права да бидат во центарот на европската политика за миграција. ЕУ треба да изгради кохерентна рамка за миграцијата на сите нивоа и во сите контексти,

без да бидат некои групи мигранти во привилегирана положба. Кога човековите права би биле во основата на таквата политика, државите членки би се охрабриле да ги третираат сите мигранти, вклучително и нерегуларните, со поверќе почит, и би помогнале да се осигури дека процесите за регулирање на границите и спроведување на таа регулација се одвиваат на начин што го заштитува човечкиот дигнитет. Но овој пристап бара појасна и систематска европска правна рамка генерално за миграцијата (Miller, 2008), која допрва треба да биде достигната.

**БИБЛИОГРАФИЈА**


Ambrosini, M. (2013). *Irregular Migration and Invisible*, Welfare, Palgrave Macmillan.

Castel, S. & Miller M. J. (2010). *The Age of Migration. International Population Movements in the Modern World*, London, Palgrave.

Cholewinsky, R. (2007). *The Legal Status of Migrants admitted for Employment Committee of experts on Legal Status and Rights of Immigrants; a comparative Study of Law and Practice in selected European States*. Council of Europe Publishing.

Dover, R. (2008), Towards a Common EU immigration policy: a securitization too far, in *European Integration*, 30(1).

Hammarbeg, T. (2009). It is wrong to criminalize Migration, *European Journal of Migration and Law*, 11.

Kengerliinsky, M. (2007). Restrictions in EU Immigration and Asylum Policies in the light of International Human Rights Standards, *Essex Human Rights Review*, 4(2).

McNamara, F. (2013). Member State responsibility for Migration Control within Third States – Externalization Revisited, *European Journal of Migration and Law*, 15(3).

Miller, D. (2008), Irregular Migrants: an Alternative Perspective, *Ethics and International Affairs*, Vol. 22, 2.

Morticelli, A. and Guth, J. (2015). *Irregular Immigration in the EU Legal Framework: Where are the Human Rights?*, in Sirkeci, I., Elcin, D., Seker, G. (2015). *Politics and Law in Turkish Migration*, London, Transnational Press London, 7-24.

Pop, A. (2008). European Union Initiatives in tackling Migration and Organized Crime at its New Eastern Borders, *Romanian Journal of European Affairs*, 8(1), 45-59.

**Марина Малиш Саздовска**
Факултет за безбедност – Скопје,
Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

## ШВЕРЦУВАЊЕ МИГРАНТИ – БЕЗБЕДНОСНА ЗАКАНА ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Marina Malish Sazdovska**
Faculty of Security – Skopje,
University "St. Kliment Ohridski" – Bitola

## SMUGGLING OF MIGRANTS AS A SECURITY THREAT FOR THE REPUBLIC OF MACEDONIA

### ABSTRACT

Refugee crisis in the country affects the overall social life, on the political, economic, humanitarian, and environmental plan. Particularly the influence on the refugee crisis in the area of security is very important. In fact, there are more aspects of security threats arising from the crisis, as: smuggling of migrants, border incidents, transiting of security interest persons, crimes against migrants and etc. Serious problem is the numerous illegal crossings of the state border with the neighboring countries and the possibility of smuggling of migrants in a larger scale. This will cause application of measures and activities within the criminalistic method of combating this type of crime. Measures are related to the detection of offenders, as well as proving the crime, i.e. their full clarification.

In order dealing with the crisis, in the coming period, engaging of all authorities working together to deal with security threats is needed. It is necessary to establish a strategy for dealing the refugee crisis, and taking into account the broader geostrategic and geopolitical aspects of the crisis for Republic of Macedonia. Also during the implementation of the measures and activities principles of security management should be applied, in particular the crisis management or to implement strategic plans according the strategic, tactical and operational levels.

Keywords: refugees, crisis, smuggling

## ВОВЕД

Бегалската криза претставува сериозна и комплексна општественополитичка и безбедносна состојба. Имено, кризата има повеќе аспекти што имаат серозно влијание на политички, економски, безбедносен, хуманитерен, здравствено-медицински, еколошки и друг план. Бегалската криза во Република Македонија претставува сериозен проблем, кој е дел од проблемот со бегалците во Европа. Големиот број бегалци предизвикува сериозни безбедносни и други импликации, со кои се справуваат сите надлежни органи во земјата.

Бегалците што транзитираат низ земјата се движат по т.н. балканска бегалска рута и најчесто границата ја преминуваат преку Грција, по претходно патување низ Турција. Најголем број од бегалците се државјани на Сирија, Авганистан, Ирак, но има и од други блискоисточни земји.

## БЕГАЛСКАТА КРИЗА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Заради успешно справување со бегалската криза во Република Македонија, Владата на Република Македонија на седницата на 19 август 2015 година донесе одлука за прогласување кризна состојба во регионот на јужната и на северната државна граница поради зголемениот наплив на мигранти, со што согласно со правните прописи се отвора можност за соодветен ангажман и на АРМ. Имено, поради зголемениот притисок на јужната граница и сѐ поголемиот интензитет на транзит преку т.н. балкански мигрантски коридор, но и состојбата во глобални рамки, било проценето дека е неопходна дополнителна зголемена и поефикасна контрола на граничниот појас каде што се регистрирани масовни илегални преминувања од грчка страна.

До јули 2015 година, Македонија рутински и систематски ги притвори мигрантите и барателите на азил, вклучително и деца и бремени жени во прифатни центри за странци. По јули 2015 година, поради промена на законот, бројот на притворени лица во центарот во Македонија значително е намален.

Станува збор за голем број мигранти што минуваат низ земјата и претставуваат сериозен проблем од аспект на нивно регистри-

рање, третман и транзит низ Македонија. Според податоците на ФРОНТЕКС, Агенцијата за надворешната граница на ЕУ, во 2014 година биле забележани повеќе од 66.000 нерегуларни минувања на границите на петте земји од Западен Балкан: Албанија, Босна и Херцеговина, Република Македонија, Црна Гора и Србија, што претставува зголемување од 65 % споредено со 2013 година. Исто така, според статистиката на ФРОНТЕКС во 2014 година имало значително зголемување на бројот на Сирijци и Авганистанци што ја користат границата меѓу Грција и Македонија. Многу малку баратели на азил избираат да поднесат барање за азил во Македонија, а оние што поднеле барање често ја напуштаат земјата пред да биде донесена одлука за нивното барање. Со цел решавање на дел од проблемите во врска со бегалската криза, во јуни националниот закон за азил е изменет и дополнет за да им овозможи на поединците што ќе изјават „намера“ за поднесување барање за азил кај полицијата, да можат законски да останат во земјата во период од 72 часа, со цел да поднесат официјално барање за азил.

Според истражувањето за бројот на мигранти што транзитирале низ земјата, врз основа на статистичките податоци на Министерството за внатрешни работи, во текот на 2015 година низ нашата држава транзитирале вкупно 694.679 мигранти. Согласно со измените на Законот за азил и привремена заштита, од 18 јуни 2015 година на мигрантите им се овозможи легално и организирано да транзитираат низ државата со издавање потврда за искажана намера за признавање право на азил и во рок од 72 часа да поднесат барање за признавање право на азил или да ја напуштат државата.

Табела 1. Лица на кои им се издадени потврди за искажана намера за признавање право на азил по потекло од три држави
18 јуни 2015 – 29 февруари 2016 година

| Државјанство | 18 јуни – 31 декември 2015 | 1 јануари – 29 февруари 2016 |
|---|---|---|
| Сирија | 216.157 | 43.253 |
| Авганистан | 95.691 | 26.546 |
| Ирак | 54.944 | 18.038 |
| Вкупно | 388.233 | 87.840 |

## БЕЗБЕДНОСНИ АСПЕКТИ НА БЕГАЛСКАТА КРИЗА

Бегалците ја преминуваат границата со Република Македонија легално, но и илегално, што претставува сериозна безбедносна закана за Македонија. Покрај илегалното влегување во земјата, се јавува и друг безбедносен проблем, а тоа е шверцот со бегалците. Во 2014 година. МВР на Република Македонија поднесе 94 пријави против 166 шверцери на мигранти, а имало 1.250 барања за азил. Исто така, сериозен проблем претставува и движењето на бегалците преку територијата на Македонија, при што десетици мигранти го загубија животот на железничките пруги во земјава, а постои можност за транзитирање и на безбедносно интересни лица.




Слика 1. Една од маршрутите на движење на бегалците пред затворањето на унгарската граница




Слика 2. Маршрута на движење на беглаците
преку Македонија, Србија и Хрватска

Безбедносните импликации што се јавуваат во земјите на Европската Унија во врска со приливот на бегалци се сериозни и со тешки последици, како што се реализираните терористички акти, во кои учествувале лица што ја минале и територијата на Република Македонија. За тоа како и на кој начин се минуваат или се минувале границите може да се заклучи и од сведоштвото на еден новинар што ја минал рутата без проверка на личните документи.

Во Република Македонија безбедносните импликации што се јавуваат од бегалската криза се: шверц на мигранти, железничките незгоди, напад на полициските сили и нанесување тешки повреди на полицајците надлежни за обезбедување на јужната граница, односно гранични инциденти, илегално минување на државната граница, како и последниот обид на 14 март 2016 година за организирано масовно илегално преминување на границата со Грција на 2.445 лица, при што имало и три жртви и др.

Така, според статистички податоци на Министерството за внатрешни работи што се однесува до нарушувањата на јавниот ред

и мир од страна на мигрантите, по активирање на мерката на селективен пристап, на 28 ноември 2015 година е регистриран граничен инцидент при спроведување на одлуката за поставување заштитна жичена ограда на државната граница од македонска страна, што предизвика незадоволство кај големиот број економски мигранти на кои не им беше дозволен влез во Република Македонија, а се наоѓаат на грчка територија. Притоа мигрантите извршија каменување на припадниците на полиција и армијата, кои вршат обезбедување на државната граница, при што беа повредени 24 лица, од кои 23 припадници на Министерството и еден припадник на АРМ, а беше оштетена дел од опремата. На овој граничен инцидент му претходеа две нарушувања на јавниот ред и мир на истата локација, кога од страна на економските мигранти повторно беа каменувани безбедносните сили, обидувајќи се да го пробијат кордонот и насилно да влезат во државата. На 29 февруари 2016 година, на ГК-59, поради воведување нови мерки за пропуштањето на мигранти, од страна на поголема група мигранти (околу 500) на самата гранична линија на Република Грција е нарушен јавниот ред и мир, со фрлале камења и тврди предмети кон македонските полициски сили, повредувајќи еден полициски службеник, а се обиделе и насилно да влезат на територија на Република Македонија.

## КРИВИЧНО-ПРАВНИ И КРИМИНАЛИСТИЧКИ АСПЕКТИ НА БЕГАЛСКАТА КРИЗА

Националното законодавство во Република Македонија има предвидено неколку казниви поведенија што на директен или индиректен начин се поврзани со илегалното минување на државната граница, и тоа: член 402 Недозволено преминување на државната граница; член 418-б Шверцување мигранти и член 418-в Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе трговија со малолетно лице и шверцување мигранти.

Во врска со овие кривични дела во текот на 2015/2014 година се откриени вкупно 142/94 кривични дела „шверцување мигранти", при што против 212/166 сторители се поднесени 130/72 кривични пријави.

Табела 2. Кривични дела, сторители и откриени мигранти во 2014/2015

| | **2015** | **2014** |
|---|---|---|
| Кривични пријави | 130 | 51 |
| Кривични дела по член 418-б | 142 | 94 |
| Сторители | 212 | 166 |
| Откриени мигранти | 1.005 | 693 |
| Кривични дела по член 402 | 8 | 4 |
| Сторители | 13 | 7 |

Откриените мигранти во рамките на кривичните дела „шверцување мигранти“ во текот на 2015 година, според потеклото, најмногу се од Сирија – 598, Авганистан – 153, Ирак – 83, Сомалија – 48 и Пакистан – 51 мигрант. Рутата на движење започнува со илегално преминување на грчко-македонската граница, а потоа најчесто во Гевгелиско-демиркапискиот Регион, сторителите со патнички и товарни возила ги превезуваат мигрантите кон Скопје и Куманово, од каде што илегално заминуваат преку српската граница кон западноевропските земји.

Според овој *modus operandi,* овие кривични дела биле реализирани во изминатиот период, но поради ефикасната и навремена работа на надлежните безбедносни органи, тие биле откриени и за нив е реализирана и судска постапка. Овие оперативни дејствувања на терен со преземање конкретни мерки и активности од страна на полицијата, криминалистичката полиција и другите безбедносни органи за разузнавање и контраразузнавање, укажуваат на добра меѓуресорска соработка на надлежните органи со цел спречување на овој вид криминал.

Придонесот на криминалистичката наука, меѓу другото, е и формирање посебни методики за спречување на одделни видови криминални активности. Имено, криминалистиката претставува трихотомна наука составена од криминалистичка техника, тактика и методика. Во рамките на криминалистичката тактика се проучуваат сите мерки и активности што можат да ги применуваат криминалистичката полиција и други безбедносни органи со цел ефикасно откривање сторители на кривични дела. Во рамките на тактиката се

анализираат сите оперативно-тактички мерки и активности, како и истражните мерки што се реализираат во практика со цел откривање, докажување и разјаснување на кривичните дела. Тука спаѓаат: заседа, рација, извршување разговор со лице, сослушување, претрес, увид, соочување, препознавање, вештачење, експеримент, реконструкција и други. Но сите овие мерки и активности не се адекватни за разјаснување на сите кривични дела. Имено, секое кривично дело има свои специфични карактеристики, посебен профил на сторители, како и одреден *modus operandi*, или начин на извршување на кривичните дела. Поради тоа, од севкупната низа мерки и активности што им стојат на располагање на надлежните органи, за секој посебен вид кривично дело се формира посебна методика за спречување на одделен вид криминални активности.

Значи, криминалистичката методика за откривање на кривичното дело шверцување мигранти претставува посебен збир на точно утврдени оперативно-тактички и истражни мерки и дејства што се преземаат од страна на овластени службени лица со цел ефикасно откривање на овој вид криминал. Шверцувањето мигранти е кривично дело во чие откривање се вклучени повеќе безбедносни органи и служби, и тоа: криминалитичката полиција, царината, Управата за безбедност и контраразузнавање, Агенцијата за разузнавање, полицијата, сообраќајната полиција и др. Секој орган во рамките на својата надлежност презема мерки и активности со цел откривање на сторителите на ова кривично дело, кои најчесто се организирани во илегални организирани криминални групи. Активностите за откривање на овие кривични дела се насочени кон утврдување на илегалните влезови и излези од територијата на Република Македонија, каналите по кои се движат мигрантите, засолништата што ги користат на патувањето, населените места и локациите за сместување, возилата што се користат за транспорт и друго.

Со цел откривање на сторителите на шверцување мигранти, сите надлежни органи преземаат мерки и активности за нивно идентификување, при што често треба да се применат и дополнителни мерки, како, на пример, користење соработничка мрежа со цел прибирање разузнавачки информации, како и мерката за прикриен полициски извидувач. По дознавањето на илегалните влезови и маршрути на движење, и организираните криминални групи се

применуваат и мерки за тајно следење и набљудување, тајно фото-докуметирање и други посебни истражни мерки и дејства. На тој начин, покрај откривањето дека кривичното дело шверцување мигранти постои, се обезбедуваат и докази за делото. Исто така, покрај преземањето одредени мерки од страна на овластените службени лица на територијата на земјата, новите технолошки решенија можат да придонесат за поефикасно и поуспешно откривање на ова кривично дело. Доколку на граничните премини постојат радари што реагираат на топлината на човечкото тело и со скенирање на одредени возила за кои има индиции дека превезуваат мигранти, можно е откривање на кривичното дело на самиот граничен премин при влез на транспортот. Но доколку транспортот се одвива на нелегални премини, тогаш е потребно да се примени друга тактика за откривање, поставување заседа, користење информации од соработници и др. Сите овие мерки можат да придонесат за откривање и докажување на делото, само доколку надлежните органи соработуваат меѓусебно, разменуваат потребни информации, реализираат заеднички акции и сл.

Но она што загрижува при примената на методиката за откривање, докажување и разјаснување на кривичното дело шверцување мигранти е честото учество на полицајци и други припадници на безбедносни органи во групата сторители што го реализира ова кривично дело. Имено, корупцијата на овие органи, за жал, претставува еден од начините на кој се организира илегално влегување на мигрантите, нивно движење низ територијата на Република Македонија и сл.

Во современиот контекст за бегалската криза во Република Македонија, и по донесувањето на одлуката за прекин на балканската мигрантска рута, при што Турција има обврска за го запре бегалскиот бран кон Грција и Македонија, сепак, обидите за илегално минување на државната граница постојат и ќе постојат во иднина. Поради тоа, припадниците на надлежните безбедносни органи што ја обезбедуваат границата на земјава со соседните држави треба постојано да преземаат превентивни мерки за спречување на шверцувањето мигранти, но и репресивни мерки доколку дојде до сторување на кривичното дело.

## ИЛЕГАЛНО ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА ГРАНИЦА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Илегалното преминување на државната граница, не само од страна на мигрантите туку и од други лица и криминални групи, претставува сериозна закана за Република Македонија. Имено, веќе е потврдено од страна на безбедносните органи дека бегалците се движат од Блискиот Исток до европските држави преку веќе востановените рути за шверц на дрога. Имено, рутите на бегалците се поклопуваат или се истите рути на кои веќе дејствуваат криминалните групи за шверц на дрога. Така, овие рути претставуваат безбедносна закана дека покрај бегалците, преку овие рути може да минуваат и криминалци што шверцуваат дрога или други средства, но и терористи и други припадници на радикални групи, организации и структури, што веќе беше потврдено со дел од сторителите на терористичките напади во Париз минатата година.

Поради тоа, од особено значење за стабилноста и безбедноста во Македонија е да се следат илегалните влегувања во земјава, со цел утврдување на сите илегални влезови и откривање илегалните групи што ќе се обидат да ги искористат нив.

Илегалните преминувања се присутни на државната граница со сите соседни држави, при што критичните места што се користени за илегални поминувања на државната граница се распоредени на следниов начин:

- на границата со Бугарија: 11 критични места;
- на границата со Грција: во околината на Гевгелија, а во внатрешноста на повеќе места;
- на северната државна граница со Србија и Косово: на територија на 10 ПС на повеќе локации;
- на западната државна граница со Албанија најмногубројни се илегалните преминувања на околу ГП Ќафасан и подрачјето на ПС за ГН Франгово и ПС за ГП и ГН Блато.

Ова укажува на голем број локации на сите државни граници со соседните држави на Македонија, каде што постојат илегални премини на државната граница. Со цел намалување на илегалните преминувања на државната граници, во наредниот период од страна на надлежните безбедносни органи е потребно реализирање мерки и

активности во насока на следење на состојбата и спречување на преминувањата. Притоа треба да се преземат и конкретни мерки на заседи, криминалистичко разузнавање и др. со цел спречување на користење на овие илегални премини и намалување на „порозноста“ на границата. На тој начин ќе се спречат безбедносно интересните лица што ќе се обидат да ја преминат државната граница, илегално да влезат на територијата на Македонија и да дејствуваат противуставно и непријателски во Македонија. Ова е особено значајно имајќи предвид дека во Македонија има припадници на радикални структури чии претставници се на боиштата на Блискиот Исток, поддржувајќи ја ИСИЛ, или веќе се повратници од воените боишта.

Во врска со настанот на 14.3.2016 год. за обид на илегално преминување на македонско-грчката граница, при што направија пробив 2 445 бегалци, во Грција е започната истрага во врска со настанот. Имено, обвинителка од грчкиот Врховен суд наложила започнување прелиминарна истрага за потеклото на флаерот што се делел меѓу бегалците и мигрантите во кампот Идомени, со кој се повикуваат бегалците за илегално преминување на границата. Овој флаер содржел инструкции напишани на арапски, мапа и насоки за алтернативен пат по кој може да се премине границата. Следуваат активности на Јавното обвинителство во Солун, кои треба да испитаат „дали постојат докази за формирање случај против лица одговорни за кривични дела поврзани со нелегално организирање влез, престој и социјална интеграција на државјани на трети земји во Грција, како и загрозување на пријателските односи на Грција утврдени со закон или на нејзините сојузници со странска држава или нивно ставање во ризик од одмазда“.

Со поставува прашањето за организаторите на оваа активност имајќи предвид дека во групата со бегалците имало и новинари, фоторепортери и активисти, и намерата да се создадат услови за продлабочување на бегалската криза на македонско-грчката граница, како и создавање дополнителни безбедносни закани за Република Македонија. Исто така, тоа претставувал и тест за македонските безбедносни органи и служби за постапување во состојба на ескалација на гранични инциденти на јужната граница. Значи, во контекст на геостратегиските и геополитичките констелации на земјата, надлежните органи треба да донесуваат адекватни одлуки заради задржување на курсот на земјата за мирно решавање на споровите,

заштита на територијалниот интегритет, заштита на виталните интереси и одржување стабилност и безбедност на државата.

**Бегалците како жртви на кривични дела**

Покрај кривичните дела сторени од мигранти или од македонски државјани за шверцување мигранти, има и појава на *виктимизација* на мигрантите. Имено, и тие можат да бидат жртви на одредени кривични дела и прекршоци. Така, по активирање на мерката „селективен пристап" од 19 ноември 2015 година до 29 февруари 2016 година, регистрирани се 14 случаи на „разбојништва" извршени над 38 мигранти (19 од Мароко, Ирак девет, седум од Иран и три од Шри Ланка), при што им се одземени парични средства, мобилни телефони и лични документи.

Исто така, во текот на февруари 2016 година е регистрирано едно кривично дело „изнуда" врз тројца мигранти од Авганистан, сместени во куќа во кумановското село Ваксинце, барајќи да им бидат испратени 1.500 евра. Извршено е и едно кривично дело „грабнување" против двајца мигранти во Сирија, кои биле сместени, исто така, во куќа во Ваксинце. Против сторителите се преземени мерки на кривичен прогон.

Покрај ова, во текот на 2015 година се случени пет железнички незгоди во кои животот го загубиле 18 мигранти.

## БЕЗБЕДНОСЕН МЕНАЏМЕНТ

Безбедносниот менаџмент го опфаќа менаџирањето или управувањето во однос на безбедносните состојби и појави. Ниту една безбедносна организација не може да се замисли, а уште помалку да расте и да се развива без соодветен безбедносен менаџмент. Добриот безбедносен менаџмент е најзначајниот фактор за гарантирање на безбедноста. Преку безбедносниот менаџмент, институциите што работат на полето на безбедноста ја согледуваат својата иднина и избираат и успешно ги имплементираат активностите потребни за подигање на нивото на безбедност во општеството. Тој претставува исклучително комплексна активност, која ја вршат стручни и искусни лица, или докажани професионалци на полето на безбедноста.

Потребата од менаџмент расте со зголемувањето на безбедносните ризици и опасности. Тоа е особено нагласено во савреме-

ните услови кога настануваат крупни и брзи промени во сите сфери на општественото живеење, а со тоа и потребата од поголема безбедност. Во такви услови, практичната вредност на менаџментот се сведува на умешноста да ја поставаат визијата за иднината на службата со која раководат и, користејќи ги научните методи и техники на управување, да ги насочат активностите кон остварување на таа визија.

Менаџментот како процес има неколку главни функции. Четирите функции на менаџментот се:

- планирање;
- организирање;
- раководење;
- контрола.

Покрај овие, таканаречени основни или главни менаџерски функции, се сретнуваат и некои други, како што се:

- одлучување – функција што се содржи во сите други менаџерски функции;
- наредување – процес на пренесување на донесените одлуки на подредените, познато и како делегирање;
- координирање – процес на поврзување, насочување и хармонизирање на моќта;
- мотивирање – влијание врз подредените заради поттикнување на желбата за извршување на работата.

Планирањето е една од најважните функции на менаџерот, затоа што со неа помалку или повеќе се одредуваат и другите менаџерски активности. Со планирањето се донесуваат одлуки за мисијата и целите на службата и се избираат соодветни насоки на акции за нивно остварување.

Базичната функција на планирање секогаш се движи од општите кон посебните делови, односно од полесно кон потешко. Основните термини што се употребуваат во процесот на планирање се поврзани со: визијата, мисијата, намерите и целите.

Визијата може да се сфати како водач за мотивирање и насочување на целата организација. Највисоките менаџери во секоја организација, па и во безбедносните служби, ја определуваат визи-

јата на организацијата. Мисијата е всушност целта поради која постои организацијата. Таа е тесно поврзана со природата на работата на безбедносната служба и се разликува од сектор во сектор. Намерите се тесно поврзани со мисијата и се однесуваат на клучните прашања на организацијата. Намерите треба да бидат општи, видливи, да предизвикуваат, да поттикнуваат и временски се неограничени. Целите ја отсликуваат состојбата на потребните, односно планирани резултати, кои ги одредуваат намерите на организацијата. Тие треба да бидат: конкретни, мерливи, остварливи, исплатливи и временски ограничени.

Развој на тактика е петтото ниво на планирање во безбедносните институции. Тактиката ги опфаќа конкретните и специфични планови, одговараат на прашањата кој, што, каде, како и кога треба да се спроведе активноста, за да ги задоволи целите на институцијата.

Во однос на тактичкото планирање за постапување во врска со бегалската криза во Република Македонија, тактичкото планирање се состои од планирање на секојдневните активности што ги преземаат надлежните органи на терен. Имено, ова планирање се однесува на преземањето на мерките и активностите што ги преземаат полицијата, Армијата на Република Македонија, Центарот за управување со кризи и другите надлежни органи во камповите на границата на земјава со Грција и со Србија, како и на други локации.

При тактичкото планирање треба да се има предвид систематско и планско спроведување на планираните мерки и активности, што несомнено ги упатува службите на меѓусебна соработка, со цел ефикасно реализирање на предвидените задачи. Во досегашното постапување на надлежните безбедносни органи, тие се докажуваат како професионални и ефикасни во спречување на одредени безбедносни закани. Меѓусебната успешна соработка беше демонстрирана при граничните инциденти што се случија на јужната граница на Република Македонија, како и при обидот за пробив на граничната линија на 14 март 2016 година кога неколкуилјаден бран бегалци се обиде да навлезе на територијата на земјава.

Покрај тактичкото планирање, во безбедносните служби често се користи терминот стратегиско планирање, што претставува посебен вид планирање. Менаџерите од највисокото – стратегиско

ниво, кога ја подготвуваат стратегијата на службата со која раководат, се потпираат на стратегиското планирање. Стратегијата на организацијата ја определува природата, односно типот на работата што ја извршува службата, како и основните мерки и активности што треба да се преземаат за да се исполнат целите на организацијата. „Стратегиското планирање претставува процес преку кој се определува организациската цел на службата". Во тој процес се одговара на трите основни прашања:

- Каде се наоѓа службата сега?
- Каде треба да биде службата?
- Како да се стигне таму?

Стратегиското планирање, всушност, претставува еден од основните чекори кон остварувањето на мисијата на одреден орган, особено во сферата на безбедноста. Улогата на стратегиското планирање е да обезбеди рамка за подготовка на реално спроведливи и ефективни програми, проекти и активности, заради постигнување на поставените цели и посакуваните резултати. Исто така, преку процесот на стратегиското планирање се креираат соодветни политики и програми што ќе ги дадат најсоодветните резултати во постигнувањето на зададените приоритети.

Во однос на стратегиското планирање при безбедносните закани и бегалската криза во Република Македонија, треба да се формулира стратегијата врз основа на неколку параметри, и тоа:

(1) изработка на анализа за внатрешното и надворешното опкружување;

(2) прегледување на визијата, мисијата и целите на организацијата;

(3) определување на SWOT анализа.

Врз основа на горенаведените параметри потребни за стратегиско планирање, може да се заклучи дека тоа е директно поврзано со геостратегиската и геополитичката положба на Република Македонија во услови на бегалска криза. Значи, потребно е да се изработи стратегија за постапување во услови на бегалска криза, притоа имајќи ги предвид околностите во кои се наоѓа земјата на геостратегиски план, но исто така и надворешната политика на Република Македонија. При изработката на стратегијата, менаџерите треба да

бидат способни да го разберат начинот на креирање на политиките и да имаат способност за ефективно предвидување, набљудување и ажурирање на предвидувањата. Само на тој начин ќе се овозможи донесување ефикасни и ефективни одлуки за менаџирање на безбедносните закани, во случајов бегалската криза.

Покрај планирањето на стратегија за справување со бегалската криза, потребно е и организирање на надлежните безбедносни служби и органи, со цел реализација на поставените цели. Притоа е потребно да се предвидат потребните ресурси и условите што ќе овозможат постигнување максимални резултати.

Покрај менаџерските функции на планирање и организирање, при соочување со безбедносна закана, во случајот со бегалската криза, од особено значење е и донесувањето одлуки, односно раководење во услови на криза. При изработка на стратегијата и донесувањето одлуки за справување со бегалската криза, треба да се има предвид и хиерархиската поставеност на менаџерските нивоа, која е претставена на следниов начин:

- Стратегиско (врвно) ниво (Top-level managers): Највисоките менаџери, на стратегиско ниво, ги определуваат целите на безбедносната институција, политиката што ќе се спроведува во наредниот период, ги определува најважните прашања на кои треба да им се посвети особено внимание итн.;
- Тактичко (средно) ниво (Middle-level managers): Основната задача на менаџерите на ова ниво е да ја определат тактиката преку која ќе се спроведуваат одлуките што ги донесуваат менаџерите од стратегиското ниво. Даваат инструкции и насоки за постапување при одредени безбедносни прашања на менаџерите од оперативното ниво. Тие ги дефинираат и целите на секторите со кои раководат.
- Оперативно (праволиниско) ниво (Operational-level managers): Вниманието на менаџерите на ова ниво е насочено кон непосредно извршување на безбедносните задачи и спроведување на политиката и интересите на организацијата. Тие непосредно учествуваат во речиси сите операции и, иако се наоѓаат на најниско ниво, имаат извонредно големо значење за организацијата затоа што директно се соочуваат со сите организациски прашања, проблеми, недостатоци итн.

Донесувањето одлуки, односно раководењето во услови на криза, се спроведува преку процесот на донесување одлуки најчесто се состои од шест чекори, и тоа:

- препознавање на проблемот;
- разгледување на опциите;
- проценување на можните решенија;
- почитување на вредностите;
- донесување одлука и постапување;
- евалуација на одлуката.

При донесување на одлуките за раководење во услови на бегалската криза, раководителот треба да ги има сите потребни информации за донесување на вистинската одлука. Ако станува збор за извршување сложени безбедносни задачи, задолжително се изготвува оперативен план за спроведување на акцијата.

Но во случај на раководење на заеднички акции во рамките на безбедносните служби, раководењето е од едно место. Акцијата се одвива по претходно донесен план, а раководителот ги следи резултатите, издава задачи и ја насочува акцијата. Кај раководителот се собираат сите извештаи, службени белешки и се анализираат, се селектираат, по што следува евентуално дополнување или менување на планот на акцијата. Со ваквиот начин на раководење се обезбедува единствена и синхронизирана активност, сè до завршувањето на акцијата.

Применувајќи го принципот на единствено раководење и спроведување на криминалистичката дејност, може да се заклучи дека во безбедносните служби при заеднички акции раководењето го врши еден раководител што дава насоки, анализира, одлучува и раководи со екипата, која може да биде составена од службени лица од различни служби.

Во врска со примената на принципот на единственото раководење, при реализација на заедничка акција на повеќе оддели или сектори во рамките на една безбедносна служба или повеќе служби, треба да се почитува и принципот на техничко-тактичка слобода. Тоа значи, раководителот на акцијата да има можност слободно да ги одбира оперативно-тактичките мерки, истражните дејства работејќи на еден конкретен случај. Тој ќе ги применува оние мерки и

активности што се најпогодни за тој случај. Раководејќи се од принципот на корисноста, односно целесообразноста, раководителот на акцијата има слобода во изборот на мерките (заседа, рација, следење, поставување стапица, лишување од слобода, ангажирање информатор и др.). Принципот на техничко-тактичка слобода нема апсолутен карактер, туку неговата примена е условена од законските и другите позитивни прописи.

Меѓу факторите што дејствуваат на донесувањето на одлуките се целите што треба да се постигнат, но и ризикот што го носи дадената ситуација.

**Процена на ризик**

Моделот за управување со ризикот (risk management), всушност, претставува менаџмент-модел што има цел да ги препознава, да ги открива и да ги превенира ризиците како главни причинители за инциденти и кризни состојби. Управувањето со безбедносните ризици претставува процес што се состои од два дела:

- процена на ризици, и
- одлука на менаџментот за начинот на справување со проценетиот ризик.

Во рамките на управувањето на ризиците, една од фазите е фазата на анализа и процена на ризиците.

Процената на ризикот може да се дефинира како процес на евалуација на закани и ранливост на претходно идентификувани субјекти и објекти на безбедносен интерес.

При процената на ризикот се опфаќаат:

- идентификација − профилирање на ризикот (листа на ризици, декомпозиција, анализа што произлегува од одлуките, анализа на претпоставки);

- анализа на ризик (модели на перформанси, модели на трошоци, анализа на мрежи, анализа на одлуки, анализа на фактори на квалитет), и

- приоритет на ризикот (изложеност на ризици, пренос на ризици, интегрирана редукција на ризици).

При процената на ризикот, потребно е да се опфатат пет полиња:

- процена на физичкиот интегритет на објектот на загрозување;
- правен интерес (од аспект на заштита и мотивација на загрозување);
- имотен интерес (од аспект на заштита и мотивација на загрозување);
- моќ (да се процени силата на потенцијалниот субјект на загрозување), и
- намера (постоење мотивација и волја на потенцијалниот субјект на загрозување да преземе акција).

По процената и контролата на ризиците, потребно е изработка на стратегија за спречување и справување со ризиците. Така за справување со бегалската криза треба да се изработи стратегија со која ќе се дадат одговори на сите релевантни прашања поврзани со постапувањето на надлежните безбедносни органи за справување со овој вид кризи. Во севкупната активност за справување со сите аспекти на постапувањето со бегалците, од голема помош е прогласувањето и продолжувањето на одлуката за прогласување кризна состојба во Република Македонија, бидејќи на тој начин се создаваат услови за адекватно постапување на сите надлежни безбедносни служби и органи на ефикасен и професионален начин да ги реализираат зацртаните цели согласно со донесените планови.

## МЕНАЏИРАЊЕ НА КРИТИЧНИ НАСТАНИ

Во случаи на криза, потребно е постоење на посебна процедура за одговор на ваквата ситуација. Покрај секојдневните вообичаени активности, повремено се случуваат одредени инциденти од поголеми размери или со сериозни последици на кои треба да се одговори од страна на севкупниот безбедносен систем или неколку безбедносни служби во координирана активност.

Заради навремено реагирање на критичните инциденти, потребно е да се определат следниве цели:

- Да се идентификуваат настани што може да се категоризираат како критични.
- Да се идентификуваат општите особини на критични настани.
- Да се идентификуваат општи проблеми и решенија на раководењето со критични настани.

- Да се идентификуваат фазите на одговор на критични настани.
- Да се опише донесувањето одлуки за време на критични настани.
- Да се идентификуваат чекорите на одговорот од шест фази.
- Да се идентификуваат акциите што се преземаат за време на одредени фази на одговор.

Плановите за постапување во случаи на критични инциденти треба да бидат подготвени од сите безбедносни служби, а претставуваат сериозни и неретко обемни документи во кои се содржани сите детали на постапување во случаи на критични инциденти. Планирањето бара вложување големи напори и е потребно многу време, но многу ја олеснуваат работата на безбедносните служби во такви и слични ситуации.

Неколку принципи треба да бидат земени предвид кога се подготвуваат ефективните планови за кризни состојби:

- Ефективното кризно планирање почнува со лидерите на тимот;

- Кризните планови не треба да се развиваат во вакуум;

- Безбедносните служби и заедницата треба да отворат канали за комуникација пред кризата;

- Кризните планови треба да бидат развиени во соработка со други служби, пред сѐ, службите за итно постапување;

- Потребен е едноставен и разбирлив речник;

- Ефективните кризни планови треба да бидат приспособени за потребите на секоја служба;

- План за разновидните потреби на вработените и на заедницата.

За давање адекватен одговор за критичните инциденти како што е бегалската криза, потребно е да бидат ангажирани повеќе безбедносни служби, како што се полицијата, војската, Центарот за управување со кризи, Агенцијата за разузнавање, Управата за безбедност и контраразузнавање и други. Поради оваа мултидисциплинарност на одговорот, ваквите активности на различни служби се нарекуваат мултиагенциски одговори.

При планирањето на одговорот на критичните инциденти раководителите треба да знаат дека постојат фактори што не можат да бидат контролирани, и тоа: временските услови, бројот на осом-

ничени, видовите оружје, локацијата на инцидентот и временскиот период во текот на денот.

Но освен овие фактори што не можат да бидат контролирани, постојат и фактори со кои може да се управува. Факторите со кои може да се управува се евакуација или засолнување на загрозените граѓани, обезбедување на местото на настанот, обезбедување патишта за влез и излез, обезбедување на безбедно движење во контаминирани средини, број на персонал, видот комуникација и друго.

При донесувањето одлуки за време на критични инциденти е потребно да се знае дека тие одлуки се донесуваат под притисок, за акции што бараат итен одговор. Потребно е раководителот да има претходно искуство на вакви и слични случаи, кои ќе му помогнат во донесувањето на одлуките. Доколку овие настани се од вообичаена, рутинска природа, раководителот ќе може да даде брз одговор, јасни наредби и да воспостави контрола на местото на настанот.

Донесувањето одлуки за критичните инциденти се разликува од она за други видови ситуации. Одлуките што се донесуваат во првичната фаза на инцидентот се донесуваат во најлоши услови за донесување одлуки. Но доколку раководителот има јасен план за акција и обука, се задолжуваат сите членови во дадената институција да го применат планот за да бидат сигурни дека ќе дојде до контролиран одговор.

Условите во кои раководителите донесуваат одлуки при критични инциденти се: немање доволно време, со малку или без искуство, под голем стрес, без јасни долгорочни цели, несоодветни информации и слично.

Најчесто при реализирање акции за справување со кризни ситуации е потребно применување одговор од шест фази. Можноста рано да се запре или да се намали ефектот на еден критичен инцидент е најдобар можен исход. Навремената интервенција може да запре еден потенцијален критичен инцидент да стане вистински.

Шесте чекори се:

- преземање команда;
- процена на ситуацијата;
- поставување периметри;

- поставување команден центар;
- назначување службеник за безбедност;
- правење области на контрола.

Доколку се почитуваат горенаведените правила и прописи, може да се смета на успешно и ефикасно давање одговор на критичните инциденти. Доколку станува збор за искусен и обучен кадар што донесува правилни и навремени одлуки во насока на адекватно користење на човечките ресурси, успехот на акцијата е гарантиран.

## ЗАКЛУЧОК

Справувањето со бегалската криза во Република Македонија е можно со меѓуресорска соработка на сите надлежни органи што преземаат мерки и активности за справување со бегалската криза на територијата на земјата. Притоа, треба да се напомене потребата од донесување стратегија за справување со бегалската криза, при што точно ќе бидат утврдени мерките што ќе се преземаат на стратегиско, тактичко и оперативно ниво согласно со функциите на безбедносниот менаџмент. Оваа стратегија ќе треба да биде усогласена и со заложбите на земјата за остварување на виталните интереси на Република Македонија, согласно со геостратегиските и геополитичките аспекти и околности. Само на тој начин ќе може да се функционира ефикасно и ефективно на планот на надворешната политика, но и на планот на преземање конкретни мерки на територијата на земјата со цел успешно спроведување на целите на тактичко и на оперативно ниво.

Бегалската криза и по затворањето на балканскиот мигрантски коридор, сè уште ќе претставува безбедносна закана за Република Македонија, имајќи ги предвид порозноста на државната граница и сторувањето на кривичните дела шверцување мигранти. Имено, територијата на Република Македонија се наоѓа на маршрутата за движење на лица и стока од Блискиот Исток кон Европа, и секогаш ќе постојат обиди за нејзино користење за легални, но и нелегални активности. Заради спречување на кривичните дела поврзани со шверцувањето мигранти, надлежните безбедносни органи во наредниот период ќе треба да ги применуваат оперативно-тактичките мерки и истражни дејства од областа на криминалистичката методика за откривање, докажување и разјаснување на овој вид криминал.

## ЛИТЕРАТУРА

Bernard, Erven. 2007. *Planning.* Ohio: Ohio State University Extension

Kekovic, Z. Nikolic, V., Upravljanje rizicima kao preduslov efektivnog kriznog menadjmenta, Krizni menadjment i prevencija krize - Hrestomatija, Beograd, 2006

Manojlovic D. „Prikupljanje obavjestajnih podataka i procene ugroze-nosti i rizika“, Krizni menadjment i prevencija krize, Hrestomatija, Beograd 2006

Vital installation security, Critical incident management

Доревски, З., Управување со ризици, обезбедување и кризни ситуации, како елементи на безбедносниот менаџмент во компаниите во Република Македонија, докторска дисертација, Скопје, 2013 година

Закон за азил и привремена заштита („Службен весник на РМ“ бр.101 од 18 јуни 2015)

Малиш Саздовска М., Дујовски Н., Безбедносен менаџмент, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје, 2009

Малиш Саздовска М., Прирачник за безбедносен менаџмент, Факултет за безбедност, Скопје, 2014

Одговор на барање, МВР на РМ, рег. бр. 22.4 од 4 март 2016

Џуклески, Г. Вовед во криминалистика, Скопје, 2006

Интернет-извори

http://vlada.mk/node/10918

http://novatv.mk/index.php?navig=8&cat=2&vest=25854

http://infomax.mk/wp/?p=43376#

http://a1on.mk/wordpress/archives/593410

http://arhiva.vlada.mk/files/GS/Priracnik.pdf

**Јове Кекеновски**
Факултет за туризам и угостителство – Охрид,
Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КОЛАТЕРАЛНА ШТЕТА НА НЕДОСЛЕДНАТА ПОЛИТИКА И НЕСПРЕМНОСТА НА ЕУ ЗА РЕШАВАЊЕ НА БЕГАЛСКО-МИГРАНТСКАТА КРИЗА ИЛИ ЖРТВА НА НЕМАЊЕТО СТРАТЕГИЈА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ВАКВИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ

**Jove Kekenovski**
Faculty of Tourism and Hospitalty – Ohrid,
University "St. Kliment Ohridski" – Bitola

# REPUBLIC OF MACEDONIA AS A COLLATERAL DAMAGE OF THE INCOHERENT POLICY AND UNWILLINGNESS OF THE EU FOR SOLVING THE REFUGEE-MIGRANT CRISIS OR A VICTIM OF THE LACK OF STRATEGY FOR DEALING WITH SUCH CHALLENGES

## ABSTRACT

Although the European Union and most of the international community refugee problem first island saw the problem in Syria, and later as a crisis in Turkey and neighboring countries, but in no time at all it became very clear that the refugee issue is a global crisis, crisis can not be ignored, at least to forget. The war in Syria began in 2011 and even then many of the Syrian population evicted surrounding states in camps in Jordan, Lebanon, Turkey, Egypt. As a result of geopolitical turmoil in the Middle East and the interference of the Islamic State, the situation in Syria spring of 2013

escalated the war has become brutal, and the wave of refugees was becoming more intense. The Member States of the European Union and countries candidate for membership in the EU is faced with an unprecedented wave of refugees. Europe on the matter of refugees Sota confused and divided. Developments have shown that in the EU there is no single European system for border management, and the current system has proved extremely dysfunctional. Attempts to resolve the refugee crisis by the European Commission and the European Council have also drawn lack of coordination, the different approaches and the lack of mutual trust between Member States. Also crisis showed inconsistent policy of the Union and its cynical and unprincipled attitude towards the Western Balkans, as well as lack of capacity for leadership in the coordination and management of current problems. All these objective and subjective developments in the EU cleared the area and the reluctance of Macedonia to deal with the crisis in terms of resources but also clearly demonstrated that our country has no long-term strategy to deal with such challenges in spite of all doegashno experience. Inability and lack of coordination and cooperation with the southern EU states bring Macedonia to monitor the situation indirectly, but also to bear the consequences of these developments. This inability and unwillingness to recognize the danger of the refugee crisis could easily lead to tectonic forces not only in the Western Balkans but also in Europe, including the Republic of Macedonia. Our country was and still is faced with the danger wave of refugees cause serious security and humanitarian crisis, although the trade, environmental and humanitarian and religious political implications daily feel the citizens of our country.

Key words: Migrant and refugee crisis, Macedonia, European Union.

## КАКО ЗАПОЧНА КРИЗАТА И ЗОШТО СЕ СЛУЧИ ЕЛДОРАДО КОН ЕВРОПА?

Бегалската криза што ја почувствува Европа и Република Македонија на почетокот на 2015 година, жителите на Турција ја чувствуваат пет години едноподруго. Имајќи го предвид овој факт, неминовно е да се постави прашањето: Зошто бегалците од Сирија појдоа кон Европа на почетокот на 2015 година? Како тоа стариот континент одеднаш стана посакувана дестинација?

Одговорот на ова прашање е мошне комплексен и тука постојат безброј причини што за потребите на овој труд би ги подредил во две групи. Првата група причини се внатрешни – регионални, а вторите се надворешни. Во првата група причини би можел да ги набројам следниве: повеќе од 1.300 години стара поделба

меѓу сунитите и шиитите, опасностите и несигурноста што ја носи војната не само за сопствениот живот туку и за животот на семејствата, бруталноста на војската на ИСИЛ, односно дејствувањето на милитантниот ислам. Пониската цена на транспортот до ЕУ преку Турција и земјите од Западен Балкан, за разлика од онаа до Либија, преку Средоземното Море и до Италија што ја нудеа шверцерите и трговците со луѓе до пред почетокот на 2015 година. Во оваа група причини влегуваат и неколкуте одлуки на сирискиот претседател Башар ал Асад. Тоа е одлуката за задолжителна регрутација на граѓаните помлади од 30 години и стравот од можна воена мобилизација, одлуката за олеснувањето на можноста на граѓаните за добивање патна исправа на граѓаните на Сирија, како и давањето можност на сите оние граѓани кои не служеле војска, за само 300 американски долари да го одложат служењето на воениот рок на одредено време. Секако дека како причина не смее да се заборави и одбивањето на богатите држави од соседството (како, на пример: Саудиска Арабија, ОАЕ – Обединети Арапски Емирати, Кувајт и Бахреин) да помогнат и да ги примат бегалците на своја територија.

Втората група причини ја сочинуваат: негрижата на меѓународната задница за условите во кои живеат бегалците во камповите во Турција, Јордан и Либан, но и економските и геополитичките, па дури потоа хуманистичко-маркетиншките мотиви на дел од членките на ЕУ (пред сè, Германија). Едноставно Сиријците беа повикани да дојдат во Европа. Германската влада на почетокот на септември 2015 година јасно порача дека ќе ги прими сите Сиријци што ќе побараат азил во Германија. Исто така, и британскиот премиер Дејвид Камерон при својата ненајавена посета на бегалскиот камп во Јордан во средината на септември 2015 година јавно изјави дека Велика Британија ќе прими на нејзина територија 20.000 Сиријци. Тоа беше доволно јасен сигнал да почне да тече „реката“ бегалци и мигранти кон Европа.

Во економските, геополитичките, па дури потоа хуманистичко-маркетиншките мотиви би ги вброил: неповолната демографска состојба на Германија и потребата од млади човечки ресурси, намалувањето на евтината работна сила што доаѓаше во Германија од Полска, Чешка и Унгарија, кои од 2007 година повеќе ја преферираат Велика Британија, наспроти Германија како и „вртењето грб“ на Германија од страна на земјите од Централна и од Источна

Европа. Во оваа група мотиви се и случувањата од грчката должничка криза, во која Германија и канцеларката Ангела Меркел беа претставени како немилосрдни предатори што сакаат да профитираат на туѓа несреќа. Значи, се работи за обид да им се одржи лекција на дел од домашната јавност и на опозицијата, но и на наводните европски сојузници поради нивното портретирање на Германија како неонацистичка држава, каде што се заборавени хуманоста и милосрдието. Односно јавно да се покаже подготвеност и желба за комплетна трансформација во една нова и друга димензија каде што на пиедесталот ќе доминираат хуманоста, сочувството и милосрдието кон сите што се во неволја.

## КАКО РЕАГИРАШЕ ЕВРОПА?

Земјите членки на Европската Унија како и земјите кандидати за членство во ЕУ, соочувајќи се бран бегалци невиден досега во поновата историја, останаа збунети и поделени. Во самата Европа додека едни покажуваа добра волја, хуманост и солидарност, други искажуваа ксенофобизам. Членките на ЕУ покажаа недостиг на заемна доверба и различно гледање на решенијата за справување со кризата. Бегалската криза ја исфрли на површина неподготвеноста на ЕУ за справување со вакви предизвици, немањето капацитет за лидерство во координација и менаџирање на актуелните проблеми, но од друга страна, кризата го покажа циничниот и непринципиелен однос на ЕУ кон земјите од Западен Балкан. Бегалската криза покажа дека на Европа ѝ е потребен единствен европски систем за управување со границите, зашто досегашниот систем се покажа како крајно нефункционален. Сите овие причини доведоа последиците да ги трпат не само европските држави туку и Република Македонија.

На терен институциите на ЕУ не функционираа и го загубија свето значење и почит. Европската комисија носеше ад хок, односно решенија за еднократна употреба што не беа спроведувани во практика од страна на земјите членки на ЕУ, а државите членки сами си создаваа сопствени системи на одбрана од бегалците и мигрантите. Така, на пример, Унгарија од 15 септември 2015 година воведе сопствен систем за контрола на границата, внесе измени во некои закони (на пр. во Кривичниот закон), ја вклучи армијата во обезбе-

дувањето и контролата на границата и прва подигна жичена ограда покрај својата граница. За кратко време и владите на Австрија, Словенија и Хрватска го следеа примерот на Унгарија и поставија жичени огради на своите надворешни граници.

Сојузна Република Германија со одлуката за воведување контроли на својата граница со Австрија, на извесен начин времено го суспендира договорот од Шенген за слободно движење во Европа и беше доведена во прашање неговата натамошна примена. Во овој период на сите членки на ЕУ мошне јасно им беше дека претходно поради преоптовареност со бегалци и мигранти, одредени држави членки на ЕУ веќе претходно не ги почитуваат и одредбите на Даблинскиот договор (регулатива).

Сите одлуки што беа донесени од Европската комисија и Европскиот совет беа со краток „здив“ и тие немаа некој поголем успех. Поради различниот пристап и различното гледање на работите, донесените одлуки беа проблематизирани веднаш по нивното донесување. Така, на пример, донесената одлука на Европската комисија за распределба на квоти за прием на бегалци (механизам за распределба на беглаците од Блискиот Исток) во државите членки на ЕУ е донесена со надгласување. Незадоволни од оваа одлука останаа Чешка, Словачка, Полска и Унгарија. Словачкиот премиер Роберт Фико јавно изјави и поведе постапка за оспорување на оваа одлука пред Судот на правдата, бидејќи со неа сериозно е прекршена легислативата на ЕУ. Надгласувањето во Европската комисија по повод оваа донесена одлука, од страна на овие четири држави беше оквалификувано како „диктатура“ на Брисел или мал успешен блицкриг на германската канцеларка Ангела Меркел.

Исто така, на минисамитот што се одржа во Брисел на крајот на октомври 2015 година дел од лидерите на ЕУ и на балканските земји се согласија со усвојување Акционен план од 17 точки за соработка во справувањето со бранот бегалци и мигранти што минуваат низ Балканот. И оваа донесена одлука уште на старт беше оспорена, а времето покажа дека Република Грција воопшто не се ни потруди да ја спроведе во практика, туку отворено ја опструираше нејзината реализација. Овој самит се чини дека беше свикан набрзина и не ги реши суштинските проблеми. Остана дилемата зошто на самитот не беше поканета Турција од каде што постојано

доаѓаат нови бегалци кон Балканот, но исто така не е јасно зошто на овој самит не беа поканети Италија и Франција како држави што исто така се подложни на удар на бегалскте бранови.

Од анализата на Акциониот план се добива впечаток дека „валканата работа“ што не може да ја заврши германската канцеларка Меркел во својата држава дел од лидерите на ЕУ решија таа да се заврши во земјите од Западен Балкан. Се работи за т.н. „сортирање“ на бегалците за тоа кој ќе може во иднина да добие азил во Германија и другите европски држави, а кои од нив ќе бидат депортирани назад во државите од каде што се дојдени. Амбициозниот акционен план поради некооперативноста на Грција речиси и воопшто не заживеа.

Во меѓувреме линијата на разидување меѓу Брисел и Виена на чија страна застанаа земјите од Вишеградската група (Унгарија, Полска, Словачка и Чешка), станувaше секојдневно сѐ повидлива. На посебно свиканата конференција од страна на Австрија по повод ескалацијата на проблемот со бегалците и мигрантите што се одржа во Виена на 24.2.2016 година, Австрија воопшто не ги покани ЕУ и Грција. По завршувањето на конференцијата, Австрија одлучи еднострано да ги затвори своите граници за Авганистанците, а да ги пропушта само Ирачаните и Сиријците, и тоа во рамките на квотите што сама си ги одреди без консултации со ЕУ. Тој пример го следеа и другите држави од Вишеградската група, плус Србија, како и Република Македонија, кои целосно ги затворија своите граници.

И по сите импровизации и „дневна“ политика во ЕУ, на ред дојде и последниот договор на ЕУ со Турција од 17 и 18 март 2016 година. Турција високо ја подигна цената за своја соработка со ЕУ во бегалската криза. Европејците се подготвени да дадат сѐ само да запрат брановите бегалци. Но, за жал, и по две недели од склучувањето на овој договор, позитивните ефекти сѐ уште не се видливи. Иако бранот бегалци требаше да биде запрен во раните утрински часови на 20 март, тој бран никако да престане. Дополнителен проблем станаа бегалците и мигрантите, повеќе од 15.000, кои се стационирани во местото Идомени, иако на територија на Република Грција таа бројка е меѓу 40.000-45.000, за кои до овој момент ЕУ и Грција сѐ уште немаат конкретно решение. Треба да се има предвид и писмото од 12 март 2016 година на шефицата на ЕУ дипломатијата, Федерика Могерини, која ги известува министрите за

надворешни работи на земјите членки на ЕУ за повеќе од 500.000 луѓе на бреговите на Либија, кои во секој момент можат да тргнат кон италијанскиот и кон францускиот брег.

Сè на сè, поради неможноста и неподготвеноста за препознавање и за справување со опасноста од бегалската криза од страна на ЕУ, лесно можеше и сè уште може да дојде до тектонски нарушувања не само во Република Македонија туку и на целиот Западен Балкан и во Европа.

## КАКО РЕАГИРАШЕ И ШТО ПРЕЗЕДЕ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО СПРАВУВАЊЕ СО БЕГАЛСКО-МИГРАНТСКАТА КРИЗА?

Република Македонија во најголемата криза по Втората светска војна, која ѝ се случи на Европа и светот, се најде во многу специфична ситуација. Наоѓајќи се на т.н. балканска рута на бегалците и мигрантите, Република Македонија е единствена држава до чија граница доаѓаат бегалци и мигранти од земја членка на ЕУ, па преку наша територија (територија на држава што не е членка на ЕУ), заминуваа(т) во ЕУ. Македонското државно и политичко раководство барајќи решение за овој сериозен безбедносен, економски и хуманитарен предизвик подолго време луташе во барањето идеја за спас и решение за кризата. Наоѓајќи се меѓу „чеканот и наковалната“, (сопствениот страв за последиците од кризата од една страна, и барањата на ЕУ за справување со кризата, од друга страна) македонското политичко раководство најнапред кокетираше со Германија, за да потоа се заврти кон Австрија и Вишеградската група, иако притоа строго водеше сметка да не се замери со никој од нив.

Државното раководство и надлежните институции не научија ништо од поранешните вакви и слични случувања со кои во повеќе наврати беше соочена Република Македонија. Сите овие години и искуството зад нас не придонесоа да се изгради ниту краткорочна ниту долгорочна стратегија за справување со овој тип предизвик.

Во изминатите 25 години Република. Македонија во повеќе наврати се соочуваше со сериозните предизвици да се справува со бегалските кризи. Првпат тоа беше во текот на 1991 година кога по настаните во Република Албанија, околу 1.200 лица од пограничните региони побараа заштита кон Република Македонија и беа

згрижени во Преспанско-отешевскиот, Струшкиот и Охридскиот регион. Во текот на 1992 година како држава се погрижививме за заштита на 35.000 лица што побегнаа од кризата и воените дејства во Босна и Херцеговина. Овие лица беа сместени во седум колективни центри во државата и се задржаа во Македонија сè до 1997 година кога им беше овозможено безбедно и организирано враќање во нивната матична држава. Третиот предизвик за Македонија се случи за време на косовската криза во пролетта 1999 година. Повеќе од 360.000 лица, главно етнички Албанци, побараа и добија меѓународна заштита во Република Македонија. Четвртото соочување со ваква ситуација нашата држава го имаше во текот воените дејства во 2001 година со ескалацијата на вооруженото насилството од страна на вооружените терористи, кога беа евидентирани 86.954 внатрешно раселени лица. Според податоците на УНЦХР, во тој период околу 20.000 лица ја напуштија Република Македонија и се упатија кон Косово.

Во оваа петта еднополдруго бегалско-мигрантска криза повеќе од 1.000.000 бегалци и мигранти ја користеа територијата на Република Македонија како дел од т.н. „балканска рута“ со цел да стигнат до „ветените“ земји во Западна и Северна Европа. Иако оваа бегалско-мигрантска криза за нашата држава имаше и има, пред сè, транзитен карактер, сепак, граѓаните на Република Македонија секојдневно беа директно и индиректно соочени со евентуалните последици од економски, хуманитарен и безбедносен карактер.

Соочена со сериозниот наплив на бегалци и мигранти, Република Македонија прогласи кризна состојба на 19 август 2015 година на дел од територијата на Република Македонија. Од денешен аспект се добива сериозен впечаток за задоцнета мерка од страна на државното раководство од причина што претходно се соочивме со серија погрешни процени и задоцнети мерки на извршната власт што имаа негативен одраз врз повеќе аспекти за нашата држава. Да се потсетиме на неадекватната и лоша процена и погрешна политика на државното раководство во периодот од ноември 2014 до јули 2015 година. Ова ненавремено и неконзистентно однесување доведоа до 30-ина несреќни случаи со бегалците, вклучително бебиња, жени и деца што беа усмртени по удар од воз покрај пругите на Коридорот 10. Во истиот период стотици бегалци беа незаконски притворени во Прифатниот центар за странци во општина Гази Баба – Скопје, каде

што неколку месеци поминуваа во крајно нехумани услови. Поради 300 % пренатрупаност на Центарот, повеќе невладини организација ја обвинија Република Македонија за тортура над овие лица. Неколку месеци подоцна центарот во Гази Баба стана принудно сместување за бегалци што треба да служат како сведоци во кривични постапки против шверцери и сторители на дела од омраза. Со тоа Македонија стана единствена земја во светот што притвора сведоци и жртви на кривични дела. И за овој непромислен потег повторно нашата држава беше обвинета дека го повредува правото на живот, правото на сигурност и слобода на движење наместо да обезбеди заштита и хуман третман и да спречи дискриминација.

Затворањето на границите резултираше со насилен и агресивен однос на бегалците и мигрантите (директно стимулирани и потпомогнати од грчките националисти и премолчената согласност на грчките власти) при што во неколку наврати дојде до физички судири меѓу бегалците и мигрантите со припадниците на македонските безбедносните сили. Животот на македонските безбедносните сили, територијалниот интегритет и суверенитет беа доведени во прашање. Притоа, поради несоодветната реакција на одговорните за PR како и на нашата дипломатија, бевме прикажани во лоша светлина пред меѓународната и светска јавност и некоректно беше нарушен имиџот на нашата држава. Од жртви на милитантните и агресивни бегалци и мигранти, Република Македонија, но, пред сè, македонските безбедносни сили беа неправедно обвинети за нехуманост и нечовечност при одбраната на својата држава.

Нашето државно раководство и институциите неуспешно и млако се обидуваа да ѝ покажат на меѓународната и светска јавност дека секојдневно се соочуваме со обиди за нелегално влегување во Македонија, со оштетување на државниот и приватниот имот, за употребата на фалсификувани пасоши и насилни акти против безбедносните сили на граничната линија од страна на овие лица. Се поставува прашањето на што се должи ова? На немањето капацитет, знаење, храброст, тактика, однос со медиуми или на немањето доволна координација и проток на информации на релација дипломатија – највисоко државно раководство. Не успеавме да поентираме и јасно и гласно да кажеме дека сме доведени во ситуација Република Македонија, која не е членка на ЕУ, да ја брани Европа од Европската Унија.

Нашето државно раководство и дипломатијата мораше сериозно да побара од ЕУ одговор на две прашања: прво, како Турција високо ја подигна цената за своја соработка со ЕУ за бегалската криза и доби шест милијарди евра, визна либерализација и други бенефиции, иако на сите им беше јасно дека бегалците и мигрантите намерно се пропушта од страна на безбедносните сили на Турција во земјите од ЕУ и Западен Балкан и, второ, како Грција што само ги пренасочуваше бегалците од своја на туѓа територија и притоа не покажа грам хуманост сега ќе добие уште 700 милиони евра од ЕУ? Наспроти овие држави, Република Македонија не успеа да ги искористи механизмите што ѝ стојат на располагање и не доби соодветна валоризација за својата несомнено позитивна улога во овој процес.

Наместо да бидеме агресивни и убедливи во доставувањето, објавувањето на нашите аргументи и последиците што ги претрпевме бранејќи ја Европа од бегалците и мигрантите и дипломатски да се обидеме за да издејствуваме покривање на нашите потрошени досега 25 милиони евра за справување со кризата, нашето државно раководство и дипломатијата одбраа агресивна вербална и недоволно аргументирана политика. Политика на напад кон ЕУ, која, за жал, ни се врати како бумеранг. Одговорот на ЕУ беше брз, жесток и аргументиран, а капак на сè, беше навредата, односно пораката дека тие не даваат пари на банкарски сметки на владата!?

Барањето на германската канцеларка Ангела Меркел и претседателот на Европската комисија Жан Клод Јункер да се градат кампови, во должина на балканскиот коридор и земјите на ЕУ беше повеќе од лицемерно и непринципиелно. Добро е што државното раководство не се согласи и беше принципиелно во ставот дека на Р Македонија не ѝ се потребни пари од ЕУ за да гради бегалски кампови на своја територија. Раководството на Република Македонија инсистираше и опстои на употребата на терминот „дневни транспортни центри" за бегалците, а не изградба на бегалски кампови. Во македонските транспортни центри на по неколку часа можат да престојуваат најмногу до 2.000 бегалци (1.500 на југот во Гевгелија и 500 на северниот граничен премин Табановце). Очигледно, на дел од европските лидери не им беше важно тоа што Република Македонија во овој момент се соочува со кревки меѓуетнички односи и деликатен етнички и верски баланс и дека сè уште се прават напори

за градење граѓанско општество, како и фактот дека државата повеќе од една година ја тресе најголемата државна и политичка криза од моментот на прогласувањето на нејзината самостојност и сувереност. На дел од европските лидери поважно им беше да дадат пари и проблемот да се префрли до границите на Балканот.

## ЗАКЛУЧОК

Нефункционален систем за справување со бегалско-мигрантска криза, непостоење на единствен европски систем за управување со границите на ЕУ, немање капацитет за лидерство во координација и менаџирање на актуелните проблеми, некоординираност, различен пристап кон проблемот, недостиг на заемна доверба меѓу земјите членки на ЕУ, недоследна политика на унијата како и нејзиниот циничен и непринципиелен однос кон земјите од Западен Балкан се основни обележја и карактеристики на ЕУ за време на справувањето со најголемата криза по Втората светска војна што го зафати европскиот континент во текот на 2014 – 2016 година.

Сите овие набележани аномалии, пропусти и недоследности на ЕУ ја исфрлија на површина и неподготвеноста на Република Македонија како од аспект на ресурси, така и од аспект на немање стратегија за справување со вакви предизвици. Неможноста и непостоењето координација и соработка со јужниот сосед членка на ЕУ дополнително ја доведе Република Македонија да ги следи состојбите посредно и постфестум, но истовремено и да ги трпи последиците од овие случувања.

Во оваа бегалско-мигрантска криза Република Македонија е жртва, но и колатерална штета на многубројните субјективни и објективни пропусти, грешките и политиките на ЕУ и на македонското политичко раководство. Нашата држава беше и сè уште е соочена со опасноста бранот бегалци да предизвика сериозна безбедносна и хуманитарна криза, иако трговските, еколошките, па и хуманитараните и верско-политичките импликации секојдневно ги чувствуваат граѓаните на нашата држава.

## ЛИТЕРАТУРА

Кекеновски, Ј., „Бегалската криза како предизвик за ЕУ и Република Македонија“, меѓународна конференција „Посткомунизмот наспроти постдемократијата: искуствата во регионот и во Македонија“ во организација на Македонското полититолошко друштво, ноември 2015 година, Скопје.

Kekenovski, J., Republic Macedonia against the refugee crisis and the lack of coordination, lack of principles and the unpreparedness of the European Union – XI ECPD International Conference „Future of the World between Globalization and Regionalization“ October, 2015.

Report of the High Commissioner for Refugees United Nations, 2015.

Statements and declarations of Amnesty International for Macednia, 2015.

Directive 2013/32 / EU of the European Parliament and of the Council of 26 June 2013 on common procedures for the identification and seizure of international protection (recast) (effective on 21 July 2015).

Directive 2013/33 / EU of the European Parliament and of the Council of 26 June 2013, on establishing standards for the reception of applicants for international Protection (revised) (effective on 21 July 2015).

Regulation (EU) no. 604/2013 of the European parlamentai Council of 27 June 2013, the introduction of criteria and mechanisms for determining the Member State responsible for examination of the application for international protection lodged in one of the countries a member of the third-country national or a stateless person (transformscloves) (effective from 1 January 2014).

Directive 2011/95 / EU of the European Parliament and of the Council of 13 December 2011, on standards for the qualification of third country nationals or stateless persons for achieving international protection for the unique status of refugees or a person eligible for subsidiary protection and the content approved protection (recast) (effective from 21 December 2013).

Council Directive 2005/85 / EC of 1 December 2005 on minimum standards relating to the procedures for recognition and revocation of the status of refugees in countries States.

Council Directive 2004/83 / EC of 29 April 2004 on minimum standards for qualification and status of third country nationals or stateless persons as refugees or as persons who otherwise need international protection and on the content of the protection granted.

Council Directive 2003/9 / EC of 27 January 2003 on the introduction of minimum standards for the reception of asylum seekers.

Council Regulation (EC) no. 343/2003 of 18 February 2003 on the introduction of criteria and mechanisms for determining the Member State responsible for examining an for asylum submitted by a national of a third country in one of the Member States.

Council Regulation (EC) no. 2725/2000 of 11 December 2000 concerning the establishment of 'Eurodac' for the comparison of fingerprints for the effective application of the Dublin conventions.

Amsterdam Treaty, 1999.

Schengen Agreement, 14 June 1985.

Schengen Convention, 1990.

**Марио Чачиќ**
Универзитет за туризам и менаџмент, Скопје

# БЕГАЛСКАТА КРИЗА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2015 ГОДИНА КАКО ПРИЧИНА ЗА ДЕТЕКТИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ ВО СИСТЕМОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ВОНРЕДНИ СИТУАЦИИ

**Mario Čačić**
University of tourism and management, Skopje

# THE REFUGEE CRISIS IN MACEDONIA IN 2015 AS A REASON FOR DETECTING PROBLEMS IN THE SYSTEM FOR MENAGEMENT OF EMERGENCY SITATIONS

## ABSTRACT

Arab Spring, the process of demonstrations and protests which were supposed to be a symbol for the implementation of democracy and liberation from dictatorial shackles, has turned into a key which opened the Pandora's box. This opening initiated the further steps and procedures that changed the tide and the purpose of the whole process. Arab Spring began in Tunisia and gradually has spread throughout the region covering Egypt, Libya, Syria, Algeria, Morocco and in the recent years -Turkey. The situation continuously escalated, the number of victims enormously increased and the fight and desire for democracy in one's own country turned into escape from that country.

One of the consequences of the Arab spring events is the emergence of the refugee crisis in Macedonia and all the problems and issues that were opened not only in Macedonia but also throughout Europe. During the refugee crisis, a number of failures were made, showing the shortcomings of the Crisis Management Center of Republic of Macedonia and the lack of coordination with the Protection and Rescue Directorate of Republic of Macedonia and the other bodies and the evident need for the creation of a common system of protocols

for dealing with these and similar emergencies. Implementation of NATO protocols for management of emergency situations which involve not only the refugee crisis, but also natural disasters (fires, earthquakes, floods, etc.) can lead to improved coordination between government agencies, better organization in archiving the condition, providing constant communication and exchange of information. In future terms, it would prevent the emergence of vulnerabilities that could pose a threat to the territory and the citizens of Macedonia.

Keywords: Arab Spring, war, refugees, terrorism, Islamic State

## ВОВЕД

Трагајќи по мотивите и темелите на Арапската пролет што придонесоа за појавата на бегалската криза што почна да претставува масовен проблем на земјите од Европа, кои истовремено се тема и проблематика што ќе се обработува во овој труд, се наложува правилото најпрво да се почне со откривање на мотивите што всушност ја предизвикаа и ја создадоа оваа Арапска пролет.

Бегалската криза отвори низа прашања во однос на ажурноста и подготвеноста на земјите во справувањето со кризни ситуации, како и пропустите што беа направени и придонесоа таа да земе широки размери.

Последиците започнаа да се чувствуваат, најголемиот дел од нив се однесуваат на економски, безбедносни, здравствени и политички аспект, меѓутоа, доколку навреме се санкционираат и се преземат мерки со кои би се поправиле некои системи и пропусти во вакви ситуации, во иднина доколку повторно настане ваков проблем, успешноста во справувањето ќе биде крената на високо ниво.

## МЕТОДОЛОШКА РАМКА

За да биде изработен овој труд и да се добијат крајните посакувани и потребни резултати, применети се теоретски и теренски истражувања. Теоретските истражувања се направени со користење стручна литература што беше искористена за добивање точни и потврдени податоци, како и журнали што ја обработуваат конкретнава материја и проблематика и располагаат со потребните податоци што се неопходни за да се воспостави континуитет во настаните. Теренско истражување беше спроведено во транзитниот цен-

тар „Гевгелија“, една од клучните точки за изработка на овој труд, а тоа беше спроведено со цел да помогне во добивањето податоци и бројки што се неопходни за да се создаде вистинска слика за моменталната ситуација и случувања, од кои на крајот ќе произлезат финалните заклучоци.

## РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА

Арапската пролет всушност е процес на кој му претходеше социјална криза што беше предизвикана од протестите во Гафса во Тунис во 2008 година (Gall, 2014). Истата година, паралелно со протестите во Гафса, беа спроведени и протестите во Алжир под мотото „Протести против гладот, сиромаштијата, потребата од подобро образование“. Иако и двата протеста по кратко време беа прекинати, протестите тука не застанаа, туку се проширија во Западна Сахара, во Гдеим, каде што беа поставени протестни кампови во кои учествуваа околу 20.000 луѓе (Gdeim, 2014).

Во низата протести се приклучи и Египет непосредно пред т.н. Арапска пролет, каде што беше создадено движењето „6 Април“, а кое го претставуваше движењето на младите генерации – бунтовници, кои работат со компјутери и со целата напредна технологија, како и студентите што биле, но и сè уште се на колеџ, а се дел од средната класа. Всушност, тие беа и едни од главните носители на протестите што повремено се организира во таа земја (April 6 Youth Movement, 2014).

Ваквите протести се очекуваше да бидат мирно прекинати, но по некои преземени дејства, ситуацијата ескалираше и некои од работите почнаа да излегуваат од контрола.

Тука се направија непоправливи и непромислени грешки што создадоа ситуација што даде сосема спротивни очекувања. Многу арапски општества во тој период функционираа како пирамида, на чии врв се наоѓаше богатата и добро вооружена елита, а додека, пак, на дното од таа пирамида се наоѓаа добро организирани исламски фундаменталистички движења. Во средината, пак, се наоѓаа сите други граѓани, меѓу кои се најдоа и непризнаените граѓани што никогаш не учествувале во политиката на земјите, а чии бизнис-активности, и пристапот до надворешниот свет им беа ограничени поради бесмислените акти на непотизам и сомнителни бирократи.

Таквите граѓани, непосредно пред започнувањето на Арапската пролет, се решија и тргнаа по патот од кој повеќе не се можеше назад.

Настанот што го одбележа почетокот на Арапската пролет и нејзиното започнување веднаш по протестите, беше самозапалувањето на трговецот Мухамед Бузази од Сиди Боусаид, кој го направи тоа во знак на протест затоа што еден комунален инспектор му ја одзел стоката по што тој се самозапали на 17 декември 2010 година. Веќе наредниот ден почнаа масовни и жестоки протести во Тунис со кои се отвори Пандорината кутија и со тоа и официјално започна Арапската пролет. Веднаш по тој немил настан почнаа поголеми и помали протести што последователно се проширувaа низ целиот регион, односно од Мароко и Мавританија на запад, па сè до Оман на исток. Сите започнати протести имаа единствена цел, а тоа беше да се создаде граѓански отпор што ќе го изрази целото свое незадоволство преку демонстрации што ќе бидат организирани преку употреба на социјалните медиуми (Diamond & Plattner, 2014).

Голем дел од демонстрациите што започнаа во 2010 година наидоа на насилен одговор од страна на властите, по што следуваше промена на структурите и начинот на изразување незадоволството, односно протестите во Јемен, Бахреин, Либија, Сирија, па и Египет, по што се развиваа граѓански војни.

Денес во Египет и во Јемен работите сè повеќе ескалираат и се одвиваат крваво со голем број жртви, пред сè, цивилни. Дел од вака развиените протести во граѓански војни доведоа до промена на властите, особено во Тунис, Египет, Јемен и Либија, додека, пак, во Сирија, иако безредијата и натаму траат, тогашниот претседател Башар ал Асад во неодамна одржаните избори повторно ја доби довербата од народот и го задржа претседателското место, по што состојбата тука остана непроменета.

Арапската пролет во Сирија, пак, започна со протестите на 15 март 2011 година во градот Дери, што се наоѓа во непосредна близина на границата со Јордан. Но безредијата и протестите не останаа само тука, туку тие со брз интензитет се проширија и во другите градови, како што се Дамаск, Алепо, Хама, Латакија и други (Zisser, 2003).

Во однос на бројот и податоците за жртвите и повредените во овие подрачја за време на безредијата, не може да се даде точниот број, бидејќи власта и демонстрантите даваат сосема различни информации.

Тогашниот и сегашен претседател на Сирија, Башар ал Асад, со цел да не дојде до ескалирање на протестите, веднаш по нивниот почеток вети дека ќе им овозможи на сите демонстранти, но и на самиот сириски народ поголема слобода и напредок на земјата, како и завршување на вонредните и нерешени ситуации што се провлекуваат пет децении уште од 1963 година, преиспитување на статусот Курди и другите малцинства што живеат во Сирија и слично. Меѓутоа, таквите ветувања не придонесоа многу по што следуваше ескалација на судирите. Иако беа преземени многу мерки за намалување на тензиите од страна на претседателот и војската, сепак, Сирија денес претставува земја со највидливи и најмногу потенцијални проблеми. Но тие проблеми не се само од 2011 година, туку поголемиот дел од тие проблеми, сегашниот претседател Башар ги наследил од својот татко Хафез ал Асад. Таткото на Башар ал Асад, Хафез ал Асад, со Сирија владееше 30 години и неговото владеење се карактеризираше со комбинации на голема репресија и отстапувања на домашен терен, а особено со континуираните и непрекинати конфликти и судири со своите соседи (Rafizadeh, 2013).

За време на спроведувањето на протестите во Сирија и зголемувањето на тензиите, паралелно се основаа и т.н. Локалните координациски комитети на Сирија во март 2011 година. Методите што беа промовирани и наметнати од страна на локалните координациски комитети со цел да се покаже граѓанска непослушност, во себе ги вклучуваа сите ноќни протести што беа спроведени во Хама како и целосното одбивање да се плаќаат комуналните сметки во предградијата на Дамаск. Веднаш по основањето на локалните координациски комитети и спроведувањето на нивните методи, на 17 април 2011 година силите на Асадовиот режим извршија масовен масакр во округот на Баб ал-Сибаа во градот Хомс, каде што беа убиени неколку десетици „маченици“ т.н. мартири[6].

Ова злосторство на претседателот Башар ал Асад што беше насочено кон својот народ, предизвика убедливо масовна и гневна реакција од страна на жителите на градот, по што следниот ден, на 18 април, откако беа погребани мартирите, ожалостените сограѓани едногласно се одлучија да одржат седечка демонстрација што беше спроведена на градскиот централен плоштад.

---

[6] Личност која доброволно е подготвена да настрада и да умре отколку да се откаже од својата религија. Види повеќе: http://dictionary.reference.com/browse/martyr

Овој ден е од особена важност како за Сирија, така и за настаните што подоцна се случуваа, бидејќи со самото тоа што таму беше одржана првата седечка демонстрација со илјадници протестанти собрани околу Саат Кулата во Хомс (Сирија), таа го симболизираше револтот на граѓаните и борбата за соборување на режимот на Асад. Овој протест започна на 18 април и продолжи сè до следното утро на 19 април, кога дојде до негов ненадеен прекин од страна на Асадовите сили, кои насилно го заседоа плоштадот за да го растурат протестот. Силите ненадејно почнаа да пукаат во неподготвените, невооружени и мирни граѓани, притоа убивајќи и повредувајќи многумина од присутните. Оттогаш, па сè до денес плоштадот, поради настаните што се случија на 18 и 19 април 2011 година, е преименуван во Плоштад на слободата, а часовникот што се наоѓа на него ја претставува и ја симболизира силата на народот на Хомс, како и сите други револуционерни градови. Овој настан е познат и како Масакрот кај саат-кулата" (Tayyara, 2015).

Покрај локалните координациски комитети, во Сирија беше основана и Слободната сириска армија во која се вклучуваа 100 000 дезертери од владината сириска армија, и други граѓани. Интересен е фактот што меѓу пријавените граѓани – доброволци, имаше голем број високообразовани личности, како, на пример, доктори, учители, инженери, но и фармери и студенти. По масакрот кај саат-кулата во Хомс, борбите меѓу Асад и Ослободителната војска на Сирија продолжуваат со жестоки напади, кои подоцна преминуваат во граѓанска војна. За разлика од Ослободителната војска на Сирија, војската на Асад е составена од платеници од Иран, членови на Хезболах, како и војската, која е неговата регионална поддршка. Покрај ваквиот состав, војската континуирано добива безрезервна поддршка од Русија, Кина и Иран. На вака поставената ситуација на територијата на Сирија, односно по борбите меѓу Ослободителната војска на Сирија и војската на Асад, се создава плодна почва, каде што Ал Каеда ги користи моментот и граѓанската војна и инфилтрира свои борци, со цел да заземе дел од територија. За многу краток период на територијата на Сирија се формира озогласената Ал Нусра, која по формирањето се приклучува кон неформалниот сојуз и заедно со Ослободителната војска на Сирија се борат против режимот на Башар ал Асад.

Поради постоењето радикални сили внатре во јадрото на Ал Нусра, доаѓа до внатрешни недоразбирања и значителни промени. Радикалните сили што се дел од Ал Нусра без знаење на Ал Каеда, убиваат еден од водечките лидери на Ослободителната војска на Сирија. Поради тоа што последиците би биле големи и со цел да се избегнат, се применува правилото на Ал Каеда, според кое ниту една војска што е формирана од Ал Каеда не смее да се бори против друга муслиманска војска, а во овој случај тоа е Ослободителната војска на Сирија што е составена од сунити. Можеби последиците веднаш не се почувствувале поради применувањето на ова правило, но со ова убиство започнува познатиот судир меѓу Ослободителната војска на Сирија и радикалите од редовите Ал Нусра, каде што се случува една ситуација во која врвот, односно водачите на Ал Нусра концизно и јасно се оградуваат од овој судир, притоа заземајќи неутрална страна со тоа што не учествуваат и не се мешаат во конфликтот.

Радикалите од Ал Нусра, поради ваквиот чекор од страна на водачите на Ал Нусра, но и поради нивното одбивање и неможност да го спречат овој конфликт, си заминуваат од Ал Нусра, односно се отцепуваат и ја создаваат ИСИС (Исламска држава на Ирак и Ал Шам), која, всушност, ја претставува страната на радикалните сили во Ал Нусра (Totten, 2014).

По создавањето на ИСИС, која подоцна е декларирана и преформулирана во терористичка организација од страна на Обединетите нации, за многу краток период од нивна страна ги привлекуваат активните генерали на ирачката војска што се од групата сунити, и кои заедно со своите војници му се предаваат на ИСИС и се приклучуваат кон оваа терористичка организација каде што истовремено ги предаваат и касарните во кои претходно функционирале, за да подоцна, односно за многу краток период го предаваат и оружјето и целата техника што била многубројна. Ова придонесува за нагло зголемување на бројот на војници и засилување на самата паравоена формација – ИСИС, со што нејзината моќ значително се зголемиува. Покрај активните генерали и војници, кон ИСИС во континуитет се приклучуваат и доброволци од цел свет на кои им се ветуваат различни идеали, како и основната идеа за која тие се борат во ИСИС а тоа е идејата за создавање и живеење во една и единствена Исламска држава.

Меѓутоа, освен овие идеали, постојат и други мотиви што се кријат зад ИСИС, кои вешто се маскираат зад територијалните претензии и идејата за создавање и живеење во една и единствена Исламска држава. Всушност, ИСИС преку запленување територии во Сирија и Ирак изминативе години и прогласувањето и основањето на свој калифат, односно исламска империја, која има цел да ги обедини муслиманите под еден верски и политички ентитет, ИСИС, пред сè, претендира глобална експанзија, односно оваа паравоена формација своето фокусирање го насочува кон преземање делови од територии што се богати со нафта, за да потоа ја продава со цел да го финансира своето натамошно проширување.

Според некои информации, финансирањето на ИСИС околу 5 % е од донации, додека, пак, остатокот е од продажба на нафта и противзаконското стекнување имоти и богатства. ИСИС е прв случај каде што терористичка организација се финансира од лични извори, бидејќи во досегашното искуство и истражување за терористичките организации 85-100 % од своите финансии ги набавувале од странски донатори. ИСИС денес контролира најголем дел од Сирија каде што се наоѓаат голем број наоѓалишта на нафта и гас. Освен заработување, ИСИС сака да има контрола над одредени извори на енергија, што би ги искористиле како начин да му се спротивставaт на режимот на сирискиот диктатор Башар ал Асад. Од сите четири воени формации, најголем дел од територијата на Сирија е под водство и влијание на ИСИС (McFate, 2015).

По низата преземени мерки на Башар ал Асад против сирискиот народ, но и поради преземени воени дејства на сите погоре наведени групаци, бројот на цивилни жртви секојдневно растеше, основните услови за живеење на сирискиот народ беа неподносливи, што придонесе да се создаде масовна бегалска криза и напуштање на сириската држава. Поради тоа, мора да се истакне дека кризата што владее денес во Сирија и моменталната ситуација, претставуваат главни причини за револтот на народот и масовното напуштање на Сирија. Бегалците што ја напуштаат сириската територија создадоа неколку траси преку кои најбрзо ја напуштаат својата земја. Сите овие траси водат кон една цел – земјите од Западна Европа.

Како најкористени траси можат да се наведат оние што водат од Алепо кон турската граница, од Дамаск кон Либан, потоа преку

морски пат до Турција, од Хомс преку територијата на ИСИС до Турција и уште неколку помалку користени траси.

По пристигнувањето во Турција, бегалците се прифатени од т.н. хуманитарни организации, кои во принцип се криминални организации што само ги транспортираат бегалците за поголеми суми пари до грчките острови Лезбос и Самос. По нивното пристигнување на европска почва, на грчките острови Лезбос и Самос тие се префрлаат во прифатниот центар во Атина, од каде што по копнен пат се префрлаат на северната граница со Македонија. Може да споменеме дека во Грција бегалците само ги плаќаат трошоците за транспорт на фериботите и автобусите, а за друго не им се земаат дополнителни пари. По доаѓањето на северната граница со Македонија, тие ја преминуваат границата каде што се преземаат во прифатниот центар Идомени и каде што се врши нивна регистрација. Започнувајќи од 18 јуни 2015 година и измените во Законот за азил и привремена заштита, Република Македонија започна со регистрација и издавање потврди за искажана намера за признавање право на азил. Меѓутоа, поради големиот дневен прилив на мигранти на границата со Република Грција, недостигот на техничка опрема за регистрација на мигрантите, персонал и време, Министерството за внатрешни работи издаде потврди за искажана намера за признавање на правото на азил на повеќе од 50 % од мигрантите што транзитираа преку територијата на Република Македонија, односно 388.233 странски државјани што се обработени според националност, пол и малолетни деца.

По пристигнувањето во прифатниот центар Идомени, кој се наоѓа во меѓуграничниот премин меѓу Република Грција и Република Македонија, бегалците инсистираат на натамошно транзитирање преку Република Македонија, до Република Србија, па сè до западноевропските земји. Транзитирањето низ Република Македонија се одвива со помош на добро организиран железнички и автобуски сообраќај, кој безбедно и сигурно ги превезува бегалците и трае 12 часа. Многу важно е да се напомене дека за време на траењето на оваа бегалска криза, во континуитет се случија низа пропусти во однос на справувањето со бегалците. За таа цел, како и за подобро утврдување на целата ситуација на транзитниот центар во Гевгелија, од моја страна беше спроведено неколкудневно истражување, на кое му претходеше неколкудневна посета на граничниот

премин Богородица во периодот 27-28 август 2015, 5-6 септември 2015 и 3-5 октомври 2015 година и беше спроведено меѓу групите бегалци што престојуваа на граничниот премин и чекаа да влезат во Република Македонија со цел да го продолжат патот понатаму кон западноевропските земји. Целта на истражувањето беше да се утврдат неколку клучни точки, како што се вкупниот број транзитирани бегалци, моментален број бегалци што се наоѓаат во прифатниот центар, нивниот статус, возраст, цел кон која се движат и слично.

Според досегашното мое истражување на оваа тема, како на теоретска основа, така и на терен, идентификував многу пропусти во однос на органите на Република Македонија задолжени за контрола на бегалците во транзитниот центар, со што истовремено се создава нереална слика за бројот и составот на бегалците (каде што покрај нив, има голем број мигранти што доаѓаат од земји каде што нема воена состојба) и постоење на недоволно материјал за исклучување на несакани можни дејства и сомнежи.

Во продолжение на овој труд јасно и концизно ќе ги посочам главните пропусти и ќе објаснам, зашто сметам дека тие ги доведоа Република Македонија и другите земји во регионот во ваква ситуација што не смеат да ја дозволат, бидејќи требаше навремено да се спречат, затоа што таквите пропусти сами по себе претставуваат потенцијална опасност и загрозување на безбедноста како за територијата на Република Македонија, така и за земјите од регионот.

Како прв и најголем проблем што треба во најкраток можен рок да се отстрани, според мене, претставува водењето нецелосна евиденција за вкупниот број бегалци што влегле на територијата на Република Македонија, како и тоа дали тие транзитирале низ неа, односно дали дел од нив останале во Република Македонија. Евиденцијата е нецелосна, бидејќи таа евиденција во најголем дел се врши и се води врз основа на евидентирањето само на мажите што се земаат предвид како носители и претставници на фамилиите што влегуваат во државата, без притоа да се води конкретна евиденција и за другите членови на нивните семејства.

Како бројка што калкулира е дека во текот на 2015 година низ Република Македонија транзитирале 694.679 бегалци[7], а додека,

[7] Податоци што се добиени врз основа на Барање за допис од Министерство за внатрешни работи од 12.4.2016.

пак, според моите лични процени, низ територијата на Република Македонија се поминати над 1.000.000 бегалци, што е значително голема разлика и воочува на проблемот што го наведов, а се однесува на нецелосната евиденција на бегалците што транзитираат низ Република Македонија.

Како втор пропуст ќе го посочам проблемот што ја зголемува небезбедноста на македонското население, а се однесува на изостанувањето на здравствените прегледи на бегалците што поминуваат низ територијата на Република Македонија, а кои претставуваат голема и потенцијална здравствена закана за граѓаните на Република Македонија, и тоа од аспект на тоа што тие доаѓаат од подрачја каде што сѐ уште владеат опасни, смртоносни и заразни болести. Па така, како потенцијална опасност претставува преносот на повеќе и помалку познатите болестите што владеат и се лесно преносливи, а потекнуваат од арапските земји и се од видот на вирусот марбург што предизвикува хеморагични заболувања и има висока стапка на смртност кај инфицираните лица, односно околу 90 % од инфицираните завршуваат со смрт, потоа, ебола, која се појавува во пет вида и секоја една од нив е лесно пренослива и е една од најзастапените во арапските земји, потоа денга грозница, маларија, нилска треска, хепатит и слично. Со оглед на тоа дека бегалците низ Република Македонија со организиран железнички и автобуски превоз се превезуваат до границата со Србија, неминовно е организирано дезинфицирање на сообраќајните средства, како и задолжителни здравствени прегледи.

И како трет пропуст, еднакво опасен како претходните два, ќе го наведам неконтролирање на личниот багаж на бегалците, бидејќи ваквите пропусти можат да ја доведат директно Република Македонија до сериозни опасности и закани. Во овој дел сакам да напоменам дека потребата од преглед на личниот багаж би требало да биде задолжителна поради тоа што иако најголемиот број од нив носат само најосновните работи (алишта, документи и финансиски средства) во личниот багаж, постои опасност некои од нив да пренесуваат недозволени средства, како што се оружје, експлозиви, фалсификувани документи и слично.

Освен податоците што успеав да ги соберам за време на моето истражување преку создавање директен однос и разговор со испитаниците, успеав да направам и неколку интервјуа со нив и да

отворам дискусија со неколку групи бегалци, каде што во текот на разговорите дојдов и до клучни детали што ми помогнаа да создадам една поинаква слика од таа што е создадена врз основа на пропусти и претпоставки. Паралелно со тоа, водев и анкетна и табеларна евиденција за нивното потекло и главната причина за нивното напуштање на земјата, по што можеше да се забележи и да се заклучи дека најголем голем број од бегалците доаѓаат од Алепо, а додека, пак, во малку помал бројот доаѓаат од Дамаск, Хомс и Ранкос и од другите помали гратчиња во Сирија, потоа од Багдад, Мосул во Ирак, Кабул и други помали градови во Авганистан.

Интересен и мошне важен е податокот дека бегалците што доаѓаат од Сирија, безмалку половина од нив се високообразовани луѓе, факултетски образовани, имаат одлично познавање на англискиот јазик, но меѓу нив не е ни мал бројот на бегалци што имаат титула магистри, додека, пак, другите сѐ уште се студенти или имаат завршено средно образование, за разлика од високообразованите, незначителен е бројот на бегалците што потекнуваат од Сирија и имаат само основно образование. Во однос на бегалците што доаѓаат од Ирак и од Авганистан, во најголем број тие се со основно образование. Најголем дел од бегалците како своја крајна дестинација кон која се стремат ја наведуваат Германија, додека, пак, помал дел ја наведуваат Норвешка, а незначителен број ги споменуваат Шведска и Луксембург. Според добиените податоци во однос на брачниот статус, речиси половина од бегалците се веќе женети, односно во брак, додека, пак, половина од нив не се во брачна заедница. По спроведеното истражување и детална анализа на податоците што се добиени од бегалците, може да се заклучи дека заеднички за сите бегалци со кои разговарав и се дел од групата што се наоѓаше на граничниот премин Богородица и чекаа за натамошно транзитирање кон западноевропските земји, е тоа што како причина за нивното заминување од нивните земји ја наведуваат војната.

Иако навидум изгледа дека со доаѓањето на бегалците на европска почва се гледа крајот на Арапската пролет, сепак, тоа е само уште една погрешна слика и претпоставка за овој процес што допрва ќе добива глобални размери. Повеќе од очигледно е дека Арапската пролет на голема врата влегува на европско-азискиот континент, особено се преточува во Турција, каде што состојбата ескалира и претставува потенцијална опасност за натамошно шире-

ње. Турција моментално се соочува со конфликт. Земјата и во минатото имала проблеми, но сега нема можност да излезе на крај со новонастанатата ситуација. Вмешаноста на Турција во овој процес може да се види уште на почетокот на крвавите судири во Сирија и појавата на ИСИС, со што беа потресени и темелите на турската слика за „столб на стабилноста во регионот“. Претседателот на Турција направи неколку погрешни чекори што предизвикаа бурни реакции како од САД, Русија, така и темпираната домашна бомба – курдското население. Турско-курдската војна, иако од Турција тврдат дека засега е ограничена, таа најпрво почна да се води во југоисточните вилаети на Турција, и тоа во трите провинции – Ширнак, Дијарбакир и Мардин, но тука не застана и сè повеќе почна да се шири. Турција стана алка во синџирот на несигурни земји за живеење. Доколку продолжи ваквата ситуација, тоа нема да биде проблем само за Турција, туку и за сите нејзини соседи, па и сите други земји што не се во воена состојба, а би претставувале засолниште на бегалците што бараат спас од воениот пекол. Иако Европската Унија склучи договор со Турција за враќање на сите бегалци на нивна територија и сместување, а Турција за возврат да добие економска помош и гарантирано членство во Европската Унија, сепак, поради турско-курдските конфликти може да се очекува нов и поголем бран бегалци од Турција, кои исто така би се движеле по трасата на бегалците од арапските земји, односно преку Бугарија, Грција и Република Македонија, која во изминатиот период беше транзитна земја и на дел од бегалците од арапските земји кон крајната цел на развиените западноевропски земји. Иако Европската Унија склучи договор со Турција за враќање на сите бегалци на нивна територија и сместување, а Турција за возврат да добие економска помош и гарантирано членство во Европската Унија, сепак, поради турско-курдските конфликти може да се очекува нов и поголем бран бегалци, кои исто така би се движеле по трасата на бегалците од арапските земји и, секако, кон крајната цел на развиените западноевропски земји.

## ЗАКЛУЧОК

„Тоа се бегалци што бараат мир, бараат да си го заштитат своето семејство, бараат парче небо над својата глава за да се заштитат самите себе и своето семејство. Нормално, Република

Македонија на тие лица им излегува во пресрет, имаме два транзитни центра, каде што лицата можат привремено да се заштитат, да им се обезбедат храна, вода, топлина во овие зимски услови и, секако, доколку им е потребна друга нега, здравствена заштита".

Во овој труд се обидов да создадам слика за обработуваната проблематика според редоследот на настаните и притоа детално ги анализирав добиените податоци од теренското истражување што го спроведов лично, со цел да дадам свој заклучок и мислење во однос на случувањата пред и по Арапката пролет, како и за статусот на бегалците, кои бегајќи од воените дејства во нивните земји, кои своите патишта ги насочуваат кон земјите од Западна Европа во потрага на мирен и достоинствен живот, како за себе, така и за своите семејства.

Иако целта на Арапската пролет беше воведување демократија и ослободување од диктаторските рамки во тој дел од светот, за жал, резултираше со најлошото сценарио што придонесе за разорување и смрт на повеќе од 350 илјади луѓе, како и десетици милиони бегалци што очајно го бараат спасот во Европа. Иако единствената цел на овие бегалци им беше да го спасат сопствениот живот и животот на своите семејства барајќи подобра иднина и спас во земјите од Западна Европа, честопати беа цел на претпоставки, кои бесрамно беа посочувани и нарекувани – опасност за Европа. Откако оваа бегалска криза стана сè помасовна, следуваа низа прашања од видот дали бегалскиот бран е вистинската причина за терористичката опасност, потоа дали Европа ќе биде побезбедна ако престане да прима бегалци и слично.

Реакциите можеа однапред да се предвидат, земајќи го предвид притисокот што беше создаден по стравотните терористички напади во Париз и Брисел, по кои политичарите во цела Европа настапија во јавноста со изјави во кои доаѓањето на бегалците во Европа го поврзаа и го декларираа како терористичката опасност. Но тоа беа само изговори и маскирање на грешките и пропустите што ги имаа направено безбедносните служби во Европа, па во овој случај, го одбраа најлесниот начин, односно да ги обвинат и да ги посочат бегалците како виновни, кои беспомошни ги напуштија сопствените домови за да се спасат себеси и своите семејства, или затоа што се надеваат дека своите деца ќе се разбудат во мир и ќе имаат подобар живот и иднина поради можностите што ги нудат

развиените земји во Западна Европа. Поради ова, сосема е разбирлив стравот на многу бегалци и свесноста дека ќе бидат обележани како потенцијални терористи. Овие грешки и пропусти доведуваат до целосна неефикасност во преземањето на потребните активности од страна на државните органи, надлежни за спроведување на инструментите на безбедносната политика во државите.

Законот за управување со кризи во Република Македонија претставува основа за уредување на системот за управување со кризи во Република Македонија и тоа во областа на неговата организација и функционирање, одлучување и употреба на ресурсите, комуникација, координација и соработка, процена на загрозеноста на безбедноста на Републиката, планирање и финансирање, како и други прашања од областа на кризниот менаџмент. Аналогно на претходно кажаното, како и врз основа на спроведените истражувања, следење на целата ситуација што ја инволвира како Република Македонија, така и цела Европа, но и следење на процесите што им претходеа, но и по извршените терористички напади во Париз и Брисел, како и потеклото на терористите што ги извршија тие терористички напади, местата каде што се планирале и извршија нападите, може да се констатира дека всушност бегалците што ја поминале бегалската траса и се на патот кон Европа, не се извршители на тие срамни и недозволиви акти.

Поради пропустите на центрите со управување со кризи на земјите што се дел од трасата по кои бегалците одат кон својата крајна цел и кои на почетокот нè водеа соодветна евиденција за бегалците и нивниот состав, избегнуваа да го дефинираат овој проблем како масовна криза што ги погодува не само селектирани земји, туку цела Европа. Тоа го искористија ИСИС и другите мигранти и во редовите на бегалците што очајно бараа спас и подобра иднина за нив и нивните семејства, инволвираа свои приврзаници што подоцна извршија терористички напади и што сè уште претставуваат закана за безбедноста и животот на жителите на европските земји.

Терористите што ги извршија терористичките напади, всушност, се државјани на земјите каде што беа извршени, и тие се таму родени и таму живееле, и единствената заедничка работа што ги поврзува со бегалците е нивното заеднички потекло, а кое е од земјите што се зафатени моментално од воени дејства, односно од Тунис, Алжир и Мароко. Но треба да се напомене и да се потенцира

фактот дека извршителите на терористичките напади, пред самиот чин на извршување, одреден период поминале на обука во воените зони и директно учествувале во тамошните воени дејства, по што се вратиле во Европа по регуларен пат, а не по патот на бегалците, и истите терористи не подлежеле под никакви казнени мерки и санкции за нивното учество во војната во Сирија како и нивното обучување за вакви акти, иако за тоа безбедносните служби биле навремено известени, но не презеле никакви превентивни мерки.

Учеството на сè поголемиот број млади луѓе од верски или од материјални интереси во странски воени конфликти ги промени законските прописи во повеќето земјите од регионот. Со цел зајакнување на националната безбедност и борбата против глобалните закани, особено тероризмот, македонското Собрание изгласа измени во Кривичниот законик со кои учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации ќе се казни со најмалку 4 години, додека казната за организирање и финансирање на ова дело изнесува најмалку 5 години. Оваа казна се однесува на оној учесник што директно или индиректно нуди, дава, обезбедува, бара, собира или прикрива финансиски средства, фондови, материјални средства или опрема што ќе бидат наменети за извршување на кривичното дело од ваков тип.

Со вака поставените заклучоци дадени од моја страна, сакам уште еднаш да нагласам и да потенцирам дека не треба да се изоставаат мерките за безбедност и претпазливоста, пред сè, на безбедносните служби во Република Македонија, како и тоа дека треба веднаш да се спроведат мерките што во погорниот текст беа споменати како пропусти и моменти на невнимание.

Меѓутоа, освен Законот за кризи и Измените во Кривичниот закон за лицата што ќе учествуваат или ќе се обучуваат од страна на странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации, организирани групи, надвор од територијата на Република Македонија, големо внимание треба да се посвети и на протоколите во Системот на управување со кризи. Промената на протоколите во однос на справувањето со кризи од страна на Центарот за управување со кризи, во случајот Центарот за управување со кризи на Република Македонија, може да доведе во иднина да не се повторат истите грешки и властите да имаат поголем увид за тоа кој влегува и

кој излегува во услови на бегалска криза, притоа да не претставува безбедносна и здравствена опасност и соодветно да се контролира. Едни од најкористените и најчесто имплементирани протоколи за справување со кризи во државите во светот се теркот на Министерството за вонредни ситуации на Русија, Американскиот систем за справување со вонредни ситуации, протоколите на Европската Унија и Системот за управување со вонредни ситуации на НАТО. Поради геополитичката и геостратегиска положба на Република Македонија, според моето мислење и долго истражување на карактеристиките, како најсоодветен систем што би можел да се примени и да се осовремени досегашниот систем за управување со кризи е Системот на управување со кризи на НАТО.

Мојот заклучок е дека имплементирањето на НАТО-протоколите за управување со вонредни ситуации што не подразбира само бегалска криза, туку и како елементарна непогода (пожари, земјотреси, поплави и слично), и промена на Законот за управување со кризи, може да доведе до подобрување на координацијата меѓу државните органи, обезбедување постојана комуникација и размена на информации, потоа изградба на систем за управување со кризи што ќе обезбеди навремена, брза и ефикасна превенција и реакција во случај на загрозеност на луѓето, нивниот имот и живот, како и загрозување на безбедноста на државата од сите ризици и опасности, основање посебен државен орган чија основна функција ќе биде извршување на работите поврзани со управувањето со кризи и координирана, рационална и ефикасна употреба на ресурсите во случај на кризи и кризни состојби. Со имплементирањето на Системот за управување со вонредни ситуации на НАТО би се поставил заеднички систем преку кој би се координирале активностите на Центарот на управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување со што би се спречиле конфронтации во однос на надлежностите и наредбите во услови на вонредни ситуации.

## ЛИТЕРАТУРА

*April 6 Youth Movement*. (2014). Retrieved from Public Broadcasting Service: http://www.pbs.org/wgbh/pages/frontline/revolution-in-cairo/inside-april6-movement/

Diamond, L., & Plattner, M. F. (2014). *Democratization and Authoritarianism in the Arab World.* Baltimore: JHU Press.

Gall, C. (2014, May 14). *Tunisian Discontent Reflected in Protests That Have Idled Mines*. Retrieved from The New York Times:

http://www.nytimes.com/2014/05/14/world/africa/tunisian-discontent-reflected-in-protests-that-have-idled-mines.html?_r=0

Gdeim, I. (2014, February 14). *Gdeim Izik*. Retrieved from Western Sahara Resource Watch: http://wsrw.org/a131x2805

McFate, J. L. (2015, March 5). *Here's all of the area that ISIS controls*. Retrieved from Bussines Insider:

http://www.businessinsider.com/heres-all-of-the-area-that-isis-controls-2015-3?IR=T

Rafizadeh, M. (2013, May 13). *Assad's Family: The Unrecognized Nuances and the Politics*. Retrieved from Huffington Post:

http://www.huffingtonpost.com/majid-rafizadeh/assads-family-the-unrecog_b_3152404.html

Tayyara, N. (2015, May 14). *Homs clock tower, a symbol of resistance*. Retrieved from The New Arab:

http://www.alaraby.co.uk/english/comment/2015/5/14/homs-clock-tower-a-symbol-of-resistance

Totten, M. J. (2014, August/September). *Year Four: The Arab Spring Proved Everyone Wrong*. Retrieved from World Affairs:

http://www.worldaffairsjournal.org/article/ye-ar-four-arab-spring-proved-everyone-wrong

Zisser, E. (2003). Does Bashar al-Assad Rule Syria? *Middle East Quarterly*, 15-23.

Други користени извори:

1. Invisible Refugees and/or Overlapping Refugeedom? Protecting Sahrawis and Palestinians Displaced by the 2011 Libyan Uprising, Oxford Journals, International Journal of Refugee Law, Volume 24, Issue 2, Pp. 263-293
2. Islamists and the "Arab Spring, Alfred Stepan and Juan J. Linz, Journal of Democracy, April 2013, Volume 24, Number 2
3. Alfred Stepan, "The Multiple Secularisms of Modern Democratic and Non-Democratic Regimes," in Craig Calhoun, Mark Juergensmeyer, and Jonathan VanAntwerpen, eds., Rethinking Secularism (New York: Oxford University Press, 2011, 114–44

4. Roger Owen, The Rise and Fall of Arab Presidents for Life, Harvard University Press, 2012

5. Ministry of interior, Republic of Macedonija

6. Larry Diamond, Marc F. Plattner, Democratization and Authoritarianism in the Arab World

7. http://www.meforum.org/517/does-bashar-al-assad-rule-syria

8. http://www.huffingtonpost.com/majid-rafizadeh/assads-family-the-unre-cog_b_3152404.html

9. http://www.lccsyria.org/en/

10. http://www.worldaffairsjournal.org/article/year-four-arab-spring-pro-ved-everyone-wrong

11. http://dictionary.reference.com/browse/martyr

12. http://www.alaraby.co.uk/english/comment/2015/5/14/homs-clock-to-wer-a-symbol-of-resistance

13. http://www.worldaffairsjournal.org/article/ye-ar-four-arab-spring-pro-ved-everyone-wrong

14. http://www.businessinsider.com/heres-all-of-the-area-that-isis-controls-2015-3?IR=T

# ПРИЛОЗИ

Република Македонија
**Министерство за внатрешни работи**

[redacted]

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

**До**
**Академик Владо Камбовски**
**Раководител на Центарот за стратегиски истражувања**
**Македонска академија на науките и уметностите**

рег. бр.16 - 5341/1
Скопје 12.04.2016

Република Македонија
Министерство за внатрешни работи
Оддел за односи со јавност и стратешки прашања
Сектор за односи со јавност и протокол
Ул. „Димче Мирчев" бр. 9 Скопје
Тел: (02) 314 2231
Факс: (02) 3142550
www.mvr.gov.mk

**Предмет: Одговор на барање, доставува-**

**Почитувани,**

Во врска со Вашето барање од 30.03.2016 година за доставување статистички податоци поврзани со протокот и згрижувањето на мигрантите во текот на 2015 година, по месеци, Ви ги доставуваме следните податоци:

Во текот на 2015 година низ нашата држава транзитирале вкупно **694.679 мигранти.** Од почетокот на годината па до мај 2015 година откриени се 1249 мигранти кои оствариле илегален влез во Р.Македонија. Започнувајќи од месец јуни и воведувањето на измените на Законот за азил и привремена заштита од 18 јуни 2015 година, се отпочна со издавање на потврди за искажана намера за признавање на право на азил. Поради огромниот дневен прилив на мигранти на границата со Р.грција, недостатокот на техничка опрема за регистрација на мигрантите, персонал и време, Министерството издаде потврди за искажана намера за поднесување на барање за право ан азил на повеќе од 50% од мигрантите кои транзитираа низ Р.Македонија, односно на **388.233 странски државјани**, кои се обработени по националност, пол и малолетни лица-деца.

1. **Број на мигранти на кои им се издадени потврди за искажана намера за признавање на право на азил**

Во периодот од 18 јуни 2015 година, по стапување во сила на измените на Законот за азил и привремена заштитапа се до 31 декември 2015 година, издадени се потврди на вкупно **388.233 мигранти** за искажана намера за поднесување на барање за признавање на право на азил.

Република Македонија
Министерство за внатрешни работи

[redacted]

МКД СЕРТИФИКАТ
MKC EN ISO 9001:2009

| број на мигранти на кои им се издадени потврди за искажана намера за признавање право на азил | |
|---|---|
| 18 јуни | 5.959 |
| Јули | 17.566 |
| Август | 30.045 |
| Септември | 55.318 |
| Октомври | 91.350 |
| Ноември | 94.690 |
| Декември | 93.305 |
| вкупно | 388.233 |

Останатите мигранти кои транзитираа низ Р.Македонија не се регистрирани по националност и пол, со оглед на големиот дневен проток на влез, кој во одредени денови достигнуваше и до 10.000 мигранти. Во периодот од јуни до декември 2015 година беа пропуштени уште околу 305.000 мигранти да остварат излез од Р.Македонија.

2.Број на мигранти на кои им се издадени потврди според земја на потекло и по полова структура

Според државјанство, најмногу потврди се издадени на сириски државјани-216.157, потоа на авганистански државјани-95.691„ на ирачки државјани-54.944 и на уште 21.441 мигранти од останатите држави.

**Табеларен приказ на мигранти според пол и земја на потекло**

| број на мигранти на кои им се издадени потврди за искажана намера за признавање право на азил по земја на потекло | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Машки | Женски | Деца со придружба на родител | Деца без придружба на родител |
| Сирија | 111.935 | 37.818 | 53.183 | 13.221 |
| Авганистан | 54.079 | 15.278 | 23.231 | 3.103 |
| Ирак | 25.957 | 10.317 | 17.394 | 1.276 |
| Иран | 4.635 | 914 | 570 | 112 |
| Пакистан | 5.170 | 73 | 99 | 74 |
| Палестина | 1.196 | 378 | 396 | 188 |
| Мароко | 1.267 | 32 | 7 | 11 |
| Сомалија | 738 | 350 | 144 | 44 |
| Бангладеш | 1.210 | 12 | 9 | 22 |
| останати земји | 2.727 | 721 | 265 | 77 |
| вкупно | 208.914 | 65.893 | 95.298 | 18.128 |

Според половата структура, 208.914 биле од машки пол, а 65.893 од женски пол, како и 95.298 деца кои се придружувани од родител и уште 18.128 деца кои патуваат без придружба на родител.

**Табеларен приказ на мигранти по пол прикажано по месеци**

| | број на мигранти по полова структура | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Машки | Женски | Деца со придружба на родител | Деца без придружба на родител |
| 18.јуни | 4.629 | 722 | 608 | |
| Јули | 12.342 | 2.407 | 2.629 | 188 |
| Август | 19.960 | 4.207 | 5.099 | 779 |
| Септември | 35.240 | 7.189 | 9.997 | 2.892 |
| Октомври | 50.398 | 14.496 | 20.980 | 5.476 |
| Ноември | 47279 | 17249 | 23758 | 6404 |
| Декември | 39066 | 19623 | 32227 | 2389 |
| вкупно | 208.914 | 65.893 | 95.298 | 18.128 |

**3. Поднесени барања за признавање право на азил**

Во текот на 2015 година до Секторот за азил поднесени се вкупно 1.578 **барања за признавање на право на азил** од страна на 1.888 лица. Најбројни баратели на азил беа државјаните на Сирија-990, државјаните на Авганистан-357, Ирак-145,Пакистан-69, Палестина-55, Сомалија-54, Конго-41, Мароко-35, Иран-30, Бангладеш-18, како и на 94 лица од останатите држави во помал број.

Напоменуваме дека од започнувањето на издавањето на потврдите, односно од 18 јуни 2015 година до Секторот за азил се поднесени **86 барања** за признавање на право на азил врз основа на претходно издадена потврда(кои се дел од вкупната бројка на поднесени барања за признавање на право на азил за 2015 година).

Според државјанство 56 барања се од државјани на Сирија(со нив и 23 деца придружувани од родител), потоа 13 барања од државјани на Авганистан (со нив се и 14 деца придружувани од родител), четири

Република Македонија
**Министерство за внатрешни работи**

[redacted]

МКД
СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

барања се од државјани на Палестина, по три барања од државјани од Пакистан и Ирак, по две барања од државјани од Мароко, Либан и Алжир (четири се деца кои се придружувани од родител) и едно барање од државјанин на Египет.

Со почит,

Изработил: Ивица Илиевски
Одобрил: Наталија Спирова Кордиќ

ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ
Јордан Ламаноски

**ЗАКЛУЧОЦИ**
**од**
**Конференцијата:**

**„ГЕОСТРАТЕГИСКАТА И ГЕОПОЛИТИЧКАТА ПОЛОЖБА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО УСЛОВИ НА МИГРАНТСКАТА И БЕГАЛСКА КРИЗА“**
**Скопје, 21 март 2016**

- Значајната позиционираност и актуелните состојби во кои се наоѓа Република Македонија ја налагаат потребата од конституирање и развој на геополитиката како наука во Република Македонија заради систематско и континуирано следење на геополитичките состојби и трендови и промените на глобално, европско и регионално балканско рамниште. Нејзина цел е истражување, систематско прибирање научнорелевантни податоци и изработување научно засновани анализи што би претставувале основа за прогнози и согледби за поставувањето на Република Македонија кон поширокото геополитичко опкружување и неговите постојни и идни предизвици. Таквата потреба е особено наложена со фактот дека Република Македонија има централна геостратегиска поставеност на Балканот, каде што со векови се вкрстуваат геополитичките интереси на големите и регионалните сили.

- Со формирањето на ИГИНП, РМ се вбројува меѓу земјите што имаат професионални институти за градење на надворешната политика, кој врши идентификација, истражување и проучување на регионалните и глобалните теми и процеси што се од стратегиско национално значење; и кој преку својата работа е насочен кон давање придонес и учество на земјата во глобалните меѓународни политички текови.

Денешното потпишување на МзС меѓу Институтот за стратегиски истражувања при МАНУ и Институтот за геостратешки истражувања и надворешна политика при МНР е од исклучителна важност. Соработката меѓу ИГИНП и ЦСИ ќе придонесе кон процесот на генерирање стратегиски насоки од државен интерес и нивно промовирање пред домашната и странската јавност, како и кон креирањето политика на носење решенија во сферата на надворешната политика.

- Во градење на сопствениот пристап во соочувањето со геополитичките предизвици, треба да се уважува фактот дека Република Македонија како територијално мала држава не може да креира и да влијае врз геополитичките трендови, но може да биде предмет на интерес на геополитичките сили поради што мора да гради свои ставови и да поддржува проекти што ќе ја зголемат валоризацијата на предностите на нејзината геостратегиска положба и поставеност.

- Појдовна основа за градење сопствен пристап кон стратегиските интереси е ставот дека Република Македонија како независна и суверена држава претставувала и ќе претставува клучен фактор за мирот и стабилноста на Балканот. Заради задржување на таквото нејзино значење, неопходна е внатрешна стабилност, изградба на демократска и правна држава со владеење на правото и заштита на човековите права и слободи заради остварување оптимален степен на внатрешно единство како пречка за интернализација на меѓународните судири, или надворешни политички, економски и други влијанија што негативно се одразуваат врз нејзините внатрешните состојби. Истовремено, неопходно е изградба и постојано подобрување на добрососедските односи и интензивирање на соработката со соседните држави и нивните институции.

- Врз такви основи Република Македонија треба да го одреди и својот однос кон актуелната мигрантска и бегалска криза, која доколку се интензивира, покрај сериозните хуманитарни последици, се заканува да предизвика тешки внатрешни проблеми за стабилноста, безбедноста и социјално-економ-

ските состојби. Во својот однос кон бегалците и врз основа на досегашните искуства, Република Македонија се придржувала и се придржува кон своите меѓународни обврски, ставовите на земјите членки на ЕУ и солидарноста и принципите на соработка со соседството, водејќи сметка и за сопствените национални интереси, што не исклучува во ситуација на влошување на состојбите до степен на крајна нужда и преземање рестриктивни мерки, посебно во однос на контролата на протокот на мигранти и бегалци заради спречување тероризам или други тешки несакани последици за безбедноста и стабилноста на државата.

- Асиметричните закани бараат кохерентен и сеопфатен пристап, без исклучоци. Последните случувања со феноменот на масовното мигрирање ја потенцира неопходноста од соработка и вклученост на сите актери на меѓународен план. Неопходноста од што поскоро започнување на преговорите за членство во ЕУ и пристапувањето кон НАТО се наметнува како барање што има клучно значење не само за стабилноста и развојот на Република Македонија туку и за стабилноста и развојот на Балканот и Европа во целина.

Имајќи ги предвид стратегиските определби на земјите од ЕУ и регионот и актуелната состојба на затворање на балканската рута, може да се предвиди дека ситуацијата дополнително ќе се усложнува, комплицирајќи ги политичките односи меѓу соседските државите, при што ќе се зголемуваат товарот и притисокот што паѓаат врз Република Македонија. Тоа налага потреба од подготовка на подолгорочна и сеопфатна стратегија за справување со можните масовни мигрантски појави.

Издавач:
Македонска академија на науките и уметностите – Скопје

*

Јазична редакција:
Софија Чолаковска-Поповска

*

Компјутерска подготовка:
Драгица Топузоска

*

Печат:
„Бранко Гапо“ – Скопје

*

Тираж:
250 примероци